УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ВОСПИТНАТА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТАТА

- докторски труд -


Ментор:

Проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова

Кандидат:

м-р Марија Апостолова


Скопје, јануари 2015 година

# СОДРЖИНА

Вовед

I Теоретски пристап кон проблемот на истражување

1. Општествена криза во моралот на глобално ниво....8

1.1 Општеството како поддржувач на воспитното делување....12

1.2 Значењето на воспитниот развој во услови на мултикултурно живеење ....17

1.3 Воспитанието како поддржувач на развојот....22

1.4 Актуелни пристапи во третманот на воспитниот развој на учениците во Република Македонија....24

2. Воспитанието како холистички процес....28

2.1 Педагошки основи на воспитната дејност....35

2. 2 Воспитната дејност на современото училиште ....36

2.3 Наставата како облик на воспитен развој на учениците....50

2.3.1 Наставникот како „модел“ и „контрамодел“....51

2.3.2 Воспитните компетенции на наставниците....54

3. Моралниот и етичкиот контекст на воспитниот развој....61

3.1 Моралот и воспитанието....61

3. 2 Етиката и воспитниот развој.......................................................................................71

3.3 Значењето на воспитното делување врз моралниот и етичкиот

развој на учениците.......................................................................................................74

4. Релевантни истражувања...............................................................................................78

## II Методологија на истражувањето

1. Предмет на истражувањето..........................................................................................93

2. Цел и карактер на истражувањето...............................................................................97

3. Задачи на истражувањето.............................................................................................98

4. Варијабли на истражувањето........................................................................................99

5. Хипотези.........................................................................................................................100

6. Популација и примерок..................................................................................................101

7. Методи, техники и инструменти на истражувањето.....................................................103

8. Обработка на податоците..............................................................................................106

9. Организација на истражувањето...................................................................................107

## III Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

3.1. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањето на мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците............120

3.2. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот скалер за испитување на воспитните компетенции на наставниците..........................................151

3.3. Анализа на протоколот за структуирано интервју од педагошко-психолошката служба....178

3.4. Анализа на воспитните потенцијали на програмската поставеност на наставата во третиот циклус од деветгодишното основно образование....198

3.5. Интерпретација на резултати од анализата на развојните планови на училиштата....217

3.6. Интерпретација на добиените резултати од анализата на годишните програми за работа на училиштата....226

3.7. Анализа на законските основи на современиот третман на воспитната дејност....241

3.8. Пакет на дидактички модели....250

3.9. Анализа на резултатите од мислењата на наставниците од прашалникот за евалуирање на дидактичките модели за воспитен развој....320

3.10. Анализа на резултатите од мислењата на професорите од прашалникот скалер за вреднување на дидактичките модели за воспитен развој....329

IV Заклучни согледувања и препораки

4.1. Заклучни согледувања и препораки....344

V Библиографија

5.1. Библиографија....357

VI Прилози

6.1.Прилози....363

**Вовед**

Подигнувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес претставува постојана преокупација на сите земји во светот. Во последните години сè повеќе акцентот е ставен на училиште кое ќе придонесува за стекнување посуштински знаења, училиште во кое ќе се изградуваат пошироки умеења и интелектуални способности и ќе се развива свесна, морална и креативна личност која ќе биде активен субјект на демократското општество. Наспроти тоа, факт е дека во практиката на многу наши училишта воспитната дејност е запоставена за сметка на образовната, иако би требало да имаат ист третман. Сето ова има негативно влијание врз остварувањето на воспитните цели и задачи на училиштата и претставува не само педагошки, туку и сериозен општествен проблем.

„Темел на секоја држава е воспитувањето на личноста"[1]

Диоген

Денешните училишта со својата организациско – кадровска и воопшто воспитно – образовна поставеност, по својата функција и намена, не ги задоволуваат во потполност барањата, потребите и предизвиците на современото општество.

Прашањето за воспитните проблеми во нашето училиште се чини дека е прашање кое се наметнува постојано во текот на повеќе децении. Уште повеќе, тоа не само што не се разрешува, туку добива во својот интензитет како во светот, така и во нашата земја. Пред околу две децении констатирано е дека проблемите на воспитната работа во училиштето добиваат во својата актуелност во настанатите услови за промени во општествено- политичкиот и економскиот систем кај нас. Семејството е првиот и основен фактор во воспитувањето на децата, а училиштето е втората средина која има исклучително голема улога за правилно воспитување на младите. Оттука, неопходно е воспитната работа со учениците да добие понагласено место во програмите за работа на училиштата и во нивната практична реализација. Токму поради тоа и предметот на ова истражување е *промоцијата и поддршката на развојот на воспитната дејност на училиштата.*

---

[1] Диоген од Синопа (413—323 год. п.н.е), грчки философ. Преводот на мислата од англиски на македонски јазик е слободен.

Предметот е доста широк и интересен, како и комплексен и ќе биде разгледуван од неколку аспекти. Секој од тие аспекти претставува одделна истражувачка тема, која е елемент на системот на повеќе истражувачки теми. Во рамките на секоја истражувачка тема се испитуваат повеќе аспекти кои имаат заеднички тематски именител.

Трудот е составен од теоретски и методолошки дел. Во теоретскиот пристап кон проблемот на истражувањето акцентот е ставен на: општествената криза во моралот на глобално ниво, објаснето е значењето на воспитниот развој во услови на мултикултурно живеење. Во тој контекст е нагласена и улогата на општеството како поддржувач на воспитното делување, а посебно воспитанието како поддржувач на развојот. Со новите измени на Законот за основно образование, особено акцентот е ставен на современиот третман на воспитниот развој на учениците во Република Македонија пред се преку измена на законската регулатива, преку формирање на т.н родителски школи, односно континуирано советување на родителите со цел нивна поддршка во воспитниот развој на учениците. Воедно, во теоретскиот дел на трудот дефинирани се и теориските основи на воспитанието, потоа воспитанието како холистички процес, а посебно акцентот е ставен на воспитната дејност на современото училиште преку дефинирање на наставата како облик на воспитен развој на учениците, потоа толкување на улогата на наставникот како модел и контрамодел за учениците. Од особено значење и е дефинирањето на воспитните компетенции на наставниците.

Во третата глава од теоретскиот дел фокусот е ставен на моралниот и етичкиот кодекс на воспитниот развој, на етиката и воспитанието и значењето на воспитното делување врз моралниот и етичкиот развојот на учениците. На крајот во теоретскиот дел, наведени се некои од релевантните истражувања поврзани со оваа проблематика. Преку методолошкиот дел, како и преку методите и техниките кои се користат во истражувањето се анализира и систематизира планирањето и реализирањето на содржини од воспитната дејност на училиштата и се испитуваат ставовите и мислењата на наставниците и педагошко – психолошката служба за ова прашање. Во трудот е направена и анализа на годишните програми за работа во училиштата со цел да се направи увид во нивните активности и да се согледаат воспитните аспекти, како и анализа на развојните планови на училиштата. Целта на овој труд е дизајнирање на дидактички модели на работилници кои ќе бидат во насока на зајакнување на воспитната дејност на училиштата.

# I Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето



# I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ



## 1. Општествена криза во моралот на глобално ниво

Бројни автори и асоцијации на различни собири од стручен, научен и друг карактер укажуваат на настанатата ситуација на морална, вредносна и воспитна „криза" во општеството, што упатува на зголемен интерес за оваа проблематика, која сè почесто станува тема на расправа на различни собирања од стручен и научен карактер.

Сериозна тешкотија за воспитната работа во училиштето е моралната криза во општеството во целина. Тоа посебно треба да се нагласи со цел одбрана од сите оние кои сметаат дека за кризата во моралот кај младите денес "единствен кривец" е училиштето, и уште повеќе, дека тоа е единствено повикано да ги реши сите проблеми на воспитен план во општеството. Се разбира, таквата констатација не ја намалува одговорноста и на училиштето и уште повеќе се наметнува потребата од интензивирање на воспитната работа во него.

Општата криза на моралот во општеството добива опасни размери, и можеме да кажеме дека таа се повеќе ги зафаќа и сите пори на општеството, воспитанието и образованието, што доведува до негирање на највисоките вредности во меѓучовечките односи, сметаат Јевтиќ и Ивановиќ[2] во нивниот труд *„Морална димензија компетенција – хуманизација универзитета"*. Сепак треба да се истакне дека моралот има своја сопствена историја која се совпаѓа со историјата на целокупното човеково материјално и духовно развивање. Моралот е творечка дејност[3] кај оние луѓе кои себеси се гледаат за одговорни суштества со вистински човечки карактеристики, чија цел е да постапуваат најдобро што можат и да го унапредат човечкото

[2] Јевтић, Б., Ивановић, М. (2012) *Морална димензија компетенција – хуманизација универзитета.* Ниш: Филозофски факултет.

[3] Темков, К. (1998). *Етика*, стр.56

живеење. Исто така моралот е дејствување според доброто и злото, така што во моралот треба да се следи доброто, а да се осудува и избегнува злото. Тоа значи дека треба секогаш да се трудиме да постапуваме правилно во секоја ситуација кога можеме. Односно, да го почитуваме законот и другите прописи. Секогаш треба да работиме исправно и точно. Со самата работа да придонесуваме нешто дали за самите себе или пак за некој друг или воопшто за општеството.

Општеството во транзиција на морален план отвора широк простор за ерозија на моралот, како во економската, така и во политичката сфера, и најпоследно во сферата на социјалната заштита. Со промената на материјалните услови се менувале и се менуваат и идеите, идеалите, поимите и принципите на општественото живеење. Оттука, нешто што некогаш се сметало за неморално или морално, денес не мора да се смета за такво. На пример, порано носењето на долга коса било неморално но, денес не е така. Кога се зборува за моралот може да се каже дека тој е збир на општествени правила (норми) за однесувањето на луѓето. Моралот всушност се однесува на суштинските, внатрешни вредности на поединецот кои тој ги усвојува со учество на свеста и преку кои во вид на морални норми, дејствено, практично се однесува кон светот, кон другите луѓе, па и кон самиот себеси. Рувински[4] моралот го одредува како форма на општествена свест, а моралноста како област во која делуваат практичните норми на однесување. Тој претставува цел комплекс на општоприфатени општествени правила за она што е добро и она што е лошо. Дури и се вели дека моралот е нервот на општеството и на неговата доминантна култура[5]. Така, доколку поединецот не се придржува кон неговите норми тој нерв веднаш реагира, средината во која поединецот или одредена група дејствува спротивно на моралот, односно дејствува неморално и веднаш реагира на тој начин што донесува свој суд за таквото дејствување - морален суд. Моралниот суд е оценка за тежината на прекршокот, оценка која е проследена со морална санкција.

Драгичевиќ[6] смета дека ние денес го живееме и го преживуваме револуционерното движење кога, како што вели тој, работната класа е свртена кон себе си и својата средина и во

---

[4] Рувинскй, Л. И. (1981). *Нравственное воспитание личности*. Москва: Издатеыство Московского университета, стр.81

[5] Група автори, *Социологија*, стр. 211

[6] Dragičević, A. (1973). *Osnove političke ekonomije*, Zagreb, str.216

тој егоизам ја остварува својата мисија и ги исполнува обврските на класниот интернационализам.

Моралот има и една своја специфична санкција од внатрешен карактер која речиси нема човек што не ја почувствувал. Тоа е грижата на совеста. Честопати може да ни се случи на сите на нас да направиме некоја неморална постапка која што нема да биде осудена од средината но, сепак таа ќе тлее во нас така што грижата на совеста ќе биде многу посилна отколку јавната осуда од средината.

Денеска честопати се зборува за криза во моралот на глобално ниво и во светски рамки. Сепак треба да се истакне дека моралот е меѓу најважните области на човековото живеење. Моралот треба да се сфати како активно човечко обликување и управување со сопствените постапки и желби и нивно оценување како добри или лоши. Тој е облик на човековата свест, човековата практика, што се манифестира во вредносно оценување на човековите постапки и желби како позитивно вредни или негативно невредни при што првите се одобруваат, пожелни се и се препорачуваат, а негативните се осудуваат и забрануваат.

Бошко Телебаковиќ, редовен професор на Факултетот за политички науки во Белград, во неговиот труд „Прашања за моралот"[7] наведува дека „најмногу се зборува за моралот тогаш кога во општеството го има најмалку. Исто така тој истакнува дека општеството најчесто очекува од нас добро да се однесуваме, иако не добиваме никаква награда за тоа и кога тоа не го забележува никој друг освен самите ние. Дали така ќе се однесуваме само поради инерција или поради тоа што моралот не е само општествена институција туку и проблем кој цел живот се поставува пред секој поединец?". Професорот Телебаковиќ посочува дека „многумина сметаат дека општеството станува неморално и дека на поединецот кој е морален воопшто не му е лесно во него"[8].

[7] Види: Telebaković, B. *Pitanja morala*, str.58

[8] ibid, str.74, со следното негово образложение: Некогаш се сметало дека е морално да се помогне на некој кој е во неволја. Денес обично се ужива во туѓата неволја. Кога еден млад човек во 2009 година се обидел во Белград да се фрли од мост во реката Сава, присутните навивале за што поефективно тоа да го направи, како и да го сликаат додека го прави тоа.

Според Коен, „не е мал бројот на оние коишто кога се сретнуваат со моралот се однесуваат како воопшто да го нема. Тој додава дека кога бројот на таквите брзо ќе порасне, можно е во општеството да настане морална паника“[9].

Во трудот „Моралот и човековото општество“, авторот Куничиќ посочува дека „односот помеѓу моралот и општеството го тангира човекот од денешницата, многу повеќе отколку прашањето за односот на моралот кон другите вредности. Тој исто така наведува дека ова не е само поради фактот што човекот е дел од општеството или заедницата, тоа е една длабока причина во сè понагласената улога на општеството како една важна компонента на човечкиот живот“[10].

Во април 2014 година во Дубровник е одржана конференција за Организациски развој и управување со човечки ресурси на која присуствува и професорката Џозефин Грин[11], која всушност дебатира за криза во моралот. Таа всушност истакнува дека не сме соочени со економска криза туку со криза во моралот, криза за спознавање што всушност значи да се биде човек. Таа нагласува дека мораме да се соочиме со фактот дека ние не и служиме на економијата, туку економијата треба да ни служи нам.

Во демократското општество треба да се почитуваат моралните вредности, односно луѓето треба да го следат доброто и да го осудуваат и избегнуваат злото. Воспитаниците имаат морален компас и добри навики како дел од нивниот карактер, нагласуваат Ryan и Bohlin[12] во нивната книга - Градење на карактерот во училиштата. Тоа значи дека треба секогаш да се трудиме да постапуваме правилно во секоја ситуација кога можеме. Односно, да го почитуваме законот и другите прописи. Секогаш треба да работиме исправно и точно. Со самата работа да придонесуваме нешто дали за самите себе или пак за некој друг или воопшто за општеството.

---

[9] Cohen, S. (1973). *Folk devils and moral panics*, London: Paladin

[10] Kuničić, A. *Moral i ljudsko društvo*, str. 14

[11] Џозефин Грин, професорка од Велика Британија на University of York , Heslington, York, UK.

[12] Ryan, K. & Bohlin, K. (1999). *Building Character in Schools. Practical Ways to Bring Moral Instruction to Life.* San Francisco: Jossey-Bass.

### 1.1 Општеството како поддржувач на воспитното делување

Современите општествено-политички, економски и други промени во нашето животно опкружување со сета своја актуелност ги наметнуваат прашањата **ШТО** треба да се промени во сферата на воспитанието и образованието и **КАКО** да се направат тие промени за да може воспитанието да се стави во функција на новите општествени барања, и уште повеќе, тоа да стане фактор на вкупниот општествен развиток.

Човековото општество има свој настанок и свој развоен пат што истовремено е развоен пат и на воспитанието. А, тоа е низ - родовско општество каде воспитанието е поврзано непосредно со работата и обезбедувањето на егзистенција. Робовладетелското, каде воспитанието е привилегија на владеачката класа; феудалното, каде целта на воспитанието била да воспитува и подготвува ритери и свештеници кои имаат презир кон работата, омраза кон крепосните селани, и со сила и со вреско духовно влијание да ја одржат во покорност експлоатираната класа; воспитание и образование во граѓанското општество-создавање на висока материјална база за развојот на воспитанието и образованието.

Современото демократско општество бара воспитание кое ќе ги развива човечките ресурси. Таквите барања наметнуваат и нови барања пред воспитанието, кои значат коренити промени во неговата системска, концепциска и организациска посветеност, но и промени во пристапите и начините на воспитно-образовната работа.

Авторите Uzelac i Bouillet[13], сметаат дека воспитувањето е мотивирано од општествените односи и потреби на времето

Во прединдустриските општества, воспитанието и образованието се во непосредна функција на општеството[14], односно воспитанието и образованието служат да се одржи општествениот систем.

[13] Uzelac,S., Bouillet, D. (2007). *Osnove socijalne pedagogile.* Zagreb : Skolska knjiga.

[14] Прочитано на 15 ноември 2012 година во статијата *Поврзаноста на образованието со општеството* објавена на веб порталот www.think.mk.

Една од основните претпоставки за промена на системот на воспитание и образование се и промените на општествено-политичкиот и економскиот систем во нашата земја. Настојувањата кон изградба на демократско општество условуваат и промени во воспитанието и образованието од редефинирање или дефинирање на целта и задачите на воспитанието до промени во системската и концепциската поставеност на воспитанието и образованието, како и промени во начините и методите на воспитно-образовната работа.

Во нашето истражување тргнуваме и од податоците објавени од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија, односно од податоците објавени за бројот на ученици во основните училишта во Република Македонија во текот на изминатите години и тоа[15]:

Г-01: Ученици во редовните основни училишта од 2008/2009 до 2012/2013
G-01: Students in regular primary and lower secondary schools, 2008/2009 - 2012/2013




Т-01: Редовни основни училишта, паралелки, ученици и наставници
T-01: Regular primary and lower secondary schools, class sections, students and teachers

| | Учи-лишта Schools | Пара-лелки Class sections | Ученици/Students | | | | Наставници/Teachers | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупно total | ученич-ки females | ученици кои завршиле училиште Graduated students | | вкупно total | | со полно работно време full-time | | со скратено работно време part-time | |
| | | | | | вкупно total | ученички females | сè all | жени women | сè all | жени women | сè all | жени women |
| 2008/2009 | 991 | 10 713 | 215 078 | 104 012 | 26 915 | 13 092 | 16 205 | 10 359 | 14 961 | 9 647 | 1 244 | 712 |
| 2009/2010 | 990 | 10 622 | 208 980 | 101 150 | 25 730 | 12 316 | 16 403 | 10 703 | 14 983 | 9 855 | 1 420 | 848 |
| 2010/2011 | 990 | 10 567 | 201 914 | 98 006 | 24 512 | 11 969 | 16 946 | 11 092 | 15 200 | 10 061 | 1 746 | 1 031 |
| 2011/2012 | 986 | 10 685 | 197 859 | 96 367 | 23 786 | 11 642 | 17 233 | 11 382 | 15 220 | 10 178 | 2 013 | 1 204 |
| 2012/2013 | 990 | 10 657 | 194 055 | 94 309 | 22 955 | 11 147 | 17 424 | 11 650 | 15 233 | 10 321 | 2 191 | 1 329 |

[15] *Основни и средни училишта на крајот на учебната 2012/2013 година.* Скопје : Државен завод за статистика на Република Македонија, стр. 10.

Притоа можеме да забележиме дека постои опаѓање на бројот на ученици односно во 2008 – та година биле запишани 215 078 ученици, а во 2012/ 2013 година 194 055[16]. Сето ова е условено од голем број на фактори кои имаат различно влијание.

Промените во сферата на воспитанието и образованието во нашата земја во голема мера се детерминирани и од современите тенденции на воспитанието и образованието во светот и достигнувањата на педагошката, психолошката и дугите науки. Затоа, ако сака да стане сериозен фактор на општествениот развиток, нашето воспитание е неминовно упатено на потребата да ги следи овие тенденции. Сепак, треба да се истакне дека воспитанието е неразделиво од работата, од процесот на создавањето на човекот и човековиот свет-општеството. Создавајќи го социјалниот свет човекот постојано го збогатувал и развивал својот ум, се збогатувал со нови идеи проширувајќи го своето работно искуство.

Во тој поглед воспитанието станува свесна и целесообразна општествена дејност која ги надраснувала рамките на пренесување на работното искуство од генерација на генерација. Тоа е суштински фактор на очовечувањето на човекот. Човекот, работејќи, менувајќи ја природата за да ги задоволи своите човечки потреби, ја развивал и својата свест, а од таквата свест се јавило воспитанието. Воспитувањето секогаш е свесна човечка дејност која се потпира врз свест на индивидуумот.

Всушност, воспитанието е постојана и нужна функција на човекот и неговиот општествен живот. Воспитанието е старо колку и човечкото општество, се појавило со појавата на човечкото општество, се развивало заедно со него и ќе постои додека постои и општеството. Воспитанието претставува незаменлив фактор на општествениот живот, општествената свест и општествената практика и како такво претставува општествена потреба. Со помош на воспитанието луѓето можеле да се одржат во живот, успешно да се борат против природните сили и постојано да го унапредуваат своето знаење и искуство.

Во текот на целокупниот развој на општеството, воспитанието се јавува како важна претпоставка за одржување на поединецот и општеството, културата и цивилизацијата, за одржување на континуитет на општеството и развој на производните сили и производните

[16] исто стр. 10

односи. Според Вајт[17] пак „ културата е еден динамичен процес , систем кој е способен да расте...". Колку што биле поразвиени производните сили и општествените односи, толку бил повисок и степенот на развој на воспитанието како организирана општествена дејност. Но, се разбира дека тој однос не значи потполно поклопување со степенот на општествениот развој, но постои како закономерен однос и како постојан општествен интерес, физиономијата и развиеноста на воспитанието да се сообразува со општествениот развој, карактеристиките на тој развој и општествените потреби. Воспитанието е најтесно поврзано со развитокот и усовршувањето на човековото општество. Без воспитната функција општествениот развиток не би бил возможен. Без воспитанието и неговата функција, не би постоел човекот, човековото општество и неговата историја. Воспитанието е основен услов за одржување и развиток на заедницата. Затоа, тоа е темелна и битна категорија на човековото општество, односно битна и постојана општествена категорија[18].

Воспитанието е најтесно поврзано со работата, со производството на материјалните добра и духовните вредности. Тоа се создало во процесот на формирањето на човекот како човек и станува сѐ позначаен фактор, не само за неговото формирање, туку и за самиот човеков опстанок. Како што се развивал човекот во свесно општествено суштество, така и воспитанието добивало сѐ повеќе општествен карактер и станувало значаен фактор за развиток и на општеството и на човекот како единка. Како што човековиот развој не може да се замисли без работа, исто така е невозможно постоење, понатамошно напредување и развивање на човекот и општеството без воспитание. Сигурно е дека никогаш нема да престане да се чувствува потребата за воспитание како вечна општествена функција.

Многу автори кои размислувале и пишувале за воспитанието истакнувале дека воспитанието е животна потреба, форма на самоодржување и развивање на животот. Во своето дело *„Педагогика и демократија"*[19] *Џон Дјуи*[20] *напишал дека воспитанието за социјалниот*

---

[17] White, L. A. (1970). *Nauka o kulturi*, Beograd, str.156-169

[18] Копровски, Љ., Петровски, Б. (1998). *Педагогија*, стр.23

[19] Баракоска,А (2007). *Педагогија* , стр.107

[20] Џон Дјуи (20 октомври 1859 - 1 јуни 1952) е американски филозоф, психолог и реформатор на образованието, чии идеи биле влијателни во образованието и социјалните реформи.

*живот е исто што и храната и размножувањето за биолошкиот и физиолошкиот живот.* Во педагошките проекти на Францускага буржоаска револуција од 1789, е запишано дека *после лебот, воспитанието претставува најважна потреба на еден народ.*

Ваквото истакнување на значењето и улогата на воспитанието е карактеристично за сите периоди од општествениот развиток кои се обележани со големи историски проекти. Затоа при случувањето на општествените промени, истовремено се случуваат и големи промени во воспитанието.

Меѓутоа, воспитанието не е само општествена потреба, туку и потреба на поединецот.

Воспитанието има неколку значајни функции[21] кои ги обединуваат во себе поединечните и индивидуалните цели и интереси, а тоа се следниве:

- овозможува поттикнување и развој на природните можности на секој поединец, на неговата генетска разновидност и сестраност;

- пренесување на културното наследство или на традицијата значајна за развојот на потесната или поширокага социјална група или заедница на која и припаѓа личноста;

- оспособување на секој поединец за извршување конкретни работни задачи според општествената поделба на работата, и со работата поединецот да ја обезбеди материјалната положба и социјалниот статус;

- изградување вредносен систем, свест и совест кај личноста, со што ќе се карактеризира таа личност и врз основа на тоа што ќе биде прифатена во социјалната средина;

- обезбедување човечки потенцијал и кадровска основа за понатамошен развој на науката и за хуманизирање на сите форми на општествениот живот;

- трансформирање на воспитниот процес во повисок квалитет, т.е. во процес на самовоспитание (самообразование, самоформирање), оспособување на секој поединец за свесна, креативна и автономна активност на постојано самоучење, самоусовршување и саморазвивање.

---

[21] Прочитано и преземено на 26 април 2012 година од www.wikipedia.org

## 1.2 Значењето на воспитниот развој во услови на мултикултурно живеење

Новото демократско општество коешто сите заедно го градиме, меѓу другото, треба да понуди можност за подобрување на воспитно – образовниот процес на секој поединец, независно од неговата етничка припадност. Можноста за подобрување не треба да резултира со личен напредок на сметка на другиот, туку како обележје на демократијата, треба да резултира со заедничко добро. Самоиницијативноста, решеноста на секого за промена, подобрување на своето образование, треба да биде долгорочна определба на секого, а истовремено, тоа е долгорочна придобивка за себе и за другите.

Уставот на Република Македонија и општата правна рамка предвидуваат еднакви можности за образование за сите нејзини граѓани, согласно на меѓународното право и меѓународните конвенции. Државата е потписник на сите позначајни меѓународни конвенции и декларации кои се однесуваат на правата на човекот, правата на децата и правата на образование[22].

Во Република Македонија, како земја со хеторегена структура од етнички, верски, но и социјален аспект, егзистираат голем број училишта со мешана национална и верска структура. Додека пред сто години само 5 отсто од населението беше опфатено со образование, денес со основно образование задолжително со законот е опфатена речиси сета млада популација.

Во досегашната образовна практика, во нашата држава се прават огромни напори од страна на сите општествени и државни сегменти за целосно интегрирање на припадниците на етничките заедници во образовниот систем на Р. Македонија.

Трансформацијата на нашето општество во отворено демократско општество секако дека се заснова и на неопходната коренита реформа во воспитно-образовниот систем, како суштествена форма на социјално дејствување. Осовременувањето на наставата бара современа технологија, соодветни просторни услови, а најмногу од сè потреби од човечки ресурси, кои се подготвени да ги прифатат и спроведат промените и да се приспособат кон нив.

---

[22] Преземено од извештајот - *Анализа на образованието на Ромите* кое е прикажано на веб порталот http://soros.org.mk/dokumenti/analiza-na-obrazovanieto-na-romite.pdf

Мултикултурното образование подразбира: секој ученик да мора да има еднакви можности за развој на сопствениот потенцијал, секој ученик мора да биде подготвен и компетентно да земе учество во општеството кое е изразито интеркултурно, наставниците мора да бидат подготвени за ефикасно поттикнување, водење и насочување на секој индивидуален ученик, училиштата мора да бидат активни учесници во борбата против сите видови на притисоци и да ја развиваат општествено критичката свест кај учениците, воспитно-образовната работа мора да биде насочена кон учениците и кон нивните искуства како и нивните културни и општествени карактеристики, и на крај наставниците мора да преземаат активна улога во преиспитување на сопствената педагошка пракса и да ја следат нивната работа се манифестира на секој ученик, какви методи и пристапи користат во праксата, во евалуацијата, во советувањето[23].

Вклучувањето на нашиот воспитно-образовен систем во современите европски образовни текови и неговата трансформација во ефикасен и ефективен систем којшто ќе даде еднаква можност за образование на секое дете е голема задача што стои пред сите инстанци од нашиот воспитно-образовен систем. Проблемите со коишто се среќаваме во процесот на глобализација на современата модернизација на воспитно-образовниот систем се многубројни. Промените не можат да настанат веднаш, но во истрајноста при имплементацијата на темелните промени во наставните планови и програми лежи клучот на успешната образовна реформа.

Воспоставувањето позитивни етнички релации во македонското општество, градење и одржување на меѓусебната доверба, повисок степен на комуникација и запознавање и осознавање на различните културни обележја и вредности, ќе придонесе за градење на заедништво, единство на мулитиетнички и мултикултурен план. Ова треба да биде основна заложба на секој поединец кој својата иднина и иднината на своите деца ја гледа во интегрирана Македонија. Имено, во Концепцијата за деветгодишно образование изработена од Бирото за развој на образованието, како орган на Министерството за образование и наука, е наведено дека „мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го

[23] Види: Тематски зборник радова/књига 2 (2007): Мултикултурно образовање (уред. М.Ољача). Нови Сад : Филозофски факултет.

промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници[24].

Мултикултурноста е органски дел на повеќе националните човечки заедници, односно уважување, поврзување, меѓузависност на културата во кругот на една повеќенационална заедница.

Според Будич и Андевски[25] мултикултурноста се заснова на логичка претпоставка дека луѓето кои живеат во општеството, треба да имаат поголемо разбирање за сопствената историја и историјата на другите. Тие сметаат дека познавањето еден со друг ќе придонесе за хармонични односи меѓу припадниците на различните етнички групи. Ова значи дека мултикултурните разлики треба да се негуваат во сите сегменти на воспитно-образовните ресурси.

Мултикултурноста[26], јазичниот и културниот плурализам, а со самото тоа и мултикултурното образование се значајна карактеристика на светот на крајот на векот и милениумот и се перспектива на човештвото. Овој цивилизациски тек и реалност имаат многу свои приврзаници меѓу цивилизираните, културните и хуманите луѓе.

Со конституирање на Македонската држава во 1991 година преку донесување на Уставот, [27] се обезбедија услови за функционирање на нов облик на уредување наспроти дотогашниот социјалистички, а тоа е плуралистичкиот концепт на демократија. Различните политички партии кои се формираа, станаа носители на промените во политиката, економската и други сфери, а тоа подразбира и промени во сферата на образованието. Се покажа дека образованието е област многу интересна за политичките партии, па така и во нивните програми по прашањата од политички и економски теми на трето место се образованието и науката, па потоа следуваат

[24] *Концепција за деветгодишно основно образование* (2007). стр.73

[25] Драшковић, Ј. (2012) *Мултикултурализам у функцији концепције у савременом образовању и васпитању.* Зборник радова, Књига 6, Призрен: Учитељског факултета, str.109

[26] Баракоска, А. (2007). *Педагогија*, стр. 117

[27] 17 ноември - Усвоен е Уставот на Република Македонија, прв по прогласувањето на сувереноста и самостојноста.

прашања од социјална политика, меѓунационални односи, култура, европски интеграции, и др. При тоа, како теми на интересирање на образованието на политичките партии се, покрај заложбите за поголема опфатност на децата со предучилишно и основно образование, воспоставување на гимназиите, самостојност на универзитетот, права на остварување на приватни училишта и заложбите за употреба на мајчин јазик во основно, средно и високо образование.

Во Македонија треба да се поттикнат идеите што водат кон создавање на односи на толеранција и меѓусебно почитување. Мултикултурно образование е лулката, основата за развој на едни такви односи. Почитувањето на нормите и обичаите на една национална заедница, почитувањето на религиозните определби, почитувањето и овозможувањето на правото на школување на мајчин јазик во сите степени на образование ќе придонесат во слободното изразување на индивидуалноста на ученикот и неговиот напредок во образовниот процес.

Според Banks мултикултурното образование е научна област и дисциплина чијашто главна цел е да создаде еднакви образовни можности за учениците од различни расни, етнички, социјални и културни групи. Една од значајните цели е да им помогне на учениците да се стекнат со знаење, ставови и вештини потребни за ефективно да функционираат во едно плуралистичко демократско општество и да стапуваат во интеракција и комуникација со луѓе од различни групи со цел да создадат граѓанско и морално општество кое ќе се стреми кон заедничко добро[28].

Улогата на воспитанието и образованието во оспособувањето на луѓето за живот во мултикултурна заедница е значајна, но тоа како што покажало нашето и искуството на останатите, не зборува за нивната семоќност или надмоќност.

Новиот наставен план за деветолетката претставува добра основа за примена и промовирање на мултикултурализмот[29] во училиштата. Осмислената програма за работа во училиштата, инкорпорирана во различни предмети и активности, би требало да ги доведе

---

[28] Види во *Прирачник за Мултикултурна едукација и културна медијација* (2010) - http://www.civicamobilitas.org.mk/attachments/article/23/MIR%20priracnik%20za%20Multuikulturna%20edukacija%20i%20kl ultruna%20medijacija.pdf

[29] Преземено од извештајот објавен на веб порталот на УНИЦЕФ на македонски јазик http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/New_MKVersionsm2(3).pdf

учениците пред културни разлики и до знаење дека во секоја култура постојат локални, но и светски обрасци, стереотипи за правење разлики меѓу луѓето.

Војната започнува во умот, затоа во умот мирот мора да се создаде, тргнувајќи од овој принцип кој се наоѓа и во преамбулата на уставот на УНЕСКО, интеркултурното учење[30] се гледа како учење но, и како обука за мир.

Критичкиот елемент во развојот на интеркултурното учење не му е наменет само на поединецот како знаење за други култури, туку достигнат степен во процесот на културното учење, комуникацијата и интерперсоналните релации. Интеркултурното учење игра една важна улога во формирањето на идентитетот, која никогаш не е нешто изолирано, туку еден социјално-интерактивен процес. Некои велат интеркултурното учење како и секое добро учење создава човештво.

Запознавањето на меѓусебните култури претставува процес. Овој процес, бара да се познаеш себеси, и твоето потекло пред да можеш да ги запознаеш другите. Ова е предизвикувачки процес во кој се вклучени длабоко вкоренети идеи за тоа што е добро, а што е лошо, за структурата на светот и на твојот живот[31].

За да се реализираат успешно или сосема отстранат внатрешните или сепаратистичките пристапи во културата и образованието и сите граѓани да се оспособат за заеднички живот во заедничка татковина, неопходно е не само во системот на воспитување и образование туку и во средствата на масовна комуникација многу повеќе да бидат присутни содржините и јазиците на сите национални и јазични малцински групи, како и севкупниот социјален амбиент, а не само школското образование, непрекинато да се развиваат балканските, европските и светските културни димензии на образованието.

Секое конкретно општество – држава, градело и гради специфичен начин на живеење, и во тој контекст, дефинира одредени вредности, кои за одредена популација се единствени, карактеристични и неповторливи.

---

[30] Види на веб страната на Центарот за образование и развој http://www.ced.org.mk/mk/what-we-do/kulturen-razvoj/interkulturno-ucenje.html

[31] Види на веб страната на Македонски центар за меѓународна соработка http://www.mcms.mk/mk/component/content/article/468-interkulturno-ucene.html

Во центарот на мултикултурното образование мора да биде личност чии основни својства се широки интелектуални погледи, развиени и остварени потенцијали, автономност, критичност, слобода, толеранција, и демократска ориентација. Само таква личност може да ја почувствува и развие потребата од уважување на богатството на различни култури.

Училиштата пак мора да покажат посветеност на: признавање и почитување на етничката и културната различност; промовирање на општествена кохезија засновани на заедничкото учество на етнички и културно различни народи; зголемување на еднакви можности за сите поединци и групи, и олеснување на конструктивните општествени промени што го подобруваат човечкото достоинство и демократските идеали[32].

### 1.3 Воспитанието како поддржувач на развојот

Социјалниот развој континуирано го следи интелектуалниот и емоционалниот развој и на некој начин е плод на целокупните воспитни настојувања и остварувања. Социјалната зрелост ги вклучува: биолошката, интелектуалната и емоционалната зрелост. Во смисла на социјалната зрелост се истакнува дека личноста е способна успешно да се прилагоди на различните животни промени и да ги прифати обврските и одговорностите кон себе си, своето семејство и општеството[33]. Таа е круна на развојот на способностите, а нејзин плод се моралните вредности, свеста и совеста. Негата на детето е врзана за семејството во кое детето од најраните денови го започнува интелектуалниот, афективниот и социјалниот развој. Во подготовката за живот детето мора да помине неколку степени на образование, усвојувајќи ги со помош на наставникот. Усвојувањето на искуствата и знаењата од претходното учење можеме да ги наречеме образование. Образувајќи се, детето добива и воспитание: телесно, интелектуално, афективно и социјално.

Во поимот воспитание досега го вклучуваме и она што се случува и надвор од поединецот кој се воспитува, и она што се случува во него. Тоа се две објективни гледања, посебни процеси. Успех во воспитното делување можеме да очекуваме ако тие два процеса

[32] Види во прирачникот Принципи на мултикултурното образование (2011) http://www.civicamobilitas.org.mk/attachments/article/23/MIR%20priracnik%20,Princiopi%20na%20multikulturno%20obrazovanie.pdf, стр.9

[33] Вид на српската википедиа на веб страната http://sh.wikipedia.org/wiki/Zrelost.

меѓусебно кореспондираат. Група автори наведуваат дека „воспитанието е целисходна општествена дејност чија содржина се состои во негување на развојот на новите поколенија, наше давање, а нивно усвојување, во одреден систем и форми на стекнатото искуство кое е неопходно за понатамошен развој и изградување на општествено поведение"[34].

Воспитно-образовниот процес значи систематско, организирано насочување-поттикнување на развитокот со учење и стекнување на знаења. А, пак социјализацијата претставува вкупност на процеси за формирање на личноста како член на општеството, семејството и сл. Воспитанието треба да има улога на поддржувач на целокупниот развој на личноста. Тоа е поврзано и со социјализацијата која претставува процес на интеракција во кој индивидуата усвојува знаења, вештини, навики, ставови, норми, вредности и други сознанија што и се потребни за успешно вклучување во општествената група или во глобалната заедница, односно, социјализацијата претставува прифаќање на културните придобивки од претходните генерации.

За разлика од биолошкото созревање, процесот на социјализација се развива под непосредно влијание на средината во која индивидуата живее. Тоа се случува со нејзино активно соучествување и самоактивност, што претставува одредена човекова специфичност. Всушност, преку социјализацијата индивидуата прифаќа само дел од социјалното наследство што е неопходно за вклучување во општеството. Главно, таа тоа може да го постигне преку учење. Значи социјализацијата е еден поширок комплекс на процеси на претворање на индивидуата во општествена личност. Таа води кон формирање на личност способна да извршува повеќе улоги: член на семејство, брачен другар, родител, колега и сл[35].

Процесот на социјализација почнува да се развива уште од првиот животен циклус, од детството. Но, тука не застанува социјализацијата. Таа продолжува во натамошниот живот односно може да се каже дека трае речиси низ целиот човеков живот во кој постојано се прифаќа она однесување кое во општеството се оценува како нормално и примерно.

---

[34] Група автори (2002). *Педагогика*, Благоевград, стр. 85

[35] Milanovič, V. (1976). *Savremena sociologija o socijalizaciji ličnosti, ulozi i statusu*, Osnovi nauke o društvu, Beograd: RAD, str.423

Согласно Концепцијата за деветгодишно основно образование[36], значајно е да се истакне дека во функција на развојот, основното воспитание и образование има цел да овозможи:

- Хармоничен развој на учениците (когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен) во сообразност со нивните индивидуални способности и развојните законитости и развој на личноста на

ученикот врз основа на принципите на почитување на основните човекови права и слободи. Тоа се постигнува со:

- развивање свест кај учениците за сопствената индивидуалност, поттикнување на самодовербата и одговорноста за сопствените постапки;

- воспитување за почитување на човековите права, родовата рамноправност и основните слободи и за живеење во демократско општество и тоа со методи кои ги поддржуваат овие вредности;

- развивање на комуникациските вештини, критичкото мислење и креативноста на учениците;

- развивање на способностите за препознавање на сопствените чувства и разбирање на чувствата на другите;

- промовирање на значењето на учењето и работата;

- оспособување на учениците да го вреднуваат своето напредување.

## 1.4 Актуелни пристапи во третманот на воспитниот развој на учениците во Република Македонија

Во последната деценија во нашата држава имплементирани се повеќе промени во целокупниот воспитно-образовен процес во насока на зајакнување на воспитната дејност на училиштата. Една од тие промени е и новиот Закон за основно образование[37] (донесен во август 2008 година), според кој согласно член 29 е предвидено на часот на одделенската заедница да се разработуваат содржини и активности за личниот и социјалниот развој на учениците според

[36] *Концепција за деветгодишно основно образование* (2007)

[37] Види во *Закон за основно образование (2008)*

програма што ја утврдува министерот за образование и наука, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Новина е и Програмата образование за *животни вештини*[38] *чија* цел е да придонесе за личниот и социјалниот развој на учениците, на тој начин што го помага развојот на психосоцијалните вештини, оспособувајќи ги учениците за успешно справување со предизвиците на секојдневниот живот. Психосоцијалните вештини имаат важна улога во промовирањето на здравјето на учениците во целина - во обезбедување на нивната физичка, ментална и социјална добросостојба.

Со наставните програми од оваа област на учениците во основното училиште треба да им се овозможи да ги применуваат своите знаења во градење здрави облици на однесување, и да ги избегнуваат оние видови на однесување што се закана за нивното лично, емоционално и социјално здравје. Во програмите се разработени пет наставни теми на различни нивоа со соодветни активности (од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение). Тие нудат развивање на вештини за прифаќање, разбирање или воочување на појавите и начините на однесување, како и лично учество на ученикот во настаните од секојдневниот живот. Всушност, знаењата, вештините и ставовите треба да се стекнуваат и практикуваат во секојдневниот училиштен живот преку личните и колективните искуства на учениците со методи и постапки кои се ориентирани кон ученикот, како интерактивна и партиципативна единка во средината во која живее и учи. Согласно наставните програми од страна на Бирото за развој на образованието изработени се прирачници за животни вештини за секој одделен циклус на основното образование. За учениците од второ до деветто одделение предметот образование за *животни вештини* се реализира, со еден час неделно (36 часа годишно) на часовите на одделенската заедница, а за учениците од прво одделение на часовите на кои се реализираат другите наставни програми. Часот на одделенската заедница е задолжителен.

Воедно, во насока на зајкнување на воспитната функција на училиштата е и воведувањето на наставниот предмет Етика како задолжителен предмет за учениците во VI-то

[38] Прочитано на 22 мај 2012 година на веб страната на Биро за развој на образованието - www.bro.gov.mk, во делот на наставни програми.

одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува 1 час неделно, односно 36 часа во текот на учебната година.

Со изучувањето на наставниот предмет етика учениците се запознаваат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот,универзалните етички вредности, како и да ги откриваат и да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето. Преку наставата по предметот етика учениците развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите. Цели на наставата по предметот Етика[39] за VI-то одделение се ученикот/ученичката:

- да се запознава со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот;

- да ги открива и да ги почитува етичките односи меѓу луѓето;

- да се запознава со универзалните етички вредности;

- да се запознава и да го прифаќа бонтонот во современото општество;

- да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Наставниците по Етика во основните училишта треба да ги реализираат индивидуалните задачи кои притоа да треба да бидат прилагодени на интересите и интелектуалните можности на учениците. Многу наставни активности кои се предложени во програмата по Етика, му даваат можности на ученикот да работи индивидуално, во пар, како член во група, а со тоа се дава можност за работа во сите форми на наставна работа. Како елемент за следење на работата на учениците се нагласува мотивацијата како услов за примена на повеќе техники како разговор меѓу учениците и наставникот, меѓу учениците, поттикнување на симулирање на одредени ситуации со морален карактер, самостојно и критичко мислење и др.

Значаен елемент за развојот и унапредувањето на демократскиот концепт и граѓанските вредности претставува воведувањето на систематско подрачје-наставен предмет граѓанско образование во основното училиште. Граѓанското образование како наставен предмет во училишни рамки им овозможува на децата и младите да ги осознаат правилата на животот во заедницата кога ќе бидат возрасни. Граѓанското образование соединува различни монодисциплинарни содржини од автономните општествени науки, давајќи им нов епистемолошки идентитет. Содржините се хетерогени, интегрирани во воспитен проект со

[39] Прочитано на 23 мај 2012 година на веб страната на Биро за развој на образованието www.bro.gov.mk.

специфични цели. За ефикасноста на вака поставеното граѓанско образование се поставува прашањето дали воведувањето на еден наставен предмет може да придонесе за демократско образование ако се има предвид дека на останатите часови и училишни ситуации ученикот нема допирни точки со правилата и принципите кои се усвојуваат преку овој наставен предмет.

Сепак се поставува прашањето колку и на кој начин навистина на задолжителните и изборните часови, систематски и организирано, учениците усвојуваат знаења и стекнуваат вештини потребни за наредниот степен на образованието.

Учениците во училиштето живеат – ги спознаваат своите силни и слаби страни, ја зајакнуваат самодовербата, стекнуваат различни искуства, се дружат, се охрабруваат, поддржуваат и соработуваат меѓу себе, се справуваат со различни ситуации, ги зајакнуваат комуникациските вештини со различни личности и сл.

Започнувајќи од први јануари 2012 во училиштата е започната имплементацијата на Програмата за советување на родители. Од особено значење за воспитната проблематика и за овој труд е значењето и од воведувањето на т.н. родителски школи, односно Советувањето на родителите. Советувањето би требало да резултира со поголема грижа и блискост со децата, како и за зголемување на одговорноста во воспитувањето на децата. Градењето доверба и развивањето партнерски односи со родителите за надминување на тешкотиите или проблемите што се јавиле кај нивните деца е основен услов за постигнување на целите на советувањето. Во рамки на проектот „Советување на родители – родителска школа", каде врз основа на стандардизирани програми се врши советување на родителите на учениците коишто нередовно посетуваат настава, имаат значително намалување на успехот во учењето, или пак манифестираат разни форми на несоодветно однесување во училиштето, паралелно започна да се врши и советување на самите ученици заради корекции и подобрувања во нивното однесување. И за оваа намена Министерството за образование и наука изготви две Програми за советување на учениците во основните и средните училишта[40], во кои јасно се утврдени постапките според кои треба да се одвива советодавната работа. Програмите се донесени на 12.11.2013 година и се објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр. 160 од 20.11.2013 година, а стапија на сила на 21.11.2013 година. Програмите за советување треба придонесат за јакнење на воспитната улога на психолошко-педагошките служби во училиштата, а пред сѐ на наставниците коишто први ги детектираат симптоматичните однесувања кај учениците

[40] Прочитано на 22 декември 2013 година во Службен весник на Република Македонија бр.160 од 20.11.2013.

и пристапуваат кон надминувањето на одреден проблем или причина која предизвикала негативен ефект во процесот на нивната едукација.

Но, искуствата од претходните години укажуваат на тоа дека не сите ученици биле доволно ангажирани и не учествувале сите активно во различните училишни активности, не била задоволувана нивната иницијативност, а во рамките на задолжителните, изборните и факултативните предмети не се реализирале активности за усвојување знаења и стекнување ставови и вештини неопходни за активна, свесна и одговорна личност.

## 2. Воспитанието како холистички процес

Воспитанието е важна општествена и човечка, свесна и целесообразна дејност, сложен, комплексен и долготраен процес во кој се изградува и формира личноста, процес во кој се развиваат физичките и психичките особини на личноста, дека преку него се пренесува општественото искуство. Воспитанието е комплексна појава, систем и процес кој се однесува на формирање на човекот т.е. негово унапредување и обликување со сите негови суштински човекови одлики[41].

Воспитанието е свесна дејност на човекот спрема другите луѓе и спрема себе си за постигнување на определен физички и психички развој. Тоа е дејност и процес во кој се присутни елементите на самовоспитанието и процес на оспособување на субјектот за самовоспитание.

За воспитанието многу педагози даваат различни дефиниции. Хербатовецот Љубомир Протиќ вака го дефинира воспитанието: „ ... воспитанието е свесно или намерно влијание на возрасните врз најмалите со намера децата духовно да се развиваат и во тој развиток постигнат цел која претходно е поставена “[42] .

Авторот Патаки под воспитание подразбира самоорганизирани, плански, свесни и целисходни педагошки влијанија. Толкувајќи го така поимот и карактерот на воспитанието,

[41] Група автори (2002). *Педагогика*, Благоевград, стр. 85

[42] Protić, Lj. str.11

Патаки ја дава следнава дефиниција:„воспитанието е свесно, целисходно, планско раководење и подготвување на најмалите за образовни, културни, свесни и активни градители и бранители"[43].

Радован Теодосиќ во учебникот Pedagogije од 1957 година укажува дека за воспитанието е важно дека тоа е свесна, планска и организирана активност која е насочена кон одредена цел.

Од сето ова може да се заклучи дека воспитанието е најобемен и најбогат по содржина, основен педагошки поим. Би можело да се каже дека во поширока смисла, како процес на изградување и самоизградување ги опфаќа афективните, когнитивните и психо-моторните аспекти на развојот на личноста.

Воспитанието се однесува на сѐ што е човечко, свесно, намерно, систематски и организирано влијание на планот на формирањето на личноста, на сѐ што организира општеството во однос на воспитаникот, на сѐ што презема самата личност, личност која се развива и се формира во околности на едно конкретно општество.

Трите аспекти на воспитанието се : општесвено – генерациски аспект на воспитанието, индивидуален аспект на воспитанието, интеракциско-комуникациски аспект на воспитанието.

Од општествен аспект воспитанието се разгледува како генерациска појава. Диркем рекол „ за да постои воспитанието, треба да постои генерација на возрасни и генерација на млади, како и делување кое првите го вршат на другите"[44].

Воспитанието како свесна човечка општествена дејност е комплексен и долготраен процес во кој се развиваат психофизичките особини на личноста, генерациски процес во кој се пренесува вкупното општествено и работно искуство, но воспитанието е и процес на оспособување на човекот за самовоспитание

Од општествено-генерациски аспект, воспитанието се дефинира како пренесување на искуствата, знаењата и социјалното наследство од постарите на помладите генерации, со истовремено оспособување на младата генерација, не само да го одржи контнуитетот, туку и да го развива и збогатува тоа искуство. Историски гледано, општествено-генерацискиот аспект на

[43] S. Pataki (1956). *Opća pedagogija*, str. 19

[44] Костова, М. *Методика на воспитна работа*, стр.32

воспитанието е процес на освестување на воспитанието, кој започнал оној момент кога човекот служејќи се со говорот го акумулирал своето искуство и го пренесувал на помладата генерација. Индивидуланиот аспект на воспитанието е тесно поврзан со општествено-генерацискиот аспект на воспитанието. Квалитетното општество има и квалитетно воспитание, а и квалитетот на воспитанието повратно делува на квалитетот на развојот на општеството. Индивидуалниот аспект на воспитанието се однесува на развојот на личноста на поединецот и за разлика од првиот аспект на воспитанието кој е претежно филозофско-социолошки фундиран, тој е претежно психолошки аспект. Од индивидуален аспект воспитанието се дефинира како свесно и намерно делување и самоделување на развојот на психофизичките особини и својства на личноста на поединецот под влијание на созревањето, учењето и средината.

Воспитанието согледано од аспект на индивидуланиот развој на секој поединец примарно е поврзано со учењето, поттикнувањето, мотивирањето и предизвикувањето сопствена активност, а со цел да се развие личноста на поединецот.

Основното значење на термнот **воспитание** е „вкупноста на интенционалното влијание на развојот на личноста"[45]. Од индивидуален аспект , воспитанието секогаш треба да биде ускладено со природата на воспитаникот и со неговите можности за да се оствари потполно актуелизација и еманципација, односно самореализација на личноста на воспитаникот. Интеракциско-комуникацискиот аспект на воспитанието нè насочува воспитанието да го согледуваме како конкретна општествена дејност, во која се рефлектираат и општествените и индивидуалните законитости. Од интеракцискиот-комуникациски аспект се врши операционализација и конкретизација на воспитните задачи како насока за непосредното воспитно делување , при што креативноста на воспитувачот треба да дојде до полн израз. Важни карактеристики на воспитанието од интеракциско – комуникацискиот аспект се: дека тоа е процес кој се одвива во хумани меѓучовечки односи, заснован е на креативна соработка меѓу воспитните субјекти, зависи од квалитетот на воспоставената интеракција и комуникација, (најхумана комуникација е дијалогот), креативноста на воспитанието треба перманентно да се освестува и да се развива и да ја усовршува личноста на секој воспитен субјект. Од сето ова

[45] Marinković, J. (1987), *Ogledi iz Filozofije odgoja*, Zagreb: Školske novine, str.26

може да се заклучи дека сите три аспекти на воспитанието се дијалектички поврзани, се условуваат и меѓусебно се надополнуваат.

Образованието и воспитанието сочинуваат дијалектичко единство и меѓусебно условен процес и не можат да постојат едно без друго, без нивно единствено дејствување не можат да се постигнат саканите резултати.

Според група автори „Воспитанието е комплексна појава, систем и процес кој се однесува на формирање на човекот т.е. негово унапредување и обликување со сите негови суштински човекови одлики"[46].

Образованието како втор основен педагошки поим и процес е во функција на збогатување на човековите сознанија. Образованието опфаќа усвојување одреден систем на знаења, формирање практични умеења и навики, а тоа е претпоставка и темел за развој на интелектуалните сили и способности, за обликување научен поглед на светот, за поврзување на знаењата со практичната, професионалната и која било друга дејност.

Во секојдневниот живот често среќаваме луѓе кои имаат образование, но не се воспитани, и обратно, некои кои немаат образование, но се воспитани. и покрај тоа што поседуваат образование, за овие личности велиме дека не се формирани во целина, и на тој начин нивната стручност не може да се реализира како општочовечка вредност. Со поимите воспитание и образование тесно поврзани се: самовоспитанието, превоспитанието и самообразованието.

Образованието најчесто се дефинира како дејност која влегува и е составен дел на воспитанието, а ги опфаќа оние ментални процеси кои се однесуваат на когнитивните аспекти на воспитанието на личноста. Многу значајно е сознанието дека и образованието е процес. Процес кој содржи и елементи на самообразование на субјектот и неговото оспособување на самообразование. Се смета дека оспособувањето на човекот за самообразование е една од основните вредности и функции на современото образование и основа на перманентно образование како нагласена човечка и општествена потреба условена од современиот брз развој на науката, техниката, технологијата и културата.

[46] Група автори (2002). *Педагогика*, Благоевград, стр. 85

Образованието е педагошки процес и резултат од тој процес. Тоа е активност која се одвива на училиште и надвор од него, под раководство на наставник и други или самостојно.

Во нашиот јазик значењето на зборот образование се врзува со глаголот образуваш - создаваш, прилагодуваш, усвојуваш, формираш.

Според Анте Вукасовиќ образованието е „рационална основа на воспитанието, а воспитанието е вредносна ориентација на образованието"[47]. Германскиот педагог Lit вака го дефинира образованието: „образованието е она прилагодување на човекот, кое му овозможува да се стави во ред самиот себе и својот однос према светот".

Образованието е во единство со знаењето и способностите. Според тоа „образованието е квалитет на личноста кое е одредено од неговите знаења и способности"[48]

Поимот образование ни етимолошки не е одвоен од поимот на воспитанието.

Додека воспитанието се однесува на целокупниот развој на личноста (интелектуални, емоционални, социјални, физички), образованието е помал поим од него и негов интегрален дел. Со воспитанието се изградуваат позитивни црти на човекот, неговите човечки квалитети, а образованието е процес за здобивање на знаење и владеење со нив. Со образованието се остваруваат материјалните задачи на воспитанието, односно образованието не е само куп од знаење, по правило тоа е темелот на воспитанието, формирање поглед на светот, ставови на луѓето.

Образованието може да биде:

- согласно возраста на учениците: предучилишно, училишно и образование на возрасните.
- согласно местото каде се остваруваат: семејно, училишно, вонучилишно и сл.
- согласно степенот на образованието: основно, средно, вишо, високо.

---

[47] Vukasovic, A.(1989)., str.126

[48] Poljak,V. (1991)., str.13

- согласно карактерот на содржината од образованието: природно-научно, општествено, техничко и други.

Од ова може да се заклучи дека системот на образование сочинува збир на методи, средства, содржини и друго.Образованието претставува формативна основа, арматура и конструктивна основа на воспитанието.

„Образованието е онаа страна на воспитанието која се состои во усвојување на ова или она количество на знаења и умеења кои го воопштуваат искуството на човештвото и го приклучуваат човекот кон современата култура"[49].

Образованието е срж и јадро на целокупниот процес на воспитанието. Без добри образовни основи нема целовитно, хармониско и сестрано воспитание на личноста.

Од воспитанието и образованието како два основни педагошки поими изведени се повеќе педагошки поими кои се блиски со нив. Тоа се: самовоспитание, превоспитување и самообразование.Самовоспитанието означува процес на саморазвивање, самоизградување и самоформирање на сопствената личност. Тоа исто така подразбира и одреден степен на критичност и самокритичност, односно развивање на самонабљудување и воочување на своите слабости и добрите страни. Оспособувањето за самовоспитание е важна задача на целокупното воспитание.Самовоспитанието е свесна и организирана педагошка дејност на воспитаникот кон развојот на сопствената личност. Самовоспитанието може да биде насочено кон личноста во целина или пак, само на некои поединечни страни и компоненти од личноста (на пр. развивање творечки способности, самосовладување, упорност, иницијатива, способност во некоја област на уметноста, воспитание на естетскиот вкус и сл.)

Според Попов „самовоспитанието е сознајно и целенасочено саморазвивање на човекот, виша форма на саморегулација, самоуправување на сопственото поведение, систем на пројавени волеви напори за духовно и физичко самоусовршување на личноста, развој на нејзините способности, формирање и утврдување на човековите квалитети и надминување на

[49] Група автори (2002). *Педагогика*, Благоевград, стр. 85

недостатоците кај неа"[50]. Самовоспитанието не може да се остварува без одредено образование. Заради тоа самовоспитанието и самообразованието се тесно поврзани.

Превоспитувањето е специфичен вид на процесот на воспитание. Тоа се применува тогаш кога кај една личност се појавуваат одредени особини, својства, начини на однесување кои не се во склад со целта на воспитанието и општествените норми и вредности. Целта и смислата на превоспитувањето е да со погодни средства и методи во погодни услови, да му се помогне на поединецот па и на групата да им се отстранат оние негативности и начини на однесување кои не се општествено оправдани. Добро организираното превоспитивање во повеќето случаеви дава задоволувачки резултати во секој период од развитокот на личноста.

Самообразованието означува посебен вид на образование. Тоа е основа на перманентно образование кое е постанува составен дел од животот на личноста. Основната смисла на самообразованиетто е самата индивидуа, без непосредно и постојано присуство на други лица( наставници, воспитувачи) усвојува со посредство на други средства( радио, ТВ, компјутер) одредени знаења, вредности, навики и умеења. Во дигиталниот речник на македонскиот јазик самообразованието е дефинирано како придобивање на знаења без посета на училишта и без помошта на наставник[51].

Имено, ефикасниот училишен систем исто така мора да ги обезбедува и неопходните предуслови за самообразование на човекот. Всушност, тој треба да се учи како да учи, каде да дојде и како да дојде до поучни знаења, да ги развива своите вештини за користење на знаењата и изворите што му ги нудат тие знаења. Самообразованието е основана перманентното образование, кое стана составен дел на животот и работата на секој современ човек.

[50] Види: Попов, А. (2000). *Педагогика*, Неофит Рилски, Благоевград, стр. 111

[51] Преземено од веб порталот на дигиталниот речник на македонски јазик и прочитано од веб страната http://www.makedonski.info/ на 12 мај 2012 година

## 2.1 Педагошките основи на воспитната дејност

„Умот не е брод кој треба да се наполни, умот е оган кој треба да се разгори" Плутарх[52]

Воспитанието се однесува на сè што е човечко, свесно, намерно, систематски и организирано влијание на планот на формирањето на личноста, на сè што организира општеството во однос на воспитаникот, на сè што презема самата личност, личност која се развива и се формира во околности на едно конкретно општество. Образованието како втор основен педагошки процес кој е во функција на збогатување на човековите сознанија. Образованието опфаќа усвојување одреден систем на знаења, формирање практични умеења и навики, а тоа е претпоставка и темел за развој на интелектуалните сили и способности, за обликување научен поглед на светот, за поврзување на знаењата со практичната, професионалната и која било друга дејност. Образованието и воспитанието сочинуваат дијалектичко единство и меѓусебно условен процес и не можат да постојат едно без друго, без нивно единствено дејствување не можат да се постигнат саканите резултати. Во секојдневниот живот често среќаваме луѓе кои имаат образование, но не се воспитани, и обратно, некои кои немаат образование, но се воспитани. и покрај тоа што поседуваат образование, за овие личности велиме дека не се формирани во целина, и на тој начин нивната стручност не може да се реализира како општочовечка вредност.

„Општествените појави се резултат на поврзаното дејствување на поединците или општествените групи" [53]е дефиниција која и воспитанието и останатите општествени појави ги дефинира како такви. Воспитанието е општествена појава во која постои поврзаност помеѓу луѓето и општествените групи т.е. нивното дејствување се засновува на интеракциско-комуникациските релации помеѓу нив.Познавајќи различни нијанси на воспитно-образовната работа, кои се директно условени од културните прилики во кои се одвива воспитно – образовниот процес, педагогијата ги користи и термините „културализација" или „акултурација" кои всушност се поими со потесен обем и содржина бидејќи оплеменувањето на човековото суштество како општествена единка го врзува за определена култура на определен простор и во определено време[54].

[52] Плутарх е старогрчки историчар, биограф и есеист.

[53] Чокревски, Т. (2003) *Комуникации, односи и иницијативи*, Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски", стр. 26
[54] Петрова, Е. Атанасоска, Т. *Општа педагогија*, стр.65

Културализацијата ги опфаќа бројните и разновидни процеси преку кои новата генерација ги учи моделите на однесување, вредностите и нормите карактеристични за културата во која израснуваат и стануваат нејзини припадници. Пресудна улога во тоа имаат примарните општествени групи, образовните и културните институции.

Според проф. д-р Владо Петровски и неговите соработници, заедничките, културни вредности кои ги среќаваме кај различни општествени заедници, произлегуваат од основната егзистенцијална рамка, што ја споделува човештвото, како и од природата на човекот и неговите способности за соочување со таа егзистенција[55]. Од друга страна па Суходолски смета дека „Човекот не се формира со имитирање и репродуцирање, туку со менување и развивање."[56]

Персонализацијата претставува процес на развојот на свеста за себе, процес во кој човековата единка станува личност. Првото значење не упатува на целосност и свесност во доживувањето на себеси, а другото на развој и организација на својствата на личноста, независно од степенот на свеста за сопствениот идентитет.

Воспитната дејност како вредносна категорија во подобрување на квалитетот на животот за примарна цел ја има тенденцијата во процесот на едукацијата од младиот човек да се направи човек со добро морално вредносно значење. Целта на здравиот развој на личноста е младиот човек да се оспособи самостојно да го обликува својот живот врз основа на своите реални можности и околности, и да се вклучи во општеството воден од сопствената стратегија и сопствените интереси и потреби.

### 2.2 Воспитната дејност на современото училиште

Поминале многу години и векови низ кои се менувал обликот, статусот и намената на училиштето во конкретното општество, а во склад со тоа се менувале и внатрешните компоненти - планот и програмата, атмосферата за работа, дисциплината и многу други нешта. Во рамките на училишниот систем денес влегуваат бројни институции кои можеме да ги класифицираме

---

[55] Преземено од трудот *Мултикултурните општества и етничко-културната дистанца* на проф.д-р В. Петровски, проф.д-р Снежана Мирасчиева и проф.д-р Емилија Петрова.

[56] 56 Suhodolski, B. (1988). *Permanentno obrazovanje i stvaralaštvo*, Školske novine, Zagreb 1988, str 55

поаѓајќи од различни критериуми: возраст на луѓето, за која социјална намена се формирани, дали нивното посетување е задолжително или е на доброволна база и сл[57].

Училиштето е институција за организирано воспитание на човекот. Тоа е едно од најстарите институции на човечкото општество. Денес може да се зборува за повеќе видови, типови за класификација на училиштата и тоа:

- по нивоа: основни, средни, високи.
- по карактерот на образование: општообразовни и стручни.
- по должина на траење: тригодишни, четиригодишни и други.
- спрема струка: економски, музички и други.

Основното образование во нашата земја е во траење од девет години и е задолжително и бесплатно. Во средните училишта се стекнуваат општи и стручни знаења и способности за понатамошно школување или работа.

Училиштето треба да претставува иманентна воспитна институција. Во училиштето учениците треба да се развиваат физички и интелеактуално, да усвојуваат морални, естетски, културни и други вредности, да се здобиваат со работна култура. Тоа значи дека училиштето по својата суштина треба да биде организирана институција во која се формира човековата личност во целина, а дури потоа се подготвува за работа. Во оваа смисла уште Хербарт напишал дека не познава училиште кое не воспитува.

Училиштето е дел, потсистем од глобалниот општествен, воспитно-образовен систем. Училиштето како организациски систем, според анализата и теориите на училиштето кои имаат влијание врз конципирањето и развојот на динамичноста, поседува универзални, трансвременски и транспросторни карактеристики[58].

---

[57] Петрова, Е. Атанасоска, Т. *Општа педагогија*, стр.138

[58] Петровска, С. (2010). *Училишна педагогија и училишна организација*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев"

По однос на воспитната дејност на училиштето, уште Песталоци[59] пишувал дека „имаме училишта за читање и пишување, а ни требаат училишта за човечност".

Ситуацијата на занемарена или намалена воспитна дејност на училиштето е евидентна и денес. Повеќе децениските констатации дека во нашето училиште е намалена или занемарена воспитната функција, сами по себе, не го разрешија овој горлив проблем на училиштето.

Во насока на разрешување на таквата неповолна ситуација приоритетен станува проблемот на определување на основните причини кои ја условуваат оваа неповолна ситуација во современото училиште. На воспитните проблеми на современото училиште не може да се гледа како на изолирана училишна категорија. Напротив, нивните корени се наоѓаат во целината на промените во современото општество и современото семејство. Меѓу најзначајните промени кои ја тангираат работата во современото училиште е промената која го одредува поимот детство. Во оваа смисла свое значење добива фактот што токму детството денес како нови одредниците го обележуваат:

- постојаниот контакт на детето со телевизијата - Достапноста на овај мас-медиум до секој дом во секој момент од текот на денот, предизвикува појава на зависност од него, сметаат Атанасоска и Петрова во книгата општа Педагогија. Според нив тоа резултира со емотивна зависност и поврзаност со овај медиум што тоа автоматски значи дека тој врши огромно влијание врз човекот. Понекогаш медиумите прикажуваат, пренесуваат и произведуваат многу неморални појави, постапки и дела. Така, на пример, турбо фолкот е само еден отворен масовен медиум и последица на негативно влијание на младата култура. Всушност, тие медиуми претставуваат еден вид на поткултура, ја потиснуваат креативната и вистинска култура, даваат чувство на лажна слобода, создавање и менување, тие се без критичи однос спрема општеството, се сметаат како опасни за граѓанскиот морал, но од друга страна се многу привлечни за младите луѓе[60].

[59] Јохан Хајнрих Песталоци (12 јануари 1746 - 17 февруари 1827), швајцарски педагог и реформатор, духовен творец на современото основно училиште.

[60] Наскова,Љ. (2012) *Некои општествено-морални ставови на децата и младите со нарушувања во однесувањето во основните училишта - магистерски труд*, Штип: Педагошки факултет, стр.20

- компјутерите - Во однос на употребата на компјутерите во извештајот[61] направен во 2010 година се вели дека интензивниот и брз развој на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) доведуваат до омасовување и неминовност на нивната употреба, диверзитет во нивното користење, спремност на постојана и брза иновација како и спремност за навремена и адекватна реакција и промена на општествата.

- видео игрите;

- разните комерцијални програми за деца и млади и нивниот влијателен механизам радикално поинаков од досега познатото.

Новонастанатите услови во работата на современиот човек со зголемувањето на времето на работа во новите приватни фирми, презафатеноста во трката за профит и слично на родителите им оставаат сè помалку време за контакти и комуникација со своите деца. Оттука децата се сè повеќе оставени сами на себе, а она што посебно загрижува, на севкупноста на негативни влијаниа на улицата, врсниците, инернетот и сл.

Поради тоа дефиницијата за толерантност треба да стане работна обврска на воспитанието: „луѓето треба да се уважуваат поради разнообразието од вероисповеди, култури и јазици. Различностите во и меѓу општествата не треба да бидат репресирани, туку треба да се опсервираат од аспект на нивниот квалитет на највредно достигнување на човештвото. Активно треба да се популаризира културата на мирно сожителство и дијалог меѓу цивилизациите".[62]

Глобализацијата како современа тенденција притиска во насока на одрекување од сопствените вредности и модели на однесување. Џозеф Стиглиц ја дефинира глобализацијата како - Цврста интеграција на земјите и народите на светот до кое се доаѓа со намалување на трошоците за транспортот и комуникациите, како и со рушење на вештачките бариери за проток на стоки , услуги ,капитал и луѓе преку границите"[63] . Глобализацијата всушност претставува дефинирање на економските карактеристики во денешно време. Со самиот процес на

[61] Преземено од извештајот *Употребата на компјутери и интернетво образовниот систем на РМ* направен во рамки на истражувањето спроведено од страна на ИПСОС „Стратеџик маркетинг" во јуни 2010 година.

[62] Костова, С. Ч. (2001). *„Интеркултурно васпитание"* , Веда Словена, Софија, стр. 43

[63] Според Dzozef E.Stiglec (2002) *Противречности глобализације*, Белград.

глобализација се намалува времето и просторот така што многу граници се исчезнати а со тоа се доведува до зголемување на степенот на меѓузависност помеѓу економиите, културите и луѓето.

Во тој процес создавањето и прифаќањето на новите вредности е многу бавно и, може да се каже, дека цели семејства или поединци, посбно младите живеат во еден своевиден вакум на вредности, со што ситуацијата на морална и вредносна „криза" станува поизразена. Урбанизацијата е причина за сè поголема изолација на семејствата и децата во нив. Урбанизацијата со себе носи тешкотии за дружење и заедничка игра на децата, едноставно од причина што не се води сметка за создавање на физички простор каде тие би играле.

Можеме да кажеме дека општа каракеристика на младите денес е нивната „дружба" со компјутерот и инернетот со што се создаваат мали можности за нивна правилна социјализација, посебно во семејствата со едно дете. Не е мал бројот на семејства во кои родителите многу директно, со своето однесување и агресивност кон членовите во семејството, но и кон другите луѓе ги учат децата на насилство и неконтролираност. Изненадува фактот кој го изнесуваат повеќе психолози и социјални работници дека во некои современи семејства преовладува атмосфера на ладни односи меѓу членовите во нив и меѓу родителите и децата.

Целината на наведените промени на животот и однесувањето на децата и младите со сета своја комплексност притискаат и на организациската поставеност на училиштата, на односите наставник-ученик, на авторитетот на наставниците и сл. Во оваа смисла лебди и прашањето уште колку ќе се задржи традиционалниот модел на организација на училиштата, кој опстојува уште од периодот на Коменски.

Губејќи ја својата моќ над децата и младите во семејството родителите сè повеќе се свртуваат кон училиштето. Тие се сè покритични кон училиштето и наставниците. Се чини дека училиштето се обележува со етикетата "единствен кривец" за сето она што го обележуваме како отстапување од позитивното однесување на децата.

Посебна тешкотија денес претставува сложената неповолна општествена ситуација со постојани меѓу партиски и меѓу институционални конфликти и недоразбирања кои стануваат наразделна компонента на општиот живот и како такви го условуваат и однесувањето на младите. Сето наведено многу директно ја детерминира работата на современото училиште, пред сè од аспект на делувањето врз развојот на личноста на учениците. Оттука денес стануваат

приоритетни барањата за промени токму во сферата на остварувањето на воспитните задачи на современото училиште.Потребата од интензивирање на воспитната работа во нашето современо училиште може да се разгледува од повеќе аспекти, а пред сè, од аспектот на развојот на личноста на ученикот и од аспектот на потребите на општеството.

Затоа воспитанието може да се дефинира како овозможување на личноста да се стекне со одредени знаења, умеења и навики, негувајќи ги своите психо-физички способности и формирајќи реален поглед на свет. Како намерно влијание врз севкупниот развој на личноста, образованието претставува зголемен, општ педагошки концепт. Бидејќи на развојот на личноста може (намерно) да се влијае директно и индиректно (преку книги, весници, филмови, телевизиски емисии, театарски претстави, радио програми, музика, слики, и т.н.), постои непосредно и посредно воспитание[64].

Ако се има во предвид аспектот на личноста треба да се нагласи дека во теоријата и практиката на воспитанието во светот и кај нас се појавиле, егзистирале и егзистираат две крајно спротивни гледишта по однос на целта и задачите на воспитанието и тоа: теоријата позната како "формирање на личноста" и теоријата на "оспособување за работа" со низа варијанти, термини и комбинации условени од различните сфаќања за смислата на човековиот живот, развитокот и воспитанието.

Во нашата педагошка теорија и училишна практика се среќаваат и двете концепции. Врз концепцијата според која основна цел на воспитанието претставува формирањето на личноста се гради и изведува воспитанието во основните училишта и гимназиите. Втората концепција која за цел на воспитната работа го има оспособувањето за работа повеќе се негува во работата во т.н. стручни училишта. Меѓутоа, педагошката теорија укажува на опасноста од преголемата ориентација кон припремањето на учениците за непосредна работа и занемарувањето на целосното формирање на нивната личност. Оттука, од суштинско значење е прашањето како и на кој начин содржински и организационо процесот на оспособувањето на учениците за работа да се вклопи во целината на развојот на личноста, односно, истовремено и напоредо да тече процесот на оспособувањето за работа и развитокот на личноста на ученикот.

[64] Петрова Ѓоргева, Е. *Основи на педагогија*, стр.11

Кризата во моралот постои веќе подолг период кај нас. Доаѓа до губење на моралот, односно неморал во општеството, во општествените групи и воопшто неморал кај поединците, кај луѓето помеѓу себе. Прецизно кажано, ние денес ги немаме основните елементи на развиен и сигурен морал како важни општествени сили. За жал, немаме морални норми, бидејќи може да се прави сето она што во претходниот период, како и во денешното развиено, демократско, цивилизирано општество е недопустливо и подложно на јавна граѓанска осуда и одбивање, како што се: организиран криминал, отворено насилство, кражби, мито и корупција, лажење, манипулација, пукања и убиства на улица, непотизам, злоупотреба на службена положба, трговија со луѓе, недозволени средства, дроги и разни наркотици, политичка трговија, појава на лажни херои, гатачи, бајачи, купување на разни дипломи и слично. Значи можеме да кажеме дека кризата во моралот кај нас е на повисоко ниво, но сепак треба да вложиме што е можно поголем труд со цел нашата младина да може да застане на цврсти нозе, да изгради висок морал и да се однесува во согласност со него.

Крајната цел на моралното воспитание се состои во изградбата на морална култура кај секој човек. За да можеме да процениме дека таа е изградена, треба да имаме доволно аргументи од кои ќе биде видливо дека се овладеало со етичките знаења за моралните принципи и норми на животот, се пројавуваат оформени морални чувства, вредности и квалитети во рамките на секојдневните морални постапки[65].

Меѓутоа, мораме да нагласиме дека воспитните проблеми кај младите денес имаат своја основа и во новонастанатата општествена клима, во услови на т.н. морална и вредносна криза. Имено, сведоци сме на ситуација кога цел еден систем на вредности кои важеа во претходниот општествен систем го губат своето значење, а сеуште не е конституиран нов систем на вредности.

Меѓутоа, тоа пак не значи дека не постојат такви вредности кои имаат траен карактер (на пр. чесноста, слободата, трудољубивоста и сл.) и кои треба да ја чинат основата на моралноста на еден човек.

Ситуацијата на занемарена воспитна функција на училиштето има свои корени и во развојот и недореченостите во теоријата на педагошката наука.

---

[65] Димитров, Љ. (1998). *Теория на възпитанието*, София : Аскони – издат, стр. 244

Во оваа смисла треба да се укаже на недоволниот третман на теориските проблеми кои се предмет на изучување на теоријата на воспитанието која претставува теориска основа на методиката на воспитна работа и поголемата нагласеност на теоријта на проблемите од дидактичко- методската област.

Современата педагошка наука воспитанието го разгледува од три аспекти и тоа: општествено- генерациски, индивидуален и интеракциско-комуникациски[66]. Во досегашната теорија и практика на воспитната работа, воспитанието главно се третира како општествена категорија чие влијание го условува индивидуалниот развиток на личноста, значи како појава и како процес, додека третиот интеракциско- комуникациски аспект добива во својата актуелност во поново време.

Се чини дека токму остварувањето на воспитанието како дејност, што пред сè, значи свртување на вниманието на педагогијата на проблемот на односите во воспитно- образовниот процес, има пресудно значење за воспитната работа.Треба да нагласиме дека барањето за поставување на ученикот во позиција на субјект во воспитно- образовната работа не е ново барање. Меѓутоа, декларативното изјаснување за потребата од поставување на ученикот во таква позиција, само по себе, не му ја обезбедува таквата позиција. Во оваа смисла, станува актуелен цел комплекс на прашања кои се однесуваат на проблемот на воспоставувањето на меѓучовечки односи помеѓу субјектите во воспитно-образовниот процес.

Овие прашања се посебно деликатни ако се знае дека се бара воспоставување на колку што е можно по партнерски однос помеѓу личности кои немаат еднакво правна позиција од бројни причини, пред сè, заради разликите во возраста, нивото на знаење, животното искуство, психичката, физичката и емоционалната зрелост и.т.н. и ако се има предвид фактот дека воспитувачот е оној кој по својата функција е субјект во воспитната работа и треба свесно и намерно да настојува да го постави воспитаникот во позиција на субјект и уште повеќе, да го оспособи да ја прифати таквата позиција.

[66] Братаниќ, М.(1993), стр.56

Тоа значи дека добар воспитувач не е оној кој само ги познава воспитните законитости, туку оној кој поседува низа особини и способности, кои се значајни токму за воспоставување на меѓучовечки односи во воспитаничката група.

Значи, за да биде воспитната работа навистина ефикасна, воспитувачите мораат плански и систематски да се занимаваат не само со образование на воспитаниците, туку и со развивање на нивните способности, како и со формирање на нивниот поглед на свет, т.е. тие се должни да ги воспитуваат[67]. Воспоставувањето на меѓучовечките односи во училиштето зависи од квалитетот и интензитетот на интеракцијата помеѓу субјектите во воспитниот процес и од воспоставената комуникација помеѓу нив.

При тоа треба да се има предвид фактот дека воспитниот процес се одвива во целината на воспоставените меѓучовечки односи, а тоа значи дека во него треба да учествуваат и наставниците и учениците како целосни суштества кои мислат, чуствуваат и делуваат. Така сфатен воспитниот процес е креативен чин кој е условен од бројни фактори, услови и ситуации и не може да се ограничи само на педагошкото знаење на наставниците.

Кога станува збор за воспитанието како процес, тоа започнува од моментот на раѓање на детето и трае до крајот на животот на човекот. Содржинската исполнетост на терминот „воспитен процес" ја чинат неговата цел, содржини, методи, принципи, според кои и со чија помош тој се изведува. Целокупноста од овие елементи обезбедува да се реализира процесот на воспитание. Целта на воспитниот процес често пати низ историјата се менувала така што денес може да се сретнат различни понуди, како на пример: со воспитанието да се овозможи луѓето да постигнат академски и социјален успех и сл.[68]

Таквиот однос во литературата се означува како професионално- општествен однос кој има јасна цел и намера. Овој однос јасно се разликува од личниот меѓучовечки однос, кој се воспоставува помеѓу две или повеќе личности кои имаат рамноправна функција и позиција.Секако дека можностите во голема мера зависат и се менуваат во зависност од возраста на учениците.

[67] Петрова Ѓоргева , Е. *Основи на педагогија*, стр.15

[68] Петрова, Е. Атанасоска, Т. *Општа педагогија*, стр.96

Значи, барањето за поставување на ученикот во позиција на субјект во воспитната работа е сложено и комплексно и се поставува прашањето што всушност значи таквото барање. Пред сè, тоа е барање за оспособување на учениците за што поактивна улога во воспитниот процес. Потребно е на воспитната компонента на педагошката работа да се посвети исто толку внимание како и на образовната компонента, т.е. воспитаниците (во тесна смисла) да се образуваат воспитувајќи се и да се воспитуваат образувајќи се[69].

Во трудот исто така потребно е да се нагласи и воспитната работа на училиштето, односно треба да се истакне дека проблемите на воспитната работа на училиштето не се нови проблеми и проблеми само на нашето време.

Во практиката и теоријата на нашето воспитание можат да се одвојат неколку стадиуми по однос на значењето кое и се придава на воспитната работа. Непосредно по Втората светска Војна прифатено е становиштето за идејност и политичност на воспитанието, училиштето и наставата со што воспитната работа во училиштата избива на прв план.

На почетокот на педесеттите години од 20-от век се завзема критичен став спрема настојувањето личноста да се потчинува на интересите на државата, при што се бараат сопствени патишта за остварување на сестран индивидуален и социјален развиток на личноста.

Во овој период се воведуваат и посебни наставени предмети од областа на моралното воспитание, насловени како „Општествено-морално воспитание" и „социјалистички морал" кои имаа за цел на учениците да им се објаснат моралните принципи и норми. Вукасовиќ тогаш истакнува дека целта на моралниот развој треба да биде развивање на слободна, хумана и морална личност[70]. Меѓутоа, овие наставни предмети не ги оправдале очекувањата и бргу биле укинати. Моралното формирање на личноста станува принцип кој се реализира низ целокупната воспитно-образовна работа на училиштето. Таквиот чекор доведува до друга крајност-занемарување на воспитната работа во училиштето.

Познато е дека во периодот на интензивни реформски зафати во сферата на воспитанието во светот во периодот помеѓу 1968 и 1974 година повеќето аргументи со кои се

[69] Петрова Ѓоргева, Е. *Основи на педагогија*, стр.15

[70] Vukasović, A. (1974), Moralni odgoj, Zagreb, str.84

критикуваше постојната училишна практика се упатуваат токму на воспитната проблематика и општествената улога на училиштето и се укажува на фактот дека во практиката на работата во училиштето се пренагласуваат задачите на образованието и наставата, а се занемаруваат воспитните задачи. Оттука, во сите понудени концепции и стратегии воспитната работа добива димензија на приоритетна проблематика.

Во практиката на воспитната работа често можат да се сретнат две екстремни ситуации. Учениците постојано да се во улога на објекти изложени на воспитни влијанија.Учениците да бидат препуштени сами на себе и при тоа да не се оспособени за таква улога, што се разбира, реперкуира со негативни последици по однос на нивното воспитание.

Барањето за воспоставување на правилни меѓучовечки односи значи, пред сè, спремност и оспособеност на наставникот да ги конфронтира своето мислење и ставови со оние на учениците, да умее да ги признае грешките, ако греши, да умее да воспоставува дијалог со своите ученици, да се соживува со нивните проблеми, да гледа на проблемите со очите на своите ученици и слично. Дискутабилно е и прашањето дали е можно наставникот да воспостави еднакви односи со сите ученици?

Во оваа смисла, истражувањата покажуваат дека односот на една единка со друга е секогаш единствен и специфичен и зависи од многу услови и фактори. Тоа значи дека односот на наставникот со класот и секој ученик посебно е полидетрминиран и полидимензиониран.

Она што се бара од наставникот, пред сè, е барањето колку што е можно повеќе да ги познава своите ученици во интелектуален, емоционален, физички, социјален и друг поглед, за да може со секого да воспостави, колку што е можно, поквалитетен однос. Современото пак училиште има за цел да ги подготви младите за иднината, да ги оспособи за перманентно образование за сестран развој. Тоа станува отворена институција за нови содржини, организациски модули и кадровска соработка со сè што го опкружува[71].

Таквите барања не насочуваат на размислата за тоа колку и како ги оспособуваме наставниците за поинаква позиција во училиштето. Сосема е разбирливо дека во процесот на

---

[71] Stavanovič,M., Ajanovič, D. (1997). *Školska Pedagogija*, Varaždinske toplice, стр.115.

оспособувањето на наставниците треба да се оди кон остварување на бројни нови и поквалитетни компетенции кои ги бараат современото училиште и современото воспитание.

Успешноста во воспитната работа посебно е детерминирана од типот на раководењето (автократско, демократско или незаинтересирано (според Левин и Липид), или директно или индиректно (според Фландерс, М. Братанац, 1993).

Во литературата се наведува на успешноста на демократското и индиректното раководење, кое ги поттикнува учениците да даваат свое мислење, да изнесуваат идеи, ги користи и проширува нивните идеи, го пофалува и одобрува учеството на учениците во работата, го осветлува и респектира чувството на учениците, со што се создава клима која ги ослободува учениците, ги мотивира да учествуваат во работата, има помалку проблеми со дисциплината и учениците имаат позитивен став спрема учењето и училиштето смета Марија Братаниќ.

Меѓутоа, треба да се каже дека не постојат потполно чисти стилови на раководење и еден воспитувач во зависност од ситуацијата користи различни стилови на раководење и, уште повеќе, во зависност од карактеристиките на поедините ученици применува различен стил на раководење. Бројни истражувања укажуваат на фактот дека односите во воспитната група во голема мера се условени и од особините на личноста на воспитувачот.

Се укажува на тоа дека учениците ги преферираат оние наставници кои се зрели, стабилни, објективни и едноставни личности и пред нив се покажуваат во вистинска светлина, онакви какви што се, без маски и извештачености. Улогата на ученикот во современото училиште се менува. Наставата е фокусирана на ученикот и на наставникот. Стекнатите знаења ученикот ги применува во секојдневните ситуации со кои се соочува[72].

Некои автори личните особини на воспитувачот, по своето значење, ги ставаат пред воспитните мерки кои тие ги користат во воспитната работа. Наведените барање се однесуваат само на еден аспект на воспитната работа.

Кога зборуваме за работата во училиштето денес, посебно ја нагласуваме потребата од современо училиште кое ќе биде отворено преку целиот ден и ќе нуди бројни активности кои ќе ги задоволува потребите и интересите на сите ученици. Во оваа смисла, посебно го нагласуваме

[72] Коцева, М. (2011) *Модели на училишната дисциплина во современото училиште*, Штип, стр.20

значењето на активностите на слободното време на учениците. По однос на смислата и вредноста на слободното време Фиаменго, меѓу другото, вели дека тоа, од една страна, е предуслов за остварување на хармонска личност, за остварување на човековата есенција, ... а, од друга страна, може да важи како временска рамка за никнење и организирање на разни социјални патологии (Јанковиќ) .

Авторите кои се бават со проблемот на слободното време главно се согласуваат со фактот дека тоа остварува три основни функции: одмор, разонода и развој на личноста. Третата функција ја означува педагошката димензија на слободното време.

Активностите на слободното време, поединечни и колективни, кои се вршат надвор од задолжителните, имаат свои специфични обележја и се разликуваат од задолжителните, како по смислата и содржината, така и по начинот на спроведување и по облиците и методите на работа. Во најголема мера влијанието на функционалното воспитание се чувствува во рамките на слободното време со кое располага човекот, а кое доаѓа од страна на различни фактори во различни животни ситуации. За овој фонд за време педагогијата го покажала својот интерес до таа мера што е конституирана и посебна педагошка дисциплина насловена како „Педагогија на слободно време“[73]. Таа го опсервира воспитниот процес низ призмата на воспитните институции кои го осмислуваат слободното време на човекот, но и низ призмата на останатите фактори кои не се одликуваат со програмирана и планска работа во поглед на воспитанието на човекот.

Во овие активности и покрај одделните функции, не е толку изразена интенционалноста во постигнувањето на некои цели и кај нив постои широк распон на поставени задачи без некоја условена задолжителност и се вршат по оценка, интерес, склоностите и расположението на поединецот. Нивни основни обележја се динамичноста, актуелноста и современоста.

Од педагошки аспект слободното време може да се разгледува, од една страна, како феномен кој позитивно или негативно делува на формирањето на личноата на човекот, со видот на активностите (позитивни или негативни) кои ги избира субјектот, а од друга страна, правилниот избор на активностите на слободното време се во функција на формирањето на

[73] Педагогија на слободно време е посебна педагошка дисциплина на педагогијата како наука.

културата на користењето на слободното време, односно во функција на оспособувањето на поединецот за правилно користење на слободното време.

Затоа настојувањата треба да одат во правец на обезбедување на широки можности на учениците, осмислено и организирано да го користат слободното време со нивно масовно вклучување во бројните воннаставни и вонучилишни активности од спортски, културно-забавен, технички, научен, работен и друг карактер, кои ќе ги задоволуваат разновидните интереси и можности на децата од различна возраст и различни индивидуални склоности и способности. Ваквото опфаќање е посебно значајно за децата од училишниот период кога е зголемена нивната потреба за дружење и ако не се успее во нивно опфаќање во овие организирани форми, тогаш оваа потреба ќе ја задоволат на улица каде е зголемен ризикот за нивно антисоцијално здружување во различни банди.

Бројни автори денес укажуваат на опасноста на современото време кога се зголемува продукцијата на комерцијални филмови, стрипови, илустрирани магазини, музички и други забавувачки апарати без уметнички и воспитни вредности. Денес сме сведоци и на масовни собирања на младите во различни кафулиња и локали, каде рано доаѓаат во контакт со алкохолот, цигарата и дрогата или на најразлични приредби со комерцијален карактер каде им се нудат такви содржини за кои, најблаго можеме да кажеме, дека се со сомнителни квалитети.Како резултат на овие влијанија се јавува нападно однесување, агресивност, морална запуштеноат, сексуална потенцираност, општествена неодговорност, како особини кои се чекор пред асоцијалното однесување. Значи како сериозна задача на современото училиште ја нагласуваме потребата од организирање на богата лепеза на секции на слободни активности на учениците во училиштето, во кои секој поединец ќе го најде и ќе го задоволи својот интерес и ќе ги задоволи своите потреби.

И уште повеќе, училиштето да најде богати форми на анимирање на слободното време на учениците, како што се на пример: заедничките посети на културни манифестации со високи вредности, организирањето средби и разговори со видни личности од културниот живот, организирањето на заеднички екскурзии, излети, летувања, логорувања, зимувања и сл. што е развиена практика во училиштата во развиените земји и сл. Голема воспитна улога имаат и разните организации и друштва кои ги опфаќаат младите и оттука потребата за нивно негување во училиштата. За воспитната работа посебно значење има и прашањето како да се воспостават

поквалитетни и поинтензивни односи помеѓу наставниците и родителите, што исто така, е многу суптилна и сложена работа која во практичната работа на училиштето покажува сериозни тешкотии.

**2.3 Наставата како облик за воспитен развој на учениците**

Терминот што го исполнува просторот или ги опфаќа содржините во оној меѓупростор во кој се преклопуваат термините „воспитание" и „образование" е секако терминот „настава" кој воедно претставува сврзувачка карика и процес кој има свои специфичности. Наставата претставува најорганизиран образовен процес, со кој раководи наставникот, со активна соработка на учениците. Наставата педагошки е квалитетна ако со совладувањето на наставните содржини преку разновидни наставни облици и методи се постигнуваат извесни позитивни промени во личноста на учениците.

Но, некои теоретичари и вака ја дефинираат наставата. Maks Resner под настава подразбира „планско помагање на развојот во трајна заедница формирана спрема детската возраст и тоа во будење на создавање трајни диспозиции, за нивно самостојно влијание под надзор на успехот."

За Тихомир Продановиќ „наставата е посебен дидактички организиран симултан воспитно образован процес кој се остварува во посебни институции и во кои задолжително активно учествуваат наставник и ученик.

Воспитните задачи на наставата се тесно поврзани и зависни од предходните две. Тие претпоставуваат поштироки воспитни ефекти во развојот на личноста на учениците како што се на пример: нивните морални квалитети, односот спрема учењето и работата, нивната емотивна сфера и тн.

Наставата денес претставува носечки елемент во организираната воспитно-образовна работа во воспитно-образовните институции која се одвива во контролирани услови, со почитување на појдовни принципи, операционализирани цели и задачи, адекатвна поддршка во форма на методи, стратегии, модели, кои постојано се богатат благодарение на континуираното спроведување на процесот на проценување на истата што, пак, од своја страна нуди релевантни заклучоци.

Преку наставата, воспитанието и образованието се остваруваат на најорганизиран начин. Но, воспитанието и образованието не се сведуваат и не се исцрпуваат со наставата. Наставата е потесен поим иако во современиот општествен веќе ги надминува традиционалните рамки на училиштето.

Осврнувајќи се на појавата на интелектуалистичко гледање на училиштето ќе истакнеме дека наставниците, скоро секогаш, го вреднуваат познавањето на наставните содржини. Тие, релативно добро, знаат што знаат нивните ученици, меѓутоа, моралниот лик на ученикот најчесто останува непознаница.

Развивањето на психофизичките способности, интелекуалните сили и способности, формирањето на научниот поглед на свет, усвојувањето на културата на работата, воспитанието на културна личност, најчесто се сметаат за задачи од втор ред.

### 2.3.1. Наставникот како „модел“ и „контрамодел“

Професијата наставник е онаа на која најчесто се рефлектираат промените од општеството, односно најчесто од наставниците низ светот се бара доживотно учење, совладување на нови вештини, стекнување на нови комптенции во различни подрачја од работата[74]. За да постигне успех и во вистинска смисла на зборот да биде воспитувач, наставникот мора искрено да ја сака својата професија и да ги сака учениците, да ја почитува личноста на ученикот, а за да применува правилни педагошки постапки треба добро да ги познава учениците. Ваквите ставови и барања да се работи со љубов со учениците, многу педагози го подржувале, па со право Трстењак рекол: „Без љубов никој нека не влегува во храмот на просветата, зашто ќе биде несреќен и тоа толку несреќен, па макар и многу да знае, ако малку сака“. Грижата и љубовта на наставникот учениците ја забележуваат и тие стануваат основа за создавање на меѓусебна доверба што претставува еден од важните услови за вкупното воспитно влијание кај учениците. Зборувајќи за наставникот како модел Ангела Лампкин[75] ги издвојува следните карактеристики: чесност, доверба, праведност, почит и одговорност.

---

[74] Ljubetić, M., Zadro, S. (2009). *Samoprocjena kompetentnosti učitelja za pedagoški rad s roditeljima*, str.33

[75] Види во трудот на Lumpkin, A. *Teachers as role models teaching character and moral virtues*, објавен на http://www.csuchico.edu/kine/documents/teachersasrolemodels.pdf

Функционирањето на училиштето и резултатите што ги дава тоа се во корелација со квалитетот на работата и однесувањето на наставникот. Во оваа смисла, наставникот претставува севкупност на позитивни карактеристики релевантни за наставничката професија. Со резултатот што го постигнува наставникот врши посредна улога врз сите сегменти во општеството со своите знаења и карактеристики, мотиви, ставови, интереси, идеали или ќе го спречуваат неговиот развој доколку во нив и со нив завладеале негативни вредности.

Времето на големата општествена трансформација бара и промена на свеста на наставниците. Особините на наставникот можат да се разгледуваат од секој агол, но во прв ред е како тој комуницира и се однесува со своите ученици и нивните родители, па затоа и Тадеуш Катарбилски рекол: „Добриот учител умее да ги научи другите, дури и она што самиот не го разбира". Од наставникот секогаш треба да зрачи оптимизам и со голема несебичност во себе мора да дава сè од себе за ученикот да стане вистински човек и добар граѓанин на ова наше прогресивно општество. Лав Толстој вели: „Ако учителот ја сака само работата, тој е добар учител, а ако учителот го сака ученикот како да е негов родител, тој е уште подобар учител. Но, ако истиот учител ја обедини љубовта кон работата и учениците, тој е совршен учител". Резултатите од повеќе истражувања покажале дека најомилени наставници за учениците се оние кои низ својата работа знаат да создадат атмосфера на добро расположение на часот, кои умеат да ги зближат генерациите и придонесуваат да ги надминат спротивните сфаќања на младите и старите.

Наставникот во современото училиште треба да биде редовен и исполнителен, расположен и динамичен, полетен и витален, секогаш точен и одморен, педантен и флексибилен, добар креатор и иноватор во својата работа. Истовремено, треба да биде со широка култура и секогаш демократски настроен, човек со широко срце којшто може да ги разбере учениците и во моментот кога нив им е најтешко.

Кога се зборува за наставникот како „модел" и „контрамодел" за учениците треба да се истакне дека модерното современо училиште бара модерен наставник кој треба и мора да е аниматор и терапевт т. е. кој треба да е регулатор на воспитниот процес, а не само информатор. Тргнувајќи од потребите на современото општество сметам дека наставникот треба да биде пред сè добар организатор, методичар, иноватор, оратор, мотиватор, оценувач, ментор.

Најдобри наставници се оние кои со својот личен пример поучуваат смета професорот Кевереск. Тој наведува дека за ученикот и неговото семејство, училиштето е претставено во ликот на наставникот. Од наставникот се очекува добро да ја познава областа која ја предава, содржините и методските дисциплини, посебно карактеристиките на возраста на учениците со кои работи. Да биде лице со широка култура, што вклучува и упатеност во многу релевантни области, актуелните случувања и вредности. Наставникот има главна улога во моралното воспитание на учениците.А, тоа значи дека покрај со знаење и предавачки вештини, тој со своите лични квалитети треба да послужи како модел во кој треба да се огледаат учениците[76].

Наставникот секогаш треба да ги соединува богатите искуства од минатото, но истовремено да биде оспособен и за иднината. Тој секогаш мора да биде отворен кон иднината. Во контекст на ова уште би сакала да додадам дека во перспектива од наставникот треба и да се бара високо-идејно морална изграденост и правилен став кон работата, љубов и почитување на детската личност. За тоа каков треба да биде современиот наставник би ја споменала мислата на Трстењак кој вели:„ Со бистра глава, силен разум, топло срце, жива фантазија, морална свест, силни етички и естетски чувства, да ги прави среќни другите, но и самиот да биде среќен".

И токму оваа мисла би ја споредила со работата на уметникот, па би рекла дека кога уметникот создава тој ужива и е пресреќен кога гледа како делото му станува сè поубаво и чувствува како тој самиот расте, се развива и станува сè поголем. Според мене, секој наставник треба да поседува професионални квалитети. Кога ги споменувам нив мислам пред сè на стручност, образованост, одговорност, објективност, принципиелност, совесност, организираност, систематичност, љубезност, комуникативност и креативност. Сето ова би сакала да го поткрепам со некои факти, односно би рекла дека наставникот треба да поседува вештини, сознанија, добра информираност, т. е. човек со стекнати знаења, вештини, ставови и вредности. Тој секогаш треба да биде упатен, известен со голема морална одговорност.

Исто така сметам дека наставникот треба во својата комуникативност да има вештина во општење и разбирање на луѓето. Да биде амбициозен, односно секогаш да се стреми кон нешто, и постојано да биде насочен кон постигнување на успех. Добар оратор, полн со способност за

[76] Преземено од трудот на Кевереск Љ.,Николоска Н (2007).,*Каков наставник им треба на надарените и талентираните деца.*

изнаоѓање решенија, духовит со создавачки и творечки талент. Мислам дека наставникот секогаш треба да ја става етичноста наспроти неморалноста, да биде искрен, секогаш отворен, конкретен и чесен. Сите овие квалитети се особини на карактерот кој треба да ги поседува наставникот. За наставникот како модел интересен пример е писмото напишано од Frank Trujillo[77] насловено како-A Letter to My Students кое што е дадено и во прилог на трудот. Накратко во овој дел акцентот е ставен на водечките мисли кои авторот ги искажува во ова писмо. Тој, обраќајки им се на своите ученици им вели дека тие се најважните личности во училницата и дека само со нивна помош може да се постигне успех. Тој им нагласува дека тие се причината поради која тој е таму. Trujillo во писмото вели дека тој самиот одбрал да биде учител и токму поради таа цел е таму. Тој смета дека учењето е како дишењето-**Learning is like** breathing-**you've got to do it on your own!.**

Исто така тој во писмото нагласува дека секоја личност е единствена и им вели на своите ученици да бидат секогаш горди-**Be proud...inside and out!.** На крајот тој истакнува дека наставникот треба навистина да се грижи за учениците, како што тој им ветува на своите дека ќе се грижи за нив и за нивната иднина. Ова писмо голем број на наставници низ светот го имаат преземено и им е еден вид водич за почеток на секоја учебна година.

Кај наставникот треба да се формира свест за општественото значење на творештвото, да се изгради потреба за иновација и да се мотивира да работи на професионално усовршување како полесно би можеле да внесат иновации во својата воспитно образовна работа со цел да се модернизира наставата во современото училиште.

### 2.3.2 Воспитните компетенции на наставниците

Наставничкиот позив е мошне специфична и одговорна работа и се разликува од останатите професии. Да се воспитуваат млади луѓе секогаш претставувало и претставува најсложен и најсуптилен процес кој носи белег на педагошко креативен чин заснован на знаење и

[77] Преземено од *Francis Xavier Trujillo, 'A Letter to My Students' (1987)* , а преводот на македонски јазик на дел од писмото е слободен. (останатите делови се дадени на англиски јазик во прилозите)

инспирација за кој зборувале и повеќе педагошки великани, посебно Песталоци, Дистерверг и Макаренко.

Во контекст на ова сметам дека треба да се напоменат и моралните квалитети на модерниот, т.е. современиот наставник, односно да се истакнат воспитните компетенции. Наставникот треба да е човек со вредност и углед, пристоен, достоинствен. Тој треба да е исполнителен, трпелив и да биде оној кој прави дејство во корист на некого т.е. да им се најде во секој момент и ситуација на учениците. Човек кој ќе ги разбира и сочувствува со нив и работи за нивно добро, издржлив, трпелив, со квалитет и способност за емоционално доживување. Блиска личност, другар, верна и предана личност.

Интересна е студијата[78] направена од страна на Robert J. Walker, кој што е професор на College ofEducation, Department of Curriculum and Instruction, на Alabama State University во која тој најпрвин ги систематизирал изјавите за најомилените наставници од страна на голем број негови студенти низ годините и на тој начин во неговата студија издвојува дванаесет карактеристики на ефективен наставник меѓу кои може да се забележи дека преовладуваат карактеристиките како што се – наставникот да биде позитивен, да има смисла за хумор, да биде еднаков кон сите студенти, да ги почитува студентите, да простува, да ги признава грешките.

Професорот од Белград, Милијевиќ смета дека стручното усовршување на наставникот и професорот подразбира следење и усвојување на современите достигнувања во струката, стекнување и иновирање на знаења од областа на педагогијата, психологијата, дидактиката, а посебно на методиката, сè со цел унапредување на воспитно-образовниот процес, како и порационална, поекономична и поефикасна методичка работа, односно сè со цел развој на личноста на ученикот.

Секогаш наставникот или едукаторот треба да бидат ентузијасти и да поседуваат флексибилност. Да биде способен и да предава на повеќе начини во интерес за учениците и за она што сакаат тие да го научат. Би сакала да напоменам дека наставникот секогаш треба да има разбирање за потребите на учениците. Една важна особина која треба да ја поседува

[78] Преземено и прочитано во студијата на Robert J. Walker насловена како Twelve Characteristics of an Effective Teacher, A Longitudinal, Qualitative, Quasi-Research Study of In-service and Pre-service Teachers' Opinions (http://files.eric.ed.gov/fulltext/EJ815372.pdf)

наставникот е да има способност да истрае без фрустрации и способност за слушање и соживување без да донесува вредносни судови. Без сомнение би истакнала дека наставниците т.е. едукаторите се важни примери за учениците. Кон ова сметам дека може да се додаде и смислата за хумор која ќе допринесе за опуштеност во некои напнати ситуации на ученикот или возрасниот ученик.

И кога би се запрашале што го чини ефективниот наставник, сигурно би се сложиле со моето мислење дека секогаш наставниците, т.е. едукаторите мора да воспоставуваат добар однос со своите ученици и да бидат предани на својот професија. За да го добие епитетот современ , модерен, наставник- едукатор треба секогаш да одговори на предизвиците на новото време и да оди во чекор со него. Односно, треба да има за цел да ги подготви младите за иднината и да ги оспособи за перманентно образование, развој и перманентно усовршување. Компетентниот наставник треба да знае да одговори на потребите на современото семејство, на родителите, но и да им даде информации кои би ја охрабриле нивната родителска улога, т.е. да им помогне на родителите да бидат „доволно добри" родители на своите деца[79].

Поради сложеноста и специфичноста на наставничкиот позив се поставуваат одредени барања од чие остварување зависи успешноста на оваа професија. Тоа се следниве барања:

а) Стручна подготовка и сестрано образование кое од наставникот бара солидно да го познава предметот кој што го предава и да биде стручњак во својата професија. Ова барање произлегува пред сѐ од подигањето на материјалниот и културниот стандард на општеството во целост. Живеејќи во современи општествени услови, децата и младите добиваат низа информации кои поттикнуваат различни интереси, па оттука на наставникот му поставуваат разновидни прашања, и бараат образложение на нив. Одговорот на поставените прашања може да го даде само оној наставник кој добро си ја познава својата струка, има познавање од другите научни подрачја и дисциплини и има широка општа култура.

б) Педагошко-методичка и психолошка подготовка. Покрај тоа што мора да поседува знаења, тој мора да знае да ги пренесе на децата и младите. Ова барање бара секојдневна подготовка за настава, пратење на најнова литература, постојано усовршување, мора да ја познава

[79] Ljubetić, M., Zadro, S. (2009). *Samoprocjena kompetentnosti učitelja za pedagoški rad s roditeljima*, str.34

психологијата на детството и младоста, законитостите на човековиот психички живот, да ги прати достигнувањата на психологијата.

в) Љубов кон децата и почитување на детската личност. Воспитувачкиот позив подразбира љубов кон децата и желба да им се помогне да учат и слободно да се развиваат. Учениците многу брзо воочуваат и чувствуваат кој наставник ги разбира, кој се труди да им помогне, кој ја почитува учениковата личност. Во педагошката работа наставникот кон учениците треба да поставува конкретни и сериозни барања. Секогаш да ги поттикнува дека можат нешто да направат, затоа што довербата кај личноста ја поттикнува енергијата и ученикот секогаш настојува таа доверба да ја оправда. Добриот наставник соработува со своите ученици, ги поучува да сфатат што е навистина човечко вредно и добро, се труди тие вредности да ги прифати како сопствени убедувања и секогаш да постапува во склад со тие морални вредности и општествени норми.

г) Правилен однос кон позивот и работата. Ако наставникот свесно и одговорно ја извршува својата работа во согласност со улогата која му е доверена, ако ги сака своите ученици и вложува максимален напор во развојот на нивното ментално и физичко здравје тогаш може да се каже дека има правилен однос кон својата професија.

д) Лични и карактерни особини. Наставниковата личност е најодлучен фактор во воспитниот процес и од него ќе зависи дали учениците со радост и внимание ќе ги примаат образовните и воспитните вредности. Затоа наставникот мора да биде жив пример, пример за морално однесување за своите ученици, мора да зрачи со позитивни ставови, да биде зрела личност со цврст карактер и да поседува други квалитети.

Во трудот Карактеристики на ефективно подучување направен од страна на Cheryll M. Adams и Rebecca L. Pierce[80] наведено е дека наставниците треба да направат учениците да се чувствуваат важни, да се чувствуваат поканети, да сочувствуваат со нив, да бидат ентузијасти. Наставникот пред сè мора да биде целосна и стабилна личност со јасно формиран научен поглед на светот и животот. Таквиот наставник има позитивен однос кон животот, верува во општествениот напредок и можноста за воспитно делување. Наставникот е и воспитувач. Затоа

[80] Главниот фокус во трудот Characteristics of Effective Teaching од Cheryll M. Adams и Rebecca L. Pierce е ставен на тоа што е ефективно подучување, кои се ефективни наставници и како треба да се однесуваат кон учениците.

мора да биде морално зрела личност, со силна волја и цврст карактер. Таква морална личност владее со своите постапки, има развиено чувство за должност и одговорност, позитивно се однесува кон луѓето и општествениот живот, кон работата, материјалните и духовните вредности. Учениците кај него можат да најдат пример за позитивно и хумано однесување и делување. Да се воспитува дете воопшто не е лесно, посебно во современото општество[81] смета доц.д-р Маја Лубетиќ. Таа задача ја делат родителите и наставниците со иста цел која подразбира нивно партнерство, добри взаемни односи и квалитетна соработка. Исто така, во нејзиниот труд нагласува дека она што е на родителите животна улога, тоа на наставниците е професионална. Притоа истовремено нагласува дека секое дете заслужува компетентен родител и компетентен наставник. Многубројните индивидуални особини кои треба да ги поседува наставникот се согледуваат во неговиот општествен и личен авторитет. Наставникот е авторитет кога се чувствува неговата моќ и изграденост на неговата личност. Тука станува збор за наставник кој својот авторитет го изградил со својата работа, однесување и лични квалитети, а не со силата на моќта и со стравот од репресивни мерки. Тој не треба да биде бирократ, туку секогаш да е меѓу своите воспитаници, да има разбирање за нивните проблеми и „младешки лудости", да умее да ги поучи, да биде лут и незадоволен, но и да прости.

Еден од квалитетите на наставниковата личност се согледува во неговиот педагошки оптимизам. Наставникот е оптимист во поглед на развојните можности на своите ученици и верува дека е можно да ги образува, да ги развива нивните мисловни способности, верува дека тие можат да се воспитуваат и превоспитуваат. Другиот аспект на педагошки оптимизам се однесува на неговите сопствени воспитни способности. Тој оптимизам се однесува на неговото постојно дополнување, студирање и анализа на сопствената работа, барање на подобри методи и средства со кои би можел да успее. Третиот аспект е во потполна верба во победата на образовните и морално-воспитните цели и вредности кои ги поставило општеството, во победа на образовните и морално-воспитните цели и вредности на нашето општество, во победа на објективната вистина и демократијата.

Но сепак, како што истакнува професорот Љупчо Копровски, воспитувачот и наставникот не треба да се идеализираат, не постои идеален метод. И наставниците се живи луѓе кои

[81] Ljubetić, M., Zadro, S. (2009). *Samoprocjena kompetentnosti učitelja za pedagoški rad s roditeljima*, str.35

растеле и се формирале во определена средина, со определени идеали, доживеале успеси, но и разочарувања, луѓе со желби и амбиции, но и со лимитирани можности сè да остварат.

Од многубројните особини кои учениците ги ценат кај своите наставници некои автори (А. Џерсајлд, Х. Гленцел, Вити, Харт, и др.) ги истакнуваат следниве: јасност и разноликост на излагањето, одушевеност од тоа што го предава, љубезност, веселост, физички изглед, праведност, авторитет, трпеливост, смисла за хумор итн. Овие посакувани особини кои треба да ги поседуваат наставниците се мошне значајни за воспитно образовната работа во училиштето и за воспоставување на добри односи помеѓу наставниците и учениците.

За воспоставување на добри односи помеѓу наставниците и учениците во значајна мера влијае и **педагошкото водење** кое го применува наставникот. Врз основа на некои експерименти кои се спроведени од страна на **Левин и неговоте соработници** станува збор за три основни облици на односите помеѓу наставниците и учениците: **авторитативен** – кога учениците имаат малку можности за самостојна акција, наставникот е во центар; **демократски** – кој се изразува во подготвеноста учениците да се доведат на ниво на активна работа и соработка (наставникот себе си се смета како еден член на колективот); **рамнодушен наставник** кој не е заинтересиран за учениците, учениците имаат потполна слобода во одлучувањето, а наставникот е пасивен набљудувач.

Воспитните компетенции се од особено значење кај наставникот. Ова подразбира можност да се одговори на сите барања на учениците и со својата активност наставникот да ја процени секоја ситуација и да пронајде соодветно решение. Американскиот универзитетески професор Бедлер [82] истакнува неколку клучни работи што го прават добриот наставник. Тој смета дека добрите наставници навистина сакаат да бидат добри наставници, добрите наставници преземаат ризици, тие се позитивни. Според него добрите наставници никогаш немаат доволно време и размислуваат на подучувањето како форма на родителство. Исто така тој нагласува дека добрите наставници секогаш се обидуваат да им дадат самодоверба на нивните ученици.

[82] Beidler, PG (1997). '*What makes a good teacher?*' in JK Roth (ed.) Inspiring Teaching, Anker, Bolton MA, pp. 2-12.

Douglas N. Harris и Tim R. Sass во 2009 година во нивниот труд *What Makes for a Good Teacher and Who Can Tell?* [83] заклучуваат дека наставниковата вредност треба да биде во корелација со човечките особини како што се грижа, мотивација, ентузијазам, воспоставување на интерперсонални односи со родителите на учениците.

Сметаме дека една од најзначајните е педагошката работа со родителите. Колку порано родителите се вклучат во образованието на своите деца, толку се поголеми ефектите од нивната вклученост[84]. Педагошки комптентен наставник ќе биде во можност да му помогне на педагошки некомпетентен родител, односно помагајќи му на родителот, наставникот му помага на ученикот и го олеснува целокупниот воспитно-образовен процес – созревање, осамостојување, развивање во зрела личност. Вклучувањето на родителите води до подобрување на резултатите на образовниот процес, вклучувањето на родителите ги зајакнува позитивните форми на однесување на децата, родителите кои учествуваат во донесувањето одлуки повеќе ги доживуваат како свои и повеќе се предадени на поддржувањето на мисијата на училиштето, вклучувањето на родителите влијае на зголемувањето на поддршката на училиштето, вклучувањето на родителите влијае на намалувањето на бројот на изостаноци на децата, вклучувањето на родителите придонесува за подобро разбирање на улогите и односите меѓу родителите, детето и училиштето, вклучувањето на родителите придонесува за емоционалното задоволство на децата, начинот и квалитетот на вклучувањето на родителите влијае на децата, родителите и учителите[85].

Од многубројните барања карактеристични за воспитувачкиот и наставничкиот позив мораме да напомeнеме дека постојат и многу други воспитни барања, чие остварување претпоставува и соодветно школување на наставнички и воспитувачки кадри. Во различни земји различно е организирано подготвувањето и образованието на наставниците и воспитувачите. Но сепак, основна тенденција во сите земји со развиено школство е воспитувачите и наставниците

[83] Harris, Douglas N., Sass, Tim R. (2009). *What Makes for a Good Teacher and Who Can Tell?* CALDER Working Paper No. 30

[84] Michigan Department of Education. (2002). *What research says about parent involvement in children's education in relation to academic achievement.*, види и на веб страната http://www.michigan.gov/documents/Final_Parent_Involvement_Fact_Sheet_14732_7.pdf

[85] Види во прирачникот *Практикување на наученото - Прирачник за професионален развој на учителите*. Фокусно подрачје:Семејството и заедницата, Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, стр.3

да имаат високо образование. Кај нас во Република Македонија наставниците и воспитувачите се стекнуваат со високо образование на педагошките и наставничките факултети. Во денешни општествени и педагошки услови се става акцент на оспособувањето на наставниците и воспитувачите за жива секојдневна воспитна улога.

### 3. Моралниот и етичкиот контекст на воспитниот развој

### 3.1 Моралот и воспитанието

Моралот[86] е една од примарните животни потреби, а се манифестира со активно обликување и вреднување на човековите постапки како добри и лоши. Тој е еден од облиците на човековата практика во која доаѓа до израз активниот и практичниот однос на човекот спрема надворешниот свет и самиот себеси, спрема другите луѓе, спрема работата, материјалните и духовните вредности.

Во контекст на ова треба да се истакне дека моралот е изразито човечка категорија, односно постои за човековото општество. Моралот се развива прогресивно напоредно со развитокот на човековото општество, има класен карактер и е еден од облиците на општествената пракса. Тој ги регулира односите помеѓу луѓето, а моралното воспитание го остварува. Моралот е односот на децата кон родителите и обратно, односот на постарите кон помладите. Поврзаноста помеѓу моралот и воспитанието е моралното воспитание како процес на морално формирање на личноста, на морално обликување во општествена личност.

Моралниот феномен е доста сложен, што произлегува од фактот дека не постои ниедна форма на човекова пракса, практична дејност на релација човек-човек, човек-група, човек – држава, човек природа, а да не е одредена и моралната норма. Моралните вредности кај секој поединец се формираат низ процесот на воспитание. Според истражувачите Петерсон[87] и Селигмен главни доблести поврзани со моралот се: мудрост/знаење, храброст, човечност, праведност и умереност. Секоја од нив е составена од неколку сегменти. На пример човечноста е составена од: љубов, добрина, хуманост и социјална интелигенција и т.н.

---

[86] Систем од норми за однесувањето на членовите на едно општетсво, дефиниција во дигитален речник на македонскиот јазик.

[87] Peterson, Christopher, and Martin E. P. Seligman (2004). Character Strengths and Virtues. Oxford: Oxford University Press.

А, во остварувањето и реализацијата на содржините и задачите на моралното воспитание се користат најразлични методи и постапки. Методите на моралното воспитание претставуваат патишта, начини или пристапи со кои практично се реализираат содржините, задачите и целите на моралното воспитание. Структурата на воспитните методи што се употребуваат во моралното воспитание, треба да е таква што ќе придонесува до реализација на општите цели и задачи на воспитанието. Со методите на моралното воспитание се укажува и на употребата на средствата и облиците на воспитната работа со кои личноста може морално да се формира. Најчести методи што се употребуваат во моралното воспитание се следниве: *убедување, навикнување, поттикнување, спречување.*

Сите овие методи се меѓусебно поврзани, бидејќи секој од нив во помала или во поголема мера остварува задачи што се остваруваат со друг метод. Со методот спречување, на пример, се влијае кај ученикот да се спречат некои несакани дејства, но во исто време, се разбира во помала мера, може да се влијае и врз формирањето на определени ставови кои можат да произлезат од неговото убедување.

Секој метод што се употребува во моралното воспитание има свои можности и ограничувања. Во воспитната практика треба да се употребуваат методи кои ќе бидат соодветни на содржините и со почитување на определените принципи во моралното воспитание. Еден од основните методи на моралното воспитание е методот на убедување кој се состои во делувањ на свеста и емотивниот живот на воспитаникот со јасни и емоционални обоени објаснувања на морални ставови и постапки со цел да се изградат морални убедувања[88].

Моралното однесување, или поточно однесувањето на човекот може да произлегува од лични уверувања, лични убедувања, но, исто така, таквото поведение може да е резултат на директива од некој авторитет или да е последица на определени мерки на притисок- казни, забрани и сл. Суштината на методите на моралното воспитание се состои во тоа кај личноста на ученикот да се формираат уверувања кои претставуваат основни мотивациони фактори на моралното поведение. Долг е патот на формирањето на уверувањата. Прва етапа е т.н.морално

[88] Vukasović, A. (1974). *Moralni odgoj*, Zagreb, str. 293

сознание. Свесното, намерно однесување, што е карактеристично за однесувањето на човекот претпоставува запознавање, сознание на нормите на однесувањето во определена општествена средина, но не само запознавање на нормите, туку и нивната етиологија и значење за постоењето на општеството во целина или на човекот. Според тоа, ученикот во процесот на наставата или преку други форми, треба да ги сфати, да ја разбере суштината на моралните поими или категории, да го запознае нивното значење. Сфаќањето на моралните содржини претставува основа за натамошното морално влијание. Определените содржини што се сфатени со помош на методот на уверување треба да се настојува тие и да се прифатат од страна на личноста на ученикот. Може да се случи некои морални содржини да бида тсовршено сфатени, разбрани, но тие да не бидат прифатени или да бидат прифатени и ориентирани во негативна насока. Моралното уверување се формира тогаш кога моралните сознанија станале дел од свеста на ученикот, кога станале негова своина, негов поглед, и не само поглед туку и мотив за активно позитивно морално владеење и дејствување. Секое уверување е и емотивно обоено, со што тоа станува поцврсто во содржината на личноста на ученикот. Крајна цел на методот на уверувањето е кај учениците да создаде мотив за морална акција, за морално однесување и дејствување.

Тука би можело да се спомене периодот на адолесценција кај младите луѓе при што Скагер во 2007 година за адолесценцијата[89] нагласил дека тоа е посебна состојба на развој која придонесува младите луѓе да се третираат многу поразлично од возрасните.

Помеѓу моралното сознание и моралните уверувања често пати не е можно да се повлече линија со која би се разделиле овие две активности. Сепак треба да се каже дека морални уверувања во однос на моралните сознанија претставуваат повисок степен на морално формирање. Главни средства на методот на убедување се следниве: наставата, објаснувањето, примерот, критиката, самокритиката, предавањата, разговори за моралот, формирање на идеали.

Во училиштата наставата е главно средство за уверување. Преку наставата учениците се стекнуваат со определен систем на знаења за природата и општеството, се запознаваат со нормите на однесувањата на луѓето. Наставата им овозможува на учениците да ги сфатат, да ги

[89] Dupper, David R. (2010) *A new model of school discipline:engaging students and preventing behavior problems*, New York : Oxford University Press

разберат моралните поими и во исто време да ја оценат нивната вредност, како и да заземат критичен однос према нив. Преку реализацијата на материјалната задача, односно преку стекнувањето на знаење, наставата формира кај учениците научен поглед на светот.

*Примерот* има мошне важна улога во методот на убедување. Етичките и моралните норми по својата природа се апстрактни, поради што тие потешко се сфаќаат или, што е чест случај, се сфаќаат недоволно точно. Примерот е конкретен, непосреден, жив. Тој може да послужи како основа за конкретно сфаќање на моралните содржини и, потоа таа да се сфати апстракно. Кај сите луѓе, а посебно кај децата, постои природен стремеж за идентификација која се состои во настојувањето да се усвојуваат особини на други лица. Тие особини стануваат сопствен начин на однесување. Примерот на учениците им служи како модел кој тие го подржуваат. Според својот квалитет тој може да е позитивен и негативен. Во воспитната практика се употребуваат и едниот и другиот. За да може да биде воспитниот процес поефикасен се препорачува да се употребуваат повеќе позитивни примери. Тие со својот квалитет укажуваат какво треба да е едно позитивно морално однесување, предизвикуваат позитивни емотивни состојби и полесно се прифаќаат. Негативните примери се употребуваат во случај кога треба да се илустрира некоја ситуација за да се укаже какво не треба да е однесувањето и кај учениците да предизвика критичен став спрема негативните особини што ги има примерот. Меѓутоа, ако во практиката се употребуваат почесто негативни примери, може да се случи ученикот наместо да настојува да ги острани негативните особини на своето однесување, тој да се идентификува, да ги прифати токму оние особини на примерот што се негативни.

Примерите може да се земаат од постојаната воспитна практика, а и од историјата. Најважен пример за учениците е наставникот кој со својот правилен однос кон учениците и кон другите треба да е таков позитивен модел што ќе влијае тие со него да се идентификуваат. И самите ученици со своето позитивно однесување може да послужат како примери за правилно однесување на останатите ученици. Се препорачува учениците да не се истакнуваат како негативни примери бидејќи тоа не е во согласност со принципот на почитување на личноста, а и од други причини.

Употребата на примерите како средство за уверување треба секогаш да е и методски обликувано. Секој пример треба да се објасни за да можат учениците да ја сфатат неговата содржина, да се доведе во врска со соодветнта морална особина, да се истакне неговата

позитивна или негативна страна и, на крајот, да се настојува преку вежбање и други соодветни методи да биде прифатен како форма на нивно однесување.

Важно средство на методот на убедување се *критиката* и *самокритиката*. Со критиката[90], всушност, се дава оценка на поведението на ученикот или колективот и врз основа на неа со определени методски постапки да се увери дека направил грешка во поведението. Доколку ученикот сфати дека критиката е добронамерна, тогаш кај него се формира сфаќање и желба да се поправи. Се препорачува првата критика што му се упатува на ученикот да се изведува „во четири очи ", насамо. Ако првата критика се изведува јавно, пред сите ученици, кај критикуваниот ученик со цел да го зачува својот углед, својот идентитет може да се јави отпор кон прифаќањето на критичките забелешки. Пред да му се укажат негативните забелешки на ученикот што се критикува се препорачува да му се соопштат некои негови позитивни особини. Смислата на ваквата постапка се состои во тоа што ако на ученикот му се соопштуваат само критичките забелешки, тие кај него можат да влијаат врз создавање на негативна слика за себеси, за својата личност и карактер. Таквото сознание не е сигурен мотив дека ученикот ќе се одлучи да ги прими и усвои позитивните забелешки што му ги соопштува наставникот. Искажаните позитивни особини од страна на наставникот кај ученикот предизвикуваат пријатни доживување и влијаат врз формирањето на позитивна претстава за себеси која е услов за донесување на сопствена одлука за напуштање на негатвните форми на однесување, а со тоа и подготвеност да се прифатат позитивните.

*Самокритиката*[91] е состојба кога ученикот самиот чуствува потреба да ги проценува сопствените негативни однесувања, кога зазема критички однос кон себеси. Во воспитната практика со определени методи треба да се создаваат воспитни ситуации со кои ќе се доведат учениците во позиција да се самокритикуваат. *Предавањата* за моралот воопшто, како и за одделни морални особини, можат да послужат како средство за убедување. Преку системна анализа на суштината на моралните норми и со богата илустрација со примери од животот,

[90] Образложена оцена на некое дело, работа, постапка, збир од оцени во некоја областа или пак негативен став кон нешто, дефиниции во Дигиталниот речник на македонски јазик.

[91] Критика на сопствената дејност, сопствените слабости и недостатоци, дефиниција во Дигиталниот речник на македонски јазик.

учениците можат да стекнат нови сознанија од оваа област и на тој начин да влијаат врз нивните морални уварувања.

*Разговори за моралот* како средство за убедување се организираат тогаш кога треба некои морални норми да се сфатат подлабоко или кога учениците се во дилема во однос на тоа што е морално, а што не. Обично се презентира определена ситуација во која актерот изразува некои особини како, на пример: себичност, страв, храброст, солидарност и потоа се води дијалог во кој учествуваат учениците и наставникот.

Според Радасин, моралот е активно човеково обликување и оценување на себеси и другите луѓе како добри и лоши.[92] *Формирањето на идеали* претставува една од можностите да се влијае врз реализацијата на методот на убедување. Секој човек има свои идеали кои произлегуваат од интересите, сознанијата, а и од влијанијата од околината. Тие како замислени цели субјектот настојува да ги оствари и на тој начин претпоставуваат ориентација на неговото дејствување. Идеалите се променливи, динамични, во текот на развојот на ученикот. Преку воспитанието треба да се формираат кај учениците позитивни идеали. На учениците преку наставата и други форми на воспитанието со соодветни методи на воспитание им се презентираат, и не само што треба да им се презентираат, туку преку нив да се настојува учениците да ги ориентираат кон прифаќање на позитивни идеали, идеали кои на своевиден начин ја организираат и насочуваат психичката енергија и акција во правец на остварување на најнапредните, најхумани односи во животот на човекот.

Со методот на убедување или уверување во моралното воспитание се постигнува определена цел-ученикот да ги сфати, да ја разбере потребата од определен начин на однесување. Кај младите треба да се развие способност и одговорност да се однесуваат во согласност со усвоените морални осознавања и уверувања[93]. Тоа не значи дека во секоја ситуација ќе биде во состојба тие свои сфаќања и да ги реализира, или ќе се однесува согласно со своите сфаќања. За да може тоа да се оствари се употребува метод на навикнување. Навиките претставуваат друга природа на човекот. Доколку се тие правилно формирани, односно

[92] Radasin, V. (1970). *Osnovi moralnog vaspitanja*. Novi Sad: Visa pedagoska skola.

[93] Вукасовиќ, А. (1977). *Морални одгој*, Загреб: Школска књига.

доколку тие станале своина на личноста, го скратуваат патот на остварувањето на моралните односи на ученикот. Ученикот што има формирано навики не мора да размислува, кај него да се води борба на мотиви во изборот на определен начин на поведение, туку тоа поведение го извршува речиси автоматски. Методот на навикнувањето во реализацијата на определени содржини на моралното воспитание во практиката има свое значење.

Темелната метода на моралното воспитание е методот на навикнување. Трстењак пишува „лесно е да се научи што е добро, но тешко е да се прави добро". Постојат голем број на навики. Тоа се, на пример, хигиенските навики, навики за хумани односи кон луѓето, навики за работа, навики за културно однесување кон луѓето, навики за почитување на туѓи мислења, на вики за точност, дисциплина и др. Навиките се формираат со помош на вежбање и повторување. Тоа значи учениците во воспитниот процес се поставуваат во функција на остварување на задачите на моралното воспитание. Тие почесто извршуваат определени морални задачи и на тој начин им се овозможува самите тие да имаат критичен однос кон сопственото морално постапување, а во исто време, со честите повторувања, тие да станат начин на сопственото однесување. Во почетното вежбање е неопходна помош од раководителот на воспитно-образовниот процес. Во овој интервал тој наидува на тешкотии, бидејќи преминот од сфатената или разбраната содржина до нејзиното практично реализирање е тежок и мошне долг. Раководителот на воспитниот процес во оваа фаза на вежбањето треба да го потикнува ученикот со позитивни методи со цел да го ослободи и да ја активира субјективната активност кон остварувањето на позитивните цели и задачи на однесувањето на ученикот.

Во процесот на вежбањето треба да се води сметка за распоредот на времето во кое треба да се извршуваат определени морални односи. Тоа е рамка во која се одвива активноста на детето во која може да го присилува во определено време да се одмара или да работи. Уште во семејството треба да се воспостави распоред на времето за определени активности на детето, како на пример: време на хранење, забава, работа, одмор. На ист начин може да се формираат навики за поведението во училиштето.

Поттикнувањето има примарно психолошка смисла[94]. Честопати, ученикот не е во состојба, од различни причини, со сопствени сили да вложува волев напор, засилен интерес,

[94] Самоловчев, Б. *Теоретските и методичките основи на воспитната работа*,Скопје, 1984, стр.81

истрајност во работата и др., без надворешни поттикнувања-од наставникот, од колективот или од други луѓе. Надворешните поттикнувања ученикот, доколку се согласуваат со неговата природа, може да ги преобрази во свои, внатрешни поттикнувања. Со поттикнувањата на воспитаникот му се дава подршка, поткрепа, верба во сопствените сили и способности и можности за нивно функционрање.

Средства за поттикнување има повеќе, но најважни во воспитната работа се следниве: пофалба и награда, одобрување, оценување, ветување, натпреварување, соопштување на резултатите од моралното однесување и др.

*Пофалбата и наградата* предизвикуваат позитивни емотивни доживувања. Тие влијаат врз механизмот за афирмација на секој човек, па и за афирмацијата на личноста на ученикот. Преку пофалбата, која на некој начин претставува оценка или вреднување на постигнатите резултати од страна на општеството, или репрезентот на општеството-наставникот, ученикот субјективно добива информација дека неговото поведение е во согласност со барањата на постојаните општествени односи.

Пофалбата и наградата, меѓутоа, немаат исто влијание врз сите ученици. Интазитетот и педагошкото влијание на овие средства на поттикнување е поврзано со карактерните и другите особини на личноста на воспитаникот. Ако ученикот е од т.н. интровертен тип карактер, тип кој е затворен, кој тешко воспоставува комуникација со други, кој тешко се експонира и има мошне развиен критичен однос кон себеси, своите постапки и однесувања, неопходно е во воспитната практика, со соодветни методи, почесто да се поттикнува со пофалби и награди.

Ако е ученикот од т.н. оворен тип карактер, кој лесно воспоставува односи со други и има позитивно мислење за себеси, тогаш пофалбата кај него нема да има исто влијание какво што има кај затворениот тип. Учениците што во својот развој биле често казнувани треба почесто да се пофалуваат, со цел кај нив да се формира чуство на сигурност во себеси и мотиви и желба за позитивна активност.

Слично влијание врз формирањето на моралните особини на личноста на ученикот има и натпреварот. Кај секој ученик постои стремеж сопствените постигања или лични особини да ги

оценува или мери со особините на другите. Доколку заостанува во некоја од нив тој настојува со сопствена активност да ја постигне. На овој начин ученикот се натпреварува со други, а и со себеси и во тоа натпреварување постигнува и определени резултати. Во воспитната практика се препорачува да се создаваат такви воспитни ситуации кои ќе му овозможат на ученикот да се натпреварува. Натпреварувањето може да е индивидуално, да се натпреварува поединец со поединец, и колективно. *Соопштувањето на резултатите од поведението* или од која и да е друга активност може да биде силен мотив за поттикнување. Човекот, односно ученикот секогаш сака да знае што постигнал со својата работа, какви се резултатите од неа. Доколку се тие позитивни и на ниво на очекувањата, тогаш тоа може да предизвика силна мотивација,нови желби за позасилена активност. Исто така, ако резултатите се под нивото на очекувањата, ученикот, за да го сочува сопственото самопочитување, ќе се обиде еднаш или повеќе пати да ги оствари своите поставени цели. Во процесот на моралното воспитание се препорачува да се употребуваат методи со кои учениците ќе бидат постојано информирани за постигнатите резултати.

Во практиката на моралното воспитание се употребува и средството *ветување*. Тоа може да биде во вид на позитивна оценка, награда, дозвола за играње, организирање на екскурзија и др. Ветувањата, меѓутоа, треба да бидат реални и, што е мошне значајно, да бидат исполнувани.

Методот на спречување има важна улога во моралното воспитание. Секој ученик може да направи некој испад, несоцијално поведение, да биде недисциплиниран, да не ги почитува правилата на позитивно однесување. За да се спречат овие и други слични негативни особини кај ученикот, се употребува овој метод. Спречувањето предизвикува непријатни чувства кај субјектот: револт, гнев, срам, виновност, осуда и сл. Овие чувства можат да бидат силен мотив за позитивна акција. Освен тоа, со спречувањето кај ученикот може да се формира свест дека во животот не е сè дозволено, дека има и такви однесувања кои не се во согласност со општоприфатените норми на однесување во општеството или во некоја општествена група. Со помош на спречувањето во голем број ситуации се создаватт услови за нормално одвивање на работата.

Постојат повеќе средства што се употребуваат во методот на спречување: контрола, забрана, наредба, предупредување, замена на мотивот, опомена, казна. Со помош на

*контролата* на ученикот му се става до знаење дека неговото поведение е под внимание на раководителот на воспитниот процес. Таа може да биде физичка и привидна. Се организира тогаш кога постојат оправдани предвидувања дека задачата на планот на моралното воспитание ученикот не сака да ја изврши, или ќе ја изврши нецелосно. Контролата може да се врши од страна на наставникот или од страна на учениците. Меѓутоа, контролата трае сѐ додека не постои уверување дека определените задачи учениците ќе се во состојба да ги вршат без присуство и надзор од наставникот. Педагошки правилно спроведената контрола треба да се преобразува во самоконтрола, кај ученикот да создва смисла и свест на потребата од самодисциплинирано однесување.

*Забраната* се употребува со цел на учениците да им се овозможи да направат неко пристап. Не смее да се забранува нешто што не е оправдано. Секогаш треба добро да се размисли што треба да се забрани. Забраните можат да бидат искажани во категорична форма и да не нудат некоја друга алтернатива во однесувањето, а можат да бидат формулирани во вид на повик на соработка или во вид на објаснување. Така на пример, во категорична форма се искажани овие забрани: не смееш да пушиш, не смееш да ја газиш тревата. Во вид на повик за соработка или во вид на објаснување истите овие забрани можат да бидат формулирани: пушењето е штетно за здравјето, тревата го прочистува воздухот и претставува украс на околината итн. Во практиката треба да се употребуваат и едните и другите, зависно од воспитната ситуација и од индивидуата која е предмет на воспитание. Наредбата има исто или слично дејство како и забраната.

Со *предупредувањето* на ученикот му се укажуваат негативните последици доколку не изврши определени задачи или доколку неговото однесување не е во согласност со моралните норми. Замената на мотивите се употребнува тогаш кога ќе се констатира дека поведението на детето или ученикот е негативно насочено. Мотивот што влијаел на ваквото поведение се заменува со друг, кој енергијата на воспитаникот ќе ја насочи кон позитивни однесувања.

Со *опомената* воспитаникот се предупредува да се однесува во согласност со барањат што ги изискуваат правилата на позитивно поведение.

*Казната* како средство се употребува како крајна мерка. По правило треба да се исцрпат сите методи и доколку со нив не се постигне определен резултат тогаш се употребува казната. Таа може да биде во вид на укор од страна на воспитувачот, ускратување на некое задоволство,

во вид на промена на односот на раководителот кон ученикот и сл. Меѓутоа при изречувањето на казната треба да се води сметка за следново: Казната да е добро, внимателно одмерена според тежината на престапот на ученикот. Таа не смее да биде ниту претешка ниту прелесна и да е индивидуализирана, односно одмерена според карактерот на ученикот и според дотогашното негово поведение.

Кај ученикот казната да предизвика таков однос сам да го преиспитува сопственото поведение и самиот да изградува сознание дека треба да се однесува во согласност со барањата на околината. Емотивно и социјално зрелите ученици казната ја доживуваат како средство за самопоправување. Емотивно и социјално незрелите ученици казната ја доживуваат како средство на одмазда. Кај нив таа може уште повеќе да ги засили негативните особини кои со казната требало да се одстранат. Се препорачува да се избегнува казување на цел колектив прво, поради тоа што во престапот не учествувале сите членови еднакво и второ доколку целиот колектив солидно го направил престапот, тоа е индикација дека причината за тоа треба да се бара во организацијата на воспитната работа, а не во колективот. Казната треба да биде изречена во што покус период од направениот престап. Ако интервалот е многу голем, тогаш би се намалило нејзиното воспитно дејство. Казнувањето треба да е во согласност со употребата на останатите методи на моралното воспитание. Поради тоа казната не треба да се употребува мошне често или пак таа да биде единствено воспитно средство. При употребата на овој метод треба да се води сметка кај ученикот да не се предизвикува страв кој кај него ќе се преобрази во единствена мерка за однесување и вреднување во социјалната средина.

### 3.2 Етиката и воспитниот развој

Етиката е наука за моралот, т.е. за она човечко однесување ( мисли и постапки ) кое се мери како добро и примерно и лошо и неприфатливо. Етиката како предмет на изучување го има моралот, според однесувањето и постапувањето на луѓето се согледува дали тој вид на однеување е прифатливо за средината или е неприфатливо. Самиот поим Етика го создал големиот антички филозоф Аристотел, кои уште е познат и по учителствувањето на Александар Македонски, кој во својот универзитет Ликеј, држал предавање за моралните прашања и проблеми. Аристотел ги има наречено етички оние добродетели со кои човекот избира да постапува правилно ( умереност, храброст, пријателство и друго ). Зборот Етика, Аристотел го изградил од старогрчкиот збор Етос, со кој се означува морална суштина и својства на некое

событие, предмет или личност. Освен античката филозофска мисла свој голем допринос во развојот на етиката како посебна филозофска наука, дала и современата граѓанска мисла во ликот е делата на германскиот филозоф Имануел Кант[95], кој го напишал своето познато дело „Критика на практичниот ум" кое се смета за најпознато и најзначајно етичко дело во историјата.

Етиката не учи да ја оценуваме критички дадената ситуација за да создадеме можност за правилно однесување. Етика во основа преставува систем на вредности врз основа на кои секоја индивидуа во дадена општествена ситуација одлучува што е исправно или погрешно, фер или нефер, добро или лошо, праведно или неправедно[96].

Преку наставата по Етика и усвојувањето на знаењата од тој предмет, учениците треба да се запознаат со суштината на Етиката, со вредностите и целите на современиот живот, да се упатат во знаењата за моралот за квалитетот на живеењето. Етички образованата личност има способност да обликува, избира, следи и брани соодветни аксиолошки ставови, а од вредностите да создава сообразни ефектни морални норми на однесувањето. Тоа е потребно за снаоѓање на личноста во сложените процеси на современиот свет и на демократијата.

Етиката е тесно поврзана со воспитниот развој на децата. Особено е значајно да се истакнат неколку чекори кои се важни во воспитниот развој на децата[97] кои родителите треба да ги следат:

Чекор 1 : Поттикнување на доброто однесување

Поттикнете го доброто однесување, нека биде едноставно, јасно и позитивно. Направете Вашите деца да се почувствуваат одважно и кажете им дека сте свесни за нивните напори и труд да научат како да се однесуваат правилно.

Чекор 2 : Научете го на социјални вештини

---

[95] Имануел Кант (*Immanuel Kant*; 22 април 1724 - 12 февруари 1804)- германски филозоф од Прусија и претставува еден од највлијателните европски мислители и последниот голем филозоф на просветителството.

[96] Мајхошев, А. *Новинарска етика - авторизирани предавања* за 2012/2013 година. Правен факултет, Новинарство и односи со јавноста, Штип : Универзитет „Гоце Делчев", стр.7

[97] Прочитано на 18 март 2012 година и преземено од веб порталот http://www.howcast.com/videos/401661-How-to-Raise-Good-Children.

Научете го детето на социјални вештини, вклучувајќи ги толеранцијата и соработката. Дозволете им на Вашите деца да излезат надвор и да откријат дека светот може да биде поинтересен и повозбудлив отколку цртаните филмови и видео игрите.

Чекор 3 : Демонстрирајте трпение

Демонстрирајте трпение и научете ги како да се фокусираат да го препознаат и да го следат медиумот од кој можат многу да научат и да се едуцираат.

Чекор 4 : Поставете граници

Поставете јасни граници. Објаснете им ја границата меѓу потребите и желбите. Наведете ги Вашите очекувања , очекувајте почитување и држете се цврсто до Вашиот став.

Чекор 5 : Одредете правила на однесување на семеен состанок

Одржувајте семеен состанок еднаш до двапати неделно каде ќе може да се дискусира за изминатите активности во текот на неделата. Искористете го состанокот за вклучување на децата со нивни мислења и ставови за одредени правила во семејството.

Чекор 6 : Искажете ги вашите чувства

Искажете ги вашите чувства отворено и охрабрете ги и Вашите деца истото да го направат. Рационален модел.

Чекор 7 : Исполнувајте ги ветувањата

Исполнувајте што сте ветиле. Не кријте колку е тешко да се одржи ветувањето во денешно време.

Чекор 8 : Подигнете ги Вашите деца со вредности

Одгледајте ги со вредности и навики со кои ќе покажат почит према другите. Децата сакаат да го направат светот да биде подобро место, со што и тие ќе еволуираат во чесни родители со великодушно однесување. Младиот човек мора да се формира во склад со општествените норми и обичаи. Моралот ги регулира односите помеѓу луѓето. Малото дете многу рано доаѓа во допир со другите луѓе. Најпрво тоа се родителите, а потоа тој круг се проширува. Тука е зачетокот на моралното формирање на човекот. Смислата на моралниот развој е да се поттикнат сите позитивни својства на човекот. Моралните вредности на човекот се неговите дела, постапки.

### 3. 3 Значењето на воспитното делување врз моралниот и етичкиот развој на учениците

Демократското општество промовира трајни вредности како што се: почитување на права, религиска, етичка, расна и културна толеранција, плурализам, солидарност, колективна одговорност, граѓанска коегзистенција,слобода итн. Проучувањето на вредностите е интересно но, и мошне специфично подрачје за истражување во овој период на значајни општествено-политички и социјално-економски промени, период во кој подолго време се наоѓа нашата земја.

Судирот помеѓу новите и старите вредности односно нивните идејно вредносни матрици е интересен за истражување, а посебно кај младите кои се главни покренувачи на промените во општеството.

Истражувачкиот дел од трудот е направен во третиот циклус на деветгодишното основно образование-кој се совпаѓа со развојниот период на пубертетот, период во кој се случуваат голем број на промени во емоционалниот развој на учениците со чести проблеми во однесувањето. Затоа тука во теоретскиот дел акцент е ставен и на оваа значајна фаза од воспитниот развој на учениците.

Тинејџерските години се емоционална бура. Среќните периоди се чести, но не се ретки и миговите на тага и очај. Раздразливоста, тагата, промените во навиките на спиење и хранење, лутината и ниската самодоверба се типични за младите кои минуваат низ пубертет.

Еве некои од симптомите и знаците кои се карактеристични за тинејџер: Постојано е тажен и раздразлив, и тоа не само кога контактира со родителите, туку и со пријателите. Не е невообичаено тинејџерите да се однесуваат непријателски кон родителите, а да се како ангелчиња пред пријателите. Лош сигнал е кога средбите со пријателите не ги тргаат тагата и раздразливоста од однесувањето на тинејџерот. Покажува лутина и агресивност, дури и кога не е испровоциран. Имајте на ум дека депресијата кај адолесцентите се манифестира на малку поразличен начин отколку кај возрасните. Додека депресивните возрасни лица најчесто се повлечени и тажни, кај тинејџерите депресијата почесто води до гневно однесување и изблици на лутина. Депресивните адолесценти имаат ниско ниво на толеранција, нетрпеливи се и буквално сè може да ги извади од такт. Понекогаш се агресивни, па дури и насилни.

Често плаче без да може да каже која е причината за солзите.Наеднаш се влошува неговиот успех на училиште. Нему му е тешко да се сконцентрира, да помни детали и да донесува одлуки. Му недостига ентузијазам и желба за учење.Често ве замолува да го ослободите од часови со изговор дека го боли стомакот и главата. Губи интерес за неговите хобија. Доминантни чувства на беспомошност и бесполезност, ниска самопочит.

Коментарите како *„Јас во ништо не сум добар"*, *„Нема ништо убаво во мојот живот"*, *„Изгледам одбивно"* и *„Мојот живот е бесмислен"* се многу чести. Предолго спиење, спиење во невообичаен период од денот. Предолгото спиење и будноста во текот на ноќните часови е карактеристично за адолесцентите. Тинејџери може да спијат повеќе од 12 часа, а исто така да ги преспиваат оние периоди од денот кои претходно им биле предвидени за забавни активности – саботно излегување на кафе, следење на омилената серија и сл. Пуши, употребува алкохол.Зависност од интернет. Повеќето млади луѓе денес стануваат зависни од интернетот. Тие се приврзуваат толку многу за виртуелниот свет, што презираат сè од реалниот.

Емоциите на тинејџерите се комплексни. Бурата од хормони, промените во физичкиот изглед и желбата за поголема независност имаат силно влијание на психичката состојба на младите. Различните емоции можат да бидат предизвикани од голем број на фактори и тоа: смрт на блиска личност;нарушени односи во домот – постојани кавги, семејно насилство; развод на родителите; сексуално малтретирање; финансиски проблеми, сиромаштија; преселување во нов дом и промена на училиштето; несподелена љубов, раскинување; разочарување или неуспех на училиште; стрес поради промените во физичкиот изглед кои ги носи пубертетот; лоши социјални вештини кои резултираат со изолираност од пријателите; инвалидитет; физички недостаток; вербално или физичко малтретирање од соучениците. Како наставник или пак родител, треба одблиску да го следите однесувањето во тинејџерските години и притоа потребно е да се информирате како да го надминете проблемот заедно, но и со помош на стручни лица.

Децата растат и се менуваат со брзо темпо. Кога ќе навлезат во чудниот и возбудлив период наречен адолесценција, настапуваат огромни промени кон кои сакале или не, мора да се прилагодуваат и родителите и наставниците.

Тинејџерските години се најголем предизвик за родителите и нивните методи и стратегии за воспитување. Тогаш престануваат да важат правилата со кои го контролирале однесувањето

во детските години и се создава неопходност од создавање на нови правила. Тинејџерските години се конфузни за младите, бидејќи тие чувствуваат дека веќе не се деца, но не се ни возрасни. Младите тогаш повеќе разговараат со своите пријатели или пријателки и школски другари или другарки одошто со повозрасните.Тинејџерот очајнички сака да биде прифатен од пријателите и пријателките или школските другари и другарки. Затоа, во обид да се вклопи меѓу нив, тој или таа ќе ја смени фризурата или облеката. Ако покажете дека не се согласувате со него или неа, особено во присуство на други, тоа кај него или неа сигурно ќе предизвика прекумерен срам или непријатност. Тука може да спомeнеме и една мала вежба која може секој да ја направи: Обидете се точно да се сетите или дури разговарајте со вашите роднини или браќа и сестри за тоа какви сте биле вие како тинејџер. Потоа разговарајте со вашето дете за некои од вашите доживувања. Совет: Тоа можеби ќе ви овозможи да имате повеќе разбирање за предизвиците низ кои тинејџерот или тинејџерите, и така ќе им овозможите да почувствуваат дека барем малку ги разбирате[98]. Психологот Елизабета Андоновска[99] истакнува неколку насоки со цел родителите да си помогнат ако се родители на адолесцент Таа смета дека една од најважните лекции е да се прифати природноста на пубертетот како и да се научат децата дека секое однесување има и свои последици и дека треба да ги преземат одговорностите од нив. Потребно е според неа да се остан имун на давањето совети, освен ако адолесцентот тоа го бара од родителите. Еден родител рекол: Што помалку совети давам, тој повеќе сака да разговара со мене.Таа истакнува дека треба да се прифати одделувањето. Со развојот на сопствениот идентитет во периодот на пубертет доаѓа и до природно одделување на детето од родителот, што не значи и изолирање. Тоа е само цел да се воспостави независност. Имено, според неа треба да се пушти адолесцентот да размислува сам за себе и родителите треба да ги смири фактот дека домот е сигурно место каде што може детето да ги дефилира своите фрустрации, да ги среди мислите и да ги сфати промените за сопствениот живот. Понекогаш може да се очекува и недоследност од адолесцентот бидејќи тој минува низ премногу емоционални, физички и хормонални промени, кои се природни за овој дел од развојот. Од особено значење е да му се дозволи на адолесцентот можност да биде сам кога тоа ќе му е

[98] Преземено од ивештајот направен од проектот финансиран од Министерството за семејство и заедница и за домородни прашања (FACSIA) при Австралиската влада (Ноември 2006 – февруари 2008), Spectrum Migrant Resource Centre

[99] Преземено од статија објавена во Македонско сонце, број 575 во рубриката Диоптер (2005)

потребно, како и да преземе дел од грижата. На крајот таа смета дека ако родителите се грижат наместо нив, тие никогаш нема да станат одговорни. Преку системот на воспитание и образование се настојува младата генерација да впие што е можно повеќе вредности кои ќе бидат во функција на развој на постојниот општествен систем. Во духот на новите барања со кои се судира Македонското општество на почетокот на 21-век е последната национална програма за развој на образованиетово Р. Македонија 2005-2015, која настојува промените да ги фундира на современите цивилизациски вредности како што се: знаењето, демократичноста, правичноста, толеранцијата и хуманизмот. За да биде ефикасно демократското образование треба да ги опфати сите ученици низ сите школски активности и целокупната организација на училиштето.

Демократското образование не може да се оствари смо со стекнување на потребни знаења, ниту со определени вештини и ставови, туку е потребно лично искуство преку учество во демократски облици на организирање, одлучување и делување во училиштето и опкружувањето.

Како основни морални вредности на заедничкото живеење кои треба да ги следи секој човек, а посебно учениците можат да се издвојат: толеранција, грижа, помош, соработка, разбирање.

Толеранцијата значи трпеливост, сфаќање дека другите луѓе имаат свои својства и дека се различни од нас, разбирање на разликите меѓу луѓето и непротивење со нив, поднесување туѓо постоење, мислење, верување или погледи. Толерантноста советува да не се употребува насилство и притисок при расправата, застапувањето, проповедувањето и ширењето на своите ставови и при побивањето на туѓите мислења.

Грижата е заинтересираност за состојбата на некого или на нешто, желба да им биде добро, и такво сообразно човечко постапување. Тоа сведочи за нашето искрено чувство за другите луѓе или за некоја работа, а ние ги посветуваме мислите и делата на некоја состојба или луѓе за да се поправат и да им биде добро на сите, а со тоа да ми биде добро и мене. Добро е ако грижливо, со внимание, со заинтересираност, со предаденост ги извршуваме своите задачи.

Помошта значи давање нешто некому, како поддршка и придонес за неговото живеење или работење. Помошта дава поткрепа на луѓето и им ги олеснува задачите и тешкотиите, овозможува согласување меѓу луѓето во добрите намери и соработка во дејствувањето. Затоа помагањето се оценува како благородно дело, кое им е потребно на луѓето и секој човек треба да го прави кога ќе може.

Соработката претставува заедничко извршување на работата, помош при работата, особено од колега со кого се делат задачите, работното време и апарати. Со поделбата на работата таа се извршува полесно и се добива подобар успех. Соработувањето овозможува потпирање врз колегите во работата и во животот, што е добро за луѓето.

Разбирањето е умно размислување и однесување. За заедничкиот живот на луѓето тоа значи меѓусебно добро сфаќање на животот, како и на целите, намерите и постапките на другите, согласување на мнозина за заедничкото живеење. Со разбирањето се постигнува спогодба и меѓусебна доверба, заемна согласност и соработка. Разбран го нарекуваме оној што добро размислува и што ги следи моралните правила.Овие морални вредности се многу значајни. Тие овозможуваат луѓето да се согласуваат и да сакаат добро да постапуваат. Од нив извира желбата за етичко однесување, која е основа за моралот и претставува почитување на значењето на моралот за човековото живеење, односно стремеж на човекот да дејствува добро, правилно, чесно. Спротивните цели и однесување - како нетолеранцијата, немањето грижа, непомагањето, несоработувањето, неразбирањето - значат отфрлање на етиката и прифаќање на насилството, злобата, непријателството. Луѓето не ги сакаат оние што не ги почитуваат основните вредности на заедничкото живеење; таквите негативни личности треба да си го сменат однесувањето и да се променат за да бидат достојни членови на човечката заедница. Колку поголема е самопочитта на една личност, толку таа поуспешно се справува со предизвиците во животот. Децата кои имаат развиено голема самопочит имаат висока самодоверба, не се плашат од новите искуства и доживувања, знаат да преземат одговорност за своите постапки, лесно склопуваат пријателства и се среќни и полни со оптимизам.

## 3. Релевантни истражувања

Во ова поглавје презентирани се релевантни истражувања поврзани со предметот на истражување. Анализираните истражувања се насочени кон повеќе аспекти и тоа: развојот на децата и младите во нашата земја, но и на Балканот и пошироко; вклученоста на родителите во училиштата; компетенциите на наставниците во насока на развој на воспитната дејност на училиштата; однесувањето на учениците во училиштата; улогата на училиштата во превенција на насилничкото однесување на учениците.

Во текот на 2000 – та година од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија спроведено е истражување со наслов **„Трендови и индикатори за детето и благосостојбата на детето во Република Македонија“**[100]. Добиените резултати од истражувањето се дека 72,5 % од учениците сметаат дека можат да добијат поголема поддршка од наставниците која би им помогнала полесно да ги извршуваат училишните задачи, со што би им се зголемила и нивната самодоверба. Во истражувањето некои од индикаторите се : колку наставниците ги поттикнуваат учениците слободно да го изразат своето мислење, колку наставниците им помагаат на учениците кога тие имаат потреба од тоа, дали наставниците се однесуваат праведно и еднакво кон сите ученици, дали наставниците ги почитуваат учениците како личност. Од особено значење во истражувањето се и ставовите на младите за вклученоста на родителите во училиштето. Притоа истакнато е дека за прилагодувањето на учениците во училиштето важна улога имаат родителите, односно дали им помагаат кога имаат проблеми на училиште, дали разговараат со нивните наставници.

Во однос на ова прашање 91,6% од учениците се чувствуваат поттикнати од своите родители да бидат успешни во училиште, а 80,3% сметаат дека нивните родители се тука за да им помогнат кога имаат проблеми во училиште. Меѓутоа интересен е фактот што само 59,6% од учениците вклучени во истражувањето изјавиле дека нивните родители имаат желба да одат на училиште и да разговараат со наставниците.

Во 2004 – та година во рамки на проектот **„Развој на деца и млади во Република Македонија“**[101] направено е истражување кое има за задача, покрај останатото да ги испита и животните стилови, ориентации и вредносни системи на младите со вкрстена анализа на повеќе елементи. Ова истражување е во насока на фактот дека кај младите испитаници постои јаз помеѓу „старите„ и „новите„ вредности, без оглед на полот, возраста, регионот и други показатели. Младите испитаници истакнуваат дека се свесни за судирот на вредностите во македонското општество.

---

[100] Државен завод за статистика (2000) , *Трендови и индикатори за детето и благосостојбата на детето во Република Македонија,* Скопје, стр.25

[101] *Основна студија за младински трендови* (2004). Агенција за млади и спорт, Скопје, стр.66

Сознанијата од квалитативната анализа на податоците зборува за тоа дека младите имаат мошне избалансиран критериум во изборот на општествено "прифатливите" вредности но и дека се сурово свесни за расчекорот помеѓу она што е очекувано и она што е можно. По однос на истражувањето на животната ориентација со употреба на скала од ликертов тип добиените резултати можат да се сумираат во единствен заклучок а тоа е дека младите го вреднуваат животот во прв ред преку традиционалниот вредносен систем, инцидентно дополнувајќи ја листата на вредности и со такви кои се карактеристика на современото општество.

Истражувањето пак, за **мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието**[102] ја анализира моменталната состојба и капацитетите на образовниот систем, промовира и обезбедува почитување, толеранција и прифаќање и ги разгледува перцепцијата и нивото на комуникација меѓу учениците, родителите, наставниците Македонци и учениците, родителите и наставниците Албанци. Целта на оваа студија е анализирање на основните причини за етничка поделеност во училиштата, и дефинирање на повеќе препораки сè со цел поттикнување на Владата, граѓанското општество и меѓународната заедница на активности преку кои ќе бидат обезбедени и вградени принципите на мултикултурализмот и градење на меѓуетничките односи во тековните образовни реформи.

Едно од истражувањата, е и истражувањето спроведено од **агенцијата PROMENTE од Босна и Херцеговина** во кое пред сè е промовирано зголемувањето на квалитетот на учество на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца. Во заклучокот на истражувањето е наведено дека на училиштата во Босна и Херцеговина најмногу им се потребни родителите за да ја подобрат „образовната слика на Босна и Херцеговина“[103]. Воедно е наведено дека училиштата се повикуваат да развијат Акционен план за соработка на родителите и училиштето, којшто треба да содржи препораки и примери пред сè од практиката.

**Прирачникот за спречување и заштита од дискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија**[104] којшто е изработен од страна на

[102] *Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието*, стр. 6

[103] Прочитано на 23 март 2012 година на веб порталот www.promente.org/izazov

[104] *Прирачникот за спречување и заштита од дискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија*, стр. 9

Министерството за образование и наука на Република Македонија е насочен пак кон идентификување на можните начини на дискриминација, презентирање на можните добри практики и воведување на мерки на позитивна дискриминација коишто ќе доведат до забрзано изедначување на можностите, за подеднакво уживање на правото на образование и надминување на стереотипите и предрасудите.

Значајно е и истражувањето **„Родителите и децата на прагот на адолесенцијата"** спроведено од страна на Хрватското министерство за образование и наука во кое фокусот е ставен на родителските постапки кон нивните деца во раната адолесценција како и соработката на родителите со училиштето во тој период. Резултатите од истражувањето покажуваат дека најпотребни услуги за поддршка во нивната родителска улога е организирањето на работилници со теми поврзани пред сè од областа на комуникацијата помеѓу родителот и детето[105].

Интересни податоци се добиени и од следното истражување спроведено во Хрватска на тема **„Соработката на родителите со училиштето-погледи на родителите и наставниците"**[106] од страна на Iris Marušić заедно со неговиот истражувачки тим. Истражувањето спроведено на 673 родители (на ученици од четврто до седмо одделение) и на 295 наставници од 10 основни училишта од различни делови на Хрватска го покажува степенот на задоволство во однос на моменталната соработка помеѓу родителите и училиштето. Забележуваме дека висок процент од родителите е задоволен од меѓусебната соработка со училиштето, а во однос на традиционалните форми за споделувањето на информации со нив како што се родителските состаноци ги проценуваат за корисни во однос на напредокот на децата во училиштата. Но, во истражувањето се забележува дека родителите на родителските состаноци се претежно пасивни приматели на информации и на родителските состаноци најчесто се споделуваат информации за формалните и организациските аспекти на животот во училиштето односно најчесто за успехот на учениците. Резултатите добиени од ова истражување покажуваат дека многу ретко е активното вклучување на родителите низ работилници или меѓусебен дијалог за развојот на децата. Родителите искажале подготвеност за соработка во различни активности во училиштето, но изјавиле дека иницијативата за вклучувањето ретко

[105] Pecnik, N., Tokic, A. (2011). *Rodiitelji i djeca na pragu adolescencije*, Zagreb, str.266

[106] Marušić, I. (2006). *Roditeljska suradnja sa školom – pogledi roditelja i učitelja - istraživački izvještaj,* Zagreb: Udruga roditelja Korak po korak, str.42

доаѓа од самото училиште. Две третини од родителите пак, сметаат дека моменталниот ниВен ангажман во училиштата е доволен, останатата една третина од родителите која смета дека не соработува доволно како главна причина го наведува недостатокот на време. Една од препораките на ова истражување е дека училиштето може да изработи план за делување насочен кон партнерство за родителите, односно, нагласено е дека наставниците во училиштата можат да се информираат за знаењата, вештините и интересите на родителите и да видат како родителите со нивното знаење и вештини можат да придонесат во училиштето.

Целта во истражувањето спроведено од Bandjur и Maksimović насловено како **„Учителот -рефлексивен истражувач во праксата"**[107] е да се поттикне практичната работа кај наставниците која ќе доведе до подобри резултати во смисла на подобрување на воспитно-образовната пракса. Истражувачите тргнуваат од фактот дека природата на воспитно - образовната пракса е таква да бројни проблеми се јавуваат секојдневно и треба да се решат во текот на самата настава. Тие сметаат дека праксата е несигурна и често се случуваат конфликтни ситуации и поради тоа работата на наставниците бара постојана рефлексија и потврда. Истражувачите истакнуваат дека наставникот-учителот треба да биде пред се дијагностичар и организатор. Нивното истражување опфаќа 390 наставниците во основните училишта во Србија. Резултатите од ова истражување покажуваат дека знаењето за методите на педагошките истражувања (изработка и користење инструменти, реализирање на проекти и истражувања од страна на наставниците) е неопходно за развој и унапредување на воспитно - образовната пракса.

Marija Javornik Krečič заедно со своите соработници реализирале истражување на тема ***„The Role and Meaning of School Counseling when Dealing with Peer Violence"*** [108], при што акцентот е ставен на улогата која „училишните советници" ја имаат кога се соочуваат со проблеми поврзани со насилството помеѓу учениците. Нивното емпириско истражување е спроведено на примерок од 428 ученици од училиштата во Словенија. Главната цел на ова истражување е да се согледа состојбата на овој проблем во пракса. Од истражувачкиот примерок

[107] Bandjur, V. Maksimović, J. (2013) *The Teacher – A Reflective Researcher of the Teaching Practice*, Croatian Journal of Education Vol:15; Sp.Ed.No.3/2013: p. 99-124

[108] Krečič, J., M. Kovše, S. Ploj Virtič, M. (2013).*The Role and Meaning of School Counseling when Dealing with Peer Violence* Croatian Journal of Education, Vol:15; No.2/2013, p. 521-541

во ова истражување можеме да забележиме односно согледуваме дека најголемиот број на ученици имаат добро искуство со училишните советници, односно истакната е потребата од училишно советување со цел спречување на насилството помеѓу врсниците.

Во однос на препораките кои се дадени во ова истражување се истакнува фактот дека училишните советници мора да настојуваат да ги одржуваат добрите односи со учениците, пред сè секогаш добро да ги сослушуваат кога ќе се случи одреден проблем и да им помогнат. Исто така се нагласува дека за решение на проблемот потребно е да се вклучат и наставниците , учениците и родителите. Една од препораките во истражувањето е организирање на превентивни работилници, состаноци со сите фактори кои се дел од воспитно - образовниот процес. Посебно е важно да се разговара за оваа тема, односно да се истакне дека насилството не треба да се толерира, и треба да се обидат сите релевантни фактори тоа да се спречи.

Во хрватското списание „Odgojne znanosti" од страна на професорите Opić Siniša и Jurčević-Lozančić Anka[109] објавен е труд кој е насочен кон нагласување на сите оние фактори кои можат позитивно да влијаат на процесот на развој на децата и младите во здрави, среќни и задоволни личности. Целта на нивниот труд е да се истражи компетентноста на наставниците за спроведување на мерките на педагошка превенција. Притоа е нагласена потребата за оспособување на наставниците за спроведување на педагошка превенција во однос на нарушувањето на однесувањето, при што во нивното истражување 67% од истражувачкиот примерок на наставници одговориле дека не се сметаат компетентни за реализацијата на педагошката превенција, односно истакнати се причините за нестручност за преземање на превентивни активности. Во нивното истражување биле вклучени 56 наставници од 11 основни училишта од околината на Шишак, Хрватска. Наставниците во прашалникот кој што им бил даден, опишале кои од 1390 ученици од петто и седмо одделение покажуваат одредено нарушување во однесувањето.

Заклучните согледувања укажуваат на важноста за рана превенција на нарушувањето во однесувањето кај учениците, како и соодветна едукација на родители, наставниците. Од добиените резултати можеме да забележиме дека наставниците сметаат дека најзначајни превентивни активности на училиштата треба да бидат основање на работилници за учениците

[109] Opić, S. Jurčević-Lozančić, A. (2008). *Kompetencije učitelja za provedbu pedagoške prevencije poremećaja u ponašanju*, Odgojne znanosti, Vol. 10, br. 1, str. 181-194

со проблематично однесување, како и со родителите, но и за самите наставници, а воедно и разговор со учениците и нивните родители. Оспособувањето на наставниците за реализирање на педагошка превенција е предуслов за здрав психофизички развоја на децата. Препораките од истражувањето одат во насока на истакнување на важноста за стручно усовршување на наставниците кои се дел од воспитно - образовниот процес во превентивна смисла.

**„Педагошките компетенции“ на наставниците** се исклучително важни за квалитет во воспитно – образовниот процес, истакнуваат во спроведеното истражување на истоимената тема истражувачите од Сплит, Maja Ljubetić i Vesna Kostović Vranješ[110]. Во нивното истражување опфатен е примерок од 260 наставници во околината на Сплит и Далмација. Тие нагласуваат дека само оној наставник кој постојано вложува силни напори во своето унапредување, своите способности и своето професионално делување може да ги задоволи сите предизвици на неговото занимање и на очекувањата на учениците, родителите, колегите. Резултатите од истражувањето покажуваат дека поголемиот дел од наставниците се чувствуваат педагошки компетентни, но има и дел кои не се проценуваат педагошки компетентни и чувствуваат несигурност, не преземаат одговорност во градењето на односи со учениците, прават грешки во постапките кон учениците, наидуваат на тешкотии во решавањето на проблемите со дисциплината со учениците. Дел од анкетираните наставници истакнале дека во текот на студиите не добиле доволно информации за развојот на децата и дека им се потребни повеќе знаења за правилен однос кон учениците. Во однос на препораките кои се истакнуваат е дека потребно е креирање на програми за трајно стручно усовршување на наставниците за да може соодветно да се одговори на потребите на оние наставници кои се чувствуваат педагошки некомпетентни во својата воспитно – образовна пракса. Истражувачите нагласуваат дека кога е во прашање воспитанието, развојот и образованието на децата, не треба да има грешки во професијата.

Главна интенција, пак на истражувањето на тема **„Училиштето како заедница на растењето“**[111] е да се испита колку училиштето како заедница на растењето го поттикнува

---

[110] Ljubetić, M. Kostović Vranješ, V. (2008). *Pedagoška (ne)kompetencija učitelj/ica za učiteljsku ulogu* Odgojne znanosti, Vol. 10, br. 1, str. 209-230

[111] Buljubašić-Kuzmanović, V. (2012). Škola kao zajednica odrastanja, Pedagogijska istraživanja, 9 (1–2), p. 43 – 57

вклучувањето и негата кон учениците за развој на добри меѓучовечки односи. Во истражувањето опфатени биле 2661 ученик, 432 наставници и 30 стручни соработници од 34 основни училишта од Загреб, Сплит, Риека, Осијек. Кај оние ученици кај кои била изречена опомена, укор или казна покажувале немоќ во социјалните односи, и оттука за нив е потребна грижа и превенција. Во истражувањето се истакнува дека училиштето како заедница треба со различни училишни активности да им овозможи на учениците да ги развиваат сите доблести/квалитети и вредности кои можат да ги доведат до успех. Резултатите покажуваат дека голем дел од испитаните ученици успешно се прилагодуваат на животот во училиштето, да решаваат проблеми и да воспоставуваат и да одржуваат успешни и продуктивни односи со другите, но некои ученици не успеваат во тоа. Нивното однесување често е голем проблем за нив самите, за училиштето, родителите. Кај учениците кои се казнуваат истражувачите истакнуваат дека веројатно ќе се развијат проблеми во односите со другите, односно со оние кои не се казнети, а несигурноста која ќе ја почувствуваат ќе влијае на нивната мотивација.

Од современиот наставник се очекуваат различни компетенции, посебно оние кои што се поврзани за квалитетна соработка помеѓу родителите. Следното истражување е спроведено на примерок од 85 наставници во сплитските основни училишта од страна на доц. д-р Маја Љубетиќ.[112] Од добиените резултати и графичкиот приказ на истите се забележува дека 70 % од анкетираните наставници се изјасниле дека им се потребни знаења и вештини за работа со родители. Всушност педагошката работа со родителите, одржувањето предавања, организирањето работилници, советодавната работа со родителите за поедини педагошки прашања од наставниците бара квалитетна подготовка но и способност за водење на истите, добри комуникациски вештини, сигурен настап и професионален однос. Дури 75 % од истражувачкиот примерок изјавиле дека за стекнувањето на потребни знаења и вештини за работа со родителите би им помогнале континуирани работилници, односно тренинзи каде би стекнувале не само знаења туку и специфични вештини за работа со родителите. Од резултатите можеме да забележиме дека повеќе од половина од анкетираните немаат стекнато доволно компетенции за квалитетна соработка со родителите, која би требало да биде темел и предуслов за квалитетен развој и напредок на учениците. Во однос на препораките кои се нагласени во

[112] Ljubetić, M. Zadro, S. (2012). *Samoprocjena kompetentnosti učitelja za pedagoški rad s roditeljima*, Zivot i skola, p.12

истражувањето е спроведување на програми за перманентно стручно усовршување на наставниците со цел подигнување на нивните педагошки компетенции за работа со родителите.

На веб порталот (www.pedagog.rs) [113] објавен е труд од страна на авторот Маја Пушица на тема **„Ставовите на наставниците за агресивното однесување на учениците во основните училиште"**, станува збор за училишта од Србија. Во трудот спроведено е истражување во кое основен поттик претставува сознанието дека многу видови на агресивно однесување во раната возраст имаат свои зачетоци и во училиштето. Резултатите од истражувањето укажуваат на важните обележја на агресивното однесување како што се возраста, полот на учениците, формите на манифестирање на агресивното однесување, причините за агресивното однесување како и ставовите на наставниците за овој проблем. Препораките кои се наведени во ова истражување се дека училиштата треба навремено да преземаат педагошки мерки кои би можеле да ги спречат непредвидените ситуации за агресивно однесување на учениците и да бидат подготвени соодветно да реагираат во тие ситуации. Ова би било овозможено со неопходна соработка на родителите со стручните служби во училиштата, и притоа во реализираното истражување најголемиот дел од наставниците сметаат дека најефикасна мерка која што треба да се преземе е советодавната работа со родителите и со учениците.

На тема **„Вклученост на родителите во животот на училиштето"[114]** спроведено е истражување во Хрватска од страна на Теа Пахиќ, Рената Милијевиќ-Ридички и Власта Визек Видовиќ од Учителскиот факултет во Загреб. Истражувањето е спроведено на репрезентативен примерок на родители на деца од второ до осмо одделение од 30 основни училишта од цела Хрватска. Целта на истражувањето е да се провери каква е соработката помеѓу родителите и училиштата од родителска перспектива. Притоа од анализата на податоците може да се забележи дека родителите покажуваат висок интерес за сите форми на соработка со училиштето и сметаат дека тие се корисни за нивните деца.

[113] Прочитано на 14 април 2013 година на веб порталот http://www.pedagog.rs/stavovinastavnika.php

[114] Pahić, T., Miljević-Riđički, R., Vidović, V. (2010) *Uključenost roditelja u život škole, Zagreb*

Во извештајот **„Однесувањето во училиштата во Шкотска 2012"**[115] објавен од страна на Шкотската Влада кој што е изготвен врз база на спроведено истражување во 2012 година во сите училишта во Шкотска наведено е дека 93% од наставниците во основните училишта сметаат дека учениците генерално добро се однесуваат во најголемиот дел на нивните часови. Кога станува збор пак за попречување за време на часот (анкетата е спроведена за мислењата на наставниците за претходната недела), една од причините која наставниците од Шкотска ја издвојуваат е меѓусебните разговори помеѓу учениците за време на часовите (66 % од наставниците од основните училишта ја наведуваат оваа причина). Во однос пак на посериозно попречување за време на наставата само 1% од наставниците од 876 основни училишта имале искуство со некакво физичко насилство во училницата во претходната недела.

Интересен е и извештајот на тема **„Однесувањето на учениците"**[116] изработен во јули 2013 година објавен од страна на Department for Education од Англија во кој од вкупниот број на анкетирани наставници од основните училишта, дури 77 % се изјасниле дека однесувањето на учениците е добро. Исто така половина од анкетираните наставници сметаат дека обуките и тренинзите кои се организираат за нив за да знаат како да менаџираат со однесувањето на учениците е достапно во нивните училишта за сите наставници.

Од страна на Hay McBer со поддршка од Department for Education направено е истражување на тема **„Research into Teacher Effectiveness A Model of Teacher Effectiveness"**[117] кое е објавено во Англија во јуни 2000 година. Истражувањето дава рамка со која се опишува ефективното подучување. Тој посочува три главни фактори со кој ефективниот наставник ќе влијае на прогресот на учениците: наставнички вештини, професионални карактеристики и училишна клима. Според McBer ова се трите најважни мерки кои влијаат на ефективноста на наставникот.

Во трудот насловен како „Iskaz vizije i misije škole"[118] од страна на авторот истакнати се промените кои се случуваат во воспитно-образовниот процес во Република Хрватска, а кои

[115] Chamberlain, V. Murray, L. Sewel, K. Skelton, J. (2012). *Behaviour in scottish schools 2012 – final report*, Edinburgh: Queen Printers

[116] Преземено од извештајот на Weaving, H. Aston, H (2013) *Pupil behaviour - research report*, Department for Education

[117] McBer, H. (2000) *Research into Teacher Effectiveness - A Model of Teacher Effectiveness*, DfEE: Norwich

[118] Kenđelić, S. *Iskaz vizije i misije škole*, Život i škola, br. 26 (2/2011.), 57, str. 199. – 204.

предизвикуваат промени во организацијата на работата на секое училиште. Од училиштата се очекува прифаќање на нови парадигми на развојот, воспитанието и образованието и планирање на воспитно-образовните вредности и воспитно-образовните цели.

Карактеристично е тоа што во трудот акцентот е ставен на визијата и мисијата во училиштата во Хрватска, односно нагласено е дека секое училиште треба да пристапи кон дефинирање и реализирање на истите. Во мисијата истакнато е дека училиштата треба да се придржуваат до принципите емпатичност, проактивност и формулација. Емпатичноста подразбира училиштето да ги препознае и сфати потребите на учениците, родителите и локална заедница и да има слух за потребите на учениците и родителите. Проактивноста на училиштата значи тие да препознаат што на учениците долгорочно ќе им биде корисно за локалната заедница, но и да го поддржува идентитетот на училиштето. Авторот смета дека искажаната мисија треба да биде насочена кон потребите на учениците и да биде реална и остварлива. Исказот не треба да биде само проформа, туку да биде разбирлив и препознатлив за да се разликува од исказите на другите училишта. Од мисијата пак, треба да се изведат стратешките цели на училиштата кои треба да бидат мотиварачки, остварливи и специфични. Начинот на реализирање на целите треба да биде оригинален и да биде дел од стратегијата на училиштата.

Разгледувајќи литература која е во насока на предметот на истражување на докторскиот труд би го посочиле и прирачникот на тема **„Za roditelje-radionice za rad s roditeljima“**[119] изработен од страна на Maja Uzelac заедно со своите соработници. Основната идеја на прирачникот е работата со родителите за развивање на родителските компетенции и вештините за „добро родителство". Во прирачникот може да се забележи дека основната концепција за работа со родителите е охрабрувањето, а не омаловажувањето или пак оптужувањето на родителите што често знае негативно да влијае на средбите во училиштата помеѓу наставниците и родителите. Исто така во него се разработени 29 теми, од начин на разговор со децата, начини за решавање на конфликти, развој на детската самосвест и самопочитување и многу други.

Истражувањето со наслов **„Pedagoška prevencija nasilničkog ponašanja osnovnoškolaca“**[120] изработено од страна на Goran Livazović, асистент на Филозофскиот

[119] Прочитано на 16 јуни 2013 година од Uzelac, M. Ratković,K. Pantić, Z. Pribičević-Gelb, D. (2010) *Za roditelje - radionice za rad s roditeljima*, Zagreb: Mali korak – Centar za kulturu i mira nenanasilja

[120] Livazović, G., Vranješ, A. (2012). *Pedagoška prevencija nasilničkog ponašanja osnovnoškolaca*, Život i škola, br. 27, str. 55. – 76.

факултет во Осијек, Хрватска, е фокусирано на анализа на разните видови однесувања во основните училишта, како и превенција на истите. Во истражувањето главниот акцент е ставен на агресивноста како облик на антисоцијално однесување. Истражувањето е спроведено на 105 учениците од петто и седмо одделение од основните училишта. Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека повозрасните ученици повеќе се склони кон посериозни форми на насилство за разлика од помладите. Вкупно 86% од испитаниците проблемите најчесто ги решаваат со карање како облик на вербално насилство. Друга форма пак на насилство за која мал број на испитаници се одлучиле е заканувањето. Резултатите од ова истражување исто така укажуваат на потребата од превентивно делување, бидејќи се покажува дека завршните одделенија во основните училишта се всушност фаза на први експериментални искуства на младите со различни аспекти на ризични и антисоцијални однесувања. Еден од важните контексти на превентивното делување во истражувањето се нагласува дека е медиумското влијание, потоа во училиштето водење на отворени и искрени разговори како што е советувањето, учествување во заеднички активности од страна на родителите.

Драгица Ожегович во трудот **„Улогата на училиштето во превенцијата на агресивното однесување на учениците“**[121], го анализира агресивното однесување на младите, односно целта на нејзиното истражување е утврдување на причините и реакциите на учениците и наставниците на агресија. Целта на нејзиното емпириско истражување е утврдување на најчестите форми на агресивно однесување на учениците од основните училишта, идентификување на причините за агресија и реакцијата на агресивното однесување. Задачи на истражувањето се: да се утврдат најчестите форми на насилно однесување на учениците, да се испитаат мислењата на учениците за најчестите причини на насилно однесување, да се испитаат реакциите на учениците и наставниците за насилното однесување, како и да се утврдат предлози од страна на учениците за надминување на проблемите поврзани со насилно однесување. Од добиените резултати и од направената ранг листа согледавме дека како најчеста форма на агресивно однесување, односно прва на ранг листа е буткање меѓу учениците, потоа втора е употреба на пцовки, трета е закачање меѓу учениците, четврто е навредување меѓу учениците, потоа лажење, па озборување итн. Во истражувањето наведени се и предлози од страна на ученици за надминување на проблемите поврзани со агресивното однесување и притоа наведени се следните: разговор со наставниците и педагогот, разговор со родителите,

[121] Ожеговић, Д. (2008). *Улога школе у превенцији агресивног понашања ученика*, Наша школа, бр. 1-2

воведување на дежурство од страна на полиција во училиштата, како и доследна примена на дисциплински мерки. Исто така наведено е дека активностите во училиштето за надминување на проблемите со агресивното однесување треба да бидат насочени кон: квалитетна настава, континуиран и соодветен надзор, праведни и доследни дисциплински мерки, цврста соработка со родителите, организирање на дебати за наставниците, учениците и родителите поврзани со насилството, потоа организирање на дебата на тема „Кога за последен пат некој направил нешто добро за тебе и како и ти за некого".

Најновиот извештај на тема **„Preventing and tackling bullying-advice for headteachers, staff and governing bodies"**[122] изработен во март 2014 година и објавен на Department for Education од Англија е направен со цел да им се помогне на училиштата во спречувањето на насилството, односно се укажува на фактот како да знаат училиштата да одговорат во врска со спречувањето на насилството, доколку во училиштето се појави насилство и сето ова да биде дел од училишната политика. Во извештајот акцентот е ставен на дефинирање на насилството, видовите насилство кои се појавуваат во училиштата, акцент е ставен и на начинот како училиштата да се справат со насилството, како да се заштитат, каква интервенција да преземат при што нагласено е дека успешни училишта се оние кои постојано во спречувањето на насилството контактираат со родителите и ги вклучуваат и родителите во целиот процес. Во извештајот нагласени се и законите кои се однесуваат на ова, како и организации каде училиштата можат да се обратат за да побараат дополнителна помош во врска со спречување на одредено насилство доколку истото се појави во училиштата.

Исто така од страна на Department for Education од Англија во објавен е и извештај на тема „Supporting children and young people who are bullied: advice for schools"[123]. Во него е наведено дека насилството може да се случи секому односно, на сите деца и млади луѓе и сето тоа може да влијае на нивниот ментален и емоционален развој. Но, училиштата, наставниот кадар и стручните служби треба секогаш во тие случаи да им дадат поддршка на сите ученици кои доживеале такво нешто. Во извештајот се нагласени повеќе организации кои всушност даваат поддршка и на училиштата и на родителите за да можат да се справат со вакви ситуации и да ги надминат истите.

[122] Преземено од извештајот на Department for Education (2014) *Preventing and tackling bullying - Advice for headteachers, staff and governing bodies*

[123] Преземено од извештајот на Department for Education (2014) *Supporting children and young people who are bullied: advice for schools*

Притоа наведени се следните организации: Kidscape, BeatBullying ,The Diana Award ,The Anti-Bullying Alliance, Childline, NSPCC, Young Minds, Family Lives кои всушност содржат голем број на ресурси и материјали поврзани со оваа проблематика.

Во истражувањето **„A profile of pupil exclusions in England“**[124] направена е анализа која се однесува на тоа колкав број од учениците во Англија се исклучени од училиштата. Притоа во анализирајќи го истражувањето можеме да забележиме дека постои опаѓање односно во 1995/96 година процентот на ученици кои биле исклучени од училиштата бил 0,17 %, а во 2009/2010 година е 0,08%. Исто така, во 1996/1997 година биле исклучени 12670 ученици, а во 2009/2010 година биле исклучени 5740 ученици од целата популација. Причината за исклучувањата најчесто е перманентно несоодветно однесување од страна на учениците. Во истражувањето се анализирани и други карактеристики како на пример фактот дека момчињата повеќе се исклучуваат од училиштата за разлика од девојчињата. Во однос пак на годините наведено е дека најчесто се исклучени учениците момчиња на возраст од 13 и 14 години и тоа во 2009/2010 година 52,8 проценти од учениците биле на оваа возраст.

Интересен е и извештајот на тема **„School behaviour and attendance - research priorities and questions“** [125] кој всушност ја промовира важноста на оваа проблематика и притоа нагласен е фактот дека најпрвин треба да се идентификува насилството и да се промовира постојана дискусија за истото со сите релевантни фактори, субјекти и чинители во општеството, преку спроведени истражувања. Исто така нагласено е дека треба да бидат вклучени и лекари, како и сите други засегнати страни. Училиштата во оваа насока треба да иницираат соработка со истражувачката заедница, со практичари и другите чинители кои ги анализираат овие прашања.

[124] Преземено од извештајот на Department for Education (2014) *A profile of pupil exclusions in England*

[125] ibid

## Втор дел:

# Методологија на истражувањето



## 1. Предмет на истражувањето

Промените кои се случуваат во воспитно – образовниот процес подразбираат низа на процеси и резултати за трансформација на воспитно-образовниот систем во целина, но и на неговите потсистеми, нивна внатрешна интерна трансформација, промени на ниво на училиште. Овие промени се однесуваат на промени во организацијата и структурата на училиштето, промени во верувањата и вредностите, промени во однесувањето, дидактичкиот стил на предавање на наставниците, истакнување на потребата од перманентно образование на наставниците и педагошко-психолошката служба. Оттука и предметот на ова истражување е фокусиран кон еден актуелен и современ проблем во деветгодишното основно образование во Република Македонија. Предметот на истражувањето е од сферата на воспитната дејност на училиштето.

Во оваа насока во Концепцијата за деветгодишно основно образование[126] е наведено дека училиштето треба да создава услови не само за образование, туку и за воспитание на децата. Воспитанието на учениците се рефлектира низ наставните содржини, наставните активности,вонанаставните активности и севкупната дејност на училиштето, но и со примерите на однесување што се присутни во секој момент во училишниот живот. Воспитува секое однесување на наставникот, воспитуваат односите меѓу учениците, па дури и меѓу учениците и наставниците. Воспитува целата околина и училишниот живот, заедничкиот престој за време на наставата, за време на одморите, за време на вонучилишните активности, екскурзиите, наставата во природа и сл.

Воспитната компонента треба да развива и утврдува драгоцени способности и карактеристики на ученичката, детската личност и на нејзиното создавање и правилно формирање.

Предмет на истражувањето е воспитната дејност на училиштето. Евидентно е дека станува збор за комплексен и повеќеслоевит истражувачки проблем кој може да се испитува од најразлични аспекти. Во овој труд истиот интерес е фокусиран врз одделни компоненти кои спирално се развиваат преку еден конзистентен методолошки систем, тргнувајќи од предметот,

[126] *Концепција за деветгодишно основно образование*, стр.127

целта, поставените задачи и хипотезите. Тоа пред сè се однесува на ревидирање на системската и концепциската поставеност на воспитната дејност на училиштата и градење на конзистентен систем од стратегии за развој и поддршка.

Сите релевантни субјекти во училиштето треба да учествуваат во еден единствен процес. По семејството, училиштето е втората средина во која учениците стекнуваат социјално искуство од животот кое има ненадоместливо воспитно значење. Секое училиште треба да ја негува современата настава но, и да го поттикнува когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, подеднакво обезбедувајќи индивидуален напредок во постигањата и вештините. Само во отворено, современо и ефективно училиште, учениците пред сè во атмосфера на доверба, почитување и толеранција ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења кои ќе ги применуваат во понатамошното школување.

За градење на општите граѓански правила и вредности, воспитувањето за толеранција и почитувањето на различностите, наставниците имаат клучна улога со нивните демократски погледи и со примерите на личното однесување. Тие воспитуваат многу подобро ако имаат добра соработка со родителите и заедницата на учениците на одделението. Со сите правила се запознава секој ученик. Со нив детално се запознаваат и родителите. Притоа е важно да бидат донесени правила за однесувањето на вработените наставници и на учениците во училиштето. Со нив треба да се утврдат мерки за надминување на воспитните проблеми меѓу кои може да се истакнат: доцнењето на час; нереализирање на час; користење слаби оценки како средство за дисциплинирање; вербални навреди упатени кон поединци или цел клас; закани; физичко казнување на ученици; сексуално вознемирување и злоставување.

Полесните и потешки отстапувања од училишните правила што ги прават учениците и наставниците во училиштето, како и воспитните мерки за нив, според Законот за основно образование, ги утврдува училиштето во посебен правилник во чие донесување учествуваат наставниците, учениците и родителите. Во училиштата изработени се и Кодекси за однесување кои ги опфаќаат следните активности: ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава; ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот; ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина; во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите; да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето; да покаже почитување и толеранција кон другарите и

наставниците; да помага на помалку успешните ученици; ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот; повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите; сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот; почитувај ги различните од тебе; истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови; учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја прилика; со своето примерно однесување покажи почит и кон своите родители; биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш, тие ќе имаат разбирање за твоите постапки.

Овие кодекси на однесување во училиштата се јавно истакнати, но прашањето е колку навистина се почитуваат и применуваат. Во оваа насока и предметот на истражувањето е промоцијата и поддршката на развојот на воспитната дејност на училиштето. Воспитната дејност на училиштето ги вклучува следните активности според кои училиштето треба : да ги воспитува учениците за почитување на човековите права и на другите демократски вредности што се потврдени во современиот свет; да им овозможи на учениците емоционален и социјален развој; да негува правилен физички развој на учениците, одговорност за сопственото здравје и здравјето на другите; да ја развива кај учениците еколошката свест; да овозможи оптимален развој на сите ученици уважувајќи ги притоа индивидуалните потенцијали и можности; да соработува со родителите, локалната власт, да соработува со институции поврзани со воспитно-образовниот процесс, културно-историски установи, спортски установи и други. Во овој контекст, основните цели на училиштата треба да бидат насочени кон овозможување на оптимален и индивидуален развој на секој ученик, воспитување на учениците и оспособување да градат вистински и трајни вредности, потоа градење на интерперсонални односи помеѓу сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Воспитната дејност на училиштето треба да биде насочена кон примарната и основна цел, а тоа е каква личност треба да изградиме. Притоа учениците не треба да се гледаат како деца туку како идни возрасни луѓе, а училиштата треба да им помогнат да ги осознаат и совладаат предизвиците кои ги носи животот. Градењето на личноста е процес, кој е долготраен, односно, процес кој нема крај.

Училиштето како воспитна институција треба да го поттикнува и обезбедува индивидуалниот развој на учениците, да ја развива свеста на учениците за правата и одговорностите, да го негува меѓусебното разбирање и почитување меѓу учениците. Тоа треба да

биде место за подигнување на личниот систем на вредности, да биде пред се здрава, безбедна и стимулативна средина за развивање на индивидуалните вредности на учениците. Училиштата треба да се грижат за индивидуалните разлики на учениците но, и на вработените, создавајќи здрава училишна клима.

Развојот на воспитната дејност на училиштата треба да придонесе за подигнување на свеста за еколошката култура, почитување на разликите на другиот, развивање на самосвест за сопствените вредности и вредностите на другите. Почитувањето подразбира обезбедување на чувство на еднаквост, толеранција на сите и разбирање на индивидуалните особини на секоја личност.

На тркалезната маса одржана на 26 октомври 2012 година на тема „Насилството врз децата и меѓу нив" од страна на Народниот правобранител беше нагласено дека согласно добиените сознанија од спроведеното истражување насилството врз децата во Македонија постои и се случува секаде околу нив во семејството, во училиштата и во институциите за грижа на децата, а сè почести се и случаите на насилство меѓу самите деца во училиштата и надвор од нив.Тој истакна дека загрижувачки е фактот што вработените во некои училишта и установи за згрижување на деца сеуште применуваат насилни методи кои се користеле пред десетици години за дисциплинирање на учениците и преку тие методи ги учат за тоа што е добро, а што не е.

Активната улога на стручните служби во училиштата во контактите со учениците и со нивните родители, соработка со надлежните во центрите за социјална работа за да се подигне воспитната компонента во образовниот процес, превенирање на проблемот и преземање на времени мерки за спречување на евентуално негативно однесување на децата, според народниот правобранител се само мал дел од неопходните нешта кои мора да се преземат за да се намали стапката на насилство кај и врз децата.

Истражувачкиот дел од трудот е направен во третиот циклус на деветгодишното основно образование – кој се совпаѓа со развојниот период на пубертетот, период во кој се случуваат голем број на промени во емоционалниот развој на учениците со чести проблеми во однесувањето.

Во овој период настанува „нова" личност, премин од дете во човек, премин од девојка во жена. Пуберетот е период полн со психолошки процеси, полн со бури и бранови, полн со двоумења и нестрпливости, полн со желби, замислувања и сонувања. За време на пубертетот започнува да се раскинува врската со родителите, притоа се јавуваат недоразбирања, грубости, трауми, се јавува сомнеж во авторитетот на родителите, настанува појава во која што доаѓа до наметнување на своите ставови, ставовите на родителите се сметаат за „немодерни", „погрешни", „смешни" и сѐ тоа врз основа на самопотврдување и самоистакнување. Негативноста, одбивање на послушност, неизвршување на наредбите, постојано го следат овој животен период. Идентификацијата со еден од родителите, почнува да се пренесува на други, на поинтересни, повредни личности, на спортисти, глумци, пејачи. Сето ова доведува до одбивање на послушност, кавги со родителите, промена на расположението, емоционална нестабилност.

Препуштањето во светот на фантазијата доведува до слабост во концентрацијата, ослабување на успехот во училиштето. Имајќи го предвид овој доста динамичен период логично е дека во него доаѓа до појава на повлеченост, затворање во себе, повлекување од друштвото, екстровертност со тенденција за истакнување себеси. Исто така, препуштањето во светот на фантазијата влијае за појава на несоодветно однесување, бегање од часови, агресивно однесување.

Во училиштето треба сите заедно да се залагаат за безбедност во наставниот процес и вон наставите активности. Училиштата треба да обезбедат чувство на сигурност на сите присутни во училиштето, како и во училишнит двор. Основна цел на безбедноста е сите учесници во воспитно-образовниот процес да се чувствуваат згрижени, заштитени од сите видови опасности. Училиштата на сите субјекти треба да им обезбедат морална и емоционална поддршка со цел за развивање на позитивна училишна клима, соработка и чувство на припадност.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

При дефинирањето и елаборирањето на целта, а со оглед на содржините, карактерот и постапноста во реализацијата на одделните истражувачки теми, значајно е да се укаже и тоа дека истражувањето има претежно **акционен** карактер, бидејќи е изоставена компонентата на следење на процесот. Ова не ја намалува релевантноста на добиените сознанија во врска со истражуваниот предмет, туку се смета дека понудените модели кои се вреднувани од страна на

универзитетски професори и наставници практичари ја подобрува вредноста на целокупниот пакет на дидактички модели кои се наменети за практична примена се со цел подобрување на воспитната дејност на училиштето.

Целта на истражувањето е да се развијат педагошко-дидактички стратегии за поддршка и развој на воспитната дејност на училиштата. Заради комплексноста на поставениот предмет, поставената цел спирално се развива преку испитување на можноста за ревидирање на системската и концепциската поставеност на воспитната дејност на училиштата.

Според својот карактер истражувањето е: **применето,** бидејќи се испитува постоечката воспитна ситуација во врска со воспитните проблеми во училиштата од различни аспекти, **современо,** бидејќи се занимава со актуелен проблем во педагошката работа, **емпириско** бидејќи проблемот се проучува со непосредно снимање на моменталната односно постоечката ситуација и состојба, набљудување и испитување на воспитната дејност на училиштата и интердисциплинарно, поради самата природа на проблемот кој се проучува ( воспитната дејност на училиштата) , која вклучува повеќе науки и научни дисциплини.

Тргнувајќи од сето ова односно од комплексноста и интердисципллинарноста на проблемот кој се проучува ова истражување е всушност комбинација од квалитативен и квантитативен пристап на истражување.

## 3. Задачи на истражувањето

Карактерот, слоевитоста и обемноста на ваквиот вид на истражување бара реализирање на повеќе задачи, разновидни по својата природа. Затоа целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве задачи:

1. да се утврдат најзачестените воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата;
2. да се испитаат ставовите на наставниците за ефективноста на постоечкото воспитно делување на училиштето;
3. да се испитаат ставовите на педагошко-психолошката служба за ефективноста на постоечкото воспитно делување на училиштето;
4. да се испитаат образовните потреби на наставниците и педагошко психолошката служба за ефективен воспитен развој на учениците;

5. да се анализираат воспитните потенцијали на програмските содржини, цели и задачи од сите наставни предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование;
6. да се анализираат развојните планови на училиштата со посебен акцент на елементите за поддршка и развој на воспитната функција на училиштето;
7. да се анализира воспитната компонента во годишните програми за работа на училиштата со посебен акцент на елементите за воспитен развој на учениците;
8. да се анализира педагошката документација од Програмата за советување на родителите;
9. да се дизајнираат дидактички модели на работилници за развој на компетенциите на наставниците и педагозите и психолозите ;
10. да се дистрибуираат дидактичките модели до универзитетски професори и наставници практичари.
11. да се испитаат ставовите и мислењата на професорите од педагошките факултети во однос на дидактичките модели сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната дејност на училиштето.
12. да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците практичари и педагошко-психолошката служба во однос на дидактичките модели сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната дејност на училиштето.

### 3. Варијабли на истражувањето

Независни варијабли во истражувањето се: воспитната дејност на училиштата, наставните програми од третиот циклус од деветгодишното основно образование, наставните предмети од третиот циклус од деветгодишното основно образвание, годишните програми за работа на училиштата, развојните планови на училиштата, законските основи, дидактичките модели на работилници.

Зависни варијабли во истражувањето претставуваат ставовите на педагошко-психолошката служба за ефективноста на постоечкото воспитното делување на училиштето и ставовите на наставниците за воспитните проблеми со кои се соочува училиштето, за образовните потреби, за ефективноста на постоечкото воспитно делување на училиштето, за начините за решавање на воспитните проблеми со кои се соочуваат како и за користењето на дидактичките модели на работилници.

## 5. Хипотези

Со оглед на предметот, целите и задачите на истражувањето „Промоција и поддршка на развојот на воспитната дејност на училиштата" ги дефинираме општата и посебните хипотези кои попрецизно ги определуваат содржините на испитуваниот проблем, како и во понатамошниот дел на истражувањето методолошките постапки и инструменти. Во оваа насока, во ова педагошко истражување е поставена следнава:

**Општа хипотеза**

Постои потреба од ревидирање на системската и концепциската поставеност на воспитната дејност на училиштата и градење на конзистентен систем од стратегии за развој и поддршка.

**Посебни хипотези**

1. Воспитните проблеми со кои се соочува училиштето се разновидни по карактер и содржина.
2. Наставниците имаат позитивни ставови за ефективноста на воспитното делување на училиштето.
3. Педагошко-психолошката служба има позитивни ставови за ефективноста на воспитното делување на училиштето.
4. Наставниците и педагошко-психолошката служба имаат образовни потреби за ефективен воспитен развој на учениците.
5. Наставниците и педагошко психолошката служба имаат потреба од зајакнување на стручни компетенции за воспитен развој на учениците.
6. Програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците.
7. Во развојните планови на училиштата нема доволно елементи за поддршка и развој на воспитната функција на училиштето.
8. Во годишните програми за работа на училиштата постојат елементи за воспитен развој на учениците.
9. Програмата за советување на родители дава поддршка на воспитниот развој на учениците.

10. Дизајнираните дидактички модели на работилници за поддршка на воспитниот развој се концепирани врз современа дидактичка методологија.
11. Професорите од педагошките факултет и позитивно ги вреднуваат дидактичките модели на работилници за поддршка на воспитниот развој на учениците.
12. Наставниците и педагошко-психолошката служба позитивно ги вреднуваат дидактичките модели на работилници за поддршка на воспитниот развој на учениците.

## 6. Примерок на истражувањето

Со оглед на тоа што истражувањето е реализирано низ повеќе истражувачки теми, примерокот на ова истражување е доста хетероген односно различен, како по својата природа така и според својот обем. Поради тоа, изборот на примерокот врз различни критериуми е во неколку фази. Примерокот во истражувањето е пригоден, односно беа опфатени основни училишта кои на некој начин беа достапни за соработка и истражување. Единиците од секое училиште беа одбрани според достапноста на истражувачот. Примерокот е пригоден, пред се и поради економичност при испитувањето (училиштата беа избрани по случаен избор од општините – Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба).

Примерокот е составен од повеќе субпримероци и тоа: примерок од 11 основни училишта од Скопје, примерок од 165 предметни наставници (види табела 1) од третиот циклус од деветгодишното основно образование, примерок од 18 испитаници од педагошко-психолошката служба (за да бидат опфатени поголем број на испитаници од педагошко-психолошката служба заради посеопфатна анализа потребно беше да се зголеми број на училишта, односно беа вклучени уште 3 основни училишта), примерок на сите наставни програми од наставните предмети во третиот циклус од деветгодишното основно образование, примерок на годишни програми за работа на училиштата -11, примерок на развојни планови на училиштата -11.

*Табела бр.1: Структура на примерокот на наставници од основните училишта во Скопје*

| Ред.број | Основни училишта | Наставници |
|---|---|---|
| 1. | ОУ„11 Октомври" | 15 |
| 2. | ОУ„Лазо Ангеловски" | 15 |
| 3. | ОУ„Григор Прличев" | 15 |
| 4. | ОУ„Гоце Делчев", горно Лисиче | 15 |
| 5. | ОУ„Крсте Мисирков" | 15 |
| 6. | ОУ„Круме Кепески" | 15 |
| 7. | ОУ„Димитар Миладинов" | 15 |
| 8. | ОУ„Наум Наумовски Борче" | 15 |
| 9. | ОУ„Коле Неделковски" | 15 |
| 10 | ОУ„Кузман Јосифовски Питу" | 15 |
| 11. | ОУ„Кочо Рацин" | 15 |
| Вкупно: | 11 | 165 |

Примерокот го сочинуваат единаесет основни училишта од Скопје кои беа одбрани по случаен избор и воедно од нив беа одбрани 165 наставници од третиот циклус од деветгодишното основно образование од различни наставни предмети како на пример наставници по : македонски јазик, физичко образование, етика, етика на религии, математика, информатика, музичко образование, граѓанско образование, граѓанска култура, европска цивилизација, животни вештини, екологија, историја, биологија, хемија, физика.

Потоа поради тоа што имавме за цел да добиеме сознанија од поголем број на испитаници од педагошко психолошката служба ( притоа бидејќи во секое училиште има само по еден психолог или педагог, ретки се оние училишта каде има тим од педагог и психолог) констатиравме дека е потребно зголемување на бројот на училишта при што беа вклучени и дополнителни 3 училишта (односно вкупно за оваа фаза добиваме 14 основни училишта) и од нив по случаен избор беа интервјуирани 18 испитаници од педагошко психолошката служба со цел добивање на поголем број релевантни податоци за испитување на ефективноста на постоечкото воспитно делување во училиштето.

Примерокот на наставните програми од третиот циклус од деветгодишното основно образование го сочинуваат наставните програми по сите наставни предмети: задолжителни предмети - биологија, физичко и здравствено образование, географија, информатика, ликовно образование, македонски јазик, математика, музичко образование, животни вештини, физика, хемија, граѓанско образование и изборни предмети-истражување на родниот крај, изборен спорт,

нашата татковина, проекти од информатика, проекти од ликовната уметност, проекти од музичката уметност, танци и народни ора, техничко образование, унапредување на здравјето, вештини за живеење, воспитание за околината, програмирање.

Воедно, во примерокот беа опфатени и годишните програми за работа на 11 – те основни училишта и нивните развојни планови. Како и примерок од 7 дизајнирани дидактички модели на работилници за поддршка на воспитниот развој на учениците.

На крајот од истражувањето беа опфатени и уште два субпримероци за вреднување на дидактичките модели на работилници. Субпримерок од 15 универзитетски професори од педагошките факултети во Скопје, Битола, Тетово, Штип. Овој примерок е пригоден, односно беа опфатени професори кои на некој начин беа достапни за соработка и истражување. Другиот субпримерок е репрезантативен и изнесува 102, односно дидактичките модели на работилници беа вреднувани од страна 102 наставници практичари од вкупниот број на примерок на наставници кој изнесуваше 165.

## 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Изборот на методите и техниките кои се користеа во истражувањето беше направен како со оглед на природата и карактерот на поставените хипотези, така и со оглед на комплексноста и слоевитоста на испитуваниот предмет. Дескриптивниот метод е користен при опишување на испитуваниот предмет, како и при анализата и интерпретацијата на резултатите добиени при испитувањето на ставовите на наставниците и педагошко-психолошката служба за проблемите во врска со воспитниот развој со учениците и за испитување на воспитните компетенции на наставниците и педагошко-психолошката служба.

Во истражувањето доминира дескриптивниот метод со сите свои модалитети: анализирање, компарирање и генерализирање.

Бидејќи станува збор за истражување со квантитативен и квалитативен карактер, согласно поставените задачи беа применети следните техники:

1. Техника на анкетирање и скалирање (прашалник скалер) наменет за примерокот на наставниците кој се користеше при испитување на ставовите на наставниците опфатени со истражувачкиот примерок со задача да се утврдат најзачестените воспитни проблеми

со кои се соочуваат училиштата, како и за да се утврди ефективноста на постоечкото воспитното делување на училиштето и да се испитаат образовните потреби на наставниците за воспитниот развој на учениците, како и за испитување на ставовите и мислењата на професорите и наставниците во однос на дидактичките модели на работилници, сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата.

2. Работа со педагошка документација се користеше при анализата на годишните програми за работа на училиштата, при анализата на наставните програми за сите предмети од третиот циклус во деветгодишното основно образование, при анализа на развојните планови на училиштата кои беа опфатени со истражувачкиот примерок и при анализа на легислативниот образовен документ кој ја третира проблематиката на основно образование во Република Македонија.
3. Техника на интервју-структуирано (протокол за интервју) наменет за примерокот на педагошко психолошката служба. Оваа техника беше користена при испитување на ставови на педагозите и психолозите за да се утврди ефективноста на постоечкото воспитното делување на училиштето и да се испитаат образовните потреби на педагошко психолошката служба за воспитниот развој на учениците.

Со оглед, пред сè на слоевитоста и комплексноста на испитуваниот проблем како и на задачите што треба да се реализираат во секоја од од истражувачките теми за добивање релевантни податоци во ова истражување се користеа повеќе инструменти различни по својот карактер и содржина и тоа:

1. Протокол за анализа на годишните програми за работа на училиштата со цел идентификување на застапеноста на елементи за воспитен развој на учениците во нив.
2. Протокол за анализа на развојните планови за работа на училиштата за утврдување на степенот на застапеност на елементи за воспитен развој на учениците во развојните планови на училиштата.
3. Протокол за анализа програмските цели, содржини и активности на наставните програми од третиот циклус на деветгодишното основно образование.
4. Протокол за структуирано интервју за педагошко-психолошката служба при испитување на ставовите на педагошко психолошката служба за да се утврдат најзачестените воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата, за да се утврди ефективноста на постоечкото воспитно делување на училиштето и да се испитаат образовните потреби на педагошко психолошката служба за воспитниот развој на учениците

5. Прашалник-скалер за испитување на ставовите на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците. Прашалникот – скалер се состои од 13 прашања од отворен и од затворен тип. Прашалникот дава одговори за тоа: кои се најчестите воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето; со кои воспитни проблеми најчесто е поврзана работата на наставниците; кој според мислењето на наставниците е приоритетн воспитен проблем за решавање; како најчесто наставниците се справуваат со воспитните проблеми; колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците; кои три наставни предмети чии програмски цели се најкомпатибилни за воспитен развој на учениците; колку според мислењето на наставниците развојниот план на училиштето дава можности за воспитен развој на учениците; колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето; колку родителите се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата; на кој начин наставниците соработуваат со родителите; кое е мислењето на наставниците за воведувањето на т.н. родителски школи односно советувањето на родителите; кое е мислењето на наставниците за воведувањето на парични казни за родителите; кои елементи од годишната програма за работа на училиштата најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој на учениците.
6. Прашалник – скалер за испитување на ставовите на наставниците за воспитните компетенции. Прашалникот – скалер се состои од 15 прашања од отворен и од затворен тип. Прашалникот дава одговори за тоа: дали во текот на додипломското образование наставниците имаат стекнато доволно способности за воспитен развој на учениците; дали при решавањето на одредени проблеми со учениците соработувате со стручната служба; кое е мислењето на наставниците за вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштата; кој е најефикасниот начин на соработка со родителите; дали на наставниците им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на Вашите воспитни компетенции; каков е интересот за зајакнување на нивните компетенции за воспитна работа; за кои теми/области наставниците би сакале да се организираат работилници во нивното училиште за зајакнување на нивните воспитни компетенции; кое е мислењето на наставниците за тоа дека образованието има големо значење за воспитниот развој на учениците; кои знаења и вештини им се потребни за успешна работа врз воспитниот

развој на учениците; кои се најефикасните форми за развој на воспитните компетенции на наставниците; дали им е потребна постојана стручна поддршка во нивната работа за воспитниот развој на учениците; дали советниците им даваат педагошка поддршка за нивната воспитна работа ; кое е мислењето на наставниците за тоа дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа; колку наставниците се чувствуваат подготвени за да им помогнат на родителите во решавањето на воспитните проблеми со децата.

7. Прашалник – скалер за испитување на ставовите и мислењата на универзитетските професори од педагошките факултети во однос на дидактичките модели на работилници, сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата.
8. Прашалник за испитување на ставовите на наставниците во однос на дидактичките модели на работилници, сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата.

**8. Обработка на податоците**

Во контекст на карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, податоците кои се добиени од истражувањето се обработени на квалитативен и на квантитативен начин.

Имено, податоците добиени од анкетните листови спроведени на примерокот од наставници, се претежно од квантитативна природа и се обработувани во Excel комјутерската програма. Со помош на оваа програма направен е опис на варијаблата преку презентирање на дистрибуција на фрекфенција, а потоа претставени се фрекфенциите во проценти. Квалитативно се обработени податоците добиени од: интервјуто на педагошко – психолошката служба со помош на дескриптивниот метод (кој вклучува и анализа, компарација и генерализација), од анализата на педагошката документација и од набљудувањето. Резултатите се претставени процентуално и графички, со помош на графиконите за прикажување на резултати со атрибутивни својства. Со помош на програмата Excell се утврди и хи квадратот за значајноста на разликата во одговорите што ги давале субјектите.

## 9. Организација и тек на истражувањето

**Предметот на истражувањето е воспитната дејност на училиштето.** Предметот по својата природа и значење е доста специфичен и комплексен, и затоа тој е проучуван од неколку најзначајни аспекти. Секој од тие аспекти претставува одделна истражувачка тема, која е елемент на еден конзистентен систем од повеќе истражувачки теми. Во рамките на секоја истражувачка тема се испитуваат повеќе релевантни аспекти кои имаат заеднички тематски именител. Така е развиен конзистентен систем на проучување на повеќедимензионалниот и слоевит предмет на истражувањето. Овој процес поради сложеноста се одвиваше низ повеќе фази и тоа: првата фаза – реалитет, втората фаза – стратегии за развој и поддршка, третата фаза – ставови на наставниците и педагошко – психолошката служба за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците и нивните компетенции за воспитен развој на учениците, четвртата фаза – акции за развој и поддршка, петтата фаза – вреднување и дисеминација и шестата фаза – пакет на модели за развој на воспитните компетенции на наставниците и педагошко – психолошката служба.

### 1. Прва фаза-Реалитет



Првата фаза од истражувањето се однесува и на првата истражувачка тема која беше истражувана од повеќе аспекти кои се однесуваат на „воспитните проблеми“ на училиштето: детерминирање на проблемите во врска со воспитниот развој на учениците; детерминирање на традиционалниот начин на нивно разрешување. Оваа истражувачка тема е насочена кон утврдување на „воспитната реалност“ во училиштата, како своевидна иницијација во проучувањето на воспитната проблематика.

Тука може да се спомене и еден податок објавен од страна на Државниот завод за статистика, според кој бројот на ученици кои се отпишале од училиштата од редовните основни училишта е 2094[127], од кои 374 го прекинале школувањето.

**T-11: Ученици кои во текот на учебната 2012/2013 година се отпишале од училиштето (редовни основни училишта)**

**T-11: Students who dropped out from school during the school year 2012/2013 (Regular primary and lower secondary school)**

| | Ученици кои се отпишале / Students who dropped out | Ученици кои заминале / Students who left | | | | | Ученици кои го прекинале школувањето / Students who terminated their education | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно / Total | од тоа заминале во: / of which left to: | | | | вкупно / Total | го прекинале школувањето во: / terminated their education in: | | | | | | |
| | | | друго училиште во исто место на живеење / another school in the same place of residence | друго училиште во Република Македонија / another school in the Republic of Macedonia | други држави / other countries | непознато / unknown | | I-IV одделение / I - IV grade | во V одделение / V grade | во VI одделение / VI grade | во VII одделение / VII grade | во VIII одделение / VIII grade | непознато / Unknown | |
| Вкупно | 2 094 | 1 720 | 709 | 382 | 589 | 40 | 374 | 210 | 65 | 68 | 30 | - | 1 | Total |
| Ученички | 1 051 | 856 | 347 | 188 | 296 | 25 | 195 | 108 | 33 | 37 | 16 | - | 1 | females |

Во понатамошниот дел од истражувањето, а тргнувајќи од нашата поставена задача, да се утврдат најзачестените воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата, оваа фаза започна во месец февруари 2012 година односно во второто полугодие на учебната година 2011/2012. Во рамките на оваа фаза беа подготвени и изработени до училиштата три типа на инструменти односно два типа на прашалници за наставниците и тоа: Прашалник скалер за испитување на мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој со учениците и Прашалник скалер за испитување на воспитните компетенции на наставниците и еден протокол за структуирано интервју за педагошко-психолошката служба.

[127] *Основни и средни училишта на крајот на учебната 2012/2013 година*. Скопје : Државен завод за статистика на Република Македонија, стр. 14.

Прашалниците беа доставени и распоредени во 11 основни училишта од Скопје. Во истражувачкиот примерок на наставниците по случаен избор од третиот циклус од деветгодишното основно образование беа опфатени 165 наставници. Потоа беше направена квантитативна и квалитативна анализа на ставовите наставниците за проблемите со кои се соочуваат во врска со воспитниот развој на учениците, како и за тоа кои се најчестите воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето.

Оваа фаза дава одговор на прашањето каква е постоечката воспитна ситуација и со кои воспитни проблеми се соочуваат наставниците и педагошко-психолошката служба во училиштата и е наречена **реалитет** бидејќи опфаќа детерминирање и откривање низа на воспитни проблеми: недисциплинирано однесување на учениците за време на часовите, бегање од часовите, агресивно однесување, нетолеранција, непочитување, нетрпеливо несослушување (ученик-ученик, ученик-наставник), недостаток на културни навики, неоправдано изостанување на часовите, вербални расправии, физичко насилство-тепање меѓу учениците.

Занемарувањето на воспитната дејност на училиштата има негативно влијание врз остварувањето на воспитните цели и задачи на училиштето и претставува не само педагошки, туку и сериозен општествен проблем. Тоа е една од причините за појави на општествено неприфатливо однесување меѓу младата популација.

Со истражувањето на овие аспекти се добиваат и одговори за: приоритените воспитни проблеми за решавање како на пример: толеранцијата, еколошките проблеми или пак развивањето на воспитни компетенции на родителите. За утврдување на воспитната реалност ги добиваме одговор и за начинот на кој најчесто наставниците се справуваат со воспитните проблеми односно дали е тоа преку разговор, советување и укажување на учениците или пак со намалување на оценката на ученикот, кој метод го користат за да се справат со воспитните проблеми, дали бараат помош од педагошко-психолошката служба или пак веднаш ги повикуваат родителите. Утврдувањето на „воспитната реалност" во училиштата подразбира и соработка со родителите и затоа е важно да се знае колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето и колку се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата, потоа на кој начин наставниците соработуваат со родителите, дали соработката најчесто ја остваруваат на родителски состаноци, дали одржуваат индивидуални средби или пак најчесто испраќаат писмени известувања.

Започнувајќи од први јануари 2012 во училиштата е започната имплементацијата на Програмата за советување на родители. Од особено значење за воспитната проблематика и за овој труд е значењето и од воведувањето на т.н. родителски школи, односно советувањето на родителите. Советувањето би требало да резултира со поголема грижа и блискост со децата, како и за зголемување на одговорноста во воспитувањето на децата. Градењето доверба и развивањето партнерски односи со родителите за надминување на тешкотиите или проблемите што се јавиле кај нивните деца е основен услов за постигнување на целите на советувањето.

Од страна на Министерството за образование и наука во врска со советувањето на родители во основните училишта во последниот квартал на 2013 година добиени се следните податоци:

*Табела бр. 2 Советување на родители во последниот квартал на 2013 година*

| Вид на повикување | Основни училишта |
|---|---|
| Поради намален успех во учењето | 3703 |
| Нередовно посетување на наставата | 1215 |
| Поради несоодветно однесување во училиштето | 659 |
| Упатени во Центар за социјална работа. | 85 |
| Вкупно: | 5662 |

Во рамки на проектот „Советување на родители-родителска школа", каде врз основа на стандардизирани програми се врши советување на родителите на учениците коишто нередовно посетуваат настава, имаат значително намалување на успехот во учењето, или пак манифестираат разни форми на несоодветно однесување во училиштето, паралено започна да се врши и советување на самите ученици заради корекции и подобрувања во нивното однесување. И за оваа намена Министерството за образование и наука изготви две Програми за советување на ученците во основните и средните училишта[128], во кои јасно се утврдени постапките според кои треба да се одвива советодавната работа. Програмите се донесени на

[128] Види на веб страна на Министерство за образование и наука на Република Македнија http\\www.mon.gov.mk.

12.11.2013 година и се објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр. 160 од 20.11.2013 година, а стапија на сила на 21.11.2013 година.

Програмите за советување треба придонесат за јакнење на воспитната улога на психолошко-педагошките служби во училиштата, а пред сѐ на наставниците коишто први ги детектираат симптоматичните однесувања кај учениците и пристапуваат кон надминувањето на одреден проблем или причина која предизвикала негативен ефект во процесот на нивната едукација.

Советувањата на родителите, а сега и на учениците се реализира под строго определен протокол, кој што е развиен од психолози и педагози и е во правец на советување на родителот за тоа каков пристап треба да има во едукацијата, односно во воспитувањето на своето дете. Преку оваа мерка родителите повторно се вклучуваат во системот и се овозможува нивна поголема заинтересираност во развојот на воспитната компонентна и нејзина реализација во основното и во средното образование. Советувањето на учениците може да се одвива во две форми, индивидуална и во група. Секоја од нив подразбира специфични облици на работа на психологот и различни полиња на примена. Различните форми на советување кои може да ги практикува психологот во својата работа овозможуваат и различни ефекти кај децата и младите.

### 2. Втора фаза-Стратегии за развој и поддршка



Во наредната истражувачка тема се испитува развојното планирање на стратегии за надминување на воспитните проблеми, проекцијата на развојност на воспитната компонента, воспитните потенцијали на наставните планови преку испитување на воспитните и развојни цели во сите наставни предмети како и на нивните програмските содржини, цели и активности. Сето ова е во функција на неколкуте поставени задачи со кои се анализираат развојните планови на

училиштата со посебен акцент на воспитните аспекти и се анализираат воспитните потенцијали на програмските содржини, цели и задачи од сите наставни предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование.

За да се зајакне воспитната димензија на развојниот процес потребни се многу промени, а тоа значи дека е неопходно градење на стратегија за плански приод во решавањето на ова прашање. Развојно планирање, како ефективен облик на плански приод претставува организиран, систематизиран, континуиран и творечки процес, кој е компатибилен со овој истражувачки контекст. Ова особено со оглед на неговата динамичност, етапност на развојот и прилагодливост кон различни воспитни компоненти.

Развојното планирање е систем од повеќе позитивни квалитативни промени во училишниот живот и работа и можност за сондирање на основи за акции во потребната воспитна насока. Притоа училиштето е иницијатор, носител на активностите, промотор и евалуатор на сопствениот развој. Планирањето е одлучување за најоптимален, а воедно и реален пат до целта. Тоа ја поставува основата за организација на работата на училиштето, врши селекција на содржините, ги утврдува потребните методи, процедури, бараните стандарди за квалитетот на работата, како и можноста за евалуирање на постигнатото, како основа за нови планови. На тој начин развојното планирање станува процес на перманентно движење и усовршување на планираните програми за делување. Во овој контекст тоа пред сé се однесува на поддршката и развојот на воспитните основи.

Имено, планирањето во училиштето се однесува на можни идни состојби во кои може тоа да се најде, како и превземање соодветни активности прку кои училиштето ќе биде спремно да ги дочека сите предизвици кои ги носи иднината.

Развојното планирање во училиштата претставува стратешки план за развој на воспитно-образовните организации во кои се дефинираат, унапредуваат и развиваат приоритетите во рамки на воспитно-образовниот процес.

Развојното планирање се реализира во две фази и тоа: процес на самоевалуација и процес на изработка на развоен план. Дијагнозата на состојбата во воспитно-образовната организација може да отпочне со изработка на рамка за самоевалуација. Таа содржи прашања поврзани за воспитно-образовната организација во согласност со седум однапред определени

категории, а секоја категорија е поделена во повеќе подкатегории, односно теми: курикулум, постигнувања на учениците, учење и настава, поддршка за учениците, училишна клима, ресурси, лидерство.

Развојниот план претставува документ кој се однесува за период од 3 до 5 години. Во неговото создавање и реализација треба да бидат вклучени сите оние кои посредно и непосредно се вклучени во непреченото функционирање на воспитно-образовната организација: наставниците, другите вработени во училиштето, учениците, нивните родители, претставници од локалната управа.

Во оваа фаза е направена анализа на развојните планови на 11 училишта со цел испитување на застапеноста на елементи за поддршка и развој на воспитната функција на училиштето.

Потоа е направена анализа на програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование за да се испита дали програмските цели, содржини и активности од наставните програми на наставните предмети од третиот циклус се во функција на воспитниот развој на учениците. Добиените податоци, одат во прилог на тезата дека испитувањето на овој истражувачки аспект е значаен за проучување на предметот и остварувањето на истражувачките цели.

**3. Трета фаза – Ставови на наставниците и педагошко психолошката служба за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците и нивните компетенции за воспитен развој на учениците**




Во третата истражувачка тема се испитуваа ставовите на наставниците и педагошко-психолошкта служба за традиционалниот начин на разрешување на проблеми во врска со

воспитниот развој на учениците, како и за образовните потреби на наставниците и педагошко психолошката служба за ефективно воспитно делување . Сето ова е во функција на нашите поставени задачи во текот на истражувањето со кои се испитуваа ставовите на наставниците и педагошко-психолошката служба за ефективноста на постоечкото воспитно делување на училиштето и се испитуваа образовните потреби на наставниците и педагошко психолошката служба за воспитниот развој на учениците.

Истражувајќи ги овие аспекти добивме одговори за тоа: кои се најчестите воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето; со кои воспитни проблеми најчесто е поврзана работата на наставниците; кој според мислењето на наставниците е приоритетн воспитен проблем за решавање; како најчесто наставниците се справуваат со воспитните проблеми; колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците; дали на наставниците им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на нивните воспитни компетенции; каков е интересот во однос на одделни „воспитни проблематики"; за кои теми/области наставниците би сакале да се организираат работилници во нивното училиште за зајакнување на нивните воспитни компетенции; какво е нивното мислење за меѓусебната условеност на образованието и воспитниот развој; кои знаења и вештини им се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците; кои се најефикасните форми за развој на воспитните компетенции на наставниците. Од направената анализа и интерпретација на резултатите која во понатамошниот дел ќе биде детално елаборирана констатирано е дека ставовите на наставниците за традиционалниот начин на разрешување на проблеми во врска со воспитниот развој на учениците се различни по содржина и карактер. Воедно можеме да истакнеме дека и образовните потреби на наставниците и на педагошко психолошката служба за ефективно воспитно делување се различни, што оди во прилог на изборот на испитувањето на ставовите на наставниците, како истражувачки аспект значаен за поддршката и развојот на воспитната дејност на училиштата.

**4. Четврта фаза - Акција за развој и поддршка**





Во четвртата истражувачка тема во зависниот од сознанијата добиени при испитување на одделните аспекти во претходните три теми се дизајнираа 7 дидактички модели кои формираат автентичен дидактички пакет на модели за развој на воспитните компетенции на наставниците и педагошко психолошката служба.

**5. Петта фаза-Дистрибуција и вреднување**



Во петтата истражувачка тема изработените дидактички модели беа дистрибуирани до субпримерокот (којшто е пригоден) на професори од педагошките факултети кои најпрвин ги анализираат моделите, а потоа ги вреднуваат, односно преку анкетен прашалник скалер ги даваат нивните мислења за дидактичките модели. Исто така, изработените дидактички модели беа дистрибуирани и до наставници практичари кои најпрвин ги анализираат моделите, а потоа ги вреднуваат, односно преку анкетен прашалник ги даваат нивните мислења за дидактичките модели.

Сето ова е во функција на промоција на потребата за зајакнато воспитно делување на училиштата.

**6. Шеста фаза – Анализа на податоците добиени од вреднувањето на дидактичките модели од страна на професорите и наставниците**

Оваа фаза е потребна да се направи пред завршната односно седмата финалната фаза заради правење на преглед и објективно прибирање и оцена на овој пакет на дидактички модели.

**7. Седма фаза – Пакет на дидактички модели**



Идејата на овој труд идеја е реализирана со формирање на дидактички пакет со дидактички модели за зајакнато воспитно делување во третиот циклус на деветгодишното основно образование. Истиот може да се надоградува се до ниво на практикум.

Со оглед на можноста на истражувачот како и намената на истражувањето, уште во оваа фаза потребно е да истакнеме дека (без оглед на големината на одделните примероци кои се елаборирани во продолжение на трудот) истражувањето дава скромен придонес во развивањето и поддршката на воспитната работа во училиштата. Воедно има и применлива вредност особено значајна во периодот на актуелизација на сите прашања во однос на воспитувањето на младите во нашата земја. Поконкретно изработени се седум дидактички модели на работилници кои се во функција на воспитен развој на учениците на следните теми: Моралните вредности, воспитанието и тинејџерите - пат кон успехот, Справување со недисциплината и недисциплинираното однесување на учениците, Позитивна дисциплина, Како да се надминат воспитните проблеми кај учениците, Толеранција и почитување, Непроблематични ученици, Семејството и училиштето под мотото – Работиме заедно. Истите се наменети за сите оние кои се вклучени и кои во иднина би се вклучиле во воспитно - образовниот процес.

Заедничко за секој дидактички модел е личното и активно заложување на секој учесник, двонасочна комуникација, почитување на различноста, развој на толеранцијата и меѓусебното прифаќање, размена на личното искуство и развој на позитивниот авторитет. Работилниците се во суштина различни од предавањата и со нив учесниците во работилницата се доближуваат до практиката.

Целта на секој дидактички модел на работилница е учесниците да се насочат кон одредена заедничка работа, нормално со присуство на водител/модератор/наставник/педагог/психолог на работилницата кој ќе ја насочи нивната работа.

Овие модели можат да најдат практична примена од страна на стручните служби во училиштата, од страна на наставниците во работата со родителите и учениците, како и наставниците да ги применуваат во училиштата и вонаставните активности. Исто така, овие модели можат да најдат понатамошна примена и вон училиштата, односно кај сите субјекти кои работат на оваа проблематика сѐ со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната дејност на училиштата.

Истражувањето е спроведено во временска рамка од јануари 2012 до септември 2014 година. Во овој дел од истражувањето накратко се наведени етапите низ кои се одвиваше целокупниот процес на истражувањето. Започнувајќи од февруари – мај 2012 година спроведено е анкетирање на наставниците за испитување на најчестите воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата и наставниците, како и за испитување на нивните воспитни компетенции , потоа од мај-јуни 2012 година спроведено е структуирано интервју за педагошко-психолошката служба за ефективноста на воспитното делување на училиштето.

Исто така од јули-септември 2012 година направена е и квалитативна анализа на воспитните потенцијали на програмските содржини, цели и активности на наставните програми од наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование, анализа на годишните програми за работа на училиштата, потоа и анализа на развојните планови на училиштата. Од октомври-декември 2012 направена е квантитативна и квалитативна анализа на добиените резултати и утврдување на заклучни согледувања специфични за предметот на истражување.

По добивањето на соодветни заклучни сознанија кои претставуваат база за изработка на пакет на дидактички модели на работилници за развој на воспитните компетенции на наставниците и педагошко-психолошката служба од јануари-мај 2013 година се разгледуваше и анализираше соодветна литература на оваа проблематика, од јуни-декември 2013 година, се дизајнираа дидактички модели на работилници. Од јануари-мај 2014, следуваше комплетирање и компарирање на резултатите и податоци од истражувањето. Во јуни-јули 2014 година беа подготвени прашалници за професори и наставници за од нивна страна да се вреднуваат на дидактичките модели. Во септември-октомври 2014 следуваше финализирање на трудот и утврдување на образовни излези, заклучни согледувања и препораки.

# Трет дел:

# Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето



# III Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

Во овој дел од трудот акцентот е ставен на анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето. Слоевитоста и комплексноста на истражуваниот проблем бара приоѓање од повеќе различни аспекти сè со цел добивање на комплексна слика за истиот. Во интерпретацијата на резултатите се осврнуваме кон одговарање на претходно зададените задачи и поставените хипотези на истражувањето.

## 3.1 Анализа и интерпретација на резултатите од испитување на мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците

Со цел да се испитаат ставовите на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците, беа анкетирани 165 предметни наставници од третиот циклус на деветгодишното основно образование во единаесет основни училишта во Скопје.

Анализата на мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците е обид да се утврди постоечката, односно моменталната ситуација и состојба во врска со воспитните проблеми со кои се соочуваат наставниците и училиштето и преку нив се обидовме да добиеме одговор на повеќе прашања поврзани со проблемите во врска со воспитниот развој на учениците како и за начините за нивно решавање.

Првиот прашалник скалер наменет за наставниците е составен од 13 прашања од отворен и затворен тип. Во оваа фаза од истражувањето направена е квантитативна и квалитативна анализа на добиените одговори, ставови и мислења од страна на наставниците. Со првото прашање од прашалникот скалер наменет за испитување на наставниците сакавме да дознаеме какви се ставовите и мислењата на наставниците за најчестите воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето.

*Табела број 3 за мислењата на наставниците за најчестите воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето*

| **1. Најчести воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето се (заокружете еден од одговорите):** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а) недисциплинирано однесување на часовите | 129 | 78 |
| б) бегање од часови | 4 | 2 |
| в)агресивно однесување | 10 | 6 |
| г) друго | 21 | 12 |
| д) не одговориле | 1 | 1 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 1 за мислењата на наставниците за најчестите воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето*




Од добиените одговори (прикажани на табелата 3 и графиконот 1) може да се констатира дека најголемиот дел од наставниците и тоа 78 % односно 129 испитаници сметаат дека најчест воспитен проблем кој се јавува во училиштето е недисциплинираното однесување на учениците на часовите, а 12 % (21 испитаник) го заокружиле одговорот друго и притоа како најчести воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето ги навеле пред се следните: „општествените промени и однесувањето на родителите", „замор", „ретко недисциплинирано однесување и ретко доцнења на час", „со правилно воспоставен однос наставник-ученик нема да има никакви воспитни проблеми", „немање мотив за учење", „докажување и меѓуетнички натпревар", „слабо учење поради пасивност и незаинтересираност", „стекнати лоши навики", „дофрлање", „станување кога сакаат", „незначителни причини на индивидуално недолично однесување", „ниска култура на комуницирање", „недисциплинирано однесување на одморите".

Од друга страна пак, само 6 % од наставниците како најчест воспитен проблем го наведуваат агресивното однесување, додека пак 2 % од истражувачкиот примерок го навеле бегањето од часовите, а 1 % од наставниците не одговориле на ова прашање. Сето ова упатува на фактот дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека недисциплинираното однесување на учениците на часовите е најчест воспитен проблем кој се јавува во училиштето.

Второто прашање од прашалникот скалер за наставници е од отворен тип. Поради тоа направена е квалитативна анализа на истото. Второто прашање се однесува на најчестите воспитни проблеми со кои се соочуваат наставниците за време на наставната работа.

Од најчестите одговори и ставови добиени од страна на наставниците направена е ранг скала и податоците се прикажани во табелата 4.

*Табела бр. 4 за мислењата на наставниците за тоа со кои воспитни проблеми најчесто е поврзана нивната воспитна работа*

| **Прашање 2: Вашата наставна работа најчесто е поврзана со следните воспитни проблеми:** | **Ставови од наставници** |
|---|---|
| | **1. Недисциплина и недисциплинирано однесување на учениците** |
| | **2. Нетолеранција** |
| | **3. Непочитување** |
| | **4. Нетрпеливо несослушување (ученик-ученик, ученик-наставник)** |
| | **5. Незаинтересираност на поедини ученици кои ги вознемируваат останатите ученици.** |
| | **6. Преоптеретена годишна програма која создава одбивност кон предметот, а со тоа и недисциплина** |
| | **7. Недостаток на културни навики** |
| | **8. Неоправдано изостанување од часовите** |
| | **9. Агресивно однесување** |
| | **10. Вербални расправии** |
| | **11. Физичко насилство – „Тепање меѓу учениците"** |

Согласно добиените рангови и анализирајќи го и второто прашање може да се констатира дека на првата рангова позиција е недисциплината, односно наставниците сметаат дека најчест воспитен проблем поврзан со нивната воспитна работа е недисциплината. Воедно тие надополнуваат во своите одговори дека недисциплината е проследена со недисциплинирано однесување од страна на учениците за време на часовите („недолични коментари од страна на учениците") .

Ова прашање е поврзано со претходното, односно првото прашање и е во прилог на истото каде од добиените одговори на наставниците констатиравме дека најголемиот дел од наставниците односно (78,06 %) сметаат дека најчест воспитен проблем кој се јавува во училиштето е недисциплинираното однесување на учениците на часовите.

Втори и трети на добиената ранг листа од второто прашање се нетолеранцијата и непочитувањето помеѓу учениците („несоодветно однесување и упаѓање во збор") и нивното неоправдано изостанување од часовите. Потоа следуваат, а не помалку важни и како најчести воспитни проблеми наставниците ги наведуваат лошата комуникација и нетрпеливото несослушување (ученик-ученик и ученик-наставник), како и недостатокот на културни навики помеѓу учениците. Потоа дел од наставниците како најчести воспитни проблеми ги истакнуваат незаинтересираноста на учениците како и преоптеретената годишна програма за работа. Додека пак дел од наставниците како најчести воспитни проблеми ги наведуваат агресивното однесување („многу често поддржано од родителите или пак со прикривање од страна на родителите", вербалните расправии („вербални дофрлања и расправии со лесни физички контакти") помеѓу учениците и физичкото насилство -„Тепање меѓу учениците".

Заклучните сознанија од овие две прашања упатуваат на фактот дека најголемиот дел од наставниците односно 78% истакнуваат дека недисциплината и недисциплинираното однесување на учениците се најчестите воспитни проблеми со кои се соочуваат тие.

Со цел да се дознае кое е мислењето на наставниците за тоа кои се приоритени воспитни проблеми за решавање им беше поставено следното, односно третото прашање од првиот прашалник скалер кое гласи: „Според Ваше мислење, приоритетни воспитни проблеми за решавање се?":

На ова прашање потребно беше наставниците да рангираат, така што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет, а како одговори им беа понудени следните: меѓуетнички односи, здравствена култура, толеранцијата како општествен феномен, еколошки проблеми и развивање на воспитните компетенции на родителите. Добиените резултати се прикажани на графикон 2. Направена е ранг листа од ова прашање при што се добиени следните резултати:

*Табела бр. 5 за мислењата на наставниците за тоа кои се според нив приоритетни воспитни проблеми за решавање*

| Тврдења од наставниците | % | Ранг листа |
|---|---|---|
| Развивање на воспитни компетенции на родителите | 25,93 | 1 |
| Толеранцијата како општествен феномен | 25,33 | 2 |
| Здравствена култура | 16,07 | 3 |
| Меѓуетнички односи | 15,87 | 4 |
| Еколошки проблеми | 14,34 | 5 |

*Графикон бр. 5 за мислењата на наставниците за тоа кои се според нив приоритетни воспитни проблеми за решавање*



Од добиените одговори од наставниците може да се истакне дека повеќе од 1/4 од истражувачкиот примерок смета дека развивањето на воспитни компетенции на родителите е број еден приоритетен воспитен проблем за решавање односно е со ранг број 1 (има ранг со најсилен интензитет). Толеранцијата како општествен феномен е следна на ранг листата . Потоа следуваат здравствената култура, меѓуетничките односи и еколошките проблеми. Оттука можеме да истакнеме дека ставовите на наставниците се дека развивањето на воспитни компетенции на родителите е број еден приоритетен воспитен проблем за решавање.

Ова подразбира дека сега топката наставниците ја префрлаат на другата страна, односно на страната на родителите. Според нив, дисциплината е на многу ниско ниво и е резултат на домашното (не) воспитување. Тие сметаат дека причината што учениците се поневоспитани за разлика од порано, се нивните родителие, бидејќи децата се нивно огледало.

Наставниците истакнуваат дека авторитетот на наставникот зависи од авторитетот на родителот при што ако детето дома научи да почитува возрасни, ќе знае тоа да го прави и на училиште.

Со одговорите на првите три прашање се потврдува и првата хипотеза на истражување која гласи : Воспитните проблеми со кои се соочува училиштето се разновидни по карактер и содржина.

Во прилог на потврдувањето на првата посебна хипотеза се одговорите за следните воспитни проблеми и тоа: недисциплината и недисциплинираното однесување од страна на учениците за време на часовите („недолични коментари од страна на учениците"), нетолеранцијата и непочитувањето помеѓу учениците („несоодветно однесување и упаѓање во збор") и нивното неоправдано изостанување од часовите, нетрпеливото несослушување (ученик-ученик и ученик-наставник), како и недостатокот на културни навики помеѓу учениците, незаинтересираноста на учениците, како и преоптеретената годишна програма за работа, агресивното однесување („многу често поддржано од родителите или пак со прикривање од страна на родителите", вербалните расправии („вербални дофрлања и расправии со лесни физички контакти") помеѓу учениците и физичкото насилство – „Тепање меѓу учениците", како и меѓуетничките односи, здравствената култура, еколошките проблеми и развивањето на воспитните компетенции на родителите.

За обработка на податоците односно резултатите на наредното прашање поточно за четвртото прашање повторно е направена ранг листа. Четвртото прашање гласи : Со воспитните проблеми најчесто се справувате (рангирајте, така што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет)

*Табела бр. 6 за мислењата на наставниците за тоа како најчесто се справуваат со воспитните проблеми*

| Тврдења од наставниците | Ранг листа |
|---|---|
| Преку разговор, советување и укажување на учениците | 1 |
| Преку соработка со родителите | 2 |
| Барајќи помош од стручната служба | 3 |
| Со намалување на оценката на ученикот | 4 |
| Сами | 5 |

*Графикон бр. 6 за мислењата на наставниците за тоа како најчесто се справуваат со воспитните проблеми*



Во однос на начинот на кој наставниците најчесто се справуваат со воспитните проблеми од табелата 3 и графиконот 3 можеме да се согледа дека согласно добиените одговори, односно на првата рангова позиција е разговорот, советувањето и укажувањето на учениците како начин со кој наставниците се справуваат со воспитните проблеми. Воедно, од добиените резултати, согласно направената ранг скала на втора рангова позиција, начин е соработка со родителите (и тоа 25,67% од испитаниците). Трета рангова позиција зазема барањето помош од стручната служба, при што 21,50% од наставниците се определиле за овој начин за справување со воспитните проблеми.

**Но, треба да се истакне и дека дел од наставниците (9,23%) се справуваат со воспитните проблеми и со намалување на оценката на ученикот,** при што може да се истакне дека некои од наставниците сеуште применуваат методи што се користат во традиционалната настава. Додека пак, само мал дел од истражувачкиот примерок односно (2,79%) сами се справуваат со решавање на воспитните проблеми.

Од добиените резултати на ова прашање може да се констатира дека разговорот, советувањето и укажувањето како начини за справување со воспитните проблеми се први на ранг листата со најсилен интезитет.

За наредното, петто прашање повторно е направена ранг листа. На петтото прашање кое гласи: Искажете со оценка од еден до пет колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците (заокружете при што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет), добиени се следните резултати кои се прикажани на графиконот 7 и на табела 7:

*Графикон бр. 7 за мислењата на наставниците за тоа колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците*




*Табела бр. 6 за мислењата на наставниците за мислењата на наставниците за тоа колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците*

| Ранг листа согласно мислењата на наставниците за тоа колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на улениците | Оцена | % |
|---|---|---|
| I | 4 | 36 |
| II | 3 | 32 |
| III | 5 | 15 |
| IV | 2 | 8 |
| V | 1 | 3 |

Од добиените резултати може да се констатира дека 36,96% од наставниците (на правата ранговa позиција) со оцена 4 истакнуваат дека целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците. Додека пак 32,60 % и на втората рангова позиција со оцена 3 сметаат дека целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците. Од друга страна пак 15,21 % од истражувачкиот примерок ја даваат оцената 5.

А, 8,70 % од испитаниците даваат оцена 2, но, интересно и е што 3,26 % од наставниците даваат оцена 1 за тоа колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците.

Шестото прашање во првиот прашалник скалер е од отворен тип. Во него наставниците по сопствен избор наведуваат три наставни предмети чии цели сметаат дека се најкомпатибилни за воспитен развој на учениците. Добиените резултати од ова прашање се прикажани на графиконот 8 и табелата 8:

*Табела бр. 8 за мислењата на наставниците за тоа на кои три наставни предмети целите им се најкомпатибилни за воспитен* развој на учениците

| **Наставни предмети** | **Ранг листа** | **%** |
|---|---|---|
| **Македонски јазик** | I | 15 |
| Физичко и здравствено образование | II | 12 |
| Етика | III | 11 |

*Графикон бр. 8 за мислењата на наставниците за тоа на кои три наставни предмети целите им се најкомпатибилни за воспитен* развој на учениците




На ова прашање добиени се различни одговори. Од добиените резултати може да се заклучи дека: прва ранговa позиција зазема наставниот предмет по македонски јазик и според испитаниците целите на овој наставен предмет се најкомпатибилни за воспитен развој на учениците. Следен на ранг листата е наставниот предмет физичко и здравствено образование, а трет на листата е наставниот предмет етика.

Од добиените одговори може да се согледа дека наставниците навеле и дел од задолжителните но, и дел од изборните наставни предмети: етика на религии, математика, информатика, музичко образование, граѓанско образование, граѓанска култура, европска цивилизација, животни вештини, екологија, одделенски час, историја, биологија, странски јазик, општествено јазична група предмети, ликовно образование, вештини за живеење, физика, хемија, запознавање со религии. Интересен е фактот што од одговорите на некои од наставниците може да се согледа дека дел од нив навеле дека целите на ниту еден наставен предмет не се компатибилни за воспитен развој на учениците, додека дел пак навеле дека целите на сите предмети се компатибилни за воспитен развој на учениците. На ова прашање некои од наставниците одговориле незнам, а некои навеле дека не им е позната наставната програма по ниту еден наставен предмет, одговор кој е загрижувачки, бидејќи наставниците треба да ги познаваат и работат по наставните програми кои се соодветни за наставниот предмет кој го предаваат.

Од друга страна пак интересен е и фактот што 11 % од истражувачкиот примерок не го одговориле ова прашање што упатува на размислување за тоа колку дел од наставниците навистина ги знаат и ги разбираат целите на наставните програми кои можат да бидат во функција на воспитен развој на учениците.

Истовремено, ова упатува и на размислување дали наставниците се доволно стручно оспособени да ги препознаваат и реализираат целите на наставните програми кои се во функција на воспитен развој на учениците.

Од друга страна се поставува и прашањето за преотовареноста и преобемноста на наставните програми со цели, содржини и активности преку кои учениците стекнуваат само знаења. Ова упатува и на размислување колку навистина наставниците добро ги познаваат наставните програми и нивните цели или пак само „протрчуваат" низ нив за да одговорат на поставените задачи.

На учениците им требаат логични и јасни целини со течна мисла, разбирлив јазик и термини, соодветни на возраста. Да се извлече само најбитното, за да се запомни. Да не се оптоваруваат со ситни детали, бројки и имиња што не се помнат долго, а се достапни на интернет. Наставниот процес треба да гради креативни и слободоумни деца што знаат да читаат, мислат и да поврзуваат.

Потребни се интердисциплинарни тимови од педагози, психолози, социолози, психолингвисти, луѓе со знаење и искуство, како од работа со деца, така и од стратегиско планирање. За зајакнување на воспитната компонента неопходно е ревидирање на наставните програми, нивно осовременување, приспособување на возраста на учениците. Актуелизацијата на воспитната компонента може да се реализира квалитетно само со реализација на работилници од оваа проблематика како и на обуки, форуми, јавни расправи со присуство на наставници, членови од Министерството за образование, од Бирото за развој на образованието, стручни лица од разни области, родители. Потребно е сите да се слушнат едни со други, да се разберат и да почнат промени онаму каде што има потреба.

Тргнувајќи од поставените задачи во нашето истражување: да се анализираат развојните планови на училиштата со посебен акцент на воспитните аспекти и да се испита проекцијата на развојност на воспитната компонента во развојните планови на училиштата, сакавме да дознаеме што мислат наставниците, односно кои се нивните мислења и ставови за тоа дали развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците.

Притоа, седмото прашање се однесува на тоа колку развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците.

*Табела бр. 9 за мислењата на наставниците за тоа колку развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците*

| **7. Според Ваше мислење, развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците (заокружете еден од одговорите):** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а) многу | 107 | 65 |
| б) малку | 33 | 20 |
| в) нема можности | 4 | 2 |
| г) не сум сигурен | 21 | 13 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 9 за мислењата на наставниците за тоа колку развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците*




На ова прашање 65% од наставниците односно најголемиот дел од наставниците одговориле дека развојниот план дава многу можности за воспитен развој на учениците. Од друга страна, пак 20% од испитаниците одговориле дека развојниот план дава малку можности за воспитен развој на учениците. Додека пак, 13% од наставниците не се сигурни за тоа колку развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците.

Согледувајќи ги добиените резултати може да се истакне дека вкупно 33 % од наставниците сметаат дека развојниот план на училиштето дава малку можности за воспитен развој и од друга страна пак дел од наставниците не се сигурни за тоа колку развојниот план дава можности за воспитен развој на учениците.

Овој процент (33%) е околу половина од процентот на добиените одговори на најголемиот дел од наставниците (65%) кои сметаа дека развојниот план дава многу можности за воспитен развој на учениците што упатува на размислување дека дел од истражувачкиот примерок имаат различни ставови по однос на ова прашање. Добиените сознанија упатуваат на

неколку размислувања дали сите наставници активно се вклучени во изработката на развојните планови на училиштата и дали со нивните идеи инкорпорираат во развојните планови содржини кои ќе бидат и во функција на воспитен развој на учениците. Од друга страна, пак се поставува и прашањето колку училиштата навистина ги изработуваат суштински развојните планови и подготвуваат стратегија за актуелизација на воспитната проблематика. Сепак, оние испитаници кои одговориле потврдно на ова прашање се доволни за да утврдиме дека развојниот план во училиштата дава многу можности за воспитен развој на учениците, доколку во него има содржини кои ќе се реализираат и ќе придонесат за поддршка на воспитната дејност на училиштата.

Со цел да се дознае какви се ставовите на наставниците, односно кое е мислењето на наставниците за тоа кои елементи од годишната програма за работа на училиштата најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој на учениците, поставено е тринаесеттото прашање при што наставниците требаше да ги оценат со од 1 до 10, при што 10 означува најмногу придонесува, а 1 најмалку придонесува.

*Табела бр. 10 за мислењата на наставниците за тоа кои елементи од годишната програма за работа на училиштата најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој*

| Елементи од годишната програма за работа на училишта | % | ранг |
|---|---|---|
| 1. Приоритети | 7,17 | IX |
| 2. Структура | 11,40 | III |
| 3. Услови | 11,76 | II |
| 4. Следење, вреднување и унапредување | 11,25 | IV |
| 5. Соработка на училиштето со локалната средина | 7,38 | VIII |
| **6. Соработка со родителите** | 13,35 | I |
| 7. Годишна програма за работа на директор | 6,72 | X |
| 8. Годишна програма за работа на педагог | 9,60 | VII |
| 9. Годишна програма за работа на психолог | 9,81 | VI |
| 10. Програма за превенција на насилството | 10,56 | V |
| 11. Погрешно рангирал | 0,74 | / |
| Вкупно | 100 | / |

*Графикон бр. 10 за мислењата на наставниците за тоа кои елементи од годишната програма за работа на училиштата најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој*




Од добиените податоци (прикажани на графиконот 10) може да се согледа дека 13,35% од испитаниците сметаат дека соработката со родителите како елемент во годишната програма најмногу може да придонесе за зајакнување на воспитниот развој на учениците. Потоа 11,76% од истражувачкиот примерок смета дека тоа се условите за остварување на воспитно образовниот процес, па потоа (11,40%) сметаат дека тоа е структурата на воспитно образовната дејност, четврт елемент според испитаниците е следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната дејност и како петти елемент со 10,56 % од испитаниците доколку направиме рангова скала е програмата за превенција на насилството во училиштето.

На ранг скалата веднаш потоа следуваат : годишната програма за работа на психологот со 9,81%, годишната програма за работа на педагогот 9, 60 %, приоритетите (7,17%), соработка на училиштето со локалната средина (7,38%), годишна програма за работа на директорот (6,72%).

Со осмото, деветтото и десетто прашање од прашалникот-скалер наменет за наставниците имавме за цел да дознаеме какви се ставовите и мислењата на наставниците во однос на тоа колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето, потоа колку родителите се отворени за соработка во однос на воспитниот развој на децата, како и за начинот на кој наставниците соработуваат со родителите.

*Табела бр. 11 за мислењата на наставниците за тоа колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето*

| 8. Колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) многу | 17 | 10 |
| б) малку | 120 | 73 |
| в) воопшто не се интересираат | 9 | 5 |
| г) друго | 19 | 12 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 11 за мислењата на наставниците за тоа колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето*



Осмото прашање е од комбиниран тип. Од добиените податоци (прикажани на графиконот 8) може да се види дека најголемиот дел од наставниците и тоа со многу висок процент, односно дури 73,91% од наставниците одговориле дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето. Овие податоци упатуваат на размислување за причините поради кои наставниците се определиле за оваа алтернатива. Дел од наставниците (11, 97%) се определиле за одговорот друго, односно можеби при изборот на оваа алтернатива всушност наставниците наведуваат можеби и дел од причините поради кои. родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето ) и притоа ги навеле следните одговори : „колку што се во можност“, „понекогаш“, „различен процент многу се интересираат или пак воопшто не се интересираат“, „најчесто не сакаат да се соочат со проблемите“, „интересот е индивидуален зависно од родителите“, „потребно е повеќе да се интересираат“, „поединци многу за разлика од други кои што воопшто не се заинтересирани“, „интересот кај различни родители се разликува“, „различно е кај родителите не е исто кај сите“, „немаат време“, „на деновите на средба од скоро 400 ученици се појавуваат едвај десетина родители“.

Од друга страна пак, анализирајќи ги добиените податоци може да се истакне дека само мал дел од испитаниците (9,78% ) сметаат дека родителите многу се интересираат, но не треба да се занемарат и одговорите добиени од 4,34 % од истражувачкиот примерок кои наведуваат дека родителите воопшто не се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето.

Резултатите на ова прашање упатуваат на следните заклучни сознанија дека најголемиот дел од наставниците односно 73,91 % сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето. Доколку на овие одговори се додаде и процентот од (4,34%) од испитаниците кои се определиле за алтернативата родителите воопшто не се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето, добиваме многу висок процент 78,25% од испитаниците кои се определиле за овие две алтернативи.

Заклучните сознанија упатуваат на размислување дека за овој висок процент 78.25 % постојат повеќе причини кои можат да се согледаат и во одговорот друго и пред сѐ наставниците ги истакнуваат следните: немањето време на родителите поради презафатеноста, како и не

сакањето да се соочат со проблемите и да им помогнат на нивните деца во решавањето на истите.

*Табела бр. 12 за мислењата на наставниците за тоа колку родителите се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата*

| 9. Колку родителите се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) многу | 17 | 9,78 |
| б) малку | 76 | 45,65 |
| в) отворени се ама немаат време да остварат контакт | 71 | 43,48 |
| г) не се отворени затоа што почитуваат авторитети | 1 | 1,09 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 12 за мислењата на наставниците за тоа колку родителите се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата*




Може да се забележи дека по однос на ова прашање постои статистички значајна разлика во ставовите кои ги изразиле наставниците, па затоа е пресметан и хи-квадрат.

Табела бр. 13

| ставови | fo | ft | fo-ft | $(fo\text{-}ft)^2$ | $(fo\text{-}ft)^2/ft$ |
|---|---|---|---|---|---|
| многу | 17 | 41,25 | -24,25 | 588,06 | 14,25 |
| малку | 76 | 41,25 | 34,75 | 1207,56 | 29,27 |
| отворени се ама немаат време да остварат контакт | 71 | 41,25 | 29,75 | 885,06 | 21,45 |
| не се отворени затоа што почитуваат авторитети | 1 | 41,25 | -40,25 | 1620,06 | 39,27 |

$x^2$ =104,24 df=3 p 0.05=7,815 p 0.01=11,341

Од пресметката може да се забелжи дека постои статистички значајна разлика меѓу ствовите кои ги дале испитаниците на ниво на значајност на 0,01. Ова не тера да се посомневаме во објективноста при одговарањето на прашањата од страна на наставниците.

Притоа, по однос на прашањето колку родителите се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата од добиените податоци на ова прашање можеме да согледаме дека 45,65% од наставниците одговориле дека родителите малку се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата. Овие податоци одат во прилог на одговорите добиени на претходното прашање каде 73,91 % од испитаниците сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето. Доста висок е и процентот (43,48 %) на оние наставници кои одговориле дека родителите се отворени, ама немаат време да остварат контакт. Доколку овие податоци се разледуваат и компарираат заедно со податоците добиени на претходното прашање, забележуваме дека при изборот на алтернативата друго, кај 11,97% од испитаниците како една од есенцијалните причини за тоа колку родителите се интересираат за воспитниот развој на учениците, истражувачкиот примерок како причина ја истакнува - немањето време на родителите поради презафатеноста. Интересен е и фактот што мал дел од испитаниците 1,09 % кој што треба да го споменеме се определил и за алтернативата родителите не се отворени затоа што почитуваат авторитети што упатува на размислување и за авторитарниот стил кој што можеби го користат тие или пак го користеле нивните родители.

*Табела бр. 13 за мислењата на наставниците за тоа* на кој начин соработуваат со родителите

| 10. Наведете на кој начин соработувате со родителите (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) на родителски состаноци | 47 | 28,26 |
| б) на индивидуални состаноци | 105 | 64,13 |
| в) писмени известувања | 3 | 2,17 |
| г) на друг начин | 10 | 5,44 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 13 за мислењата на наставниците за тоа* на кој начин соработуваат со родителите




Со десеттото прашање од прашалникот – скалер испитувавме на кој начин наставниците соработуваат со родителите. Податоците (прикажани на графиконот 13) покажуваат дека мнозинството од наставниците односно дури 64,31 % од наставниците се изјасниле дека со родителите соработуваат пред сè на индивидуални состаноци. Од друга страна пак 28,26 % од

истражувачкиот примерок истакнале дека со родителите соработваат на родителските состаноци, додека пак само 2,17 % од испитаниците тоа го прават преку писмени известувања, а 5,44 % на друг начин. Значи најголемиот дел од испитаниците соработката со родителите ја остваруваат на индивидуалните состаноци.

Заклучните сознанија на овие три прашања кои им беа поставени на наставниците за интересот на родителите за воспитниот развој на нивните деца упатуваат на повеќе размислувања кои произлегуваат од фактот што најголемиот дел од наставниците сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето, малку се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата и соработката со родителите е пред сè на индивидуалните состаноци. Како причини можат да се истакнат: немањето време на родителите поради презафатеноста на работа, почитувањето на авторитети што упатува на размислување и за авторитарниот стил кој што можеби родителите го користат или пак го користеле нивните родители, како и не сакањето да се соочат со проблемите и да им помогнат на нивните деца во решавањето на истите.

Со единаесеттото прашање од прашалникот-скалер наменет за испитување на ставовите и мислењата на наставниците, сакавме да дознаеме кое е мислењето на наставниците за воведувањето на т.н. родителски школи, односно Советувањето на родителите.

*Табела бр. 14 за мислењата на наставниците за* воведувањето на т.н. родителски школи односно Советувањето на родителите:

| 11. Според Ваше мислење, воведувањето на т.н. родителски школи односно Советувањето на родителите е (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) добро решение | 96 | 57,61 |
| б) родителите немаат време да посетуваат такви школи | 16 | 9,78 |
| в) родителите сами знаат да ги воспитуваат децата | 2 | 1,09 |
| г) не сум сигурен/на дека тоа е вистинско решение за проблемот | 51 | 31,52 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 14 за мислењата на наставниците за* воведувањето на т.н. родителски школи односно Советувањето на родителите:




Ставовите и мислењата на наставниците за воведувањето на т.н родителски школи односно Советувањето на родителите се различни. Од добиените одговори прикажани на графиконот 11 може да се забележи дека 57, 61% од испитаниците сметаат дека воведувањето на т.н родителски школи односно Советувањето на родителите е добро решение. Од друга страна пак, дури 31,52 % од истражувачкиот примерок не се сигурни дека тоа е вистинското решение за проблемот. Додека пак 9,78 % од испитаниците сметаат дека родителите немаат време да посетуваат такви школи. Овие одговори одат во прилог на констатациите од претходните прашања и од добиените одговори кадешто една од причините за тоа дека родителите малку се заинтересирани за воспитниот развој на учениците е немањето време.

Само 1, 09% од истражувачкиот примерок навеле дека родителите сами знаат да ги воспитуваат своите деца. Сепак, може да се истакне дека над 55% односно (57,61%) т.е повеќе од половина од испитаниците сметаат дека воведувањето на т.н родителски школи, односно Советувањето на родителите е добро решение.

Дванаесеттото прашање се надоврзува единаесетото прашање каде го испитувавме мислењето на наставниците за воведувањето на парични казни за родителите.

*Табела бр. 15 за мислењата на наставниците за воведувањето на т.н. родителски школи односно Советувањето на родителите:*

| 12. Според Ваше мислење, воведувањето на парични казни за родителите е (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) добро, бидејќи дисциплината може да се постигне само со казнување | 45 | 27,17 |
| б) не е добро во овие економски услови | 25 | 15,22 |
| в) можни се и други начини за решавање на проблемот | 95 | 57,61 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 15 за мислењата на наставниците за воведувањето на т.н. родителски школи односно Советувањето на родителите:*




На прашањето за воведување на парични казни за родителите 57,61 % од наставниците сметаат дека можни се и други начини за решавање на проблемот, а додека пак 27,17 % од наставниците сметаат дека е добро, бидејќи дисциплината може да се постигне само со казнување. И 15,22 % од испитаниците навеле дека воведувањето на парични казни за родителите не е добро во овие економски услови.

Ставовите на наставниците по однос на ова прашање се поделени. Пред сѐ интересен е податокот што скоро една третина од наставниците сметаат дека воведувањето на парични казни за родителите е добро, бидејќи дисциплината може да се постигне само со казнување. Но, се поставува прашањето дали навистина паричната казна за родителот би влијаела врз дисциплинираното однесување на ученикот, односно, дали доколку родителот ја плати оваа казна навистина ученикот ќе биде дисциплиниран или пак сето ова ќе има и дополнителни позитивни или пак негативни ефекти врз однесувањето на ученикот, како и врз однесувањето на родителот кон училиштето, наставникот и ученикот.

Сепак повеќе од половина (57,61% ) од истражувачкиот примерок наведуваат дека можни се и други начини за решавање на проблемот наместо воведување на парични казни за родителите.

**Од глобалниот преглед на добиените податоци може да се констатираат повеќе заклучни согледувања за мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците.**

**Првото заклучно согледување е дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека недисциплината и недисциплинираното однесување на учениците на часовите е најчест воспитен проблем кој се јавува во училиштето.**

**Согласно добиените рангови и анализирајќи го и второто прашање може да се констатира дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека најчест воспитен проблем поврзан со нивната воспитна работа е недисциплината којашто е проследена со недисциплинирано однесување од страна на учениците за време на часовите како на пример („недолични коментари од страна на учениците“) .**

**Недисциплината во училиштата сеуште не се третира како проблем, иако во реални услови согласно добиените податоци, сѐ повеќе станува проблем. Но, тука треба да се постави и прашањето кои се причините за недисциплинираноста на учениците: дали е здодевноста пред се заради недоволно артикулираните активности во согласност со развојните карактеристики и потребите на учениците од страна на наставниците или пак предолга вербална доминација на наставникот, преобемни наставни содржини или пак можеби се некои емоционални проблеми кои ги имаат учениците во овој развоен период и**

често сакаат да го насочат вниманието кон себе. Но, дали навистина за нивното однесување се виновни самите ученици или пак тоа се наставниците, или пак нивните родители.

Од добиените сознанија може да се утврди дека „топката“ е префрлена на страната на родителите бидејќи наставниците сметаат дека приоритетен проблем за решавање е развивање на воспитните компетенции на родителите, ова дотолку повеќе што тие сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца. Сепак пред сѐ акцентот треба да биде ставен во насока на пронаоѓање ефикасни решенија на проблемот.

Партнерство и соработка со родителите е решение од суштинско значење и подразбира позитивен пристап, кој значи пофалба и охрабрување на посакуваното однесување на учениците, меѓусебна љубов и почит за да можат учениците да ги разберат причините заради коишто треба да се однесуваат на одреден начин. Казнувањето треба да биде последен излез.

Според мислењата на наставниците, развивањето на воспитни компетенции на родителите е број еден приоритетен воспитен проблем за решавање, потоа е толеранцијата како општествен феномен, здравствената култура, меѓуетничките односи и еколошките проблеми.

Но, децата учат имитирајќи го поведението на другите, а тоа вклучува имитирање и на родителите но, и на наставниците. Затоа, неопходно е развивање на воспитни компетенции на родителите, наставниците и педагошко-психолошката служба преку одржување на обуки и работилни за теми: Животни вредности, Воспитание и образование, Позитивна дисциплина, Почитување, Толеранција, Семејството и училиштето под мотото – Работиме заедно, кои се специфични за воспитната проблематика и кои треба да придонесат и да бидат во функција на воспитен развој на учениците.

Овие заклучни согледувања одат во прилог на хипотезата која гласи: Воспитните проблеми со кои се соочува училиштето се разновидни по карактер и содржина и ја потврдуваат истата.

Следното заклучно согледување е дека наставниците најчесто се справуваат со воспитните ситуации преку разговор, советување и укажување на учениците и најголем дел од наставниците со оцена 4 истакнуваат дека целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците.

Оттука треба да се истакне дека социјалните вештини на наставниците имаат пресудно значење и се темелот при воспоставувањето на добра и пријателска атмосфера во училницата, односно тие секогаш треба да се трудат и да им помагаат во решавањето на проблемите, односно првично треба да ја дијагностицираат причината и да понудат соодветно решение.

И покрај тоа што наставниците наведуваат различни предмети чии цели сметаат дека се компатибилни за воспитен развој на учениците, сепак најголемиот дел од наставниците сметаат дека целите од наставниот предмет по македонски јазик се најкомпатибилни за воспитен развој на учениците, потоа следни на ранг листата се целите на наставниот предмет физичко и здравствено образование и трети на ранговата скала се целите на наставниот предмет етика.

За зајакнување на воспитната компонента, неопходно е и целите на наставните програми да кореспондираат со можноста и целната поставеност на сите наставни програми со експлицитно наведени и многубројни воспитни елементи кои треба да кореспондираат со воспитните потреби и со развојните можности на учениците. Акцентот треба да е ставен на сите наставни предмети, а не само на поедини наставни предмети. Посебно тука треба да се нагласи зајакнувањето на воспитната компонента во природната група на наставни предмети, каде што од направената анализа во понатамошниот дел од трудот се утврдува дека акцентот во наставните програми е ставен на образовната компонента.

Според добиените резултати може да се констатира дека повеќе од 2/3 од наставниците, односно најголемиот дел од наставниците одговориле дека развојниот план на училиштето дава многу можности за воспитен развој на ученицитте. Развојното планирање значи позитивни квалитативни промени во училишниот живот и работа. Притоа училиштето треба да биде иницијатор, носител на активностите, промотор,

евалуатор на сопствениот развој и сите активности да бидат во функција на воспитен развој на учениците. Задачи кои треба да се интегрираат во развојните планови се: да им се овозможи на учениците емоционален и социјален развој, да се негува правилен физички развој, да се развива кај учениците еколошката свест и да им се овозможи оптимален развој на сите ученици, уважувајќи ги притоа индивидуалните потенцијали и можности.

Анализирајќи ги резултатите од прашањето за кои елементи во годишната програма најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој на учениците можеме да воочиме дека 13,35 % од испитаниците сметаат дека соработката со родителите како елемент во годишната програма најмногу може да придонесе за зајакнување на воспитниот развој на учениците. Потоа 11,76% од истражувачкиот примерок смета дека тоа се условите за остварување на воспитно образовниот процес, па потоа (11,40%) сметаат дека тоа е структурата на воспитно образовната дејност, четврт елемент според испитаниците е следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната дејност и како петти елемент со 10,56 % од испитаниците доколку направиме рангова скала, е програмата за превенција на насилството во училиштето.

Во врска со поставените прашања на наставниците за соработката со родителите и нивното вклучување во процесот на воспитно делување на училиштето, резултатите упатуваат на следните заклучни сознанија дека најголемиот дел од наставниците, односно речиси 3/4 сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето. Доколку на овие одговори се додаде и процентот од (5 %) од испитаниците кои се определиле за алтернативата родителите воопшто не се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето, добиваме многу висок процент 78 % од испитаниците кои се определиле за овие две алтернативи.

Заклучните согледувања упатуваат и на размислување дека за овој висок процент постојат повеќе причини кои можат да се согледаат и во одговорот друго и пред сè наставниците ги истакнуваат следните: недостаток од време на родителите поради презафатеноста, како и не сакањето да се соочат со проблемите и да им помогнат на нивните деца во решавањето на истите. Дел од одговорите на наставниците се и: различен процент многу се интересираат, или пак воопшто не се интересираат; на деновите на

средба од скоро 400 ученици се појавуваат едвај десетина родители. Во прилог на овие заклучоци се и резултатите според кои една половина од наставниците одговориле дека родителите малку се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата.

Заради недостатокот од време на родителите, семејните врски се слаби и сето ова резултира со тоа што учениците не гледаат личности во домот на коишто можат да се потпрат. Токму поради овие причини децата чувствуваат несигурност, а неприсуството на родителите се компензира со купување на скапи работи, компјутери, мобилни телефони, часовници и сето ова доведува до формирање на еден маѓепсан круг и занемарување на воспитната компонента.

Недостатокот од време на родителите иако е резултат на новото динамично време, сепак и родителите, но и наставниците кои понекогаш се сметаат за „втори" родители, треба да изнајдат соодветни решенија за да учениците не се чувствуваат занемарени, посебно за време на пубертетот, развоен период кој е од клучно значење за понатамошниот развој на личност, период кој може да доведе до појава на агресија и своеволност кај децата.

Во врска со родителските школи, најголемиот дел од испитаниците сметаат дека воведувањето на т.н родителски школи, односно Советувањето на родителите е добро решение. Но, скоро една третина од истражувачкиот примерок не се сигурни дека тоа е вистинското решение за проблемот и една десетина од испитаниците сметаат дека родителите немаат време да посетуваат такви школи. Овие одговори одат во прилог на констатациите од претходните прашања и од добиените одговори кадешто една од причините за тоа дека родителите малку се заинтересирани за воспитниот развој на учениците е немањето време.

Воведувањето на програмата за Советување на родителите е со цел создавање на партнерски односи и споделување на одговорност за создавање услови за непречен раст и развој на децата пред сè, со меѓусебна доверба, комуникација и соработка. Согласно добиените можеме да утврдиме дека мислењето на наставниците е дека поактивното вклучување на родителите во развојот придонесува за задоволување на низа социјални, емоционални, физички и училишни потреби на децата.

Иако советувањето во моментот е законска обврска само за родители чии деца имаат одреден вид проблеми во училиштето, во смисла на нередовно посетување настава, намалување на успехот во учењето и/или манифестирање разни форми на несоодветно однесување, потребно е во советувањето да бидат вклучени континуирано сите родители заедно со наставниците, педагошко-спихолошката служба и неговата цел да не е само надминување на актуелните тешкотии, туку и развивање свесност за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно би влијаеле во однос на квалитетот на животот на детето и на неговите училишни постигнувања.

Истовремено, може да се констатира дека на родителите, наставниците и педагошко-психолошката служба им се потребни информации, совети и поддршка за да можат успешно да се справат со предизвиците што произлегуваат од развојните промени и од искуствата што ги стекнуваат децата. Неопходно е стручно информирање, поддршка и советување за поуспешно идентификување и надминување на низа специфични проблеми. Советувањето треба да е проследено и со низа на обуки и работилници кои би можеле да помогнат подобро да се разберат потребите на децата, нивниот развој и однесувањето и да пронајдат одговори на низа дилеми и прашања. Низ советувањето, обуките и работилниците учесниците ќе научат да применуваат квалитетни и соодветни воспитни постапки и да го поттикнуваат развојот на хуманите потенцијали и способности кај децата.

Што се однесува до прашањето за воведување на паричните казни за родителите, ставовите на наставниците се поделени. Пред сè интересен е податокот што скоро една третина од наставниците сметаат дека воведувањето на парични казни за родителите е добро, бидејќи дисциплината може да се постигне само со казнување. Но, се поставува прашањето дали навистина паричната казна за родителот би влијаела врз дисциплинираното однесување на ученикот, односно дали доколку родителот ја плати оваа казна навистина ученикот ќе биде дисциплиниран или пак сето ова ќе има и дополнителни позитивни или пак негативни ефекти врз однесувањето на ученикот, како и врз однесувањето на родителот кон училиштето, наставникот и ученикот.

Со измените во Законот за основно образование, предвидени се и парични казни од 200 до 700 евра за родителите коишто нема да дојдат кај психологот и педагогот на

**советување доколку учениците нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување и согласно добиените резултати наставниците по однос на ова прашање се со поделени ставови. Оние испитаници кои одговориле дека ова решение е добро упатуваат на размислување дали сето тоа не би имало некаков контраефект и лоши последици или навистина тогаш учениците ќе бидат дисциплинирани.**

**Истовремено упатува и на размислување за избор на соодветни критериуми за одредување на износот на паричната казна, согласно просечната плата во нашата земја.**

**На крајот заклучните согледувања упатуваат на размислување за зајакнување на воспитната дејност на училиштата што подразбира вклучување на родителите во целокупниот воспитно-образовен процес преку взаемно информирање за состојбите, промените и за сето она што им се случува на учениците во училиштата, посеба стручна работа со семејствата во кои настануваат структурни промени-развод, отсуство на родител или пак некакви конфликтни ситуации или насилство.**

**3.2.Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот скалер за испитување на воспитните компетенции на наставниците**

Со цел да се испитаат ставовите на наставниците за воспитните компетенции беа анкетирани 165 наставници од 11 основни училишта во Скопје. Овој прашалник скалер наменет за наставниците е составен од 14 прашања од отворен и затворен тип. Првото прашање од овој прашалник скалер се однесува на тоа колку наставниците сметаат дека во текот на нивното додипломско образование имаат стекнато способности за воспитен развој на учениците. Притоа добиените податоци прикажани се на табела 16 и графиконот 16:

*Табела бр. 16 за мислењата на наставниците за тоа дали во текот на нивното додипломско образование имате стекнато доволно способности за воспитен развој на учениците*

| **1. Според Ваше мислење, дали во текот на Вашето додипломско образование имате стекнато доволно способности за воспитен развој на учениците (заокружете еден од одговорите):** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а) да, сосема доволно | 115 | 70 |
| б) ми треба поддршка на овој план | 19 | 12 |
| в)сосема малку | 16 | 10 |
| г) друго | 11 | 7 |
| д) не одговориле | 4 | 3 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 16 за мислењата на наставниците за тоа дали во текот на нивното додипломско образование имате стекнато доволно способности за воспитен развој на учениците*



Табела бр. 17

| ставови | fo | ft | fo-ft | $(fo-ft)^2$ | $(fo-ft)^2/ft$ |
|---|---|---|---|---|---|
| да, сосема доволно | 115 | 33 | 82 | 6724 | 203,76 |
| ми треба поддршка на овој план | 19 | 33 | -14 | 196 | 5,94 |
| сосема малку | 16 | 33 | -17 | 289 | 8,76 |
| друго | 11 | 33 | -22 | 484 | 14,66 |
| не одговориле | 4 | 33 | -29 | 841 | 25,48 |

$x^2 = 258{,}6$ df=4 p 0.05=9,49 p 0.01=13,23

Од добиените одговори (прикажани на графиконот 16) може да се констатира дека (приближно 70% ) од истражувачкиот примерок сметаат дека во текот на нивното додипломско образование имаат стекнато сосема доволно способности за воспитен развој на учениците односно се определиле за првата алтернатива. Од друга страна пак, 12 % истакнале дека им треба поддршка на овој план и близу 10 % навеле дека сосема малку имаат стекнато способности за воспитен развој на учениците.

Во врска со одговорите на ова прашање може да се воочи дека и покрај тоа што околу 12% од испитаниците сметаат дека им треба поддршка на овој план и 10% од нив сметаат дека малку имаат стекнато способности за воспитен развој на учениците, сепак најголемиот дел од наставниците (околу 70%) сметаат дека во текот на нивното додипломско образование имаат стекнато сосема доволно способности за воспитен развој на учениците.

Може да се забележи дека по однос на ова прашање постои разлика во ставовите кои ги изразиле наставниците, па затоа е пресметан и хи-квадрат. Разликата е посебно кај оние наставници кои одговориле дека им треба поддршка во однос на способностите кои ги стекнале на додипломско ниво и оние кои одговориле дека сосема малку стекнале способности за воспитен развој на учениците за време на додипломските студии. Ова не упатува на размислување за објективноста при одговарањето на наставниците на ова прашање.

Со цел да се дознае какви се ставовите на наставниците во однос на дополнителни обуки за зајакнување на нивните воспитни компетенции им поставивме прашање за тоа дали им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции.

*Табела бр. 18 за мислењата на наставниците за тоа дали сметаат дека им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на Вашите воспитни компетенции*

| **2. Дали сметате дека Ви се потребни дополнителни обуки за зајакнување на Вашите воспитни компетенции (заокружете еден од одговорите):** | f | % |
|---|---|---|
| а) да, секако | 37 | 23 |
| б) може но, не се неопходни | 92 | 56 |
| в) не ми се потребни | 34 | 21 |
| г) друго | 0 | 0 |
| Вкупно | 163 | 100 |

*Графикон бр. 17 за мислењата на наставниците за тоа дали сметаат дека им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на Вашите воспитни компетенции*



Табела бр.19

| ставови | fo | ft | fo-ft | $(fo-ft)^2$ | $(fo-ft)^2/ft$ |
|---|---|---|---|---|---|
| **да, секако** | 37 | 40,75 | -3,75 | 14,06 | 0,345 |
| **може, но не се неопходни** | 92 | 40,75 | 51,25 | 2626,56 | 64,456 |
| **не ми се потребни** | 34 | 40,75 | -6,75 | 45,56 | 1,118 |
| **друго** | 0 | 40,75 | -40,75 | 1660,56 | 40,750 |

$x^2$ =106,67 df=3 p 0.05=7,815 p 0.01=11,341

Табела 19

Од одговорите (прикажани на графиконот 17) во однос на поставеното прашање за потребата од дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции, најголемиот дел, односно 56 % од испитаниците одговориле дека им се потребни но, не им се неопходни, додека пак 23 % одговориле секако дека им се потребни. Притоа можеме да заклучиме дека вкупниот збир, односно приближно 80% од испитаниците сметаат дека им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции, но дел нагласуваат дека не им се неопходни.

Исто така, може да се забележи дека и на ова прашање постои разлика во ставовите кои ги изразиле наставниците, па затоа е пресметан и прикажан хи – квадрат при што забележуваме статистички значајна разлика во одговорите и на ниво од 0.01.

Наредното прашање наменето за наставниците е со цел подлабоко да ги испитаме нивните ставови за интересот за зајакнување на нивните компетенции за воспитна работа, при што наставниците со оцена од 1-5 се определуваа **така што оцената 1 означува најмал интензитет, а 5 најголем интензитет** и притоа добиени се следните резултати:

*Табела бр. 19 за мислењата на наставниците во врска со нивниот интерес на наставниците за зајакнување на компетенциите за воспитна работа*

| Ранг листа | Интерес на наставниците за зајакнување на компетенциите за воспитна работа |
|---|---|
| I | 5 |
| II | 4 |
| III | 3 |
| IV | 2 |
| V | 1 |

*Графикон бр. 18 за мислењата на наставниците во врска со нивниот интерес на наставниците за зајакнување на компетенциите за воспитна работа*




Од одговорите може да се согледа дека 44,56 % од испитаниците со оцена 5 го оценуваат нивниот интерес за зајакнување на нивните компетенции за воспитна работа. Доколку на овие податоци се надоврзат и податоците од претходното прашање каде околу 80% од испитаниците сметаат дека им се потребни дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции можеме да констатираме дека наставниците имаат голем интерес за зајакнување на нивните компетенции за воспитна работа.

На прашањето - Според Ваше мислење кои се најефикасните форми за развој на Вашите воспитни компетенции согласно рангираните одговори 21, 58% од наставниците одговориле дека тоа се обуките, па потоа семинарите (со 20,29 %), работилниците со 19,91 %, па специјализациите (18,13 % од наставниците се изјасниле за нив и на крајот 17,63 % одговориле дека како најефикасна форма за воспитен развој на нивните воспитни компетенции е користењето на стручната литература.

*Табела бр. 20 за мислењата на наставниците за тоа кои се најефикасни форми за развој на воспитните компетенции на наставниците*

| Ранг листа | Кои се најефикасни форми за развој на воспитните компетенции на наставниците |
|---|---|
| I | Обуки |
| II | Семинари |
| III | Работилници |
| IV | Специјализации |
| V | Користење на стручна литература |

*Графикон бр. 19 за мислењата на наставниците за тоа кои се најефикасни форми за развој на воспитните компетенции на наставниците*



За да напредува професионално, наставникот мора да биде мотивиран за стручно усовршување и промени во образованието, за креирање услови за активно учење и инклузивно образование, за вреднување на резултатите и развој на ученикот и ефикасноста од постапките, методите, облиците кои се користат во воспитно-образовната работа. Преку усовршување и напредување улогата на наставникот се менува и од предавач тој е во улога на водител, дијагностичар, инструктор на активно учење и активна настава, координатор, креатор на новите интерперсонални односи, гради емоционална, социјална и работна атмосфера во одделението, а улогата на ученикот од пасивен слушател се менува во активен учесник во наставата. Оттука и добиените податоци ги наведуваат и најефикасните форми за развој на воспитните компетенциите на наставниците, а тоа се пред се обуките, семинарите и работилниците на теми поврзани со воспитната проблематика.

Од вториот прашалник скалер за наставниците петото прашање е од отворен тип и се однесува на предлог теми/области кои наставниците би сакале да се организираат во нивното училиште со цел зајакнување на нивните воспитни компетенции. Имено, наставниците најчесто ги навеле следните предлог теми : Зајакнување на вредностите на воспитанието на учениците преку образованието; Одговорност и самодоверба; Справување со невоспитаните ученици; Како да се надминат воспитните проблеми кај учениците, Справување со конфликти; Толеранција; Вештини за комуникација; Справување со недисциплина; Решавање на конфликти со разговор; Начини како да им се пристапи на проблематичните деца; Работа со хиперактивни деца; Справување со насилство; Елиминација на агресивното однесување и почитување на авторитети; Тема поврзана со тинејџери; Девијантно однесување меѓу учениците; Воспитание во образованието; Реституција, Решавање на меѓуетнички конфликт; Домашното воспитание-клучен фактор во однесувањето на децата; Меѓуетничките разлики и нетрпеливоста како проблем; Животни вредности; Позитивна дисциплина; Самопочитување; Семејството и училиштето под мотото „Работиме заедно". Доколку се обидеме да направиме категории од овие предлози би ги добиле следните предлози за модели на работилници: **1. Како да се справат наставниците со недисциплината и недисциплинирано однесување на учениците, 2.Моралните вредности, воспитанието и тинејџерите, 3.Семејството и училиштето - клучни фактори за правилно воспитание, 4.Решавање на конфликти.** Значи добиваме 4 категории на теми кои им се слаби алки на наставниците и за кои можат да се изработат дидактички модели на работилници во функција на воспитен развој на учениците.

Првата категорија, односно **справувањето со недисциплината и недисциплинираното однесување на учениците** согласно нивните досегашни одговори им е навистина слаба алка на наставниците. Во изминатиов период, сè повеќе и во печатените и во визуелните медиуми можеме да прочитаме и слушнеме дека некој „наставник истепал ученик поради недисциплина" , „професор удрил ученик поради недисциплина", некаде дури „професор со тупаници натепал ученик" или „ученик пријавил дека е претепан од наставник" што е навистина лошо и може да предизвика сериозни последици кај учениците, посебно кај оние ученици кои се наоѓаат во фаза на пубертетот. Да се направи правилен и вистински избор, и да се одбере соодветен начин како да им се пристапи на учениците кои се однесуваат недисциплинирано треба да биде предизвик за секој наставник за да не се случуваат вакви неубави настани. Наставниците треба да бидат свесни дека учениците имаат големо чувство за тоа што е фер, а што не е и треба да се однесуваат правично кон сите ученици - без исклучок, доколку сакаат и тие да ги почитуваат. Часовите и предавањата можат да вродат со плод единствено ако уште од почетокот наставниците стават на знаење дека се луѓе кои веруваат и очекуваат многу од своите ученици.

**Моралните вредности, воспитанието и тинејџерите** се втората категорија согласно одговорите на наставниците и се од особено значење за воспитен развој на учениците. Наставниците треба да знаат дека со вредностите секој човек ги изразува своите интереси, желби и стремежи, тие се духовен елемент со којшто тој ги поттикнува своите сили и ги оправдува своите настојувања. Познавањето на моралните вредности е значајно и за наставниците, педагозите, психолозите, но и за учениците и родителите. Моралните вредности зборуваат за што се застапуваме, кон што сме свртени, што ни се допаѓа и што сакаме да ни се случи - но и што нам ни е спротивно и за што немаме разбирање и го отфрламе. Тие се израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување.

Секојдневно гледаме дека луѓето сè повеќе ги губат моралните вредности во борбата за опстанок. „Тие" се повеќе се зафатени со самите себе си , живеат во некој посебен свет или пак животот го идеализираат во нешто што не е, а всушност што би сакале да е. Во последно време децата, учениците поради „зафатеноста на родителите" се препуштени сами на себе, на влијанието на медиумите, на средината но, и на училиштата, на наставниците. Оттука е особено значајно, наставниците и стручната служба да влијаат на учениците во позитивна смисла, давајќи им правилни насоки за животот и за секојдневието. Затоа е важно да се изработат дидактички модели на работилници и за овој аспект бидејќи моралните вредности го

подразбираат и тоа дека човекот пред сè за да биде човек треба да биде искрен, лојален, вреден и да знае да почитува за да го почитуваат.

Семејството е основа и ориентациона потпора за децата, учениците и тоа е прво кое треба да ја започне „битката“ против несоодветното однесување кај младите. Но, во ова динамично време родителите се свртени кон егзистенцијата и немаат доволно време да им посветат на децата се одговорите на наставниците и „отсуството на физичкото и психичкото присуство на родителите често се надополнува во врсничките групи“. Сепак, тука се и медиумите кои влијаат врз човековото однесување, и уште од мала возраст оставаат траги врз однесувањето на децата. Интернетот, а особено игрите полни со агресивност и насилство, како и мобилните телефони не ретко доведуваат до формирање погрешни ставови за темелните вредности.

Во овој контекст, согласно предлозите на наставниците потребно е развивање на **дидактички модели на работилници на теми за семејството и за училиштето, односно за наставниците како едни од клучните фактори за правилно воспитание на децата**, учениците. Родителите треба одговорно да се запрашаат што прават нивните деца во училиште или надвор, наставниот кадар и стручната служба треба да си го постави прашањето зошто се случуваат постојано инциденти со насилство и како да се надминат. Важно е да добијат одговори какви морални вредности треба да се изградат и да се свртат кон децата , кон учениците за да им се помогне да ја одберат вистинската животна насока.

Конфликтите се неизбежен дел на нашето секојдневие. Тие се составен дел на односите меѓу луѓето. Често се случуваат конфликти и помеѓу наставник-наставник, наставник-ученик, ученик – ученик, стручната служба, наставник, родител, па дури и меѓу оние кои многу си значат едни на други. Луѓето се склони на конфликтите да гледаат исклучиво како на нешто што е многу лошо, негативно, нешто што треба да се избегне. Но, каков ќе биде исходот од конфликтот и дали тој нужно ќе ги влоши односите меѓу луѓето, зависи од тоа како приоѓаме кон нивното решавање. За сериозно разрешување на конфликтите, секој мора да научи, да води сметка како за своите потреби и интереси така и за потребите и интересите на другиот. Развивањето на ваков дидактички модел на работилница има за цел низ интерактивен пристап преку разни вежби наставниците да научат како да ги надминуваат конфликтите.

Шестото прашање е од отворен тип и наставниците беа запрашани за тоа кои знаења и вештини им се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците. Во следната табела прикажани се ставови дадени од страна на наставниците по однос на ова прашање при што е направена и ранг скала за истите:

*Табела бр. 21 за мислењата на наставниците за тоа кои знаења и вештини им се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците*

| Прашање 6: Наведете кои знаења и вештини Ви се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците | Ставови од наставниците |
|---|---|
| | 1. Вештини за комуникација, толеранција, справување во критични периоди |
| | 2.Трпеливост, подготвеност да се сослушаат учениците |
| | 3.Толерантност, комуникативност, информираност |
| | 4. Авторитет, соработка, разбирање |
| | 5.Сите нови методи и техники, практични примери и сознанија можат да ги подобрат и знаењата и вештините |
| | 6.Со моето работно искуство имам сосема доволно знаења и вештини за да успешно влијаам врз воспитно образовниот процес на учениците |
| | 7. Прецизност, точност, исполнителност |
| | 8. Упорност, соодветно образование |
| | 9. Знаења од областа на :<br>1.Детска психологија ;<br>2. Кодекс на однесување ;<br>3. Социјални проблеми |

По однос на ова прашање наставниците како знаења и вештини кои им се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците како први на ранг скалата ги наведуваат пред се: вештините за комуникација, толеранција и трпеливоста. Добиените резултати на ова прашање, односно знаењата и вештините потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците" можеме да ги групираме во 3 категории и тоа: комуникациски вештини, лични карактеристики и стручни знаења.

| Категорија 1 | Категорија 2 | Категорија 3 |
|---|---|---|
| Комуникациски вештини | Лични карактеристики | Стручни знаења |

Оттука, треба да се истакне дека наставниците согласно категоријата 1 сметаат дека потребно е наставникот да поседува позитивни лични карактеристики и тоа исполнителност, прецизност, точност, упорност. Согласно категоријата 2 од особено значење за наставникот во својата воспитна работа е да ги развива комуникациските вештини како соработка, разбирање, трпеливост, а категоријата 3 се однесува на фактот наставникот да поседува соодветно стручно знаења. Овие три категории кои ги истакнуваат наставниците се од суштинско значење за сите наставници да реализираат успешна работа врз воспитниот развој на учениците. Наставниците мора да задоволат голем број на специфични барања како што се: комплетен состав на општо и стручно образование, интелектуална способност, особини на личноста адекватни за системот на вредности во општеството, висок степен на зрелост, како и високо ниво на лична култура.

Со седмото прашање од прашалникот-скалер испитувавме кое е мислењето на наставниците за тоа дека наставниот процес има големо значење за воспитниот развој на учениците.

*Табела бр. 22 за мислењата на наставниците за тоа дали наставниот процес има големо значење за воспитниот развој на учениците*

| 7.Според Ваше мислење, наставниот процес има големо значење за воспитниот развој на учениците (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) да, секако | 21 | 13 |
| б) може но, не се неопходни | 81 | 49 |
| в) не ми се потребни | 59 | 36 |
| г) друго | 1 | 1 |
| д) не одговориле | 1 | 1 |
| Вкупно | 163 | 100 |

*Графикон бр. 20 за мислењата на наставниците за тоа дали наставниот процес има големо значење за воспитниот развој на учениците*




Според добиените податоци може да се констатира дека 49 % од испитаниците сметаат дека покрај наставниот процес кој има големо значење за воспитниот развој на учениците потребно е вклучување и на други фактори, додека пак 36 % од испитаниците сметаат дека семејството е најзначаен фактор, а само 13 % одговориле дека најмногу наставниот процес има големо значење за воспитниот развој на учениците.

И покрај добиените податоци, се смета дека семејството и училиштето се две клучни средини во кои се одвива животот на децата и младите. Поврзаноста на училиштето со семејството е пресуден фактор за успешна адаптација на училишниот живот, подобри резултати во учењето, усвојување социјални вештини, како и превенција и справување со разни видови ризични и несоодветни однесувања.

Со осмото прашање од прашалникот-скалер се согледува какви се ставовите на наставниците за тоа дали при решавањето на одредени проблеми со учениците соработуваат со стручната служба.

*Табела бр. 23 за мислењата на наставниците за тоа дали при решавањето на одредени проблеми со учениците соработувате со стручната служба*

| 8.Дали при решавањето на одредени проблеми со учениците соработувате со стручната служба (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) секогаш | 56 | 34 |
| б) само во одредени случаи | 96 | 58 |
| в) секогаш можам сам/а да се справам со проблемот | 13 | 8 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 21 за мислењата на наставниците за тоа дали при решавањето на одредени проблеми со учениците соработувате со стручната служба*




Прегледот на податоците (прикажани на графиконот 21) покажува дека при решавањето на одредени проблеми со учениците најголемиот дел од наставниците, односно 58% од нив одговориле дека тоа го прават само во одредени случаи, додека пак 34% од наставниците одговориле дека секогаш соработуваат со стручната служба. Само 8% од истражувачкиот примерок одговориле дека секогаш можат сами да се справат со проблемот и се определиле за третата алтернатива.

Правејќи една компарација со добиените одговори на четвртото прашање од првиот прашалник скалер можеме да истакнеме дека за барањето помош од стручната служба како начин за справување со воспитните проблеми, беа определени 21,50% од наставниците при што можеме да заклучиме дека наставниците во одредени случаи најчесто соработуваат со стручната служба.

Со оглед на добиените податоци може да се воочи дека наставниците во одредени случаи за решавање на одредени воспитни проблеми со учениците соработуваат со стручната служба во училиштето.

Но, овие податоци се малку контрадикторни со оглед на добиените податоци од првото прашање бидејќи таму најголемиот дел од наставниците сметаа дека во текот на нивното додипломско образование имаат стекнато сосема доволно способности за воспитен развој на учениците. Тука се поставува прашањето во кои случаи и при решавањето на кои проблеми наставниците најчесто соработуваат со стручната служба, а сето ова упатува на размислување дека на наставниците сепак и покрај тоа што како што се определиле за алтернативата „дека имаат стекнато сосема доволно способности за воспитен развој на учениците" потребна им е, односно неопходна им е помош, поддршка како и стручно оспособување за решавање на воспитните проблеми со учениците.

Наредните две прашање од овој прашалник се однесуваат на потребата од постојана стручна поддршка во работата на наставниците во функција на воспитниот развој на учениците. Од одговорите на наставниците добиени се следните податоци кои се прикажани на графиконот 22 и 23:

*Табела бр. 24 за мислењата на наставниците за тоа дали сметаат дека им е потребна постојана стручна поддршка во Вашата работа врз воспитниот развој на учениците*

| 9.Дали сметате дека Ви е потребна постојана стручна поддршка во Вашата работа врз воспитниот развој на учениците (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) да, секако | 35 | 21 |
| б) може, но не е неопходна | 94 | 57 |
| в) не ми е потребна | 28 | 17 |
| г)можам и сам/а | 3 | 2 |
| д) не одговориле | 5 | 3 |
| Вкупно | 165 | 100 |

*Графикон бр. 22 за мислењата на наставниците за тоа дали сметаат дека им е потребна постојана стручна поддршка во Вашата работа врз воспитниот развој на учениците*




Добиените одговори покажуваат дека 57 % од испитаниците се определиле за алтернативата може но, не е неопходна, и 21 % се определиле за алтернативата дека секако им е потребна. Доколку овие податоци ги компарираме со податоците на прашањето два од овој прашалник можеме да констаираме дека при решавањето на одредени проблеми со учениците најголемиот дел од наставниците, односно 58,69% одговориле дека тоа го прават само во одредени случаи, додека пак 33,69% од наставниците одговориле дека секогаш соработуваат со стручната служба.

Правејќи една компарација со добиените одговори на четвртото прашање од првиот прашалник скалер може да се истакне дека за барањето помош од стручната служба како начин за справување со воспитните проблеми, беа определени 21,50% од наставниците при што можеме да заклучиме дека наставниците во одредени случаи најчесто соработуваат со стручната служба.

Овие податоци се малку контрадикторни бидејќи наставниците на претходните прашања сметаа дека во одредени случаи најчесто соработуваат со стручната служба, а нивниот одговор, сега е дека помошта им е потребна но, не е неопходна. Тука се поставува прашањето дали станува збор за присуство на гордост, авторитет кај дел од наставниците или пак присуство на страв, срам доколку побараат помош од стручната служба.

Постојаната стручна поддршка на наставниците е неопходна поради повеќе причини: наставниците треба да бидат поддржани да го продолжат нивниот професионален развој во текот на целата нивна кариера, нивната професија треба да се заснова на вредности на социјално вклучување и негување на потенцијалот на секој оној кој учи, како и да можат да работат со учениците како поединци и да ги поддржат да се развијат во припадници на општеството кои целосно учествуваат и се активни.

На деветтото прашање се надоврзува и следното десетто прашање наменето за наставниците со цел да се дознае што мислат наставниците за тоа дали советниците им даваат педагошка поддршка во нивната воспитна работа.

*Табела бр. 25 за мислењата на наставниците за тоа дали советниците им даваат педагошка поддршка за нивната воспитна работа*

| 10.Дали советниците Ви даваат педагошка поддршка за Вашата воспитна работа (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) секогаш | 53 | 31,52 |
| б) понекогаш | 84 | 51,09 |
| в) никогаш | 26 | 16,30 |
| г) не одговориле | 2 | 1,09 |
| Вкупно | 165 | 100 |

Графикон бр. 23 за мислењата на наставниците за тоа дали советниците им даваат педагошка поддршка за нивната воспитна работа



Од добиените одговори прикажани на графиконот 19 можеме да констатираме дека дури 51,09% од испитаниците одговориле дека советниците понекогаш им даваат педагошка поддршка во нивната воспитна работа. Но, интересен е и фактот што околу 1/16 односно 16,30 % од испитаниците одговориле дека советниците никогаш не им даваат поддршка за воспитната работа. Додека пак 31,52 % од испитаниците одговориле дека советниците секогаш им даваат поддршка.

Добиените податоци говорат дека повеќе од половина од испитаниците сметаат дека советниците понекогаш им даваат педагошка поддршка во нивната воспитна работа, а доколку на овој процент го додадеме и процентот на оние кои одговориле негативно, односно дека од советниците никогаш не добиваат поддршка, можеме да воочиме дека добиваме висок процент (70%) што е бројка која има сигнификантно значење. Но, тука причните треба да се разгледуваат и во институциите, бидејќи бројот на советници е многу мал и недоволен за да им излезе во пресрет на потребите на наставниците. Од друга страна, пак интересен е и податокот на оние испитаници кои се определиле за алтернативата никогаш, што упатува на размислување дали дел од советниците одат во посета на училиштата само заради „исполнување" на други обврски или пак поради немање време воопшто не ги посетуваат дел од наставниците или пак потребни се законски измени и за посетите на советниците, нивната работа, како и зголемување на бројот на советници кои ќе се занимаваат со воспитната проблематика.

Може да се заклучи дека наставниците понекогаш, односно во одредени случаи најчесто соработуваат со советниците во функција на воспитен развој на учениците.

Со единаесетто прашање кое е од отворен тип се согледува кое е мислењето на наставниците за тоа дали работата врз воспитниот развој на учениците е навистина тешка работа. На ова прашање наставниците се со поделени и различни ставови. Добиените одговори на ова прашање се прикажани на табелата 26 и табелата 28:

*Табела бр. 26 за мислењата на наставниците за тоа дали сметаат дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа?*

| Прашање 11: Сметате ли дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа? | Ставови од наставниците<br>Да, објаснете зошто: |
|---|---|
| | 1. Ако нема соработка со родителите. |
| | 2. Постојано треба да се бараат нови современи начини при воспитниот развој. |
| | 3.Учениците се изложени на разни влијанија при што наставникот треба да биде добро запознаен со опкружувањето на учениците во училиштето и надвор од него. |
| | 4.Воспитанието на децата започнува девет месеци пред да се родат. Проблем е кај еден дел од учениците затоа што тој процес не започнал на време. |
| | 5.Да, бидејќи секое дете е индивидуално за себе и пристапот кон секое дете е различен. |
| | 6.Кога децата не добиваат никакво воспитание од родителите и живеат во несредена атмосфера. |
| | 7. Затоа што е специфична работата со деца и треба да се извади максимумот за да тоа дете израсне во нормална и успешна личност. |
| | 8.Да, посебно во ситуации во кои семејството затајува. |
| | 9.Затоа што учениците се жива материја со претходно стекнати воспитни навики кои кај некои се многу лоши. |
| | 10.Да бидејќи секое дете реагира на свој начин под надворешно влијание, колку деца толку карактери. |
| | 11. Бидејќи родителите имаат се помалку време за своите деца, малку часови, условите во кои се живее, брзото темпо на живот, губењето на значајните вредности на воспитанието. |
| | 12. Затоа што децата се препуштени од родителите на наставниците. |
| | 13. Бидејќи поголемиот дел од времето се посветува на настава и учење и товарот за воспитен развој претежно го носат наставниците и стручните служби, а родителите се помалку. |
| | 14. Да, најтешко е да се работи со жива материја, во прашање се карактери, навики од дома. |
| | 15. Да, бидејќи мора многу внимателно да се следат проблемите и промените кои се јавуваат кај секоја индивидуа. |
| | 16. Да. Денес е многу ниско нивото на домашно воспитување, култура и морал. |

| | |
|---|---|
| | 17. Да, бидејќи истите веќе доаѓаат со домашно воспитување, а превоспитувањето е тешко . |
| | 18. Да, затоа што во работата врз воспитниот развој на учениците многу е значајно мислењето и соработката на родителите. Доколку мислењата се различни, а соработката не може да се воспостави, залудна е иницијативата и желбата на наставникот. |

Од добиените одговори може да се воочи дека дел од наставниците сметаат дека работата врз воспитниот развој на учениците е навистина тешка работа и притоа нивните ставови можеме да ги поделиме во неколку групи или категории.

*Табела бр.27*

| Прашање 11: Сметате ли дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа? Да, објаснете зошто: | | |
|---|---|---|
| Категорија 1 | Категорија 2 | Категорија 3 |
| индивидуалност | соработка | иновативност |

**Првата група** наставници сметаат дека секое дете е индивидуално за себе и пристапот кон секое дете е различен, **втората група** сметаат дека од особено значење за воспитниот развој е соработката со родителите и **третата група** сметаат дека постојано треба да се бараат нови современи начини, методи и пристапи во работата врз воспитниот развој на учениците. Поддржувањето на воспитниот развој значи наставниците да се обидат да направат сè што е во нивна моќ за да им помогнат на учениците да го остварат својот потенцијал. Најважната воспитна стратегија е изградбата на позитивен однос и со ученикот и со родителите. Низ однесувањето на наставниците учениците учат кои ставови, вредности, стил на живот, особини ќе ги почитуваат и идентификувајќи се со нив ќе ги вградуваат во своите системи на вредности. Успешната комуникација и позитивниот однос треба да биде секојдневен предизвик и за наставниците и за родителите и учениците.

*Табела бр. 28 за мислењата на наставниците за тоа дали сметаат дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа?*

| Прашање 11: Сметате ли дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа? | Ставови од наставниците<br>Не, објаснете зошто: |
|---|---|
| | 1.Ако наставникот поседува образование и вештини за соработка со родителите. |
| | 2. Ако наставниците имаат голема посветеност од родителите. |
| | 3.Ако се јасни етичките и моралните норми, тогаш не е тешко да се воспитуваат. |
| | 4.Не, ако наставникот има желба да биде и воспитувач не само предавач. |
| | 5. Не, затоа што се работи со љубов, дава резултати и не е тешко |

Дел од наставниците сметаат дека работата врз воспитниот развој на учениците не е тешка работа ако наставникот поседува образование и вештини за соработка со родителите и ако наставникот има желба да биде и воспитувач, а не само предавач и ако сето тоа го работи со многу љубов кон учениците.

*Табела бр.29*

| Прашање 11 :Сметате ли дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа? Не, објаснете зошто: | | |
|---|---|---|
| Категорија 1 | Категорија 2 | Категорија 3 |
| знаење и вештини | посветеност | воспитувач |

Развојот на пожелно однесување во училницата зависи од способноста на наставникот да ги задоволи социјалните и емоционалните потреби на учениците. Наставникот треба да е подготвен да ги сослуша учениците, да одговори на нивните сугестии, да ги прифати и разбере нивните чувства, да ги вклучи во наставниот процес и да ги охрабрува при работата. Сето ова е

во функција на создавање пријатна и позитивна емоционална клима во училиштето. Дел од наставниците сметаат дека работата врз воспитниот развој на учениците не е тешка работа, бидејќи при креирањето на позитивна клима во училиштето важна улога има личноста на наставникот во целина: неговите лични карактеристики како што се стручност, способност за предавање, праведност, смисла за хумор и начин на кој наставникот се однесува кон учениците, колегите и родителите.Со наредното прашање наставниците беа запрашани за нивното мислење за вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштата. Според мислењето на 47% од испитаниците вклучувањето на родителите влијае на процесот на воспитно делување на училиштето само ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес.

*Табела бр. 30 за мислењата на наставниците за тоа дали вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштата*

| 12.Според Ваше мислење, вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштата (заокружете еден од одговорите): | f | % |
|---|---|---|
| а) значително влијае на олеснување на процесот на решавање на воспитните проблеми | 64 | 39 |
| б) делумно значително влијае | 21 | 13 |
| в) да, ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес | 77 | 47 |
| г) незнам | 2 | 1 |
| Вкупно | 164 | 100 |

*Графикон бр. 24 за мислењата на наставниците за тоа дали вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштата*



Доколку на овој процент (47%) се додаде и процентот (39 %) од испитаниците кои сметаат дека дека вклучувањето на родителите значително влијае на процесот на воспитно делување на училиштето би добиле вкупен збир од 86% од испитаници кои сметаат дека соработката и вклучувањето на родителите значително влијае на процесот на воспитно делување на училиштето ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес.

Овие податоци можат да се компарираат со добиените податоци од трите прашања од претходниот прашалник кои се однесуваа на соработката со родителите при што констатиравме дека наставниците сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето и малку се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата и нивната соработка со родителите е пред сè на индивидуалните состаноци. Сепак, и покрај овие одговори доста висок беше и процентот (43,48 %) на оние наставници кои одговориле дека родителите се отворени, ама немаат време да остварат контакт, што значи дека доколку родителите имаат повеќе време да им посветат на нивните деца и се ослободат од нивните обврски, тоа значително би влијаело на процесот на воспитно делување на училиштето, пред сè ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес. Со ова се отвора потреба за изнаоѓање на форми за соработка со родителите кои ќе бидат флексибилни и ќе бараат помалку време како што се на пример неформалните средби.

Потврда за ваквите размислувања се добива и со тринаесетото прашање кое гласи : **Со број од 1 до 5 определете го најефикасниот начин на соработка со родителите при што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет, наставниците, најмногу со оцена 5, односно 29,33% од наставниците сметаат дека индивидуалните средби се најефикасен начин за соработка со родителите.**

*Табела бр. 31 за мислењата на наставниците за најефикасниот начин на соработка со родителите*

| Ранг листа | Најефикасен начин за соработка со родителите |
|---|---|
| I | Индивидуални средби |
| II | Родителски состаноци |
| III | Отворени денови |
| IV | Посета на семејство |
| V | Прослави |

*Графикон бр. 25 за мислењата на наставниците за најефикасниот начин на соработка со родителите*




Доколку се направи компаративна анализа со прашањето број 10 од првиот прашалник може да се согледа дека дури 64,31 % од наставниците се изјасниле дека со родителите соработуваат пред сè на индивидуални состаноци.

Втори на ранг листата од добиените резултати, споредувајќи ги податоците добиени од одговорите на двете прашања се родителските состаноци. Анализирајќи го четвртото прашање од овој прашалник можеме да согледаме дека 19,39 % од наставниците како ефикасен начин за соработка со родителите ги навеле и отворените денови, потоа посетата на семејството и на крај прослави.

Споредувајќи ги овие податоци со податоците од десеттото прашање прикажани на графиконот 10 можеме да забележиме дека 5,44 % од испитаниците се определиле за алтернативата - на друг начин што упатува на повеќе размислувања и одговори на наставниците кои всушност можеби ги даваат како одговор на прашањето четири од вториот прашалник, односно се определуваат за отворените денови, посета на семејството, прослави.

Сепак, според добиените резултати може да се констатира дека на првата ранговa позиција според наставниците за соработка со родителите се индивидуалните состаноци, што

значи дека наставниците знаат да бидат флексибилни и да покажат разбирање кон родителите, а сето ова во функција на воспитен развој на учениците.

Последното прашање од вториот прашалник гласи : Колку се чувствувате подготвени да им помогнете на родителите во решавање на воспитните проблеми на децата? Добиените резултати се прикажани на графиконот 26 и табелата 32.

*Графикон бр. 26 за мислењата на наставниците за подготвеноста за давање помош на родителите*




*Табела бр. 32 за мислењата на наставниците за подготвеноста за давање помош на родителите*

| Ранг листа | Подготвеност на наставниците за давање помош на родителите |
|---|---|
| I | 5 |
| II | 4 |
| III | 3 |
| IV | 2 |
| V | 1 |

Притоа може да се согледа дека со оцена 5 (со најсилен интензитет) односно 52,17% од наставниците сметаат дека се подготвени и сакаат да им помогнат на родителите во решавање на воспитните проблеми на нивните деца, а за оцена 4 се определиле 33.70 % од наставниците кои се подготвени и сакаат да им помогнат на родителите во решавање на воспитните проблеми на нивните деца.

Заклучните согледувања од анализата и интерпретацијата на резултатите од овој прашалник скалер наменет за воспитните компетенции на наставниците упатуваат на повеќе размислувања, препораки и сугестии со цел развивање на воспитните компетенции на наставниците. И покрај тоа што најголемиот дел од наставниците, односно повеќе од две третини сметаат дека во текот на нивното додипломско образование имаат стекнато сосема доволно способности за воспитен развој на учениците, сепак дел од испитаниците сметаат дека им треба поддршка на овој план, а дел од нив сметаат дека малку имаат стекнато способности за воспитен развој на учениците.

Значи на дел од испитаниците опфатени со истражувачкиот примерок им треба поддршка на овој план, односно сето ова упатува на размислување за интегрирање на содржини и предмети на високообразовните институции од оваа област, односно развивање на вештини и способности на наставниците за воспитен развој на учениците . Според добиените резултати на наставвниците во одредени случаи за решавање на одредени воспитни проблеми со учениците соработуваат со стручната служба во училиштето, но потребна им е педагошка поддршка во нивната воспитна работа од советниците и од стручната служба.

Добиените резултати упатуваат и на повеќе размислувања за вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштето, односно според мислењето на половина од испитаниците вклучувањето на родителите влијае на процесот на воспитно делување на училиштето само ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес.

Во врска со најефикасниот начин за соработка со родителите испитаниците со оцена 5 се определуваат за индивидуалните средби, а со помал процент се родителските средби. Сепак препорачуваме современиот воспитно образовен процес да нуди и нови начини за соработка со родителите за кои како податоци во истражувањето се определуваат и дел од испитаниците, а тоа се работилниците со родителите, отворени денови, прослави, посета на семејството сè со цел активно вклучување на родителите во процесот на воспитно делување на училиштето. Добиените резултати упатуваат на фактот дека наставниците сметаат дека се подготвени и сакаат да им помогнат на родителите во решавање на воспитните проблеми на нивните деца.

Резултатите од прашањето за организирање на дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции, односно на повеќе од 3/4 од испитаниците потребни им се дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции кои одат во прилог на хипотезата дека наставниците имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците.

Добиените резултати од прашањето за интересот на наставниците за зајакнување на комтенциите за воспитен развој на учениците каде половина од испитаниците со оцена 5 го оценуваат нивниот интерес за зајакнување на нивните компетенции за воспитна работа исто така одат во прилог, односно ја потврдуваат хипотезата дека наставниците имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците.

Наставниците даваат различни предлози за теми за работилници кои што пред се им се „слаби алки" од синџирот и тоа: Зајакнување на вредностите на воспитанието на учениците преку образованието, Одговорност и самодоверба, Справување со невоспитаните ученици, Како да се надминат воспитните проблеми кај учениците, Справување со конфликти, Толеранција, Вештини за комуникација, Справување со недисциплина, Решавање на конфликти со разговор, Начини како да им се пристапи на проблематичните деца, Работа со хиперактивни деца, Справување со насилство, Решавање на конфликти со разговор, Елиминација на агресивното однесување и почитување на авторитети,Тема поврзана со тинејџери, Девијантно однесување меѓу учениците, Воспитание во образованието, Реституција, Решавање на меѓуетнички конфликт, Домашното воспитание-клучен фактор во однесувањето на децата, Меѓуетничките разлики и нетрпеливоста како проблем. Сите овие предлози како теми за работилници дадени од страна на наставниците одат во прилог на хипотезата дека наставниците имаат разновидни образовни потреби за компетентен воспитен развој на учениците.

Според резултатите, наставниците сметаат дека покрај образованието кое има големо значење за воспитниот развој на учениците, потребно е вклучување и на други фактори. Пред сѐ како значаен фактор го наведуваат семејството кое сметаат дека е клучен фактор и има големо влијание за воспитниот развој на учениците. Семејството, родителите треба да имаат одговорност и да им бидат соодветен пример на однесување на нивните деца. Во семејството треба да се почитува двонасочната комуникација,

односно да биде дозволено секој да ислуша секого, како и да има можност да зборува, секој да учествува во дискусиите за секојдневните работи и да има можност да се разговара за сите проблеми. За воспитниот развој на учениците, покрај семејството, значајни фактори се училиштето, врсниците, средината, институциите(локални и државни).

Согласно добиените резултати како знаења и вештини кои им се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците, наставниците истакнуваат поголем број на знаења и вештини. Од направената ранг скала први на неа се наведени пред сè: вештините за комуникација, толеранција и трпеливоста, потоа подготвеноста да се сослушаат учениците, толерантност, комуникативност, информираност, соработка, разбирање, прецизност, точност, исполнителност, упорност, соодветно образование и знаења од областа на: детска психологија; кодекс на однесување и социјални проблеми. Сите овие знаења и вештини одат во прилог на хипотезата дека наставниците имаат разновидни образовни потреби за компетентен воспитен развој на учениците, односно ја потврдуваат истата.

Најефикасни начини за зајакнување на воспитните компетенции за наставниците се обуките, семинарите и работилниците кои одат во прилог на хипотезата дека наставниците имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците.

Од добиените резултати може да се воочи дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа која е условена од повеќе фактори и тоа : ако нема соработка со родителите, бидејќи секое дете е индивидуално за себе и пристапот кон секое дете треба да е различен, ако децата не добиле никакво воспитание од родителите, бидејќи родителите имаат сè помалку време за своите деца, малку часови поради брзото темпо на живот, бидејќи учениците веќе доаѓаат со домашно воспитување, а превоспитувањето е тешко. Дел од наставниците сметаат дека работата врз воспитниот развој на учениците не е тешка работа ако наставникот поседува образование и вештини за соработка со родителите и ако наставникот има желба да биде и воспитувач, а не само предавач и ако сето тоа го работи со многу љубов кон учениците.

Во врска со поставената хипотеза која гласи „Наставниците имаат позитивни ставови за ефективноста на воспитното делување на училиштето" потребно е да

**истакнеме дека делумно се потврдува, бидејќи согласно добиените резултати еден од најчестите воспитни проблеми кој континуирано се јавува во училиштето е проблемот со дисциплината (недисциплината) односно недисциплинарното однесување кое понекогаш придонесува и до разни конфликти помеѓу учениците, па дури и до физичко насилство. И покрај тоа што наставниците и педагошко психолошката служба преземаат решенија за надминување на воспитните проблеми преку укажување на учениците, советување на родителите, може да се констатира дека потребни се поголем број на активности поврзани со воспитниот развој на учениците сè со цел зајакнување на ефективноста на воспитното делување на училиштето, како на пример: организирање на работилници за наставниците, педагозите, психолозите и родителите на теми од областа на воспитниот развој на учениците и изработка на сет (пакет) на дидактички модели од оваа област.**

### 3.3.Анализа на протоколот за структуирано интервју од педагошко-психолошката служба

Во овој дел од истражувањето направена е квалитативна анализа на резултатите од добиените ставови од протоколот за структуирано интервју од педагошко-психолошката служба. На педагошко – психолошката служба им беа поставени повеќе прашања поврзани со воспитните проблеми со кои се соочува училиштето, како и прашања за потребата за развој на нивните компетенции за воспитен развој на учениците. На првото прашање сакавме да дознаеме кои се според мислењата и ставовите на педагошко-психолошката служба воспитните проблеми со кои најчесто се соочува училиштето.

*Табела бр. 32 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа кои се воспитните проблеми со кои најчесто се соочува училиштето*

| Прашање 1: Кои се воспитните проблеми со кои најчесто се соочува Вашето училиште? | **Ставови од педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Најчести воспитни проблеми со кои се соочуваме во нашето училиште е проблемот со дисциплината, особено од страна на учениците од третиот образовен циклус во деветгодишното основно образование. |
| | 2. Несоодветно однесување на учениците. |
| | 3. Редовност, поведение, агресивно однесување, непосетување дополнителна настава, добри оценки со малку знаење. |

| | |
|---|---|
| | 4. Дисциплината, доцнењето на часовите, меѓусебното почитување, авторитативниот однос кон наставникот. |
| | 5. Најчести појави во нашето училиште се поврзани со ученици со недолично однесување каде што немаат ниту авторитет наставниците ниту пак родителите. |
| | 6. Навредите кои учениците си ги упатуваат со посредство на социјалните мрежи и конфликтите кои произлегуваат од нив. |
| | 7. Неадекватен начин на реагирање во конфликтни ситуации меѓу учениците, меѓу учениците и наставниците. |
| | 8. Во нашето училиште најчесто се среќаваме со проблеми од типот: навредување на другарче од повеќе причини, па и на национална основа што доведува до расправии, а понекогаш и тепачки, употреба на вулгарни зборови, има појава на непочитување на куќниот ред од незначителен број на ученици како доцнење на настава, нередовност . |
| | 9. Незаинтересираноста на родителите, социјално загрозени ученици, ученици со семејни проблеми, ученици кај кои ниту родителите не можат да влијаат. |

Од прегледот на добиените податоци можат да се воочат повеќе заклучни согледувања. Имено, од одговорите на педагошко-психолошката служба доколку направиме ранг скала можеме да го истакнеме следново.

| I | II | III |
|---|---|---|
| проблем со дисциплината | доцнење на часови | меѓусебни навреди |

Прва на ранг скала според педагошко-психолошката служба односно еден од најчестите воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата е проблемот со дисциплината (недисциплината), односно недисциплинираното однесување од страна на учениците, а дел од педагошко психолошката служба наведуваат дека недисциплинираното однесување е особено од страна на учениците од третиот циклус во деветгодишното основно образование. Овие ставови се совпаѓаат со ставовите на наставниците на кои им беше поставено истото прашање. Првото заклучно согледување и кај наставниците беше дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека недисциплината и недисциплинираното однесување на учениците на часовите е најчест воспитен проблем кој се јавува во училиштето.

Притоа на ова можат да се надоврзат и податоците од второто прашање за наставниците кои сметаа дека најчест воспитен проблем поврзан со нивната воспитна работа е недисциплината којашто е проследена со недисциплинирано однесување од страна на учениците за време на часовите, како на пример („недолични коментари од страна на учениците") .

На второ место на ранг скалата според педагошко психолошката служба е доцнењето на часовите од страна на учениците. На трето и четврто место на ранг скалата според педагошко-психолошката служба се навредите кои учениците си ги упатуваат со посредство на социјалните мрежи и конфликтите кои произлегуваат од нив, како и употреба на вулгарни зборови кои понекогаш доведуваат и до „тепачки меѓу учениците":

Овие ставови на педагошко психолошката служба можат да се компарираат со ставовите на наставниците, каде во одговорите и дел од наставниците како најчести воспитни проблеми ги наведуваат агресивното однесување („многу често поддржано од родителите или пак со прикривање од страна на родителите", вербалните расправии ( „вербални дофрлања и расправии со лесни физички контакти") помеѓу учениците и физичкото насилство – „Тепање меѓу учениците". Односно може да се истакне дека ставовите на наставниците и педагошко-психолошката служба по однос на ова прашање се идентични.

Добиените одговори на второто и третото прашање од педагошко-психолошката служба одат во прилог на одговорите на првото прашање и се прикажани на табела 33. На второто прашање добиени се следните ставови:

*Табела бр. 33 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа кои се воспитните проблеми во чие решавање партиципираат*

| Прашање 2: Кои се воспитните проблеми во чие решавање партиципирате Вие како педагог/психолог? | **Ставови од педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Несоодветно однесување и невнимание на часовите. |
| | 2.Недисциплина кај учениците, антисоцијално однесување, адаптација во нова средина, особено за првооделенчињата, неприлагоденост на учениците и неадекватно однесување за време на часовите и по нивното завршување, советување за правилно искористување на слободното време. |
| | 3.Неадекватен начин на реагирање во конфликтни ситуации меѓу |

| | |
|---|---|
| | учениците, меѓу учениците и наставниците. |
| | 4. Консултативни разговори, советувања со ученици кои покажуваат асоцијално однесување, разговори со родители и наставници. |
| | 5. Како психолог партиципирам во сите проблеми од воспитен карактер кои ќе произлезат во текот на школувањето на учениците во нашето училиште (разрешување на конфликтни ситуации, создавање на навики за културно однесување, превенција од болести на зависност, формирање на работни навики, поттикнување на однесување со толеранција и почитување на различности, поттикнување на развивањето и негувањето на другарството). |
| | 6. Секогаш сум информирана за сите проблеми во училиштето од одделенските раководители и другите наставници и учествувам во решавање на сите . |
| | 7. Повикување на индивидуални разговори на учениците и родителите, советодавна работа со родители. |

Од добиените одговори може да се истакне дека воспитни проблеми во чии решавање партиципираат педагогот и психологот се најчесто недисциплината кај учениците, антисоцијално однесување и неадекватно однесување за време на часовите.

| I | II | III |
|---|---|---|
| недисциплина кај учениците | антисоцијално однесување | неадекватно однесување за време на часовите |

Од друга страна, доколку се споредат овие податоци со добиените податоци од првиот прашалник за наставниците можеме да воочиме дека на четвртото прашање во врска со начинот на кој наставниците се справуваат со воспитните проблеми, наставниците дури на трета рангова позиција го ставаат барањето помош од стручната служба, односно само 1/4 од наставниците се определиле за овој начин за справување со воспитните проблеми, што значи дека овие ставови малку се контрадикторни. Исто така и во одговорите на наставниците од второто прашање од вториот прашалник може да се воочи дека при решавањето на одредени проблеми со учениците повеќе од половина од наставниците од истражувачкиот примерок одговориле дека соработуваат со стручната служба само во одредени случаи. Сето ова упатува на размислување дека стручната служба треба повеќе активно да партиципира заедно со наставниците во решавањето на воспитните проблеми со цел надминување на истите.

Според добиените резултати на третото прашање, педагошко-психолошката служба смета дека приоритетни воспитни проблеми за решавање се:

*Табела бр. 34 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа кои се приоритетни воспитни проблеми за решавање*

| Прашање 3: Кои се приоритетни воспитни проблеми за решавање во Вашето училиште? | **Ставови од педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Недисциплирано однесување на учениците. |
| | 2. Несоодветно однесување и несоодветна комуникација . |
| | 3. Дисциплина, помош во адаптација и помош во совладување на наставниот материјал. |
| | 4. Приоритет треба да има процесот на подобрување на комуникацијата на сите нивоа. |
| | 5. Агресивно однесување, непочитување на редот и кодексот на училиштето. |
| | 6. Недолично однесување на учениците (непочитување на одредени наставници кои им предаваат, нарушување на наставата, оштетување на комјутерите во училиштето) |
| | 7. Уништувањето на инвентар од страна на некои ученици и конфликтни ситуации иницирани пред се од комуникацијата преку социјалните мрежи. |
| | 8. Конфликтни ситуации од различен воспитен карактер. |
| | 9. Нередовноста. |

Доколку одговорите на педагошко-психолошката служба се споредат со одговорите на наставниците на ова прашање, може да се забележи дека се разликуваат. Имено, од добиените одговори од наставниците може да се истакне дека повеќе од 1/4 од истражувачкиот примерок смета дека развивањето на воспитни компетенции на родителите е број еден приоритетен воспитен проблем за решавање, толеранцијата како општествен феномен е следна на ранг листата,потоа следуваат здравствената култура, меѓуетничките односи и еколошките проблеми. Ова подразбира дека топката наставниците ја префрлаат на другата страна, односно на страната на родителите. Според нив, дисциплината е на многу ниско ниво и е резултат на домашното (не) воспитување. Тие сметаат дека причината што учениците се поневоспитани за разлика од порано се нивните родители, бидејќи децата се нивно огледало.

За разлика од нив, педагошко-психолошката служба приоритетните воспитни проблеми за решавање ги лоцира во учениците, односно недисциплинираното однесување на учениците односно во честото недолично однесување на учениците (непочитување на одредени наставници кои им предаваат, нарушување на наставата, оштетување на комјутерите во училиштето). Може да се утврди дека и покрај различните ставови и на едните и на другите, значајно е да се изнајдат соодветни решенија за надминување и решавање на воспитните проблеми преку реализација на дидактички модели на работилници кои ја опфаќаат воспитната проблематика.

Педагошко-психолошката служба најчесто преку индивидуална и советодавна работа со учениците се справува со воспитните проблеми во училиштето. Овие резултати можат да се согледаат и од ставовите на наставниците при што може да се воочи дека ставовите на наставниците и педагошко психолошката служба се идентични. Согласно добиените одговори на наставниците на првата рангова позиција е разговорот, советувањето и укажувањето на учениците како начин со кој тие се справуваат со воспитните проблеми. Ставовите на педагошко -психолошката служба се прикажани на следната табела :

*Табела бр. 35 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа на кој начин се справуваат со воспитните проблеми во училиштето?*

| Прашање 4: На кој начин се справувате со воспитните проблеми во Вашето училиште? | **Ставови од педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1.Преку индивидуална и советодавна работа,реализација на едукативни работилници како и соработка со стручни институции. |
| | 2. Со разговори со учениците и со родителите. |
| | 3.Советувања, разговори и превземени потребни активности и воспитни мерки. |
| | 4. Се организираат трибини, работилници, играње на улоги, пишување на текстови. |
| | 5. Изрекување на педагошки мерки, како и повикување на родителите на Советување. |

| | |
|---|---|
| | 6. Индивидуална работа со учениците, групна работа – работилници од воспитен карактер, соработка со родителите и наставниците – консултации и наоѓање на заеднички решенија во насока на решавање на проблемите, градење на политики за намалување на насилството и мирно решавање на конфликтите, воспоставување правила – кодекс на однесување, навремено реагирање на секој знак за можен проблем. |

Сепак, покрај индивидуалната и советодавната работа со учениците на педагозите, психолозите и наставниците им предложуваме тимски да работат во решавањето на воспитните проблеми, сè со цел постигнување на поголеми ефекти и надминување на воспитните проблеми на учениците.

Добиените резултати од петтото прашање се однесуваат на вклучување на училиштето во проекти поврзани со воспитниот развој на учениците. Притоа, добиени се следните податоци:

*Табела бр. 36 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа дали досега нивното училиште било вклучено во некој проект поврзан со воспитниот развој на учениците?*

| Прашање бр. 5 Дали досега Вашето училиште било вклучено во некој проект поврзан со воспитниот развој на учениците? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Проект ,,Училиште без насилство"<br>2. Програмата за Советување на родители<br>3. Програма ,,Интегрирање на еколошката едукација".<br>4. Проект: : „Решавање на конфликтите" ;<br>5. Проект „Единство на различности"<br>6. Проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на децата"<br>7. Програма за животни вештини<br>8. Превенција од сексуална злоупотреба и педофилија |

Од одговорите може да се констатира дека училиштата според ставовите на педагошко психолошката служба биле вклучени во проекти поврзани со воспитниот развој на учениците. Дел од овие проекти се прикажани и во годишните програми за работа на училиштата кои во понатамошниот дел на истражувањето се наведуваат. Па така на пример, програмата „Немаме резервна планета„ влијае на однесувањето на децата кон животната средина и има за цел стекнатото знаење на тема-животна средина, да се примени и во пракса, да придонесе за подигнување за свеста кај учениците, наставниците, родителите, техничкиот персонал, како и сите други кои се директно или индиректно вклучени во училишната заедница, во делот на животната средина. Наставната програма за животни вештини има за цел да придонесе за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, на тој начин што го помага развојот на психосоцијалните вештини, оспособувајќи ги учениците за успешно справување со предизвиците на секојдневниот живот[129]Од друга страна пак, дел од училиштата не биле никогаш досега вклучени во проекти од оваа област. Ова може да биде пред сè поради незаинтересираноста на менаџментот на училиштето, или пак поради недоволната информираност за вклучување во проекти од оваа област. Сепак, и покрај тоа што дел од училиштата биле вклучени во проекти од областа на воспитанието сметаме дека тоа не е доволно и препорачуваме организирање и реализирање на поголем број на проекти за воспитен развој на учениците сè со цел зајакнување на воспитната компонента во училиштата. Педагошко психолошката служба најчесто во соработката со родителите ја користи индивидуалната форма на работа преку индивидуални средби и разговори со родителите (види табела 37).

*Табела бр. 37 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа кои форми на работа ги користи во соработката со родителите?*

| Прашање бр. 6 Кои форми на работа ги користите во соработката со родителите? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Индивидуална, групна,и советодавна работа.<br>2. Посета на семејство.<br>3. Советување на родители како законска обврска. |

[129] http://app.bro.gov.mk/docs/np/ozv_nastavnaprograma.pdf

Овие одговори се идентични со одговорите на наставниците на десеттото прашање од прашалникот-скалер каде испитувавме на кој начин наставниците соработуваат со родителите. Податоците (прикажани на графиконот 10) покажуваат дека мнозинството од наставниците, односно повеќе од 2/3 од наставниците се изјасниле дека со родителите соработуваат пред сè на индивидуални состаноци. Дотолку повеќе што на ова можеме да го додадеме и фактот што и во другиот прашалник во врска со прашањето, кој е најефикасниот начин за соработка со родителите, наставниците на прва рангова позиција ги ставаат индивидуалните средби.

Ставовите на педагошко психолошката служба за воведувањето на т.н.родителски школи, односно Советувањето на родители, се различни. Во табелата се прикажани дел од нивните ставови.

*Табела бр. 38 за мислењата на педагошко-психолошката служба за воведувањето на т.н.родителски школи односно Советувањето на родители:*

| Прашање бр. 7<br><br>Вашето мислење за воведувањето на т.н.родителски школи односно Советувањето на родители: | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Мислам дека се само плус уште едно оптоварување на родителите бидејки тоа се правеше и досега само на поинаков начин.<br>2. Позитивно.<br>3. Апсолутно го охрабрувам тој чекор, дефинитивно потреба и можност преку еден вид работилници и разговори со родителите да се успее воспитно да се влијае како на учениците, така и на родителите, по однос на запознавање и поголема информираност за состојбата и однесувањето на своето дете на училиште. Воедно и можност за соработка и взаемна помош при решавање на конкретни воспитни проблеми и изнаоѓање на соодветни решенија на истите.<br>4. Позитивно е што е вградено во законски рамки.<br>5. Родителски школи: секако ќе придонесе во разрешување и превенирање на воспитни проблеми кај учениците.<br>6. Во изминатиот период како законска обврска на секое училиште редовно се спроведува Советување на родители конкретно за родителите на учениците кои имаат недолично |

| | |
|---|---|
| | однесување, кај дел од истите има видливо подобрување во однесувањето но, кај некои нема промена<br>7. Родителските школи веќе функционираат и се од корист, но сепак не би требало да се запоставaт индивидуалните советувања, затоа што родителот тука е најслободен да изнесе и сподели информации кои често не би сакал и не би било етички да ги споделува во група.<br>8. Одличен начин,но сметам дека индивидуалната форма на работа може да биде поефикасна.<br>9. Програмата за советување на родители ми се допаѓа, процедурата за закажување на средбите е сложена, индивидуалната советодавна работа со родителите на проблематичните ученици која досега ја практикував мислам дека е поефикасна од работилница во група до 20 родители. |

Од добиените одговори може да се воочи дека дел од нив имаат позитивна конотација, додека пак дел сметаат дека родителските школи би претставувале дополнително оптоварување за родителите. Од друга страна пак, ставовите и мислењата на наставниците за воведувањето на т.н родителски школи, односно Советувањето на родителите, веќе претходно воочивме дека и тие се различни, односно повеќе од 1/2 наставниците сметаат дека воведувањето на т.н родителски школи, односно Советувањето на родителите е добро решение. Од друга страна пак, дури една третина од истражувачкиот примерок не се сигурни дека тоа е вистинското решение за проблемот. А, мал дел од испитаниците сметаат дека родителите немаат време да посетуваат такви школи. Овие одговори одат во прилог на констатациите и добиените одговори од страна на наставниците кадешто една од причините за тоа дека родителите малку се заинтересирани за воспитниот развој на учениците е, немањето време. Воедно, овие одговори се поврзани и со одговорите на стручната служба кои го наведуваат фактот дека родителските школи би значеле дополнителен товар за родителите.

Во врска со мислењата и ставовите на педагошко-психолошката служба за воведувањето на парични казни за родителите добиени се различни мислења прикажани во табелата 39.

*Табела бр. 39 за мислењата на педагошко-психолошката служба за воведувањето на парични казни за родителите:*

| Прашање бр. 8 Вашето мислење за воведувањето на парични казни за родителите: | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
| --- | --- |
| | 1. Доколку трае игнорантскиот однос на родителите за проблемот.<br>2. Паричната казна ја подразбирам како еден вид на мотив, однсно предупредување за родителите со цел да се спречи и да не се дозволи определено несоодветно дејствие од страна на нивните деца, се со цел поголема грижа на родителите за состојбата на своите деца-ученици и нивното однесување.<br>3. Треба да постојат (влијае на одговорноста).<br>4. Доколку е потребно – да.<br>5. Сметам дека родителите се помалку се спремни да соработуваат со училиштето и педагошката служба и затоа има само моментално подобрување во однесувањето на учениците и покрај законската обврска за Советување.<br>6. Мислам дека доколку се примени со добар пристап голем дел од родителите се подготвени да соработуваат. Парични казни можеби би имале ефект само кај оние родители кои упорно покажуваат знаци на незаинтересираност и занемарување на своите деца.<br>7. Не верувам дека ќе се спроведува,но го почитувам како законска постапка за справување со родителите и заштита на интегритетот на наставниците и училиштето како институција.<br>8. Некаде можеби влијае позитивно, но најчесто воспитните проблеми се јавуваат кај ученици од крајно социјално загрозени или дисфункционални семејства.<br>9. Не се согласуваме бидејќи најпроблематичните ученици претежно се од социјално загрозени семејства. |

Во врска со ова прашање и ставовите на наставниците се поделени како што и претходно воочивме. Скоро една третина од наставниците сметаат дека воведувањето на парични казни за родителите е добро, бидејќи дисциплината може да се постигне само со казнување. Но, се поставува прашањето дали навистина паричната казна за родителот би влијаела врз дисциплинираното однесување на ученикот, односно дали доколку родителот ја плати оваа казна навистина ученикот ќе биде дисциплиниран или пак сето ова ќе има и дополнителни позитивни

или пак негативни ефекти врз однесувањето на ученикот, како и врз однесувањето на родителот кон училиштето, наставникот и ученикот.

Во понатамошниот дел од анализата дадени се предлози добиени од страна на педагошко-психолошката служба за тоа како според нив би можело да се надминат воспитните проблеми во училиштето.

*Табела бр. 40 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа како би можело да се надминат воспитните проблеми во училиштето*

| Прашање бр. 9 Имате ли предлог како би можело да се надминат воспитните проблеми во Вашето училиште? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Развивање на комуникациски вештини за учениците, работилници и за родителите и наставниците.<br>2. Поголема мотивација кај учениците, соработка со наставниците и изнаоѓање на соодвети начини, форми и активности, како би се мотивирале учениците, бидејќи секој ученик доколку биде окупиран со активности кои нему му се интересни и му се дозволи неговата креативност и мисли да бидат „слушнати“ и му се даде простор за реализација на истите , многу мал би бил бројот на деца кај кои би имало потреба од воспитно делување на стручната служба во училиштето. Воведување на иновации во наставата и отфрлање на класичниот начин на предавање, бидејќи учениците не доаѓаат на училиште за да бидат оценувани, туку за да научат, совладаат, прошират одредени знаења, навики и вештини. Континуирано треба да работиме на подобрување на соработката со родителите и на подобрување на комуникацијата на сите нивоа со акцент на почитување на потребите на децата и јакнење на нивната самодоверба.<br>3. Работно ангажирање на учениците во поголем број секции, спортски активности, драмски, музички, фолклорни, и друго.<br>4. Родителите би требало повеќе да бидат вклучени во воспитно-образовниот процес, да бидат поригорозни во казнување на своите деца со тоа би бил истакнат повеќе и нивниот авторитет. |

| | |
|---|---|
| | 5. Со целосно ангажирање и посветеност на сите субјекти во училиштето.<br>6. Повеќе и поквалитетна организација на вонnаставните активности.<br>7. Воспитните проблеми во нашето училиште може да се надминат со почитување на Кодексот на однесување на учениците и наставниците, ангажирање на раководниот орган на тој план односно професионално однесување кон работните задачи на сите вработени.<br>8. На некои да им се менува средината, друштвото каде делува со тоа може да влијае позитивно за ученикот и другите останати ученици. |

Ранг скалата би изгледала вака:

| I | II | III |
|---|---|---|
| работилници за наставниците и родителите | развивање на комуникациски вештини | поквалитетна организација на вонnаставните активности |

*Табела бр. 41 за мислењата на педагошко-психолошката служба со кого би сакале да соработуваат во решавањето на проблемите*

| Прашање бр. 10<br>Со кого би сакале да соработувате во решавањето на проблемите? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Со стручни лица – педагози, психолози, дефектолози како и со стручни институции за конкретни проблеми.<br>2. Со ЦСР.<br>3. Во зависност од „тежината на проблемот" но, најчесто е преку индивидуални и групни средби со учениците, доколку е потребно се вклучуваат и одделенскиот раководител и родителите.<br>4. Со родителите, наставниците и директорот.<br>5. Со невладини организации.<br>6. Со повисоките органи бидејќи педагошките мерки, како и Советувањето на родители не доволно имаат позитивен ефект. |

| | |
|---|---|
| | 7. Во решавање на проблемите кога ќе се појават соработувам со целиот колектив, односно со секој кој би можел да помогне, со родителите на учениците и сите надлежни институции доколку проблемот не може да се реши во училиштето, што многу ретко се случува. |

Педагозите и психолозите во решавањето на проблемите најмногу би сакале да соработуваат со стручни лица – педагози, психолози, дефектолози, како и со стручни институции за конкретни проблеми.

*Табела бр. 42 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа дали наставниците сами можат да се справат во решавањето на воспитните проблеми на учениците*

| Прашање бр. 11<br><br>Сметате ли дека наставниците сами можат да се справат во решавањето на воспитните проблеми на учениците? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Не.<br>2. Не секогаш.<br>3. Во одредена мера ДА.<br>4. Помал број на наставници успешно се справуваат ( до 30%)<br>5. Не сите.<br>6. Во многу ретки случаи наставниците сами можат да се справат во решавањето на воспитните проблеми на учениците бидејќи и самите класни раководители се немоќни во справување со учениците.<br>7. Не сметам дека наставниците можат и треба сами да се справуваат со решавање на воспитните проблеми во училиштето. Решавањето на проблемите треба да биде тимска работа – наставници – стручна служба – директор – ученик – родител. Само така можеме да сметаме дека некој проблем вистински ќе биде решен.<br>8. Се разбира дека можат,но само доколку проблемот го решаваат на правилен и востински начин ВЕДНАШ,а не да го праќаат ученикот кај педагогот или психологот,па да го бркаат од час,па да чекаат да дојде родител или да дојде понеделник па да разговараат на класниот час.<br>9. Голем дел од наставниците сами можат да се справат во решавањето на дел од воспитните проблеми . |

На ова прашање педагозите и психолозите се со поделени ставови. Дел сметаат дека голем дел од наставниците сами можат да се справат во решавањето на воспитните проблеми на учениците, а додека пак дел сметаат дека наставниците не секогаш можат сами да се справат. Дел пак од педагошко-психолошката служба истакнуваат дека решавањето на проблемите треба да биде тимска работа-наставници-стручна служба-директор-ученик-родител, бидејќи само така може да се смета дека некој проблем вистински ќе биде решен.

*Табела бр. 43 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа се кои се нивните искуства во досегашното поле на воспитната работа*

| Прашање бр. 12 Какви се Вашите искуства во досегашното поле на воспитната работа? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Најразлични во зависност од проблемот.<br>2. За успешно совладување и надминување на определени проблени потребно е поголема и поинтензивна соработка помеѓу педагогот-наставниците-родителите и учениците, само на тој начин би се имала навремена информација за секое случување и однесување пројавено кај учениците. Во најголемиот број на случаи ова е практика и во нашето училиште.<br>3. Сметам дека во многу случаи сум помогнала на правилен и вистински начин,пр.ако детето е повлечено,фрустрирано,исплашено,се дружам со него на неформален начин,не во канцеларија,туку го носам во најблиската слаткарница,па си разговараме спонтано, се шетаме,па откривам дека ја сака историјата како наука. Ако се работи за неодговорно дете,недисциплинирано,тогаш му давам конкретни задачи да ги изврши во одреден термин,но задачи кои не се поврзани со учење (пр.Да ги преброи компјутерите во 4 кабинети,па да ми даде извештај,или да ги изброи училниците во училиштето,па да изработи хамер на дадена тема кој потоа ќе го пофалам и закачам на видно место да се почуствува задоволен, и сл. |

Педагозите и психолозите истакнуваат различни искуства од досегашното поле на нивната воспитна работа. Воедно, од добиените одговори од педагозите и психолозите може да се констатира дека тие имаат потреба за развој на нивните стручни компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците.

*Табела бр. 44 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа дали имаат потреба за развој на нивните компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците*

| Прашање бр. 13<br>Имате ли потреба за развој на Вашите стручни компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1.Секогаш има потреба за развој на стручни компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците.<br>2.Иако имам 24 години работно искуство и доста поминати обуки, изведени обуки како обучувач, објавувано стручни трудови и написи и настапи на медиуми со теми од воспитен карактер, секогаш чувствувам потреба до зајакнување на своите стручни компетенции и стекнување на нови знаења и искуства. |

Од добиените одговори од педагозите и психолозите може да се констатира дека им се потребни дополнителни материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците и потребно им е да ги зајакнат своите вештини за развивање на воспитните компетенции.

*Табела бр. 45 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа дали им се потребни дополнителни материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците*

| Прашање бр. 14<br>Дали Ви се потребни дополнителни материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Да, би биле пожелни и од корист за целокупниот воспитно-образовен систем.<br>2. Да, дополнителната литература (или материјали) придонесуваат за подобрување на воспитно-образовната работа. |

*Табела бр. 46 за мислењата на педагошко-психолошката служба за тоа дали е потребно зајакнување на нивните вештини за развивање на воспитните компетенции*

| Прашање бр. 15<br>Сметате ли дека е потребно да ги зајакнете своите вештини за развивање на воспитните компетенции? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Да, секогаш потребни се иновации и усовршувања. |

*Табела бр. 47 за мислењата на педагошко-психолошката служба за формите преку кои би сакале да ги зајакнат нивните вештини за развивање на воспитните компетенции*

| Прашање бр. 16<br>Преку кои форми би сакале да се направи тоа? | **Ставови на педагошко-психолошката служба** |
|---|---|
| | 1. Работилници, обуки, семинари.<br>2. Дополнителни обуки од страна на МОН и БРО, работилници, изготвување на брошура, прирачник и материјали како за наставниците и стручните работници така и за учениците, Дисеминација, разменување на искуства како во училиштето така и со други училишта, јакнење на капацитетите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес и сл.<br>3. Преку соработка со институции кои се занимаваат со оваа проблематика. |

Како форми преку кои би сакале да се направи тоа педагозите и психолозите ги истакнуваат најчесто следните: дополнителни обуки од страна на МОН и БРО или пак од стручни лица, работилници, изготвување на брошура, прирачник и материјали, како за наставниците и стручните работници, така и за учениците, дисеминација, разменување на искуства, како во училиштето, така и со други училишта, јакнење на капацитетите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Воедно тие истакнуваат дека потребна е и соработка со институции кои се занимаваат со оваа проблематика.

Оттука може да се заклучи дека на педагозите и психолозите им се потребни дополнителни обуки, работилници и материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците со цел зајакнување на своите вештини за развивање на воспитните компетенции.

Во врска со ова прашање може да се истакне дека и наставниците сметаат дека **најефикасни начини за зајакнување на нивните воспитни компетенции се обуките, семинарите и работилниците** и тие истакнуваат дека им се потребни дополнителни обуки и работилници за зајакнување на нивните воспитни компетенции.

На последното седумнаесто прашање наменето за педагошко-психолошката служба добиени се различни одговори кои се однесуваат на предлог теми/области за кои би сакале да се организираат работилници во училиштата во функција на зајакнување на нивните воспитни компетенции. Тие се прикажани во следната табела:

*Табела бр. 48 Предлог теми/области за организирање на работилници за зајакнување на воспитните компетенции дадени од страна на педагошко-психолошката служба*

| Ред.бр | **Прашање 17: Предлог теми/области за организирање на работилници за зајакнување на воспитните компетенции дадени од страна на педагошко-психолошката служба:** |
|---|---|
| 1. | 1. Работа со одредени наставници кои незнаат да создадат личен авторитет кај учениците |
| 2. | 1. Начини за вклучување на учениците како ментори на ученици од помала возраст<br>2. Комуникациски вештини<br>3. Работа со родителите и комуникација со родителите |
| 3. | 1. Справување со недисциплина<br>2. Мотивација за успех кај учениците |
| 4. | 1. Методи на разрешување на конфликти помеѓу врсници<br>2.Протоколи по кои ќе се водат постапки за испрашување и следење на учениците кои пројавуваат девијантно однесување |
| 5. | 1. Ученици кои се однесуваат недолично |

| | |
|---|---|
| 6. | 1. Работилници за развивање на комуникациски вештини<br>2. За спречување на конфликти и насилство<br>3. За унапредување на дисциплината, одговорноста и меѓусебното почитување |
| 7. | 1. Како и на кој начин родителите да влијаат кај своите деца? |

Доколку овие предлог теми за работилници ги групираме, може да се воочи дека и ставовите на педагошко-психолишката служба се слични со ставовите на наставниците и притоа можеме да забележиме неколку предлог теми за кои претпоставуваме дека им се слаби алки на педагошко-психолошката служба и тоа: справување со недисциплина, подобрување на комуникациските вештини и решавање на конфликтни ситуации. Во понатомошниот дел од истражувањето за дел од нив изработени се модели на работилници.

**Од добиените ставови на педагошко-психолошката служба може да се констатираат повеќе заклучни согледувања. Имено, првото заклучно согледување се однесува на фактот дека според педагошко-психолошката служба како и според наставниците (како што претходно констатиравме) еден од најчестите воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата е проблемот со дисциплината (недисциплината), односно недисциплинираното однесување од страна на учениците, а дел од педагошко психолошката служба наведуваат дека недисциплинираното однесување е особено од страна на учениците од третиот циклус во деветгодишното основно образование.**

**Најчесто воспитни проблеми во чии решавање партиципираат педагогот и психологот се недисциплината кај учениците, антисоцијално однесување и неадекватно однесување за време на часовите.**

**Педагошко психолошката служба најчесто преку индивидуална и советодавна работа со учениците се справува со воспитните проблеми во училиштето. Училиштата, според ставовите на педагошко-психолошката служба делумно биле вклучени во проекти поврзани со воспитниот развој на ученците. Дел од овие проекти се прикажани и во годишните програми за работа на училиштата кои во понатамошниот дел на**

истражувањето се наведуваат. Но, дел од училиштата и не биле вклучени во проекти од оваа област.

Затоа препорака е до надлежните служби да се организираат проекти поврзани со воспитниот развој на учениците заради зајакнување и промовирање на воспитната дејност на училиштата. Од ставовите на педагошко психолошката служба можеме да констатираме и дека еден од начините за соработка со родителите, односно најчеста форма која ја применуваат индивидуалната форма на работа преку индивидуални средби и разговори со родителите. Педагозите и психолозите сметаат дека имплементацијата на Програмата за Советување на родители е законски позитивно решение и се надеваат дека родителски школи можат да придонесат во разрешување и превенирање на воспитни проблеми кај учениците, но сепак го наведуваат и фактот колку родителите ќе бидат подготвени за вклучување во оваа програма и дел од нив истакнуваат дека индивидуалната форма е поефикасен начин за соработка со родителите.

Во врска со паричните казни за родителите може да се констатира дека педагозите и психолозите се со поделени ставови, при што дел истакнуваат дека треба да постојат (тоа влијае на одговорноста), но дел од педагозите и психолозите се скептични,но го почитуваат како законска постапка за справување со родителите.

За надминување на воспитните проблеми може да се истакне дека согласно одговорите, педагозите и психолозите истакнуваат дека тоа може да се направи пред сѐ со соработка со наставниците и изнаоѓање на соодвети начини, форми и активности, како би се мотивирале учениците, воведување на иновации во наставата и отфрлање на класичниот начин на предавање, бидејќи учениците не доаѓаат на училиште за да бидат оценувани, туку за да научат, совладаат, прошират одредени знаења, навики и вештини, подобрување на соработката со родителите и на подобрување на комуникацијата на сите нивоа со акцент на почитување на потребите на децата и јакнење на нивната самодоверба.

Педагозите и психолозите во решавањето на проблемите најмногу би сакале да соработуваат со стручни лица-педагози, психолози, дефектолози како и со стручни институции за конкретни проблеми. Тие се со поделени ставови, дел сметаат дека голем дел од наставниците сами можат да се справат во решавањето на воспитните проблеми на учениците, а додека пак дел сметаат дека наставниците не секогаш можат сами да се

**справат. Од добиените одговори може да се заклучи дека педагошко-психолошката служба, односно педагозите и психолозите имаат потреба за развој на нивните стручни компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците, потребни им се дополнителни материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците, односно потребно им е да ги зајакнат своите вештини за развивање на воспитните компетенции преку дополнителни обуки од страна на МОН и БРО, или пак од стручни лица, работилници, изработка на брошура, прирачник и материјали како за наставниците и стручните работници, така и за учениците, дисеминација, разменување на искуства како во училиштето, така и со други училишта, јакнење на капацитетите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Воедно тие истакнуваат дека потребна е и соработка со институции кои се занимаваат со оваа проблематика. Сето ова оди во прилог на поставената хипотеза дека наставниците и педагошко-психолошката служба имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците и ја потврдува истата.**

### 3.4. Анализа на воспитните потенцијали на програмската поставеност на наставата во третиот циклус од деветгодишното основно образование

Тргнувајќи од целта на нашето истражување, а тоа е да се развијат педагошко-дидактички стратегии за поддршка и развој на воспитната дејност на училиштата, преку една од нашите задачи во текот на истражувањето се анализираа воспитните потенцијали на програмската поставеност, односно програмските основи (содржини, цели и активности) за сите наставни предмети (задолжителни и изборни) во третиот циклус, односно во седмо, осмо и деветто одделение од деветгодишното основно образование. За анализата на наставните програми користена е техниката - анализа на педагошка документација, со помош на инструментот: „Протокол за анализа на воспитните потенцијали на програмската поставеност на наставата во третиот циклус на деветгодишното основно образование".

Во завршниот период од VII до IX одделение задолжителни се следните предмети: македонски јазик, односно албански, турски, српски јазик, македонски јазик за учениците од другите заедници, математика, англиски јазик, втор странски јазик, ликовно образование, музичко образование, географија, историја, граѓанско образование, информатика, биологија, физика, хемија и физичко и здравствено образование. Во VII одделение учениците имаат 12, а во VIII и IX

одделение по 14 предмети, додека неделниот број на часови е во рамките на стандардите за образованието во земјите на Европската унија (од 27 до 31 часа)[130].

Во зависност од условите и интересот на учениците од VII до IX одделение, тие и можат да ги изучуваат следните изборни предмети: од областа на јазиците (зајакнато изучување на првиот или вториот странски јазик); од општествено-хуманитарното подрачје предметот (нашата татковина, со содржини за јакнење на патриотизмот и лојалноста кон Република Македонија преку содржини за државотворната традиција, правата и слободите на граѓаните, определбата за прифаќање на вредностите на ЕУ);од природните науки (воспитание за околината или истражување на родниот крај) со нагласен акцент на истражувачките активности за заштита на природата и околината, како и за традициите, обичаите и современиот живот на граѓаните во родниот крај); од уметностите (танци и народни ора, проекти од музичка или ликовна уметност); од информатиката и техниката (техничко образование или проекти од информатика); од областа на спортот (изборен спорт или унапредување на здравјето); елементарно изучување на класичната култура како основа на европската цивилизација (класичната култура во европската цивилизација); предмети од областа на вештините за живеење (со цел да се обезбеди баланс меѓу знаењата и вештините што треба да ги стекнат учениците и да се овозможи приближување на стекнатите знаења кон секојдневната реалност, како и делумно да се прилагоди курикулумот кон потребите на локалната заедница)[131]

Согласно поставената задача, во оваа фаза од истражувањето, најпрвин се анализираа воспитните потенцијали на наставните програми за задолжителните наставни предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование. Потоа се анализираа воспитните потенцијали на наставните програми за сите изборни предмети од овој циклус. Сите наставни програми за деветгодишно основно образование се наоѓаат на веб страната на Бирото за развој на образованието.[132]

---

[130] Концепција за деветгодишно основно образование, стр. 92

[131] исто стр. 95

[132] http://www.bro.gov.mk

Со анализата на наставните програми од третиот циклус од деветгодишното основно образование дојдовме до повеќе согледувања кои се прикажани во понатамошниот дел на трудот.

Со помош на Протоколот за анализа на воспитните потенцијали на наставните програми за наставните предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование имаме за цел да дојдеме до повеќе заклучни согледувања, со кои ќе се утврди застапеноста на елементи за воспитен развој на учениците во програмските цели, содржини и активности. Во овој контекст, со помош на дескриптивниот метод ги анализиравме наставните програми и целокупната анализа во понатамошниот дел е прикажана по одделни предмети.

Во врска со направената анализа, најпрвин се прикажани податоците добиени од анализата на наставните програми од природните науки, потоа наставните програми од општествените науки, науки од областа на уметноста, потоа наставната програма по физичко образование и на крајот се анализираа програмите од изборните предмети. Овој критериум за анализа го направивме по случаен избор, како и поради подобар преглед на активностите.

Уште на почетокот при анализата на податоците на наставната програма по математика за седмо одделение[133] од деветгодишното основно образование можеме да заклучиме дека главниот акцент на целите за развојниот период од седмо до деветто одделение е ставен на образовната компонента и притоа е нагласено дека **ученикот/ученичката треба да стекне знаења за решавање проблеми** од: природни броеви, цели броеви и рационални броеви; геометриските фигури: триаголник, четириаголник, многуаголник и круг; складност и сличност на триаголници; осна симетрија, централна симетрија, ротација и транслација; цели рационални изрази; операции со вектори; функции и пропорционалност и линеарни функции; примена на Питагоровата теорема; линеарни равенки и систем линеарни равенки; линеарни неравенки и систем линеарни неравенки; геометриски тела (плоштина и волумен); за прибирање, средување, претставување и анализа на податоци; да користи

Информатичко компјутерска технологија (ИКТ) во содржини од математиката; да ги применува знаењата во секојдневниот живот-изучените поими, термини и симболи; да користи

[133] види прилог 1, стр. 155

математичка терминологија при усно и писмено искажување; да решава математички проблеми; да го доживува решавањето математички проблеми како пријатно искуство. Воедно при анализата се забележува дека и програмските содржини на наставната програма по математика речиси целосно се насочени кон образовната компонента. Сепак треба да се нагласи дека само една од целите која е дадена и во проколот а тоа е „критички да се однесува кон сопствената работа и кон работата на другите" е насочена кон воспитен развој. Сметаме дека тоа не е доволно и поради тоа потребно е дополнување и проширување и на оваа наставна програма во насока на развој на воспитни потенцијали. И во наставните програми по математика во осмо и деветто одделение од деветгодишното основно образование не се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Оттука треба да се нагласи дека:

**Постои потреба од дополнување и проширување на наставната програма по математика во третиот циклус од деветгодишното основно образование со дополнителни елементи за воспитен развој на учениците и градење на посеопфатен конзистентен систем на посилни воспитни потенцијали.**

Во тој контекст, во наставната програма по математика можно е дека треба да се инкорпорираат и нови задачи чија реализација ќе го поддржи воспитниот развој, како на пример: учениците треба да ги развиваат културните, работните, етичките и естетските навики како и математичката љубопитност, треба да се изградуваат позитивните особини кај личноста на учениците како што се: систематичност, упорност, точност, уредност, објективност, самоконтрола и смисла за самостојна работа.

Цели за развојниот период од седмо до деветто одделение во наставната програма по информатика се ученикот/ученичката: да стекнува основни знаења од областа на информатиката; да стекне вештини за примена на информатичките знаења во наставата и учењето; да ги надградува своите знаења од областа на ИКТ како основа за сопствената и групната активност во учењето; да стекнува навики за користење на информациската технологија во другите предмети во рамките на образовниот процес и во секојдневниот живот. Цели на наставата во седмо одделение се: ученикот/ученичката: да се оспособува да користи мултимедијални алатки за изработка на презентации; да се оспособува да користи алатки за табеларни пресметки; да прибира, организира податоци, донесува заклучоци на база на

собраните информации и да ги презентира истите; да ги препознава алатките со кои може да се реши зададена задача и да ја користи информациската технологија за решавање на одредени проблеми. **Сето ова упатува на фактот дека акцентот во наставната програма по информатика е ставен на образовната компонента, а не на воспитната компонента, односно во неа не се застапени елементи за воспитен развој на учениците[134].**

Децата и тинејџерите користат интернет во последно време за сè, бидејќи интернетот овозможува брз и лесен пристап до информации. Со користењето на интернетот стекнуваат нови вештини, искуства и знаења, но истовремено постојат реални потенцијални опасности кои можат да се одразат на нивната приватност и личната безбедност. Оттука во наставната програма можно е да се инкорпираат и содржини како на пример: значењето и заштитата на личните податоци и информации, едукација за безбедно користење на интернет, последиците од употребата на социјалните мрежи.

Исто така и во наставниот предмет биологија во наставната програма[135] за седмо одделение идентично како и во наставниот предмет географија, во целите за развојниот период од седмо до деветто одделение, односно во една од целите е нагласено дека ученикот/ученичката треба да го развива критичкото мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите, но е наведено преку кои програмски содржини, ниту пак преку кои активности.

**Анализирајќи ја наставната програма по биологија во осмо одделение од деветгодишното основно образование можеме да констатираме дека недостасуваат, односно нема застапеност на елементи за воспитен развој на учениците ниту во целите, ниту во содржините ниту во активностите.**

Во целите на наставната програма по биологија за деветто одделение наведено е дека ученикот треба активно да учествува во истражувачката работа низ тимско и самостојно планирање, експериментирање и ракување со прибор и апарати, да се оспособува самостојно да го оценува сопственото напредување, како и да стекнува умеења и навики за користење

[134] види прилог 2, стр. 156

[135] види прилог 3, стр.156

различни извори на знаења. Но, реализацијата на овие цели не е придружена со соодветни содржини и активности.

**Постои потреба од дополнување на наставната програма по биологија во деветто одделение од деветгодишното основно образование со елементи за воспитен развој на учениците.**

Во врска со наставата по биологија предложуваме во целите на наставата да се нагласи дека учениците треба: да ги развиваат способностите за набљудување, воочување, споредување и анализирање, да развиваат способност за логично и критичко размислување, заклучување и решавање на проблемите, да ја развиваат свеста за важноста на здравјето и да практикуваат здрав стил на живот.

Во наставниот план и програма од Министерството за образование и наука од Хрватска во задачите [136] на наставната програма по биологија наведено е дека учениците треба да развиваат ставови за одговорноста за сопственото здравје. Исто така, за секоја содржина согласно изработениот Национален хрватски образовен стандард, односно на крајот не секоја содржина наведени се развојни и социјализирачки цели што е доста интересно и од нив во повеќето содржини се застапени елементи за воспитен развој на учениците, како на пример при изучувањето на темата-Папрати-една од развојните цели кај учениците да се развива одговорноста и грижата за естетското уредување на училницата, односно со негување на украсните папрати во одделението, потоа во темата Цицачи една од развојните цели е кај учениците да се развиваат хуманите вредности, односно почитување на животните и грижа за немоќните, учениците да се заложуваат за хумано постапување со домашните животни и домашните миленичиња. Во темата Птици, една од развојните цели е кај учениците да се поттикне грижа за птиците во околината на училиштето, кај учениците да се развива свест за важноста за чувањето и заштитата на птиците преку организирање на разговор со разни здруженија кои се занимаваат со прашања за незаконското ловење на птици, исто така една од целите е и да се поттикнат учениците на волонтерска, односно доброволна работа во институции кои се занимаваат со прашања од областа на заштита на птиците.

[136] http://freedownloadb.com/pdf/bbiologija-b-b7-b-radna-verzija-10096189.html

Во целите на предметот хемија[137] за развојниот период од седмо до деветто одделение истакнато е дека ученикот/ученичката треба да развива вештини за комуникација, соработка и тимско работење. Меѓутоа, анализирајќи ги содржините и активностите не се забележуваат активности преку кои би се реализирала оваа цел.

Цели на наставата по хемија во осмо одделение се ученикот да ги усвои и правилно да ги примени основните хемиски поими; да развива способности за согледување на разликите и сличностите на чистите супстанци и смесите, нивните својства, промени, градба и класификација; да го познава основниот лабораториски прибор и да стекнува вештини за негово користење; да се здобие со знаења за градбата на супстанците и хемиските врски во нив; да воспоставува сооднос помеѓу составот, структурата и својствата на супстанците; да го усвои јазикот на хемијата на најелементарно ниво; да развие способност за претставување на елементарни хемиски реакции со хемиски равенки; да се здобие со основни знаења за периодниот систем на елементите, местото на елементите во истиот, како и законитостите во промените на својствата на елементите по групи и периоди; да разликува вид на супстанца според состав и вид на неорганско соединение (оксид, киселина, хидроксид и сол) ако е дадена хемиската формула или името на соединението, како и да се здобие со знаења за номенклатура на истите.

Во целите за наставниот предмет Хемија, во наставната програма е истакнато дека ученикот треба да стекнува особини на точност, педантност и економичност, како и да развива вештини на комуникација, работа во тим, соработка и толеранција, но не е наведено преку кои содржини и активности би се реализирало сето тоа.

Интересен е фактот што во наставната програма по хемија за осмо одделение[138] во Хрватскиот образовен стандард се истакнати содржини со елементи за воспитен развој на учениците. Па така, при изучување на темата Алкохоли, една од целите и содржините е учениците да се поттикнуваат да го почитуваат животот и здравјето како најголема вредност, да им се укаже на последиците од прекумерното конзумирање на алкохол и неговите последици на

---

[137] види прилог 4

[138] http://freedownloadb.com/pdf/bkemija-b-8r-29-04-2005-517564.html

организмот на човекот, да се поттикнат учениците на размислување за штетноста на алкохолот на физичкото и менталното здравје ( на поединецот, семејството и општеството).

Во темата Сапуни и детергенти една од содржините е Одржување на сопствената хигиена и хигиената на просторот во кој што живее.

Анализата на наставната програма по физика за осмо одделение покажува дека нема застапеност на елементи за воспитен развој на учениците ниту во целите, ниту во содржините, ниту во активностите[139].

При анализа на наставната програма по физика за деветто одделение можеме да констатираме дека нема застапеност на елементи за воспитен развој на учениците во содржините и во активностите. Единствено во целите е нагласено дека ученикот треба да биде активен учесник во конструктивна соработка при тимска работа и да се поттикнува на критичко мислење и да се буди креативноста во него.

Интересен е фактот кој треба да се спомене во Националниот образовен стандард од Хрватска во наставната програма по физика за седмо одделение[140], каде што можеме да забележиме и констатираме повеќе елементи за воспитен развој на учениците кои предложуваме да се земат во предвид при изработка на наставните програми во иднина, односно при изработка на образовни стандарди за секој предмет. Така на пример, во темата За телата една од развојните цели е толеранција и почитување на другиот преку работилницата : Телата околу нас. Друг пример е поврзан со темата Сила, каде една од развојните цели и содржини е Расправа за силата – критичко размислување за употребата на мускулната сила (одбрана, напад). Во темата Триење, една од целите и содржините е помош на стари лица на лизгав пат, како и културно однесување во сообраќајот („со гумите на автомобилот"). Во темата Тежиште и рамнотежа на силите е наведено како цел и содржина – хуманоста, солидарноста – помош на учениците со посебни образовни потреби, на пример во инвалидски колички ( тежиште и стабилност).

[139] види прилог 5

[140] http://freedownloadb.com/pdf/bfizika-b-b7-b-radna-verzija-12306518.html

При изучување на темата Лост една од содржините е и Бон тон во лифт. Потоа за темата Притисок интересно е да се истакне како содржина Одговорното однесување кон себе и другите и да се разговара за темата „Ми го креваш притисокот". Во темата Работа како активност е наведена работилницата-Почитувај ја сопствената работа и работата на другиот-физичка или интелектуална. За темата Енергија, работилница-Штедете ја енергијата и чувајте ја околината. Интересна е темата Моќ – една од содржините е организирање на работилница на тема-Моќта на умот (разговор за мирот и неприфаќање на насилството). За темата Енергија интересна може да биде содржината организирање на работилница на тема-Користење на топлината во куќата (заштеда на енергија и пари). Исто така може да се спомене и темата Мерење на температура-една од целите и содржините е грижа за здравјето, односно учениците да се научат на правилна употреба на термометар.

**При анализата на наставната програма по македонски јазик[141] за седмо одделение од деветгодишното основно образование можеме да констатираме дека има застапеност на елементи за воспитен развој и тоа во две програмски подрачја: Изразување и творење и Медиумска култура.**

Во програмското подрачје-Изразување и творење во наставната програма по македонски јазик во осмо одделение се застапени многу малку елементи за воспитен развој коишто се однесуваат на различни форми на писмено изразување и се реализираат преку вежби за пишување, вежби за составување говор, обраќање за некој проблем.

Во наставната програма по македонски јазик во програмското подрачје изразување и творење во деветто одделение многу малку се забележуваат елементи за воспитен развој на учениците кои повторно како и во седмо одделение се однесуваат на различните форми на писмено изразување.

Во наставниот предмет географија[142] во целите за развојниот период од седмо до деветто одделение во една од целите е нагласено дека ученикот/ученичката треба да го развива критичкото мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите, но не е

[141] види прилог 6

[142] види прилог 7

наведено преку кои програмски содржини, ниту пак преку кои активности. Во другите содржини и активности во наставната програма по географија во седмо одделение не се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Поради тоа потребно е да се додадат цели и содржини со елементи за воспитен развој на учениците.

Во Хрватскиот национален образовен стандард за шесто одделение по предметот Географија[143] има содржини кои во наставните програми по географија кај нас ги има во осмо и деветто одделение, всушност станува збор за содржините Европа, Азија и Африка и Америка. Треба да истакнеме дека дека во овој стандард има елементи за воспитен развој на учениците кои можат да се интегрираат во наставната програма по географија за седмо и осмо одделение или пак да бидат дел од изработка на образовни стандарди, односно да бидат како водичи во одредени прирачници за наставниците.

Во темата Азија, една од целите и содржините е достоинството на човековата личност и правата на децата-забрана за работа на децата, потоа хуманост и давање помош на настраданите од земјотрес, тајфуни. При изучување на темата Африка со учениците се разговара како една од целите и содржините за разбирање на другите, сочувствување за време на војна, болест, потоа еднакви можности за сите-сиромаштија.

Во наставната програма по граѓанско образование за осмо одделение има застапеност на елементи за воспитен развој на учениците и тргнувајќи од целите е нагласено дека ученикот треба да го рабере значењето на поимот одговорност и да разликува видови одговорности кон себе, во семејството, кон локалната заедница, кон државата; да се оспособува да открива примери во училиштето и во заедницата кога не се почитуваат човековите права и демократските вредности; да го разбере правото на различност и да развива чувство на меѓусебно разбирање и толеранција кон припадниците на други култури. Активности кои се во функција на оставрување на овие цели се: вежби за откривање на значењето на поимите солидарност, култура, културни сличности и разлики, дискриминација, стереотипи и предрасуди, анализа на примери на дискриминација и стереотипи; организирање работилница: како да се надминат стереотипите и дискусија, како и вежби преку кои учениците ќе идентификуваат различни видови на лична одговорност и одговорност кон другите.

---

143 http://freedownloadb.com/pdf/bgeografija-b-6-razred-5573470.html

При анализа на наставната програма Граѓанско образование[144] за деветто одделение можеме да констатираме дека учениците изучуваат теми, односно содржини во кои се застапени елементи за воспитен развој. Во темата Конфликт ученикот треба да ја сфати толеранцијата како меѓусебно разбирање и почитување; да знае што е конфликт и како настанува; да практикува начини на однесување со кои се избегнува конфликт; да ги познава можните последици од конфликтот; да прифаќа однесување кое придонесува за сопственото добро и доброто на другите (општествена одговорност) како и да научи како да се справи во ситуација кога конфликтот е неизбежен.

Анализирајќи ја наставната програма по музичко образование[145] за седмо, осмо и деветто одделение од деветгодишното основно образование, односно анализирајќи ги програмските цели, содржини и активностите во оваа наставна програма, можеме да констатираме **дека многу малку се застапени елементи за воспитен развој на учениците.** Цели кои се истакнати во наставната програма по музичко образование за развојниот период од седмо до деветто се следните: да ги проширува своите знаења од областа на музиката и музичкото изразување (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко- ритмички активности) како и за одделни музички дела и автори; да го развива опсегот на гласот; да се поттикнува на сопствено музичко изразување; да ужива во убавината на музиката; да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика; да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво; да го усвојува нотното писмо; да го применува читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење); да ги усвојува музичко-теориските поими и да ја користи информатичката компјутерска технологија во музичкото изразување.

Цели на наставата по предметот музичко образование во седмо одделение се: да применува правилна вокална интерпретација; да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина; да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам; да развива способност за целосно слушање на музичко дело; да стекне сознанија за животот и творештвото на одредени композитори; да ги продлабочува знаењата на стручните

[144] види прилог 8

[145] види прилог 9

поими за темпото и динамиката; да ги воочува карактеристиките и разликите на дурска и молска скала; да ја усовршува техниката на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички);да се оспособува за групно музицирање (свирење и пеење); да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост; да ги развива умеењата за пеење и свирење на посложен нотен текст; да се воведува во основите на музичките форми; да ги продлабочи знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво. Сето ова упатува на фактот дека целта на наставата по музичко образование во третиот циклус на деветгодишното основно образование е учениците да ги применуваат знаењата, да ги прошируваат и стекнуваат нови знаења од областа на музиката и музичкото изразување, односно акцентот е ставен на образовната компонента, а не на воспитната компонента.

**Поради тоа потребно е да се истакне дека постои потреба од проширување и дополнување на наставната програма по музичко образование за седмо, осмо и деветто одделение со елементи за воспитен развој на учениците како на пример организирање на музички работилници на теми од областа на моралното воспитание, бидејќи слушањето музика може да придонесе за стекнување на поголема самодоверба кај учениците, а воедно играњето на музика и пеењето ја подобрува и социјализацијата.**

Во наставната програма по музичко образование треба да се истакне и дека музиката е дел од културното формирање на личноста и нејзина постојана потреба. Таа директно влијае на создавање на човековата личност.

Од аспект на естетското воспитание може да се истакне дека наставниците кои уживаат во музиката, односно на часовите им пејат и свират на учениците, континуирано го збогатуваат нивното музичко искуство и ја развиваат нивната музичка сензибилност која е основа за развој на нивната музикалност. Естетската сензибилност е услов за формирање и развивање на естетскиот вкус кај учениците. Во наставната програма можат да се вклучат содржини од уметнички музички дела кои воспитно ќе делуваат ако ги побудуваат естетските чувства, асоцијации и психичката активност, односно тие воспитно ќе делуваат ако учениците можат да ги доживеат.

Анализирајќи ја наставната програма по ликовно образование[146] можеме да заклучиме дека нема застапеност на елементи за воспитен развој, освен во една од целите за развојниот период од VII до IX одделение каде што е наведено дека ученикот/ученичката треба да ги негува културно хигиенско-техничките и работните навики. Оттука треба да се истакне дека:

**Постои потреба од проширување и дополнување на наставната програма по ликовно образование во седмо одделение од деветгодишното основно образование со елементи за воспитен развој на учениците. И во осмо одделение во наставната програма по ликовно образование од деветгодишното основно образование не се застапени, односно недостасуваат елементи за воспитен развој на учениците.**

Застапеност на елементи за воспитен развој на учениците во наставната програма по ликовно образование има во општите цели и тоа единствено во две и тоа: ученикот да го надградува творечкото мислење и ликовно – практичната работа согласно индивидуалните особености, сензибилтетот и интересот за одреден актуелен проблем, како и да ги применува стекнатите естетски вредности во сопственото секојдневно живеење и работа; да умее да организира творечки процес и да формира култура на работа.

Елементи за воспитен развој на учениците се застапени во наставната програма по физичко и здравствено образование[147] за седмо, осмо и деветто одделение при што нагласено е дека ученикот/ученичката треба да развива позитивни ставови, здравствено-хигиенски навики, однос и љубов за одржување на здравјето и негување на сопственото тело; да развива позитивни психосоцијални и интерперсонални комуникациски способности и да развива вештини за позитивно емоционално изразување на натпреварите. Воедно, истакнато е дека ученикот/ученичката треба да изведува вежби за правилен физички развој (оформување на телото) и развивање на базичната моторика на движење и спортување; да го држи телото правилно во сите положби, и тоа во: седење, стоење, движење (одење и трчање); да соработува

[146] види прилог 10

[147] види прилог 11

и учествува во тимска активност, да поседува фер-плеј способности и однесувања во натпреварите; да се ослободува од стрес состојби и психичка и физичка напнатост во колективни игри и натпревари како и да создава и применува здравствено-хигиенски навики во вежбањето и спортувањето за чување и унапредување на сопствената хигиена и здравје.

Во понатамошниот дел на трудот направена е анализа на изборните предмети.

Анализирајќи ги изборните предмети и тоа: Програмирање, Истражување на родниот крај, Изборен спорт, Нашата татковина, Проекти од информатика, Проекти од ликовната уметност, Проекти од музичката уметност, Танци и народни ора, Техничко образование, Унапредување на здравјето, Вештини за живеење, Воспитание за околината, треба да се истакне дека во нив постои поголема застапеност на елементи за воспитен развој на учениците. Податоците добиени од нив се прикажани на изработените протоколи[148] кои можат да се разгледаат во прилозите на трудот.

Од изборните предмети треба да се нагласи дека во наставниот предмет Проекти од информатика не се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Од изборните предмети треба да се нагласи дека и во наставните предмети Истражување на родниот крај и Програмирање, не се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Елементи за воспитен развој на учениците најмногу се застапени во наставната програма Животни вештини за третиот циклус од деветгодишното основно образование.

**Во врска со поставената хипотеза која гласи: програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците, од направената анализа можеме да констатираме повеќе заклучни согледувања најпрвин за природната група на предмети, потоа за општествената група на предмети и на крајот за изборните предмети од третиот циклус.**

[148] види прилог 12

Од природната група на предмети во наставната програма по математика за третиот циклус препорачуваме да се додадат и задачите: учениците треба да ги развиваат културните, работните, етичките и естетските навики како и математичката љубопитност, треба да се изградуваат позитивните особини кај личноста на учениците како што се : систематичност, упорност, точност, уредност, објективност, самоконтрола и смисла за самостојна работа, да развиваат чувство за одговорност и критичност кон сопствената и туѓата работа. Како цели во наставната програма, доколку е можно да се инкорпорираат и: учениците критички и самокритично да ги прифаќаат грешките, тимска работа, дружење и взаемна помош во учењето, воспоставување на групна соработка. А, како активности на ученикот може да бидат: развивање искуство и потреба за колективна работа, разбирање на разликите во способностите и предзнаењето на другите. Па, така на пример во темата Цели броеви, доколку е можно да се додадат следните дополнителни активности: учениците да ја развиваат упорноста, доследноста како позитивни карактеристики на личноста, да му помагаат на наставникот во изработка на ѕидни слики.

Исто така на пример, во темата-Рационални броеви-на пример можно е да се додадат следните активности: прегледно и уредно да ги запишуваат и решаваат задачите, да прават самоконтрола на сопствената работа. Потоа во темата на Четириаголник учениците треба пред се да ги развиваат работните навики-прецизност, точност. Во темата-Многуаголник-доколку е можно може да се додадат и следните активности: развивање ставови за важноста и значењето на естетските вредности, хармоничноста и правилноста во математиката во секојдневниот живот и поврзување на математичките поими со примери од секојдневниот живот, развивање на позитивни ставови кон учењето геометрија како и улогата на геометријата во секојдневниот живот.

Од направената анализа можеме да воочиме дека постои потреба од дополнување на наставната програма и по биологија со елементи за воспитен развој на учениците. Во врска со наставата по биологија предложуваме во целите на наставата да се нагласи дека учениците треба: да ги развиваат способностите за набљудување, воочување, споредување и анализирање, да развиваат способност за логично и критичко размислување, заклучување и решавање на проблемите, да ја развиваат свеста за важноста на здравјето и да практикуваат здрав стил на живот. Посебно значајна тема е Исхрана и здравје, каде учениците треба да знаат дека практикувањето на здрав живот со

здрава исхрана подразбира и здраво потомство, како и развивање на свест и стекнување навики за личната хигиена. Сето ова подразбира сфаќање на неопходноста од личното учествување и вклучување во одржувањето на здравјето со помош на правилен начин на живот (правилна исхрана, престој на сонце умерено кое е пред сè значајно за развој на коските), дотолку повеќе во овој развоен период на учениците, односно посебно во време на пубертетот, период за кој акцентот е ставен во овој труд.

Учениците треба да се запознаат со тоа дека правилната исхрана која е богата со белковини значи и правилен развој на скелетните мускули. Како активности значајно е да се прават дневни, неделни и месечни листи за средства кои ги користат секојдневно за одржување на хигиената на телото, листа на прехранбени продукти кои ги внесуваат дома и на училиште. Од особено значење е учениците да разберат дека луѓето не се хранат само за да ја задоволат „гладта", туку за да го изградуваат нивното тело, да имаат енергија за работа и за движење, да бидат здрави и отпорни на болести.

Исто така на пример, при изучување на темата за Сетила важно е кај учениците да се развие потребата за хуман однос кон лицата со посебни потреби (лица со оштетен слух, лица со оштетен вид) како и потребата за основно познавање на знаците за комуникација со лицата со оштетен вид.

Во целите на наставната програма за наставниот предмет Хемија во наставната програма истакнато е дека ученикот треба да стекнува особини на точност, педантност и економичност како и да развива вештини на комуникација, работа во тим, соработка и толеранција, но не е наведено преку кои содржини и активности би се реализирало сето тоа. Предлагаме при изучување на темата Супстанции кај учениците врз база на голем број обиди и експерименти да се нагласи дека треба да се развива самодовербата за самостојно изведување на експерименти, потоа да се развива еколошката свест, да се поттикнува соработничкото учење, креативноста и да се создаваат навики за тимска работа. Во наставната програма по хемија во темата Киселини може да се нагласи дека учениците треба да ја развиваат чистотата и уредноста при изведување на хемиските експерименти и обиди, како и да усвојуваат правила при работата и правилното сврзување на хемиските материи.

При анализа на наставната програма по физика можеме да утврдиме дека нема застапеност на елементи за воспитен развој на учениците во содржините и во активностите. Единствено во целите е нагласено дека ученикот треба да биде активен учесник во конструктивна соработка при тимска работа и да се поттикнува на критичко мислење и да се буди креативноста во него. Предлагаме инкорпорирање на содржини во кои ќе бидат застапени елементи за воспитен развој на учениците како што е на пример темата Притисок, како содржина Одговорното однесување кон себе и другите. Преку изучувањето на содржините по физика од особено значење, доколку е можно во наставните програми да се инкорпорираат и следните цели: поттикнување на интересот кај учениците за проучување на природата, развивање на навики за уредност, прецизност, точност, систематичност, меѓусебно почитување, работа во група и тим, самостојна работа, евалуација и самоевалуација и развивање навики за користење на разновидни извори на информации. Во очекувани резултати доколку е можно, може да се инкорпорираат и: усвојување на научен поглед на свет, учениците да знаат да ги почитуваат ставовите и сфаќањата на другите, да превземаат одговорност за заедничкиот процес за учење во група и тим. При изучување на пример на темата-Мерење-како активности на учениците може да бидат: сами да изведуваат експерименти, да собираат податоци, да ги проверуваат своите идеи и заклучоци, да ги дискутираат и објаснуваат добиените резултати, да ги одредуваат причините кои довеле до одреден резултат, да го поврзуваат тоа со претходните искуства. А, како активности на наставникот може да бидат: да им помага на учениците да ги направата првите истражувачки чекори во светот на физиката, да расправа со учениците за важноста на должината како мерка во секојдневниот живот, спортот, сообраќајот.

Акцентот во наставната програма по информатика е ставен на образовната компонента, односно на стекнување на знаења, а не на воспитната компонента. Во однос на ова предложуваме акцентот да биде ставен на следните активности: учениците да ја користат тимската работа при решавање на проблемите, да се запознаат со барањата за културна употреба на комјутерската и информациска технологија, на учениците да им се укаже за правните и етичките принципи при употреба на информациската и комуникациската технологија, како и да им се укаже на последиците при нивно нарушување. Учениците треба да стекнуваат навики за пребарување и собирање на информации од Интернет, како и да стекнат навика за користење на информатичка литература (е-книги), електронска пошта.

Застапеност на елементи за воспитен развој на учениците има делумно во општествената група на предмети и тоа во: македонски јазик, географија, граѓанско образование, ликовно образование, музичко образование. Од анализата воочуваме дека застапеност на елементи за воспитен развој на учениците во наставната програма по македонски јазик има во две програмски подрачја: Изразување и творење и Медиумска култура.

Во наставниот предмет географија, во наставната програма во целите е нагласено дека ученикот/ученичката треба да го развива критичкото мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите, но не е наведено преку кои програмски содржини, ниту пак преку кои активности. Поради тоа потребно е да се додадат цели и содржини со елементи за воспитен развој на учениците. Така на пример при изучување на темата Африка, една од поставените цели и содржини за учениците-разбирање на другите, сочувствување за време на војна, болест, потоа еднакви можности за сите-сиромаштија.

Во наставната програма по граѓанско образование има застапеност на елементи за воспитен развој на учениците и тргнувајќи од целите е нагласено дека ученикот треба да го рабере значењето на поимот одговорност и да разликува видови одговорности кон себе, во семејството, кон локалната заедница, кон државата.

Од направената анализа на наставната програма по музичко образование во третиот циклус од деветгодишното основно образование, односно анализирајќи ги програмските цели, содржини и активностите во оваа наставна програма, можеме да воочиме дека не се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Заклучното согледување упатува на препорака дека потребно е проширување и дополнување на наставната програма по музичко образование во третиот циклус со елементи за воспитен развој на учениците, како на пример организирање на музички работилници на теми од областа на моралното воспитание, бидејќи слушањето музика може да придонесе за стекнување на поголема самодоверба кај учениците, а воедно играњето на музика и пеењето ја подобрува и социјализацијата.

Во целите на наставната програма или пак во изработката на одредени стандарди или прирачници по музичко образование предложуваме да се наведе дека музиката е дел од културното формирање на личноста и нејзина постојана потреба. Како активности на учениците на пример за темата Пеење, може да се додадат и: развивање на свест за

значењето на секој поединец во хор или оркестар, комуникација и интеракција во музицирањето (импровизација), постојана грижа и чување на музичките инструменти како вредности, самостојно изработка на импровизирачки инструменти, соодветно однесување во согласност со барањата на одредена музичка игра, самостојно пронаоѓање на музички бројалки и игри. Исто така учениците треба да сфатат дека секоја земја има своја традиционална игра и танц и дека тоа е вредност која треба да се чува и почитува (мултикултура). Една од континуираните активности треба да биде и изработка на пано со традиционалните инструменти, носии. Во темата Слушање музика треба да се нагласи дека учениците треба да покажуваат култура кога слушаат изведување на песна или пак кога се на концерти, а како активност може да биде изработка на макета на концертен подиум, разговор за начинот и времето на аплаудирање на концерт, разговор за музиката во околината (аудитивна екологија), изработка на водич за културните музички настани во градот.

Анализирајќи ја наставната програма по ликовно образование можеме да заклучиме дека нема застапеност на елементи за воспитен развој, освен во една од целите каде што е наведено дека ученикот/ученичката треба да ги негува културно хигиенско-техничките и работните навики.

Елементи за воспитен развој на учениците се застапени во наставната програма по физичко и здравствено образование за седмо, осмо и деветто одделение при што нагласено е дека ученикот/ученичката треба да развива позитивни ставови, здравствено-хигиенски навики, однос и љубов за одржување на здравјето и негување на сопственото тело.

Анализирајќи ги наставните програми за изборните предмети од деветгодишното основно образование можеме да констатираме дека делумно се застапени елементи за воспитен развој на учениците.

Добиените сознанија делумно одат во прилог на поставената хипотеза програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците, бидејќи, согласно направената анализа во поголемиот број на задолжителни наставни предмети од третиот циклус од деветгодишното основно образование не се застапени

**елементи за воспитен развој на учениците. Програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците единствено кај наставните предмети македонски јазик, физичко образование и граѓанско образование.**

**Од друга страна пак, во изборните наставни предмети од третиот циклус од деветгодишното основно образование делумно се застапени елементи за воспитен развој на учениците во целите и содржините, како на пример во предметите Животни вештини, Унапредување на здравјето, Вештини за живеење и Воспитание за околината. Но, клучното прашање е колку учениците се определуваат за изучување на овие предмети и колку се заинтересирани за изучување на истите, а од друга страна се поставува и прашањето за компетентноста на наставниците за реализирање на овие предмети, начинот на реализација и потребните услови за реализација на програмските цели и содржини на овие наставни програми.**

**Заклучните согледувања упатуваат на размислување за давање повеќе препораки, пред сè: за дополнување и проширување на наставните програми со елементи за воспитен развој на учениците, изработка на стандарди со елементи за воспитен развој на учениците, изработка на прирачници, водичи за наставниците сè со цел зајакнување на воспитната дејност на училиштата.**

**Оттука, на крајот можеме да истакнеме дека поставената хипотеза програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците, делумно се потврдува.**

### 3.5. Интерпретација на резултати од анализата на развојните планови на училиштата

И во овој дел од истражувањето се тргнува од поставените задачи, а тоа е да се анализираат развојните планови на училиштата со посебен акцент на воспитните аспекти (елементи), како и да се испита проекцијата на развојност на воспитната компонента во развојните планови на училиштата.

При анализа на развојниот план на првото училиште можеме да ги издвоиме следните содржини во кои само малку се застапени елементи за воспитен развој на учениците и тоа во: основни принципи на училиштето и тоа: почитување на индивидуалните разлики на учениците и соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната средина. Потоа во мисијата на училиштето: „Нашето училиште е безбедна и организирана средина за учење во која се остварува успешна соработка на сите вработени и со локалната средина" и во приоритеното подрачје подобрување на наставата и процесот на учењето-откривање на индивидуалните способности и образовни потреби на учениците и нивно развивање.

Анализирајќи го развојниот план, како што и претходно е споменато, може да се издвојат само содржини во кои се застапени елементи за воспитен равој на учениците. Во основниот принцип на училишето-почитување на индивидуалните разлики на ученците може да се согледа дека е застапен вториот елемент за воспитен развој на учениците како дел моралното однесување и делување, односно застапени се два морални принципи : воспитание во духот на хуманизмот (грижа, взаемна помош, солидарност) и воспитание во духот на интернационализмот (почитување на другите). На ова се надоврзува и вториот принцип на училиштето, т.е соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната средина што значи почитување на моралниот принцип – воспитание во духот на хуманизмот, односно солидарност и взаемна помош помеѓу учениците, наставниците и родителите.

Во прилог на овие заклучни сознанија е и мисијата на училиштето каде што се истакнува дека-Нашето училиште е безбедна и организирана средина за учење во која се остварува *успешна соработка на сите вработени и со локалната средина.*

Во развојниот план еден од приоритетите е Подобрување на наставата и процесот на учењето. Овој приоритет е прикажан и со конкретни цели. Во една од конкретните цели-Откривање на индивидуалните способности и образовни потреби на учениците и нивно развивање, застапен е првиот елемент за воспитен развој на учениците, односно развивање на интелектуалните способности, при што како активност во развојниот план на училиштето е наведена работа со ученици според нивниот стил на учење.

Во развојниот план на второто училиште, поконкретно во мисијата на училиштето истакнато е дека треба да: го поттикнува и развива сознајниот, емоционалниот и социјалниот

развој на учениците; воспитува во духот на почитување на човековите права и вредности потврдени во современиот демократски свет.

Анализирајќи го овој развоен план од аспект на елементите за воспитен развој на учениците, може да се констатира дека само минимално во две реченици се застапни, односно тоа се горе наведените реченици кои се однесуваат на развивање на интелектуалните способности. Сепак треба да се истакне дека интелектуалниот развој влијае на изградувањето на позитивните човечки својства, а воедно интегрирани се и емоционалниот, социјалниот и волевиот развој. Може да се согледа и застапеност на моралниот принцип на воспитание во духот на патриотизмот кои се однесуваат на почитување на човековите права и вредности потврдени во современиот демократски свет. Моралните принципи се фундамент на моралните односи.

Во мисијата на училиштето број 3 наведено е дека „Нашето училиште во услови на транзиција е демократска и афирмативна средина во која се прифаќаат разликите и е отворено за иницијативи и соработка. Со одбегнување на енциклопедизмот и фактографијата се овозможува суштинско учење со развиток на критичното мислење, формирање ставови за одделни сегменти, развивање на индивидуална креативност и оптимален развој според индивидуалните можности".

Во приоритено подрачје 7 Управување и раководење со училиштето во развојните цели, односно во развојната цел - Продолжување на соработката со Локалната средина, истакнато е дека треба да се продолжи со информирање на родителите за сè она што се случува во училиштето, а што е релевантно за школување на нивните деца. Активности: навремено информирање на родителите, мотивирање на наставниот кадар и родителите за проширување на формите на соработка со училиштето, организирање на индивидуални средби и групни средби по потреба, како и да се организираат дебати и предавања од здравствен и воспитен карактер.

Разгледуваќи го овој развоен план, се забележуваат неколку елементи за воспитен развој на учениците кои се застапени во мисијата и во приоритетното подрачје Управување и раководење со училиштето. Анализирајќи ја изјавата за мисијата се забележува дека моралното делување е застапено како елемент придружувано од моралните принципи кои пред сè се темелни барања, должности и квалитети, кои позитивно се вреднуваат во еден морален систем.

Секое училиште, родител, директор, наставник, педагог, треба морално да делува и да влијае во ист правец. Ова е поврзано со развојната цел за информирање на родителите за се она што се случува во училиштето. Во развојниот план на училиштето односно наведена е и развојната цел за организирање на дебати и предавања од здравствен и воспитен карактер што значи застапен е елементот за развивање на свеста за занимавање со физичката култура и потребата од унапредување на сопственото здравје и телесниот развиток.

При анализата на развојниот план на четвртото основно училиште може да се истакнат повеќе содржини во кои се застапени елементите за воспитен развој на учениците. Во мисијата на ова училиште е истакното дека „Ние сме училиште кое ја негува современата настава и го поттикнува личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, подеднакво обезбедувајќи индивидуален напредок во постигањата и вештините“. А, во визијата „Сакаме да станеме отворено, современо и ефективно училиште, лидер во Општината и во регионот, во кое учениците во атмосфера на доверба, почитување и толеранција ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења, кои ќе ги применуваат во понатамошното школување и ќе придонесат за нивниот личен развој“.

Дефинирајќи ја мисијата и визијата на училиштето, нагласено е поттикнувањето на личниот, емоционалниот, социјалниот развој на учениците, односно негување на атмосфера на доверба, почитување, толеранција. Оттука, може да се заклучи дека акцентот е ставен на емоционалното подрачје со елементи на морално делување. Значи активноста на учениците и на наставниците е меѓусебно да се потпомагаат и да се надополнуваат. Само така учениците стануваат соработници во процесот на моралното формирање и свесно делуваат во него. Ова е навистина важен предуслов за успех во процесот на моралното изградување. Во приоритетното подрачје Поддршка на ученците во овој развоен план нагласено е дека ќе се води индивидуална евиденција за учениците преку активности од типот на евиденција за интелектуалниот, емоционалниот и социјален развој.

Потоа е наведено приоритетното подрачје училишна клима и односи во училиштето и развојните и конкретните цели: изготвување на механизми-процедури за справување со дисциплината на учениците за време на часовите и одморите; подобрување на соработката на училиштето со родителите.

И конкретните цели: да се утврдат причините за дисциплинските проблеми од страна на учениците. А, како активности и одговорни лица наведени се: спроведување на анкета со учениците и наставниците, утврдување на причините за недисциплината, информирање на Наставничкиот совет со резултатите од спроведената анкета, донесување на предлог мерки за надминување на проблемите, како и да се изгради јасен систем на Правила на однесување. Активности: формирање на тим од наставници и ученици за изготвување на правилата на однесување, дефинирање на правилно и неправилно однесување, и последици од неправилно однесување, запознавање на учениците и наставниците со правилата, следење и контрола на почитување правилата на однесување, превземање на соодветни мерки за непочитување на Правилата на однесување, потоа да се информираат родителите за правата и обврските на учениците во училиштето преку Пано и Брошура за родители и да се изврши модификација на несоодветното однесување кај учениците. Активности: идентификување на недисциплинирани ученици, утврдување на причините за недисциплина за време на час, индивидуална и групна работа (разговори,развој на социјални вештини), следење, контрола, водење на евиденција на недисциплинирани ученици, вклучување на родителите, изрекување на педагошки мерки во ситуации кога нема подобрување на однесувањето.

Во приоритетното подрачје 4 - Училишна клима и односи во училиштето во развојната Подобрување соработката на училиштето со родителите, една од конкретните цели е да се информираат родителите за сè она што се случува во училиштето, а што е релевантно за школувањето на нивните деца. Активности: навремено информирање на родителите, мотивирање на наставниот кадар и родителите за проширување на формите на соработка со училиштето, организирање на индивидуални средби и групни средби по потреба.

Елементи за воспитен развој на учениците се застапени пред сè во развојните цели на приоритетното подрачје Училишна клима и односи во училиштето кои пред сè се однесуваат на изработка на механизми за справување со дисциплината на учениците и подобрување на соработката на училиштето со родителите. Спроведувањето на анкета со учениците и наставниците, утврдување на причините за недисциплината, информирање на Наставничкиот совет со резултатите од спроведената анкета, донесување на предлог мерки за надминување на проблемите се дел од наведените активности за изработка на механизми-процедури за справување со дисциплината на учениците за време на часовите и одморите. Сето ова се однесува на моралното однесување на учениците, односно на третиот елемент за воспитен

развој на учениците формирање на морално однесување и делување и обликување на позитивни особини на личноста на учениците.

Учениците треба да ги вежбаат моралните постапки и да формираат морални навики. Задачата е во тоа училиштето, добрите морални навики со кои децата доаѓаат во училиште да ги поддржува и развива, а лошите да ги отстрани и замени со општествено позитивни. Наставникот – воспитувач треба да ги запознава учениците-воспитаниците и во секој конкретен случај да ја примени онаа воспитна постапка, односно оној метод или средство, кој во тој случај ќе даде најдобар резултат.

Анализирајќи го развојниот план на училиштето број 5 ги издвојуваме следните содржини: Мисија на училиштето гласи „Училиштето е воспитно образовна институција каде се применуваат современи наставни методи, форми и средства. Учениците се подготвуваат за меѓусебно почитување, толеранција, соработка, креативност и знаења со цел за понатамошно дообразување и градење на морални и естетски вредности кои ќе им помогнат за успешното интегрирање во демократското општество. „Нашето училиштето е организација во која градиме меѓусебна доверба и взаемна толеранција". Таа во себе, како што е наведено, интегрира: здрава училишна клима на отвореност и взаемна подршка. Во целите на воспитно-образовната дејност истакнато е дека училиштето има цел да образува и воспитува ученици од I до IX одделение според наставниот план и програма.

Задачите за воспитно-образовната дејност : да ги воспитува учениците за почитување на човековите права и на другите демократски вредности што се потврдени во современиот свет; да им овозможи на учениците емоционален и социјален развој; да негува правилен физички развој, одговорност за сопственото здравје и здравјето на другите; соработка со родителите, локалната самоуправа, соработка со училиштата во Скопје и пошироко; соработка со институции поврзани со воспитно-образовниот процесс, културно-историски установи, спортски установи и други.

При анализата, како заклучни сознанија може да се истакне дека во мал дел од содржините пред се во мисијата и во задачите на воспитно-образовната дејност на училиштето застапени сè елементите за воспитен развој на учениците.

Училишниот живот, ако добро се организира, може да придонесе и да даде доста можности за навикнување на извршување на должности, културно однесување, ред, дисциплина, совесност, позитивен однос кон работата.

Во развојниот план на основното училиште број 6 се издвојуваат следните содржини. Мисијата на училиштето гласи „Нашето училиште е средина која нуди поддршка на индивидуалниот развој на учениците и професионалниот развој на наставниците, што заедно резултира со ефективност и задоволство на сите вклучени во воспитно-обрзовниот процес". А визијата гласи „Ќе настојуваме работата во училиштето да се темели на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, здравјето, сигурноста и безбедноста во која сите деца ќе напредуваат според своите индивидуални способности, како и на ефикасната партиципација на сите вклучени во неговата работа". Во приоритетно подрачје 5, односно во училишна клима и односи во училиштето можат да се издвојат следните развојни цели: изнаоѓање модел за успешно справување со несоодветно однесување на одредени ученици со една од конкретните цели да се следи спроведувањето на избраните инструменти за успешно справување со несоодветното однесување на одредени ученици; потоа подобрување на постоечкиот правилник за намалување на спречување на доцнењето на учениците на часовите и да се изнајдат модели за мотивација и стимулација за недоцнење на учениците, како и пронаоѓање стратегија за намалување и спречување на доцнењето на учениците на часот.

И во развојниот план на училиштето со број 6 акцентот е ставен на дисциплината, односно несоодветното однесување на учениците, со цел да се изнајдат модели за мотивација и стимулација за учениците.

Учениците имаат големо чувство за тоа што е фер, а што не е. Во училиштата наставниците треба да се однесуваат правично кон сите ученици-без исклучок. Во спротивен случај, неминовно можат да бидат етикетирани и нема да сакаат да ги почитуваат правилата на наставниците. Секој наставник треба да воспостави јасни правила за својот час. На едноставен начин, на учениците треба да им стане јасно што е дозволено и прифатливо, а што не е. Исто така, треба јасно и без двоумење да се потенцира кои би биле последиците од неприфатливото однесување.

Од анализата на развојниот план на училиштето број 6 може да се воочи дека акцентот е ставен на моралното делување и однесување на учениците како елемент за воспитен развој на учениците.

Анализирајќи го развојниот план на училиштето број 7 ги издвојуваме следните содржини. Мисијата гласи: „Нашето училиште е организирана средина во која се реализира квалитетна настава за сите ученици без разлика на етничка, полова и социјална припадност, која ги оспособува за понатамошно самоучење и градење на личности со високи морални вредности". А, визијата: „Ќе создадеме современо училиште во кое секој ќе ги развива своите потенцијали, услови за постигнување на високи резултати во наставата и вонннаставните активности, здрава и чиста средина за настава, учење и работа, здрави и морални личности корисни за општеството".

Едно од приоритетните подрачја од самоевалуацијата на училиштето е поголема соработката со родителите и локалната заедница. А како развојна цел е наведена поголема соработката со родителите и локалната заедница. Преку стратешките цели вклучување на родителите во планирање и реализирање на Кодексот за оценување. А како активности: потврда на досегашната соработка со родителите и изнаоѓање можности за нивно поактивно учество

Градење на личности со високи морални вредности е дел од мисијата на училиштето број 7. А, во визијата на училиштето наведено е здрави морални личности корисни за општеството. Значи, акцентот повторно е ставен на моралниот развој. Моралниот развој е еден од основните темели на секое демократско и хумано општество. Процесот на моралниот развој опфаќа формирање на моралната свест, моралните уверувања и ставови, однесувања и делувања, т.е. морална личност и карактер. Во сложениот процес на морално формирање се формираат сите квалитетина личноста-разум, емоции и волја. Со помош на моралниот развој се настојува секоја индивидуа да стане целосна личност.

Во развојниот план едно од приоритетните подрачја е и соработката со родителите. Соработката со родителите е значајна, бидејќи семејството е значаен фактор во моралниот развој на личноста. Во семејството се формираат првите општествени односи и првите морални искуства. Во него се добиваат првите морални сознанија, уверувања, навики и се поставуваат цврсти темели на идната личност и карактер. Оттука е од есенцијално значење училиштето да соработува со родителите и семејството.

Во врска со добиените сознанија од направената анализа,може да се констатираат повеќе заклучни согледувања. Меѓутоа, претходно треба да се истакне дека во основното училиште 10 и 11 во изработка се нови развојни планови и поради тоа не е направена анализа на истите. А, не е направена анализа и на развојните планови на училиштата 8 и 9 поради тоа што добивме одговор дека содржините од развојните планови се вметнати во годишните програми на училиштата.

Направената анализа покажува дека елементите за воспитен развој на учениците во развојните планови на училиштата најмногу се застапени во воведниот дел односно во изјавата за мисијата и визијата на училиштето, потоа во приоритетното подрачје Училишна клима и односи во училиштето, односно во делот Соработка со родителите и многу малку приоритетното подрачје Управување и раководење со училиштето. Воедно, може да се констатира дека во зависнот од локацијата на училиштето, односно во која општина се наоѓа во град Скопје (или пак поради близината на училиштата) дел од содржините и активностите во развојните планови на училиштата се идентични (како на пример развојниот план на првото и петтото училиште, како и на третото и четвртото училиште ).

Посебните хипотези во нашето истражување кои гласат: Во развојните планови нема доволно елементи за поддршка и развој на воспитната функција на училиштето и Во развојните планови на училиштата постои проекција за развојност на воспитната компонента со направената анализа на развојните планови, можеме да ги потврдиме.

Од направената анализа на развојните планови може да се констатира дека посебните хипотези се потврдуваат, пред сè поради фактот што тргнувајќи од елементите за воспитен развој на учениците кои претходно беа поставени може да се забележи дека во развојните планови навистина нема доволно елементи за воспитен развој на учениците. Елементите за воспитен развој на учениците се минимално застапени и пред сè се однесуваат на моралното однесување на учениците и на моралното делување. Сепак во дел од содржините како што се мисијата, визијата и некои од приопритетните подрачја застапени се и другите елементи за воспитен развој на учениците кои беа претходно наведени и дадени се како прилози на крајот на истражувањето.

Во врска со поставената хипотеза која гласи „Во развојните планови нема доволно елементи за поддршка и развој на воспитната функција на училиштето" може да

**констатира дека се потврдува, пред се поради фактот што во развојните планови на училиштата акцентот е ставен на подобрување на наставата и процесот на учење, како и подобрување на просторните и техничките услови за работа во училиштето. Несомнено е дека и овие приоритетни подрачја се од суштинско значење, но тоа не значи дека на сметка на истите потребно е да се занемарува воспитната функција на училиштето.**

**Воедно во приоритеното подрачје-Унапредување на професионалниот развој на наставниците, акцентот е ставен на оспособување на наставниците за примена на активни методи во наставата и ИКТ, потоа изградување на критериуми за оценување на напредокот на учениците, како и спроведување и примена на критериуми и инструменти за оценување, а не на развивање на воспитните компетенции на наставниците.**

**Пред сè со додавање на повеќе содржини и активности во приоритетните подрачја во кои ќе бидат опфатени и елементите: развивање на интелектуални сили и способности, развивање на естетските вредности и негување на естетскиот вкус, развивање на свеста за занимавање со физичката култура и потребата од унапредување на сопственото здравје и телесниот развиток, развивање љубов кон работата.**

### 3.6. Интерпретација на добиените резултати од анализата на годишните програми за работа на училиштата

Пред да се започне со интерпретација на резултатите од направената анализа на годишните програми за работа на училиштата, накракто дадено е теоретско дефинирање на поимот годишна програма за работа на училиштето.

Годишната програма за работа на училиштето претставува оперативен план за работа со кој е програмирана целокупната работа во училиштето. Овој суштински документ треба ефикасно да води при реализација на планираните глобални активности, ефикасно следење на сите фактори на воспитно - образовниот процес, и да ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница каде егзистира училиштето. Планирањето на сите активности во текот на учебната година опфатено со Годишната програма за работа е мошне важно за успешно изведување на воспитно-образовната работа и севкупниот училишен живот.

Појдовни основи за изработка на годишната програма за работа треба да бидат пред сè: Законот за основно образование и Националната програма за развој на образованието, Статутот на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето за претходната учебна година, Условите за работа во училиштето и условите во локалната средина, Приоритетните подрачја во работата на училиштето, Развојниот план на училиштето, Концепција за деветгодишно воспитание и образование.

Согласно член 35 од Законот за основно образование[149], Годишната програма за работа на основното училиште се изработува врз основа на програмата за развој на училиштето. Со годишната програма за работа се планира наставата согласно со наставниот план и другата воспитно-образовна работа во училиштето. Формата и содржината на годишната програма за работа ги утврдува министерот. Училишниот одбор ја доставува годишната програма за работа до основачот најдоцна до 31 август во тековната учебна година. Годишната програма за работа ја донесува основачот до 30 септември за секоја тековна учебна година. Донесената годишна програма за работа основното училиште ја доставува до Бирото и до Државниот просветен инспекторат, во електронска форма.

Согласно член 36 од Законот за основно образование, основното училиште е должно да ги запознае учениците и родителите преку брошура со одделни делови од програмата за работа, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето.

И во овој дел од истражувањето се тргнува од поставената задача, а тоа е да се анализира воспитната компонента во годишните програми за работа на училиштата, за што беше изработен и посебен инструмент:

[149] Закон за основно образование, 2008

*Табела бр. 49 Протокол за анализа на воспитната компонента во годишните програми за работа на училиштата*

| Ред. број | Годишна програма за работа на училиште | | |
|---|---|---|---|
| | **Елементи за воспитен развој** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Приоритети | | |
| 2. | Структура на воспитно-образовната дејност | | |
| 3. | Следење, вреднување и унапредување на образовната дејност | | |
| 4. | Годишна програма за работа на директорот | | |
| 5. | Годишна програма за работа на училишниот педагог | | |
| 6. | Годишна програма за работа на училишниот психолог | | |
| 7. | Програма за превенција на насилството во училиштата | | |

Анализирајќи ги годишните програми за работа на училиштата, може да се констатира дека во нив се вметнати, односно се опфатени содржини од развојните планови на училиштата. Дел од содржините се изјава за мисија на училиштата, изјава за визијата за училиштата, дел од приоритетите на училиштата. Па така, во годишната програма за работа на училиштето „Кочо Рацин" ја забележуваме изјавата за мисијата која исто така е наведена и во развојниот план на училиштето. Во изјавата за мисијата на училиштето број 4: „Ние сме училиште кое ја негува современата настава и го поттикнува личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, подеднакво обезбедувајќи индивидуален напредок во постигањата и вештините". Потоа може да се забележи и изјавата за визијата, како и приоритетите.

Во продолжение наведени се деловите во кои се застапени елементи за воспитен развој на учениците, тргнувајќи од нашите претходно дефинирани елементи за воспитен развој на учениците: развивање на интелектуални сили и способности; развивање на естетските вредности и негување на естетскиот вкус; формирање на морално однесување и делување и обликување на позитивни особини на личноста; развивање на свеста за занимавање со физичката култура и потребата од унапредување на сопственото здравје и телесниот развиток; развивање љубов кон работата.

Во делот Курикулум е наведено дека ќе се продолжи со реализација на програмата Образование за животни вештини на одделенските часови за учениците II - VIII одделение. Програмата Образование за животни вештини е насочена кон внесување промени во однесувањето преку стекнување определени знаења, ставови и вештини кои им помагаат на децата да изберат и да практикуваат здраво однесување, наместо само да учат што тоа значи.

Образованието за животни вештини зема предвид дека однесувањето на поединецот зависи од различни фактори, кои произлегуваат како од семејството, училиштето и пошироката заедница, така и од индивидуалните фактори во кои спаѓаат знаењата, ставовите, вештините и особините на личноста. Сето ова се однесува на третиот елемент за воспитен развој на учениците, односно морално однесување и делување, т.е изградување на позитивни особини на личноста.

Во делот редовна информираност на родителите, којашто како содржина е наведена во оваа годишна програма, наведено е дека соработката меѓу учениците, наставниците и родителите ќе се развива низ толеранција, солидарност и почитување на индивидуалноста и интегритетот на личноста. Ова оди во прилог на третиот елемент за воспитен развој на учениците, односно морално делување и морално однесување на личноста.

Оттука значајно е да се истакне и затоа препорачуваме **партнерство со родителите** кое може да придонесе за побрз воспитен развој на учениците на заедничко задоволство. Што значи дека секое училиште што ќе успее да ги донесе условно кажано родителите во нивните работни простории на тој начин, всушност и ќе ги подобри училишните услови. Можеме да констатираме дека секое училиште треба да обезбеди подобри услови и добра атмосфера за родителите.

Во оваа насока препорачуваме и предложуваме обука на наставниот кадар во правец на охрабрување и прифаќање на родителите во училиштето и развивање на потребните вештини од страна на наставниците. Оттука, неопходно е да се обучат и родителите и наставниците согласно потребата за нивно вклучување во училишните активности, како и за начините како тоа да се направи.

Во содржината Програма за работа на директорот во оваа годишна програма издвојуваме два аспекти кои се однесуваат на елементите за воспитен развој на учениците.

- Аналитичко студиска работа : Проучување и анализирање на карактеристичните проблеми на наставно-образовниот процес (воспитни проблеми, општи и наставни проблеми, проблеми на поединечните паралелки, наставни предмети, проблеми во врска со активноста и работата на учениците итн.);

- Соработка со родителите на учениците: Следење, насочување и непосредно учество во реализацијата на индивидуалните и групните форми на советодавна работа со родителите на одделни категории ученици (ученици со тешкотии во напредувањето со девијантно поведение, надарени ученици и сл.).

Овиер два аспекти се значајни за програмата на директорот и сметаме дека треба да бидат застапени во годишните програми за работа на училиштата. Директорот на училиштето треба да биде личен пример и да работи тимски со колегите. Тој во своето работење има потреба од интеграција во која вработените ќе чувствуваат внатрешна зависност поради заедничките интереси и вредности . Значи, потребно е да се создаде доволно моќен тим, каде што директорот ќе има поддршка од Управниот училишен одбор, локалната самоуправа и други релевантни фактори, а пред сѐ од воспитно-образовниот кадар, учениците и нивните родители.

Една од главните задачи на педагогот која треба да биде во рамките на годишната програма за работа на училиштата е континуирана соработка со учениците и нивните родители и континуирана помош во разрешување и надминување на нивните проблеми. Во годишната програма за работа на училиштето „Кочо Рацин", како задачи на педагогот се наведени:

- редовно ќе остварува соработка со учениците, нивните родители и ќе им помага во разрешување на нивните проблеми;

- јакнење на самодовербата,толеранцијата, солидарноста и чувството на одговорност кај учениците;

Сето ова ќе биде направено во соработка со одделенските раководители за помош и поддршка во решавањето на одделни проблеми со учениците, конфликтни ситуации и изнаоѓање начини за нивно надминување, вклучување во работата на одделенските заедници преку: разговори, дебати, работилници, изготвување на флаер со сите потребни податоци за училиштето-куќен ред, кодекс на однесување на учениците, совети за родителите за помош и поддршка на своите деца. Исто така, разрешувањето на проблемите наведено е дека ќе биде

направено преку советодавна работа со родители, чии деца покажуваат слаб успех,асоцијално однесување и начини за надминување на негативностите, советодавна-консултативна работа со ученици и родители кои нередовно ја посетуваат наставата и имаат голем број на изостаноци; Советодавно-консултативна работа со новодојдени помлади наставници преку: разговори, совети,помош и поддршка охрабрување, помош во изготвување на програмите,помош во организацијата на предавања,работилници и сл.

И во програмата на психологот се наведени содржини во кои се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Наведено е дека со разговор, набљудување ќе се идентификуваат учениците кои манифестираат неприлагодено однесување и ќе бидат утврдени причините кои доведуваат до зголемување на неприлагодено однесување кај учениците, а истовремено и ќе се работи со учениците кои манифестираат неприлагодено однесување се со цел подобрување на нивното однесување.

Во годишната програма за работа на училиштето број 2 може да се забележи дека е наведно дека соработката на училиштето со семејството и родителите е клучен фактор за успешна реализација на воспитно-образовната работа. Таа се одвива во текот на годината преку: организирани општи родителски средби (најмалку четири); индивидуални контакти според потребите; организиран приемен ден за родители; преку работата на Советот на родители. Сето ова е со цел активно вклучување на родителите во сите структурни подрачја од воспитно-образовната дејност на училиштето.

Цел на програмата за работа на педагогот е советодавна-консултативна и инструктивна помош на учениците, наставниците и родителите и обезбедување на организациони и дидактичко-методички услови за постигнување на целите на воспитно-образовната работа. Советодавната работа со учениците опфаќа: запознавање со куќниот ред -задолженијата и однесувањето на учениците во училиштето. Советодавната работа со родителите опфаќа: помош на родителите за решавање на проблемите кои се однесуваат на учењето и однесувањето на учениците и организирани предавања за актуелни теми.

Аналитичко истражувачката работа на педагогот опфаќа: истражување на образовно-воспитната пракса и на специфичните проблеми во училиштето, анализа на воспитните ситуации и ефекти во работата на училиштето и програмирање со операционализација на воспитните

цели; следење и анализа на реализацијата и ефектите од проектите во кои е вклучено училиштето.

Во годишната програма за работа на третото училиште акцентот е ставен на зацврстувањето на соработката со родителите на учениците од нашето училиште преку реализирање на следниве задачи: Мотивирање на наставниот кадар и родителите за проширување на формите на соработка со училиштето; Подигање на педагошкото ниво на родителите и нивната информираност; Вклучување на родителите во вон-наставните активности; Организирање на стручни предавања, трибини за родителите.

Затоа препорачуваме партнерството меѓу училиштето и родителите да биде приоритет за развој на училиштето. Во овој контекст најважно од сè е родителите да се чувствуваат како дел од училиштето, а не како гости кои понекогаш го посетуваат. Проблемите треба да се живеат заедно, да се дискутираат и за нив да се бара заедничко решение.

На училишниот педагог во годишната програма за работа на училиштето број 3 акцентот е ставен на советодавна консултативна работа на педагогот со наставниците и советодавна работа со родителите, чии деца имаат проблем во учењето и оние кои брзо напредуваат.

Во годишната програма за работа на директорот е наведено дека континуирано ќе се прават индивидуални разговори со родителите за проблемите на нивните деца.

Добиените заклучни согледувања не упатуваат на повеќе размислувања, при што можеме да констатираме дека претходно дефинираните елементи за воспитен развој на учениците се застапени во неколку содржини на годишните програми за работа на училиштата: Соработката со родителите, Годишната програма за работа на педагогот, Годишната програма за работа на психологот, Годишната програма за работа на директорот.

Анализирајќи ја годишната програма за работа, на пример на осмото училиште, може да се констатира дека во наведените основни цели кои се превземени од Концепцијата за деветгодишно основно образование и пред сè потенцирани, односно наведени се следните активности: овозможување на оптимален и индивидуален развој на секој ученик; образување и воспитување на учениците и оспособување да градат вистински и трајни вредности, градење на здрави интерперсонални односи помеѓу сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес,

воспитување на учениците за почитување на основните слободи, правата на човекот и живеење во демократска заедница.

Воедно, од Концепцијата за деветгодишно основно образование превземени се и потенцирани се следните основни задачи : воспитување во духот на мирот и толеранцијата, културните односи и соработката меѓу луѓето и народите и почитување и исполнување на граѓанските права и обврски; поттикнување на интелектуалниот и моралниот развој и способностите за критичко мислење и комуницирање; јакнење на функцијата на воспитно-образовната организација преку општествено-моралното, интелектуалното, естетското, физичкото и здравственото воспитание; унапредување и осовременување на воспитно-образовната работа; овозможување јавност и отвореност на работата на училиштето за сите субјекти заинтересирани за резултатите што се постигнуваат во наставата и кои се подготвени за соработка со училиштето.

Елементи за воспитен развој на учениците се застапени и во изјавата за мисија на училиштето: Ние сме училиште кое ги воспитува своите ученици да градат вистински и трајни вредности во животот, да ги почитуваат и исполнуваат граѓанските права и обврски и да живеат во духот на мир, толеранција и меѓусебно почитување. Ние создаваме здрава и безбедна средина за нашите ученици. Континуирано го следиме секој ученик од секој аспект (образовен, емоционален, социјален), водејќи сметка за почитувањето на индивидуалните разлики и овозможувајќи оптимален развој на секој од нив. Нашите ученици се наша иднина. Ние се грижиме за нашата иднина. Исто така, елементи за воспитен развој на учениците се застапени и во изјавата за визија на училиштето: Наш стремеж е да бидеме училиште кое ќе гради здрави и одговорни личности и кое ќе им овозможи на своите ученици стекнување знаења со помош на современи наставни средства, современи и различни приоди во наставата и квалитетен и посветен на својата работа воспитно-образовен кадар.

Во делот Проекти од годишната програма за работа на ова училиште, наведени се следните проекти кои опфаќаат елементи за воспитен развој на учениците и тоа:

„Проект за намалување на насилството во училиштата" кој е иницииран од страна на Бирото за развој на образованието и УНИЦЕФ. Целта на овој проект е да се осмислат и спроведат активности со кои ќе се реагира во насока на спречување на насилното однесување во

училиштето. Проектот го води тим на обучени наставници и психологот на училиштето, а во активностите се вклучени сите субјекти - ученици, наставници и родители.

Во целта на воспитно-образовната работа на подрачјето Соработка на училиштето со локалната средина, истакнато е дека треба да се анимира и да се стави во педагошка функција се што може да понуди локалната средина, за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, но, исто така,и училиштето да влијае на подигнувањето на културно-образовното ниво на месното население. А како задачи се истакнати следните: да се организира соработка со семејството, преку активно вклучување на родителите во подрачјето на воспитно-образовната дејност, соодветно на нивните интереси, стручност, желби и можности и да се организира и дава помош на родителите за нивно поучување за правилно воспитување на децата и усогласување во постигнувањето на заедничката воспитна цел.

Во програма за работа на педагогот на училиштето, истакнати се следните активности во кои се застапени елементи за воспитен развој на учениците: средби со родители на ученици, советување на родители чии деца нередовно посетуваат настава, покажуваат слаб успех во учењето или имаат несоодветно однесување и советодавна работа со ученици кои покажуваат послаб успех во учењето и почесто отсуствуваат од настава.

При направената анализа на годишната програма за работа на деветтото училиште, може да се воочи дека дел од елементите за воспитен развој на учениците се наведени во: изјавата за мисија на училиштето, изјавата за визија на училиштето, Програмата за намалување на насилството на училиштето, Програма за работа на директор, Програма за работа на психолог и во Соработката со родителите. Во изјавата за мисијата е наведено дека ,,училиштето е место за подигнување на личниот систем на вредности" и дека „училиштето е здрава, безбедна и стимулативна средина за развивање на индивидуалните вредности на учениците, односно училиштето се грижи за индивидуалните разлики на родителите и вработените во училиштето, создавајќи здрава училишна клима".

Во изјавата за визијата е истакнато дека треба „да се создаде работна средина во која постои грижа и поддршка и во која персоналот ќе може да ја развива и зајакнува својата индивидуална ефективност и задоволство од работата" и дека „училиштето ќе биде средина со препознатлив стил на учење преку: обезбедување за квалитетно учење и поучување;

подигнување на еколошката култура; почитување на разликите на другиот; развивање на самосвест за своите и вредностите на другите; ќе гради добросостојба и соживот".

Во Програмата за намалување на насилството во училиштето наведни се три клучни принципи и тоа: почитување и грижа, безбедност, поддршка. Принципот почитување и грижа подразбира дека училиштето ќе се залага за почитување на меѓучовечките односи и грижа за училиштето и ентериерот во него, а почитувањето треба да обезбеди чувство на еднаквост, толеранција на сите и разбирање на индивидуалните особини на секоја личност. Принципот безбедност подразбира дека во училиштето сите заедно треба да се залагаат за безбедност во наставниот процес и вон наставите активности. Училиште треба обезбеди чувство на сигурност а сите присутни во училиштето, како и во училишнит двор. Основна цел на безбедноста е сите учесници вовоспитно-образовниот процес да се чувствуваат згрижени, заштитени од сите видови опасности. Принципот поддршка подразбира на сите присутни во училиштето да им биде обезбедена морална и емоционална поддршка. Со тоа треба да се придонесе за развивање на позитивна училишна клима, соработка и чувство на припадност.

Во програмата за работа на психологот на училиштето главниот акцент е ставен на изготвување програма за Советување на родители и советодавната работа со ученици. Целта е учениците да научат проактивно да се однесуваат во справување со проблеми . Активности на педагогот во оваа насока се : следење и откривање на проблеми кај учениците од индивидуален карактер кои се однесуваат на слаба адаптација и анти и асоцијално однесување преку: разговори со нив , вклучување на меѓуврсничко помагање во подобрување клима во паралелките, соработка со институции и водење на евидентни листи. Во годишната програма за работа на училиштето во делот Соработка со родителите поставената цел е помош во надминување на проблеми од различен карактер во насока на подобрување на успехот на учениците и однесувањето во училиштето.

Може да се констатира дека со интегрирање на содржини во годишните програми за работа на училиштата во кои ќе бидат наведени повеќе елементи за воспитен развој на учениците: како поактивно учество на родителите во училишниот живот, како и советувањето на родители од страна на педагошко-психолошката служба за превземање одговорност и формирање просоцијално однесување кај учениците, органиризање средби за учество и создавање ненасилно

однесување кај учениците , организирање работилници со родители би имале поголеми резултати од аспект на подобрување и зголемување на воспитната дејност на училиштата.

Анализирајќи ја годишната програма за работа на единаесеттото училиште, ги издвојуваме следните содржини. Во изјавата за мисијата на училиштето е наведено дека „ние сме училиште кое нуди еднакви можности за учење и напредување на сите ученици и кое ги подготвува учениците со квалитетни и трајни знаења со кои успешно ќе одговорат на предизвиците на 21-от век". Во изјавата за визијата на училиштето е наведено „да бидеме училиште во кое учениците ќе доаѓаат желни за нови знаења, во кое ќе ги воспитуваат и образуваат наставници мотивирани за современа настава".

Каракатеристичен во оваа програма е делот грижа на училиштето за здравјето на учениците, при што е наведено: ќе се реализира со цел формирање на здрави психички, физички и социјални личности, способни да се грижат за сопственото здравје, да се грижат за здрава и чиста околина и воопшто за средината во која и припаѓаат. И во оваа годишна програма како и во годишните програми за работа на училиштата со број 2, 3, 4 и 8, акцентот е ставен на соработката на училиштето со родителите на учениците која се остварува прво преку индивидуалните и групни средби во училиштето, родителски средби на ниво на паралелка, родителски средби на ниво на училиште, каде треба да се презентираат резултатите и проблемите на паралелката.

Во годишната програма за работа на педагогот исто како и во програмите на педагозите од претходните училишта е застапена Програмата за советување на родители: Целта е намалување на изостаноците, позитивно воспитно влијание кај учениците и зајакнување на соработката на родителите со училиштето во надминување на негативните појави. Воедно, како задачи на педагогот се наведини: следење на имплементацијата на програмата од „Образование за животни вештини и следење на организацијата и реализацијата на вонаставните активности, остварувањето на воспитната функција во училиштето.

При направената анализа на годишната програма за работа на десеттото училиште, дел од елементите за воспитен развој на учениците се застапени во изјавата за мисијата „нудиме современ воспитно образовен процес низ кој се изградуваат личности со развиена свест и способности за колективен и индивидуален развој и при тоа користиме современа образовна технологија, работиме на усогласување на критериумите за оценување на ниво на активи и го развиваме меѓусебнто разбирање, толеранција и почит". Исто така, елементи се застапени и во изјавата за визијата „сакаме нашето училиште да стане место каде со задоволство ќе доаѓаат

учениците и на современ начин ќе стекнуваат нови знаења и тоа ќе биде безбедна и демократска средина во која ќе се почитуваат човечките вредности и во која беспрекорно ќе се одвива соработката на релација наставник-родител-ученик, при што родителите ќе добиваат прецизни и навремени известувања за напредокот на своите деца."

Во програмата за работа на педагогот е истакната советодавно-консултативната работа исто како и во годишните програми за работа на претходните училишта од истражувачкиот примерок. А, во програмата за работа на психологот исто како и во годишните програми за работа на претходните училишта е истакната работата на програмата за советување на родителите.

Каракатеристична во оваа програма, исто како во програмата на училиштето со број 11 е програмата за здравјето на учениците, при што е наведена здравствената заштита која е дел од воспитно-образовната работа на училиштето и се однесува на развивање на здравствена култура на учениците и чување на сопственото здравје и околината.

Специфична во годишната програма за работа на училиштето со број 10 која ја издвојуваме, е Програмата за меѓуетничка интеграција во училиштето, согласно која очекувани резултати се: подобрена училишна клима за меѓуетничка интеграција; похумана и праведна средина каде се промовираат вредностите на човековите права и каде се практикува однесување во правец на човековите права; изградена „политика на целото училиште"; демократски работни методи за заемна почит меѓу наставникот и ученикот; да се применува етичкиот принцип на однесување во секојдневниот живот; ученикот да чувствува задоволство од работата, да биде почитувана личност со изградени позитивни ставови за карактерот на личноста; да се отстранат старите закоравени социјални и етички навики полни со негативни појави: дискриминација, сегрегација, шовинизам; училиштето да претставува место каде се почитуваат човековите права и не се загрозува физичкиот и моралниот интегритет на другите.

Елементи за воспитен развој на учениците во годишната програма на седмото училиште се застапени во изјавата за мисија и изјавата за визија на училиштето кои што се наведени во анализата на развојниот план на ова училиште.

Интересен е фактот што во делот екскурзии наведено е дека екскурзиите придонесуваат за развивање на еколошка свест на учениците, за градење еколошки навики; поттикнување и

манифестирање позитивни емоции; развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности; социјализација и колективна заштита.

И во годишната програма за работа на училиштето со број 5, дел од елементите за воспитен развој на учениците се застапени во изјавата за мисијата, изјавата за визијата и во програмата за работа на психологот, пред сè во советодавна и консултативна работа со учениците .

Годишните програми за работа на училиштата со број 1 и 5 во одредени делови имаат идентични содржини кои се превземени од Концепцијата за девтгодишно основно образование како што се задачите : да ги воспитува учениците за почитување на основните слободи, правата на човекот и за животот во демократска заедница, да негува правилен физички развој кај учениците, одговорност за сопственото здравје, здравјето на другите и за зачувување на природната средина, да ги поттикнува и да создава претпоставки за сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците (развивање на свеста за себе, прифаќање на себе си и развој на позитивна слика за себе), да изградува умеења и навики за здрав начин на живеење, правилен психофизички развој, систематско негување на менталното здравје, лична и колективна заштита и за заштитата на животната средина.

Воедно, нивните содржини се идентични и во делот на основните начела, односно основните пронципи и тоа: демократичност и почитување на индивидуалните разлики меѓу децата и соработка меѓу учениците, наставниците и родителите, како и поврзување со локалната средина. И во програмата на првото училиште акцентот е ставен на соработката на училиштето со родителите на учениците и имплементација на Програмата за советување на родителите. Годишната програма за работа на педагогот се остварува преку: анализа и дијагностицирање на состојбите во училиштето, дескриптивна метода, презентации, консултации, дискусии, разговори, анкетирање, интервју,тестирање и др.

Карактеристично за годишната програма за работа на училиштето број два е програмата за работа на дефектологот и годишната програма за работа на социолог, која вклучува советодавна работа со ученици: разговор за причините за отсуство од часови, разговор за другарството меѓу учениците, разговор за воспитна запуштеност; потоа разговор за толеранцијата.

Во утврдените приоритети во годишната програма за работа на училиштето број еден, каде што се застапени дел од елементите за воспитен развој на учениците, можат да се истакнат

следните приоритети : Превенција на појави на насилни однесување во училиштето и Следење на применливоста на стратегијата за намалување на изостанувањата на учениците.

**Од направената анализа може да се констатираат повеќе заклучни согледувања. Најпрвин, потребно е да истакне дека компоненти, односно елементи за воспитен развој на учениците најмногу се застапени во Програмата за работа на педагогот, Програмата за намалување на насилството, Соработка со родителите и минимално во делот Програма за работа на директорот. Воедно, во годишните програми може да се констатира дека се вметнати содржините од развојните планови на училиштата, како што се мисија и визија на училиштето. Исто така можеме да забележиме и идентични содржини исто како што беше случај и во развојните планови. Пред сè идентични содржини се сретнуваат во делот на активности на педагогот, психологот, директорот од типот на советодавна работа со идентични задачи.**

**И покрај тоа што во годишните програми за работа на училиштата во одредени делови има застапеност на елементи за воспитен развој на учениците, сепак и во нив акцентот е ставен на другите подрачја: Подобрување на инфраструктурата и нагледните средства на училиштето, Подобрување на процесот на изведување на настава и воннаставни активности, Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар, а како развојни цели во ова подрачје нагласени се континуирано стручно и професионално усовршување на наставниците за современа настава, зголемување на бројот на квалитетни обуки потребни за унапредување на оценувањето на постигнувањата на учениците и подобрување на начините и формите на планирање на наставата. Елементи за воспитен развој на учениците не се застапени во Програма за работа на училишниот одбор.**

**Од аспект на воспитната компонента една од главните задачи на педагогот која треба да биде во рамките на годишната програма за работа на училиштата е континуирана соработка со учениците и нивните родители и континуирана помош во разрешување и надминување на нивните приоблеми преку јакнење на самодовербата, толеранцијата, солидарноста и чувството на одговорност кај учениците.**

Во врска со поставената хипотеза-Во годишните програми за работа на училиштата застапени се компоненти за воспитен развој на учениците, од добиените сознанија можеме да истакнеме дека делумно се потврдува.

Со цел интегрирање на повеќе елементи за воспитен развој на учениците, може да се истакнат неколку препораки.

Партнерството со родителите може да придонесе за побрз воспитен развој на учениците на заедничко задоволство. Што значи дека секое училиште што ќе успее да ги донесе условно кажано родителите во нивните работни простории, на тој начин всушност и ќе ги подобри училишните услови. Може да се констатира дека секое училиште треба да обезбеди подобри услови и добра атмосфера за родителите преку мотивирање на наставниот кадар и родителите за проширување на формите на соработка со училиштето; подигање на педагошкото ниво на родителите и нивната информираност; вклучување на родителите во вон-наставните активности; организирање на стручни предавања, трибини за родителите и иницирање на заеднички акции од областа на јавната и културна дејност.

Еден од приоритетите на училиштето, со цел зајакнување на воспитната дејност, треба да биде и вклучување на учениците во производствената и општествено-корисна работа сè со цел развивање позитивни ставови кон работата, чувство за одговорност при работата, да се развие љубов кон природата и природните убавини, да се создадат навики за одржување на хигиената на училиштето и неговата околина, да се стекне љубов за одгледување на насади, чување и одржување на зелените површини. Во текот на годината Училиштето треба да ги реализира следните активности: одржување на училниците, ходниците, училишниот инвентар и другите површини, учество на учениците во освежување на дел од училишниот мебел и училишните простории, собирни акции од хуманитарен карактер.

Исто така, со цел поддршка на развојот на воспитната дејност, училиштето треба да соработува со локалната средина, односно локалните институции и активно да ги реализира активностите кои се зацртани во програмите на Детската организација, Подмладокот на Црвениот крст и Јавната и културна дејност на училиштето, сè со цел подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на учениците да се

**грижат за своето здравје, како и да се делува на развивање на навики за одржување на еколошки чиста средина, да се негува чувството на солидарност и взаемна помош и да се развиваат пријателски односи.**

**Со цел промоција и поддршка на развојот на воспитната дејност, во секое училиште треба да се почитува личноста на ученикот и секое училиште треба да придонесе за развивање на самодовербата кај учениците. Посебен акцент во годишните програми за работа на училиштата треба да се стави и на програмата за реализација на училишните екскурзии кои треба да придонесуваат за развивање интерес за природата и градење еколошки навики, потоа една од задачите треба да биде и запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, потоа градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот и развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе и на крајот развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.**

### 3.7.Анализа на законските основи на современиот третман на воспитната дејност

Нови пристапи во воспитниот развој на учениците во нашата држава се измените на Законот за основно образование, односно воведувањето на т.н. родителски школи, односно започнување со имплементација на Програмата за советување на родителите од први јануари 2012 година. Од анализата на Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование[150](Службен весник на РМ, бр. 18 од 14.02.2011 година) како најважни можат да се издвојат следните членови кои се однесуваат на советувањето на родителите:

Според член 64-а родителот, односно старателот се упатува на советување, ако: ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети, ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци, ученикот е недисциплиниран, ученикот го навредил наставникот, ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство, ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување, ученикот се

[150] *Закон за основно образование* (измени и дополнувања 2011)

однесува неморално или неетички и ако во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Според истиот член, одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател од ставот (1) на овој член со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава. Ако поканата се однесува за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба. Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од ставот (3) на овој член. Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето.А, формата и содржината на поканата за советување ги утврдува министерот.

Во истиот член е наведено дека ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата, должен е за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето. Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот. Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето согласно со основите од ставот (1) на овој член.

Според член 64-б и неговите ставови советувањето од членот 64-а на овој закон го врши психологот во училиштето. Ако во училиштето нема вработено психолог, тогаш советувањето го врши педагогот. Ако во училиштето нема вработено психолог, односно педагог, тогаш за советувањето се определува педагог или психолог од друго основно училиште. Психологот или педагогот од ставот (3) на овој член за општинските основни училишта го определува општината, односно градот Скопје, а за државните основни училишта го определува министерот, од редот на педагозите, односно психолозите од општината, односно градот Скопје. Советувањето се врши во групи согласно со неделниот и месечниот план од членот 1 став (9) на овој закон. Бројот на родителите во групите не може да биде поголем од 20. Советувањето се реализира во два термина во траење од 60 минути. На советувањето на родителот, односно старателот, педагогот, односно психологот е должен да постапува согласно со Програмата за советување на родители,

која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот. Психологот, односно педагогот, при советувањето на родителите не смее да ја злоупотребува својата функција.

Членот 64-в наведува дека за одржаното советување на родителот, односно старателот, психологот, односно педагогот води записник со листа на присуство. Формата и содржината на записникот за советување ги утврдува министерот.Според член 64-г, ако родителот, односно старателот повеќе од четири пати по кој било основ од членот 64-а став (1) на овој закон, се повикува на советување, на секое следно советување присуствува и претставник од Педагошката служба. Според член 64-д, ако родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана, се известува Центарот за социјални работи.Во член 64-ѓ наведено е дека Педагошката служба, за родителите кои не се јавиле на поканата за советување и истите не го оправдале своето отсуство, поднесува предлог за поведување прекршочна постапка.

Анализирајќи ја програмата за Советување на родители, направивме и кратка анализа на прирачникот за Советување на родители[151] во делот во кој акцентот е ставен на-Несоодветно однесување во училиштето. Согласно овој прирачник, несоодветното однесување во училиштето е поделено во 4 групи и тоа : несоодветно однесување – попречување на наставата, неморално или неетичко однесување, аоцијално однесување и антисоцијално однесување.

Во овој дел е нагласено дека согласно член 10 ученик **несоодветно се однесува во училиштето доколку ја попречува воспитно-образовната работа во паралелката и во училиштето** на каков било начин, навредува наставник, учествува во физички пресметки или други форми на насилство и манифестира разни форми на неморално или на неетичко однесување или на асоцијално и антисоцијално однесување. Во истиот член е наведено дека **ученик се однесува неморално или неетички** кога мами и лаже при извршување училишни обврски, преправа податоци во училишната документација, злоупотребува средства за комуникација (мобилни телефони, интернет и сл.) заради повреда и нанесување штета на друг, навредува или омаловажува друго лице, особено по верска, етничка или родова припадност.

[151] Прирачник за советување на родители на ученици во основни училишта

Во продолжение е истакнато дека ученик се однесува **асоцијално кога во подолг временски период избегнува контакти со други ученици** и со наставници, кога воопшто не покажува интересирање за соработка и за другарување и кога премногу пасивно и индиферентно се однесува кон тековните училишни обврски.

И на крајот во овој дел е истакнато дека ученикот се однесува **антисоцијално кога намерно оштетува или отуѓува (краде) предмети што се сопственост на други лица или** се дел од училишниот имот, носи или употребува оружје и други предмети со кои може да се загрози безбедноста на другите, поседува, користи и дели алкохол или наркотични средства, сексуално вознемирува или сексуално злоупотребува ученици или други лица, се оддава на проституција, намерно психички или физички повредува друг ученик, наставник или возрасно лице (се заканува, заплашува, навредува, исмејува, изнудува, принудува, замолчува, изолира, турка, удира, тепа и сл.), започнува, организира и учествува во физички пресметки.

Имено, идентификацијата, односно откривањето на учениците кои се однесуваат несоодветно во училиштето го прави одделенскиот раководител, односно раководител на паралелката по сопствено согледување или по известување од наставник или друго вработено лице во училиштето, или од друг ученик или родител. Потоа тие го известуваат психологот/педагогот на училиштето за секој ученик кој се однесува несоодветно во училиштето.

А согласно член 13 психологот/педагогот на училиштето води евиденција за ученици што се однесуваат несоодветно во училиштето во посебен образец. Потоа одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во договор со психологот/педагогот на училиштето повикува на советување со писмена покана најмалку еден родител, односно старател на ученик кој нередовно посетувал настава, значително го намалил успехот во учењето или манифестирал несоодветно однесување во училиштето.

Од анализата на педагошката документација, односно од направената квалитативна анализа на Образецот 3 (Евиденција на ученици кои несоодветно се однесуваат на училиште) можеме да констатираме дека најголемиот дел несоодветни однесувања забележани од страна на педагошко-психолошката служба се попречувања на воспитно-образовната работа. Во рамките на опишување на проблемот доколку се направи една ранг скала на наведени однесувања, наставниците ги истакнуваат следните однесувања направени од страна на учениците и тоа : „не почитува друг ученик додека зборува“ (вика, извикува), недисциплина за

време на часовите (си станува без разлика дали дозволуваат правилата) и недисциплина за време на одморите, некоректно однесување за време на одморите (викаат, „се дерат", скокаат едни меѓу други, употребуваат разни извици), некоректно однесување за време на часовите ( си потпевнуваат иако се работи за наставен час кој не го дозволува тоа), континуирано разговарање за време на часовите (попречување на наставата), не носење на учебници и друг наставен материјал, употреба на мобилни телефони. Само мал дел од наставниците во рамки на воспитните проблеми со кој се соочуваат како однесување го истакнуваат и навреда на наставникот и антисоцијалното однесување.

Активности кои најчесто ги превземаат наставниците од направената анализа на документацијата се следните: разговор ученик-наставник, разговор ученик-наставник-училишен педагог, разговор помеѓу ученик-наставник-родител, советување и укажување за последиците и во нив наставниците наведуваат дека ефектите од превземените активности од нивна страна се краткотрајни и слаби.

Анализирајќи го Образецот 3 кој се однесува на евиденција на ученици кои несоодветно се однесуваат, исто така можеме да констатираме дека најголемиот дел од учениците кои се евидентирани во овие документи се ученици од VI, VII, VIII одделение што укажува на фактот дека станува збор за ученици кои се всушност на возраст 12,13 и 14 години и се во фазата на пубертет период во кој се случуваат многубројни промени во нивното тело и живот. По идентификацијата на овие ученици од страна на класните раководители потребно е да се добие мислење од Педагошката служба и врз основа на тоа мислење нивните родители со покана се повикуваат на советување кое го прави психологот или педагогот во училиштето.

Од направената анализа можеме да констатираме дека овие советувања со родители се прават два-три пати во едно полугодие, односно најчесто по завршено тромесечје откако службите (ќе имаат добиено повеќе сознанија како и поголем број на ученици кои несоодветно се однесуваат (или пак доколкку станува збор за оние ученици кои имаат поголем број на неоправдани или покажуваат намален успех во учењето.

Исто така во текот на истражувањето направена е и квалитативна анализа на Записниците од одржаното советување на родители. Во записниците педагогот/психологот најпрвин ги пополнува општите податоци и тоа: училиште, град, општина, учебна година, дата на советување, родител/старател кој се советува и причина за советување.

Анализирајќи ги записниците, можеме да констатираме дека во нив се пополнуваат активностите и мислењата на педагогот/психологот и родителот со забелешки за текот на советувањето на првата или втората средба со родителите. На крајот е наведено кој го реализирал советувањето (психиолог/педагог) и негов потпис, како и потпис на родителот/старателот. Во забелешките за текот на советувањето на првата и втората средба со родителите се наведени следните активности: за да настане промена во однесувањето на ученикот од особено значење се родителите, како и соучениците, односно врсниците, потоа дека треба да се зголеми нивото на почитување помеѓу наставниците и учениците, укажана е поддршка на родителите за подобрување на однесувањето на нивните деца, потоа разговор со родителите за часовите или воопшто наставата и одморите на кои е забежано нессодветно однесување од страна на нивните деца. Во забелешките е истакнато дека: треба континуирано да се работи со учениците за да позитивно се однесуваат и да се насочуваат кон одредена цел која ќе вроди со плод во текот на нивната работа.

Во забелешките за текот на советувањето можеме да констатираме дека некои од родителите не доаѓаат на првата средба, туку тоа го прават односно се присутни на втората средба. За дел од родителите во забелешките и од разговорите со педагошко –психолошката служба е наведено дека некои од родителите само доаѓаат на средба но, не сакаат да разговараат за проблемот кој што се случува во училиштето со нивното дете, едноставно само се појавуваат и си одат односно наведуваат дека немаат потреба од вакво советување. Сето ова не упатува на повеќе размислувања за кое се испреплетуваат повеќе фактори и услови и тоа: брзото темпо на живот, презафатеноста на родителите, несакањето, односно одбивањето да се соочат со проблемите на нивните деца, материјалните средства кои ги имаат стекнато некои од родителите во текот на нивниот живот кои што предизвикуваат низа други последици во нивниот семеен живот.

Од анализите можеме да констатираме дека понекогаш на овие средби доаѓаат и двајцата родители, но од разговорите со педагошко-спихолошката служба тоа честопати се случува поради нивните нарушени семејни односи кои имаат големо влијание на однесувањето на учениците.

Советувањето на родители има две основни цели: првата е запознавање на родителите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или

манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца и втората цел едуцирање на родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици.

На крајот од истражувањето, а тргнувајќи од поставената задача, да се дизајнираат дидактички модели за развој на компетенциите на наставниците и педагозите и психолозите, а согласно направената квантитативна и квалитативна анализа, дадените предлог теми за работилници од наставниците и педагошко-спихолошката служба и добиените заклучни согледувања кои се основа за изработка на дидактички модели на работилници, изработени се 7 автентични дидактички модели на работилници. Во прилог табеларно се прикажани предлог темите за работилници од наставниците и педагошко-психолошката счужба и од нив е направен избор на на неколку теми за дидактички модели на работилници кои се подетално разработени и прикажани во прилозите.

*Табела бр. 50 Предлог теми/области за организирање на работилници за зајакнување на воспитните компетенции дадени од страна на педагошко-психолошката служба:*

| Ред.бр | Прашање 17 : Предлог теми/области за организирање на работилници за зајакнување на воспитните компетенции дадени од страна на педагошко-психолошката служба: |
|---|---|
| 1. | 1. Работа со одредени наставници кои незнаат да создадат личен авторитет кај учениците |
| 2. | 1. Начини за вклучување на учениците како ментори на ученици од помала возраст<br>2. Комуникациски вештини<br>3. Работа со родителите и комуникација со родителите |
| 3. | 1. Справување со недисциплина<br>2. Мотивација за успех кај учениците |
| 4. | / |
| 5. | 1. Методи на разрешување на конфликти помеѓу врсници<br>2. Протоколи по кои ќе се водат постапки за испрашување и следење на учениците кои пројавуваат девијантно однесување |
| 6. | 1. Ученици кои се однесуваат недолично |
| 7. | 1. Иако сум посетувала голем број обуки и сум била обучувач, би ми користеле нови искуства од сите области со воспитен карактер, затоа што сметам дека воспитувањето на учениците е приоритет за секое училиште, а |

| | |
|---|---|
| | еднаш здобиените знаења и умеења на кадарот треба постојано да се надополнуваат и освежуваат. |
| 8. | 1. Работилници за развивање на комуникациски вештини<br>2. За спречување на конфликти и насилство<br>3. **За унапредување на дисциплината, одговорноста и меѓусебното почитување** |
| 9. | 1. Низ соработката и учеството во многу проекти на нашето училиште последниве години се реализираа, а и се во тек многу теми/области кои придонесоа и придонесуваат за зајакнување на моите воспитни компетенции. |
| 10. | 1. Како и на кој начин родителите да влијаат кај своите деца? |

*Табела бр. 51* Предлог теми за работилници од наставниците

| Прашање 7: Предлог теми за работилници | Предлог теми за работилници од наставниците |
|---|---|
| Предлог теми за работилници | 1. Зајакнување на вредностите на воспитанието на учениците преку образованието<br>2. Одговорност и самодоверба<br>3.Справување со невоспитаните ученици<br>**4. Како да се надминат воспитните проблеми кај учениците**<br>5. Справување со конфликти<br>**6. Толеранција**<br>7. Вештини за комуникација<br>**8. Справување со недисциплина**<br>9. Решавање на конфликти со разговор<br>**10. Начини како да им се пристапи на проблематичните деца**<br>11. Работа со хиперактивни деца<br>12. Справување со насилство<br>13. Решавање на конфликти со разговор<br>14. Елиминација на агресивното однесување и почитување на авторитети<br>15. Тема поврзана со тинејџери<br>16. Девијантно однесување меѓу учениците<br>17. Воспитание во образованието<br>18. Реституција<br>19. Решавање на меѓуетнички конфликт<br>20. Домашното воспитание - клучен фактор во однесувањето на децата<br>21. Меѓуетничките разлики и нетрпеливоста како проблем<br>**22. Животни вредности**<br>**23. Позитивна дисциплина**<br>**24. Самопочитување**<br>**25. Семејството и училиштето под мотото „Работиме заедно“** |

# ПАКЕТ НА ДИДАКТИЧКИ МОДЕЛИ НА РАБОТИЛНИЦИ



**За дидактичките модели**

Од особено значење е што дидактичките модели го следат и Колбовиот круг[152] на искуствено учење.




Овие се четири степени на искуственото учење[153] кои претежно ги имаат дидактичките модели на работилници:

- Искуството - е главната активност во работилницата;
- Рефлексијата – најчесто се случува во текот на размена, кога преку јасни прашања треба да им се помогне на учесниците да го опишат нивното прво искуство (Што се случило ? Како се чувствувале? а потоа и да разберат (Што е тоа што не било во ред?);
- Генерализацијата – во овој чекор се тежнее искуството од работилницата да се поврзе со реалниот живот, претходните искуства;
- Примена - ова е фаза на практичен трансфер и планирање на примена на наученото во реалниот живот надвор од работилничкиот контекст.

Основни карактеристики на дидактичките модели се: личен ангажман, работа во мали групи, активно учество на сите, различни форми на работа (работа во пар, работа во мали групи,

[152] Nevena Vuckovic - Sahovic , Jelena V., *Kako do sargarepe*, Beograd, 1999, str. 32

[153] ibid, str. 34

социјални игри, дискусија, brainstorming), атмосфера на поддршка од страна на групата и водителот, почитување на потребите, емоциите и начинот на функционирање на секој учесник, работа на заедничка тема, надоврзување на личното искуство на секој учесник (искуствено учење).

**Чекори на водење на дидактичките модели на работилници**

1. Тема на работилницата:

- се задава кратко и јасно.

2. Образложение на целта на работилницата:

- да се поттикне интерес;
- да се прикаже целта;
- секој учесник на работилницата да ја согледа својата улога.

3. Воведни напомени:

- да се каже најважното;
- да се воведат учесниците во темата ;
- да не се даваат ниту премногу, ниту премалку податоци;
- да не се кажува сè, туку само најважното;
- да не се наметнува своето мислење.

4. Воведни прашања:

- да се задаваат јасно и гласно;
- се дава време за размислување;
- се прашуваат учесниците дали постојат дополнителни прашања.

5. Главен дел на работилницата:

- развивање на темата;
- стекнување на знаења и развивање на вештини;
- се овозможува дискусија;
- во дискусијата треба да земат учество сите присутни;
- се поставуваат прашања;
- потребно е внимателно слушање;

- дискусијата и прашањата се во рамките на темата;
- секој слободно го изразува своето мислење.
- се формираат првични заклучоци и согледувања;
- се запишуваат на табла/лист хартија за да се достапни за гледање на сите учесници на работилницата.

7. Завршен дел на работилницата:

- конечните заклучоци произлегуваат од првичните заклучоци и согледувања;
- потребно е да се постигне согласност од присутните за заклучоците, но не и консензус;
- да не се присилуваат на определено мислење;
- евалуација

**Насоки за водителите на дидактичките модели на работилници**

1. На работилницата дојдете опуштени.
2. Секогаш бидете точни.
3. Добро одморете се пред работилницата.
4. Кажувајте што поедноставни објаснувања.
5. Давајте јасни и точни инструкции.
6. Гледајте, набљудувајте сѐ што се работи во работилницата.
7. Бидете внимателни.
8. Бидете весели.
9. Дозволете шепотење.
10. Работете со оптимален број на учесници - 10.
11. Сослушувајте ги сите учесници.
12. Внесувајте новини во работилницата.
13. Опуштете се, работилницата не може во потполност да пропадне.
14. После секоја работилница запишувајте ги и добрите и лошите работи.

Во продолжение следуваат дизајнираните дидактички модели кои се дел од истражувањето на докторски труд од областа на педагошките науки.

## Дидактички модел број 1

## Тема „Моралните вредности, воспитанието и тинејџерите – пат кон успехот“



*За темата*

**Моралните вредности, воспитанието и тинејџерите** се од особено значење за воспитен развој на учениците. Наставниците, педагошко – психолошката служба, родителите и учениците треба да знаат дека со вредностите секој човек ги изразува своите интереси, желби и стремежи, тие се духовен елемент со којшто тој ги поттикнува своите сили и ги оправдува своите настојувања. Познавањето на моралните вредности е значајно и за наставниците, педагозите, психолозите, но и за учениците и родителите. Моралните вредности зборуваат за што сè застапуваме, кон што сме свртени, што ни се допаѓа и што сакаме да ни се случи-но и што нам ни е спротивно и за што немаме разбирање и го отфрламе. Тие се израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување.

Една од најважните морални вредности е **почитта.** Постојат деца кои не покажуваат никакво почитување кон авторитетни личности во нивниот живот. Учејќи ги децата да почитуваат, правите добро за нив, за вас и за целиот свет. Животот ќе им биде многу поубав и поисполнет доколку кон околината се однесуваат со почит. **Послушноста** не е нешто што доаѓа само по себе кај сите нас. Позабавно е кога правилата се кршат. Тоа особено сакаат да го прават децата, па затоа мора да бидете доследни и цврсти. Доброто однесување секогаш наградувајте го за да ги мотивирате децата да бидат послушни. Зборовите „те молам“ и „благодарам“ не се тешки, но доколку не сте ги учеле децата да ги користат често, тие тешко ќе ги изговараат. Од мали нозе треба да се учат овие манири. Верувале или не, децата може да ги научите од мали нозе да бидат одговорни. Дадете им на децата некои едноставни задачи, како кревање на играчките или чистење на масата по ручекот, и така интеректно ќе им вградите **чувство за одговорност** и дисциплина.

Еден од проблемите со кој родителите најчесто се соочуваат, е токму кога не знаат што да прават со детето кое не ја зборува вистината. Доколку на време почнете да го учите детето да ја цени **искреноста** и да ја практикува, овој проблем ќе го немате.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да ги истакнат најзначајните морални вредности и да разменат искуства за истите.
- да разговараат и да споделуваат практични примери од животот.
- да предложат начини и решенија за поврзаноста и значајноста на моралните вредности, воспитанието и тинејџерите

**Протокол на работилницата**

| **Активности** | **Време** | **Методи/форми** |
|---|---|---|
|  |  |  |
| **1. Воведна активност** | **5 минути** | **монолог, разговор** |
| **2. Најважни морални вредности ( материјал број 1)** | **10 минути** | **задача со пишување, дискусија** |
| **3. Морални вредности – став –постапка- воспитание (материјал број 2)** | **30 минути** | **задача со пишување, работа во пар, дискусија** |
| **4. Личен пример ( материјал број 3)** | **10 минути** | **разговор во пар, задача со пишување** |
| **5. Евалуација ( материјал број 4 - евалуациски лист)** | **5 минути** | **задача со пишување** |

Потребен материјал:



- флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни листови, евалуациски листови, пенкала.

Тек на активности:



- Воведна активност–Запознавање на учесниците со првиот дидактички модел односно со темата на работилницата (Морални вредности, воспитнанието и тинејџерите) и со нејзините задачи.
- Најважни морални вредности–Втората активност се нарекува најважни морални вредности и во неа учесниците потребно е најпрвин индивидуално да го пополнат материјалот број 1 (Најважни морални вредности), а потоа следува кратка дискусија за истите.
- Морални вредности–став–постапка–воспитание е всушност главната активност во оваа работилница при што учесниците го добиваат материјалот број 2 којшто е со истиот наслов како и оваа активност. Најпрвин индивидуално го пополнуваат, потоа разменуваат искуства во пар, а потоа следува дискусија од страна на учесниците и извлекување на заклучоци кои се однесуваат на оваа тема.
- Личен пример е следната активност во која учесниците го наведуваат сопственото мислење за наведениот пример и како би постапиле.
- Последната активност е пополнувањето на евалуацискиот лист.

**Материјал број 1**



**Вредностите кон кои се придржуваме во животот и кои ни се важни и според кои настојуваме да ги воспитуваме нашите деца, не поттикнуваат, не насочуваат кон вистинскиот пат во животот.**

1. **Кои се Вашите морални вредности? ( Можете да се одлучите од долупонудените или пак и сами да напишете и свои. Одберете 3-5 вредности и подредете ги според важноста од 1 – 5)**

**За Вас најважни морални вредности се:**

1. ____________________
2. ____________________
3. ____________________
4. ____________________
5. ____________________

(мир, здравје, задоволство, богатство, почитување, пријателство, грижа за другите, љубов, взаемно почитување, трпеливост, искреност)

**Материјал број 2**



**Одбравте неколку вредности кои се најважни за Вас во животот. Кои постапки најчесто ги користите во Вашиот живот за да го поучите Вашиот син/ќерка на овие вредности?**

| Вашите вредности се: | Најчесто ги користам овие постапки (можете да напишете и од долунаведените*) | За време на постапката добивам поддршка од сопругот/сопругата или пак од друга личност која ми е блиска (одберете ДА – НЕ – НЕЗНАМ) | Оценете од 1-5 во која мера ја препознавате својата животна вредност кај Вашето дете (1-воопшто не ја гледам кај своето дете, 5 – во потполност ја препознавам) | Наведете пример за тоа? |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

* (разговор, советување, укажување, делување со сопствен пример, тепање, викање, пофалба, награда ...)

**Материјал број 3**

**Недела е. Се подготвувате да ги посетите Вашите родители. Вашиот татко е болен и би сакале да бидете денеска со него и со Вашето семејство. Подготвени сте да излезете но, некој ѕвони на Вашата врата.**

**Ја отворате вратата и гледате непознато момче/девојче кое стои пред Вас. Момчето Ве прашува: Дали е дома Вашиот син/ќерка? Вие велите да, и го/ја повикувате. Вашиот син/ќерка поминува покрај Вас, излегува и Ви ја затвора вратата пред Вашиот нос и започнува нешто тивко да разговара со непознатото момче.**

1. Како би се почуствувале?

___

___

___

2. Што би направиле?

___

___

___

3. Објаснете ја во неколку реченици Вашата постапка :

___

___

___

**Евалуациски лист**

1. **Дискусијата на оваа тема е (заокружете го бројот според Вашето мислење):**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Непотребна | Добро е да се дознае нешто ново | Многу потребна |

2. **Воспитанието е макотрпна задача бидејќи тоа е подготовка на детето за живот и работа. (заокружете го бројот според Вашето мислење)**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | Не, знам не можам да се одлучам | Потполно се согласувам |

3. **Размислувањето на Вашето дете е важно и треба да го сослушате и цените. (заокружете го бројот според Вашето мислење)**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Не, децата немаат потребно искуство за правилно размислување | Секогаш кога е тоа можно. | Да, тоа е важно. |

4. **Ги проценувам своите постапки и за нив често разговарам со моите блиски. (заокружете го бројот според Вашето мислење)**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Не, тие тоа ми го препуштаат мене | понекогаш | секогаш |

5. Според Ваше мислење, дали родителите денес повеќе размислуваат за своите деца, отколку во времето на Вашето детство? (заокружете го бројот според Вашето мислење)

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Не, мислам дека родителите порано многу повеќе размислувале за тоа | Не, размислувам многу за тоа | Да, денеска родителите многу повеќе размислуваат за своите деца, бидејќи ризиците се поголеми, родителите повеќе се информираат |

6. Често се сеќавам како моите родители ме воспитувале,и го применувам тоа кај своите деца. (заокружете го бројот според Вашето мислење)

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Не | Понекогаш | Секогаш |

7. Своите деца подеднакво ги сакам и ги воспитувам. (заокружете го бројот според Вашето мислење)

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Не, децата се различни | Зависи, понекогаш, понекогаш не | Да, јас не можам да се променам, моите постапки се еднакви кон сите |

8. Проценете го Вашето учество во денешната работилница (заокружете го бројот според Вашето мислење):

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Воопшто не учествував | Доволно бев активно вклучен/а | Интензивно и активно бев вклучен/а во сите активности |

9. **Работилницата беше(заокружете го бројот според Вашето мислење):**

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| досадна | И ми се допадна, и не ми се допадна | Беше доста интересна и поучна |

10. **Дополнителни коментари:**

## Дидактички модел број 2

## Тема „ Справување со неДИСЦИПЛИНАТА и неДИСЦИПЛИНИРАНОТО однесување на учениците“





***За темата***

Дисциплината е еден од носечките столбови за успешна настава. Ако тој столб постојано се крши, може да доведе до поголем број на проблеми. За одржување на тој столб од особено значење е учениците да знаат што треба да прават и што од нив се очекува во секоја етапа на наставата. Да бидеш успешен наставник значи да знаеш „со што" и како да ги поттикнеш учениците да учат, да го поттикнеш и одржиш нивното внимание, мотивација и желба и да ја испланираш наставната активност согласно потребите и индивидуалните можности на секој ученик. Одржувањето на носечкиот столб „неДИСЦИПЛИНАТА" подразбира примена на искрена, доверлива и позитивна комуникација со цел да се пренасочи ученикот, да се оформи самоконтралата и самодисциплината, да се откријат и потврдат детските потреби, да им се дозволи на учениците да прават избор, да бидат водачи и да превземаат одговорност за постапките, да се интервенира кај одредено неприфатливо однесување и да се поттикне позитивното однесување.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да ги истакнат најзначајните работи за дисциплината и нејзиното значење.
- да се запознаат со нови активности за справување со недисциплинарното однесување на учениците
- да разговараат и да споделуваат практични примери од животот.
- да предложат активности за подобрување на однесувањето на учениците во училиштето.

Протокол на работилницата

| Активности | Време | Методи/форми |
|---|---|---|
|  |  |  |
| 1. Квиз (материјал број 1 и 2) | 10 минути | монолог, задача со пишување, разговор |
| 2. Пример 1 – Фокусирајте се на позитивните работи (материјал број 2) | 15 минути | задача со пишување, дискусија |
| 3. Како да се справиме со различните однесувања од учениците ( материјал број 4) | 35 минути | работа во пар (или група), дискусија |
| 4. Активности кои би ги превзеле за подобрување на однесувањето на учениците во училиштето доколку сте ...(материјал број 5) | 10 минути | задача со пишување |

Потребен материјал:



- флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни материјали, пенкала.

Тек на активности:



- Активност–квиз–Преку активноста квиз учесниците се запознаваат со најзначајните работи и значењето на дисциплината.(учесниците го добиваат материјалот број 1 и 2)
- Со втората активност–пример со наслов Фокусирајте се на позитивните работи учесниците го наведуваат сопственото мислење за наведениот пример и како би постапиле. За реализација на оваа активност учесниците го добиваат материјалот број 3.
- Како да се справиме со различните однесувања на учениците е главната активност во овој дидактички модел при што учесниците во зависнот од бројот се делат во пар или групи и ги

добиваат четирите видови на однесувања од страна на учениците кои треба да ги прочитаат и да ги согледаат акциите за справување со овие однесувања, како и да извлечат соодветни заклучоци .(учесниците го добиваат материјалот број 4)

- На крајот со материјалот број 5 учесниците наведуваат кои активности би ги превзеле за подобрување на однесувањето на учениците доколку имаат друга улога во училиштето и даваат свој коментар за овој дидактички модел.

**Материјал број 1**

**Квиз**

**За дисциплината**



1. **Дисциплината** подразбира, односно значи исто што и **наставата**. (заокружи)

| точно | неточно |
|---|---|

2. **Зборувањето/разговорот со Вашиот син/ќерка е најважниот елемент за да се биде добар родител.**

| точно | неточно |
|---|---|

3. **Може да имате силно влијание на Вашиот син/ќерка, но да немате контрола.**

| точно | неточно |
|---|---|

4. **Дисциплината е исто како и казната.**

| точно | неточно |
|---|---|



5. **Сè што навистина Ви е потребно за да го израснете Вашето дете е многу длабока и вистинска љубов и разбирање.**

| точно | неточно |
|---|---|

Материјал број 2

Клуч:

1. Точно - Погледнете во речник. Латинскиот збор е disciple. Disciple значи некој кој шири информации како што е наставата.

2. Неточно – Слушањето, Улога на модели (родителот е модел, некој со кој се идентификува ученикот), обезбедување на безбедна (стабилна) средина.

3. Точно – Размислете за ова. Можете да му кажете на Вашето дете да јаде. Можете да побарате од него да јаде, но дали навистина можете да го натерате да јаде. Дали имате контрола или влијание? Вие ќе речете „Го израснав моето дете", но дали навистина можете да го држите дома, освен ако не е тоа физички за цела недела. Вашето дете може навистина да си замине од дома.

4. Неточно – Погледнете во речник. Казната подразбира страдање, болка, загуба, одмазда.

5. Неточно – Љубовта е значајна, важна. Разбирањето е исто така важно, но тоа не е доволно. Добри родителски вештини, разбирање за растот и развојот на децата, Вашето добро здравје, стабилноста во семејството, финансиската стабилност се исто така доста критични и влијаат врз развојот, односно израснувањето на Вашето дете.





Материјал број 3

Пример 1 – Фокусирајте се на позитивните работи

Во одделението имам ученик кој постојано ги нарушува моите часови, понекогаш дури знае да биде и груб и да ме навреди. Го казнив неколку пати, но казнувањето само ги направи работите со него да бидат уште полоши.

По извесен период од колегите слушнав дека овој ученик е одличен фудбалер, кој има лидерски потенцијал. Кога го слушнав тоа се изненадив и шокирав. Се запрашав: „Како тоа може да биде истиот ученик". Сите тие зборови ме натераа да размислувам. По неколку дена на час му реков: „Не знаев, дека си фудбалска ѕвезда". Кога го реков тоа, забележав дека му светнаа очите. Тој ден решив да започне активност со одделението за Светското првенство во фудбал за оваа година и предложив тој да биде координатор во одделението за оваа активност и да се консултира со мене за понатамошни насоки. Промената кај него беше прекрасна.





Споделете го Вашето искуство:

Порака: Секое дете има подарок. Мојата работа е да го забележам и да го надградам!

**Материјал број 4**

Во врска со разните видови на однесувања на учениците односно согласно направената анлиза на педагошката документација предлагаме неколку активности за подобрување на однесувањето на учениците. Од претходно направената анализа на документацијата на обрасците за евиденција на ученици кои нессодветно се однесуваат, издвојуваме четири различни однесувања на ученици, нивните карактеристики и како да се справите со нив:

1. **Барател на внимание (The attention demander)**
2. **Ученик кој демонстрира насилно однесување – силеџија (The bully)**
3. **Ученик кој најчесто доцни на час (The late arriver)**
4. **Ученик кој постојано ја прекинува наставата (The Interrupter)**



**1. Барател на внимание (The attention demander)[154]**



Кога станува збор за нивното однесување, овие ученици се секогаш гласни и реагираат негативно на авторитети. Се обидуваат да доминираат во групата. Најчесто доцнат на часовите и доцнат во подготовката и носењето на домашните задачи. Најчесто знаат и сакаат да седнат на

[154] Преземено и адаптирано од http://www.disciplinehelp.com

столчето на нивниот соученик (а не на сопственото). Често го превземаат редот на другите ученици и често поставуваат непотребни прашања.

Овие ученици често се обидуваат да се однесуваат дисидентски сè со цел да добијат што поголемо внимание и кажуваат погрешни зборови во погрешно време. Знаат често да носат необична облека за да добијат поголемо внимание од нивните ученици и наставници. Понекогаш можат да користат разни вулгарности и суров јазик.

На прашањето како однесувањето на ваквите ученици или пак на овој ученик влијае на наставниците, соучениците и родителите, можат да се наведат следните работи: пред сè наставникот е принуден да одвои дополнително време на овој ученик. Концентрацијата на наставниците и целото одделение честопати се прекинува и наставниците се многу лути, при што тие најчесто ја губат мислата на она што сакале да го кажат, односно презентираат пред учениците. Сето ова влијае исклучување на овој ученик, односно излегување надвор од одделението. Исто така, соучениците можат да започнат да го избегнуваат овој ученик во секоја прилика.

Во врска со ова однесува треба да се превземат следните акции. Најпрвин треба да се одредат причините за ова однесување, потоа да се откријат потребите на овие ученици. И на крајот се употребуваат специфични методи, постапки и техники во училиштето и дома за да се промени неговото/нејзиното однесување.

Како примарни причини за ова однесување е **вниманието** - Овој ученик прави сè што е можно за да наставникот, родителите и соучениците знаат дека тој/таа постои.

Примарни потреби кои треба да се откријат се: Пол (женско-машко)–Овие ученици можеби се обидуваат да се докажат себеси со добивање на внимание од страна на другите. Бегање од болка-Неспособноста за воспоставување на социјални односи може да придонесе овие ученици да демонстрираат такво однесување. Секундарни потреби – Друштвеност - Овие ученици треба да припаѓаат на некоја група ( да бидат секогаш дел од некоја група). Достигнување - Разните обиди што ги прават за да добијат внимание укажуваат на потребата да стекнат успех во нешто. Статус - Барателот на внимание – ВИКА, вербално и невербално : **Јас сум некој**. (I am somebody).

Како акции што треба да се превземат се: Најпрвин треба да им се дадат на овие ученици дополнителни обврски. Најдете време индивидуално за овие ученици за да ги откриете вистинските проблеми и несигурности кои учениците ги чувствуваат. Зајакнувајте ја довербата на учениците во секоја прилика на тивок начин. Морате да најдете конструктивен начин за на овие ученици да им се исполнат потребите за внимание. И покрај сè вниманието не може да се негира, тие ќе одат дури и понекогаш екстремно за да го добијат. Побарајте помош од педагошко-психолошката служба и советниците, како и од родителите на овие ученици за да се зајакнат промените на ова однесување, не само во училиште туку и дома. Бидете доследни во начинот на кој се справувате во разните ситуации со оние ученици кои се баратели на вниманието. Бидете пријатни, љубезни во секое време. Дајте им пример за модел на однесување кое што го сакате. Зборувајте им тивко и мирно. Поставувајте прашања кои овие ученици ги бараат. Не им предизвикувајте дополнителен срам кога ќе побараат на пример да одат во тоалет. Не ги прашувајте: Зошто?, Дали е потребно?, дури и доколку го поставите прашањето во блага форма тие можат да се почувствуваат многу непријатно, бидејќи нивната потреба е итна. Направете си неделни проверки за да бидете сигурни дека ги препознавате сите ученици, дури ако тоа е само со велејќи им едно „Добро утро". Бидете постојано свесни за времето кои им го посветувате на барателите на внимание. Никогаш не го исклучувајте овој студент. Никогаш не правете ученикот да биде вознемирен, бидејќи неговото однесување може да биде полошо.

И на крајот грешки кои што не треба да се направат: Игнорирање на ова однесување. Избрзани пресуди за овие ученици. Неуспех да се сфати значењето на нивната порака.

## 2. Ученик кој демонстрира насилно однесување – силеџија (The bully)



Овој ученик ги турка учениците околу себе, вербално и физички и им се заканува на други постојано. Има лош темперамент и лоша уста (суров јазик). Најчесто овие ученици ја фалат гласно нивната моќ. Крајно се негативни и имаат многу сиромашен само-концепт. Како резултат на тоа, стануваат агресивни со оние што се околу нив. Овие ученици ќе ги препознаете, бидејќи секогаш мислат дека другите се обидуваат да ги „спуштат" или да ги искористат нивните предности. Најчесто разговараат во јавноста што планираат да направат. Многу често имаат проблеми со учењето. Употребуваат физичка агресија но, генерално само надвор од училницата. А, во училницата кажуваат вербални закани за она што ќе го направат по напуштањето на училницата. Вербално се агресивни и ги деградираат и понижуваат нивните соученици и врсници во јавноста. Генерално, тие се осамени, со неколку пријатели, или се водачи на банда. Оние кои ќе им се приклучат, најчесто се идентификуваат со нив со цел да ги заплашат другите. Овие ученици имаат репутација за да бидат борци. Тие одговараат на секоја интеракција негативно и физички. Најчесто бараат неволја. Можеби во домот и нивните родители применуваат насилно однесување.

Еефектите или последиците од ова однесување се: многу од учениците се плашат од нив. Се создава клима на страв во училницата. Правата на другите ученици се ограничени и често се случуваат конфронтации. Поставен е лош пример за сите. Многу од учениците сакаат и тие да имаат храброст да дејствуваат на ист начин. Учениците кои се малтретирани се загрозени и вознемирени и најчесто се исплашени да доаѓаат во училиште. Поради ваквото однесување, често пати наставниците го прекинуваат предавањето и се губи концентрацијата и вниманието на

другите ученици при што се создава негативна атмосфера. Понекогаш и наставниците се плашат од овие ученици.

Примарни причини за ова однесување – Внимание - Овие ученици се исто така баратели на вниманието и уживаат во вниманието што го добиваат од нивните соученици и врсници. Моќ – Овие ученици ја демонстрираат моќта на начин што физички ги повредуваат другите. Преку овој начин тие чувствуаат контрола во самите себеси. Самодоверба – Тие знаат дека повредувањето кое го прават е погрешно, но самата помисла која ги води, а тоа е да се биде физички силен го подобрува нивниот само-концепт.

Откривање на основните потреби на овие ученици: Пол – Овие ученици можат да воспостават врска само поради тоа што се чувствуваат најсилни. Ова може да биде и лекција која е научена и од дома. Бегање од болка - Животот на овие ученици е негативен, и тие се плашат од она што ќе им се случи и поради тоа усвојуваат и применуваат насилно однесување за заштита од другите. Секундарни потреби кои треба да се откријат: Друштвеност – И овие ученици треба да припаѓаат на една група, но тие се неприфатливи најчесто во групата, така што овие ученици, стануваат лидери на нивните сопствени групи. Моќ – Поради неможноста да функционираат социјално, употребуваат физичка сила. Тие се такви бидејќи постои можност и во нивните домови да се употребува физичка сила. Автономија – Физичката сила ги прави овие ученици да се чувствуваат независно.

Акции што треба да се превземат: Употребете ја техниката „Одложување“ (Delay). Ако забележите дека овие ученици се закануваат на некој од нивните соученици „ќе видиш ти после час“, тогаш задржете ги после часот. Разговарајте со нив, зошто го рекле тоа, односно зошто се заканиле на некој од нивните соученици и оставете ги да размислат во врска со нивната постапка. Ако одберат дека не направиле ништо, тогаш треба да бидат подготвени да се соочат со последиците, какви и да се. Но, не им кажувајте какви можат да бидат последиците поради оваа нивна постапка. Воспоставете еден на еден однос со овие учениците. Бидете нежни. Овие ученици не можат да се борат против благоста, бидејќи тоа е она што тие навистина го сакаат. Дајте им поголема одговорност. Тие прифаќаат поголеми одговорности и веднаш велат дека ќе направат сè што треба. Ако наредниот пат направат нешто како што треба пофалете ги. Покажете им дека се грижите за нив, покажете им почит и кажете им дека им верувате. Овие ученици имаат тенденција да бидат исклучително лојални. Разговарајте за проблемот со

родителите. Дозволете им на овие ученици да знаат дека ги сакате но, дека не го сакате нивното однесување. Атлетиката е добар „вентил“ за ова однесување. Разговарајте со Вашите колеги по физичко образование. Најчесто седнувајте го во клупа со девојче.

Грешки кои можат да влијаат на интензивирање на проблемот: Наставниците или родителите велејќи: „Твоите врсници не сакат да те гледаат кога се однесуваш така“. Ова е токму она што сакаат да го слушнат овие деца, бидејќи на тој начин им давате внимание. Исто така кога јавно се прикажува задоволство или гордост на неговите физички „победи“. Реагирајќи лично и со закани за промена во однесувањето. Обидувајќи се да ги поткупите. Напаѓајќи го поединецот, а не однесувањето.

**3. Ученик кој најчесто доцни на час (The late arriver)**



Однесување – Овие ученици последни прават се. Последни доаѓаат на час. Последни се редат во линија. Најчесто заостануваат зад другите ученици. Секогаш личат како да се во брзање, а секогаш доцнат.

Можеби бараат внимание или можеби се плашливи. Влегуваат тивко поради срам или страв или влегуваат бучно и бараат внимание. Најчесто се појавуваат целосно неорганизирани. Често се чини дека имаат добар потенцијал.

Ефекти: Честопати часот е нарушен поради нивното доцнење. Другите се принудени да чекаат поради овие ученици и се изнервирани поради нивните изговори поради кои доцнат. Вниманието на учениците се нарушува поради нивното доцнење. Наставникот понекогаш може да ја изгуби контролата врз целото одделение. И другите ученици можат да го прифатат ова однесување и да се однесуваат на ист начин (да доцнат).

Причини: Овие ученици имаат силна потреба за внимание. Тие го користат ова однесување за да го покријат ниското ниво на самопочитување. Потреби за откривање: Сиромашните односи што ги имаат со родителите предизвикуваат овие ученици да се

чувствуваат многу несигурни. Што повеќе овие ученици добиваат доверба, дотолку повеќе и нивната самодоверба ќе се зголеми. Знаењето дека тој /таа е „некој" е многу важно за нив.

Акции за превземање: Најпрвин сфатете дека промената ќе биде бавна. Користете ја техниката *„Што е поважно, отколку зошто"* . Не ги прашувајте зошто доцнат. Наместо тоа, прашајте ги : Што правевте и што ќе направите во врска со тоа? . „Што" е позитивно и бара акција. Прашањето „Зошто?" само ќе донесе изговори. Препознајте дека станува збор за навика, а не за однесување. Разговарајте со учениците за навиките. Испитувајте ја причината за доцнењето на учениците. Познавањето и разбирањето на животот на учениците честопати дава вредни заклучоци. Седнете ги овие ученици блиску до вратата. Дозволете му на некој ученик да им помогне на овие ученици да бидат поорганизирани. Индивидулно разговарајте со ученикот, посоветувајте го. Ако доцнењето продолжи повикајте ги родителите.

Грешки: Смеење на учениците кои доцнат. Зборување и претпоставување дека овие ученици повторно ќе доцнат. Префрлање, казнување (ставање неоправдани) на учениците кои доцнат. Постојано игнорирање на учениците кои доцнат.

**4. Ученик кој постојано ја прекинува наставата (The Interrupter)**



Однесување: Дава постојано коментари, мислења или поставува прашања кои го привлекуваат вниманието на останатите ученици или разговара често надвор од темата. Често ги подбуцнува, ги предизвикува другите, мрмори, прави разни звуци и дава најразлични забелешки на другите и на наставникот. Се смее и зборува постојано. Всушност бара промена на темата и прави сцена ако за тоа биде одбиен.

Ефекти: Предавањето на наставникот е нарушено и има негативно однесување од страна на наставникот. Предизвикува позитивни и негативни реакции кај другите ученици. Враќањето на

вниманието кај сите е многу тешко. Редоследот на наставата е нарушен, некои ученици се изнервирани, а некои се задоволни.

Причини: Овие ученици посакуваат многу внимание од нивните врсници, како и од возрасните. Тие на ова однесување гледаат како начин да стекнат некаков статус кај нивните врсници.

Потреби: Пол – Овие ученици се обидуваат да воспостават односи и одбираат со тоа што ќе го прекинат часот да станат „познати" во нивното одделение. Агресија – Тие се борат да се наметнат преку постојани прекини на часот. Статус – Нивната порака е: „ Препознајте ме, јас сум тука". Значајно е да се истакне дека учениците знаат што мислат другите за нив.

Акции што треба да се превземат : Секогаш кога е можно, продолжете со наставата и спротивставете се на ученикот само доколку однесувањето навистина го запира протокот на предавање на лекцијата. Ако и понатаму тие продолжат со однесувањето, едноставно кажете: „Да останеме на темата, те гледам". По завршување на часот разговарајте индивидуално, за тоа што тој/таа го прави на часот. Бидете сериозни. Истакнете го следното: „Ако случајно го правиш ова намерно тогаш имаме поголем проблем отколку овој со кој тешко би можел да се справиш". Тогаш учениците кои се однесуваат на овој начи би требало да се извинат и да ве убедат дека не прават ништо намерно и дека во иднина ќе бидат многу внимателни. Наредниот чекор е да побарате помош од родителите и да разговарате со нив за неговото однесување на часовите. Користете сигнал со раката на учениците кои се однесуваат на овој начин.

Грешки: Давање внимание на овие ученици. Постојано испраќање на овие ученици надвор од училницата. Покажување лутина, казнување.

**Материјал број 5**

**1. Во круговите напишете го Вашето мислење и активностите кои би ги превзеле за подобрување на однесувањето на учениците во училиштето доколку сте ...**




**Ваш коментар за работилницата :**

______________________________________________________________

______________________________________________________ **Ви благодариме!**

**Дидактички модел број 3**

**Тема „Позитивна дисциплина“**









**За темата**

Позитивната дисциплина подразбира: давање љубов колку што може повеќе, поттикнување на детската самодоверба, поставување на едноставни и јасни правила и ограничувања, бидејќи децата треба да знаат до каде се простира дозволеното и до каде не, не заборавајте да бидете позитивен пример. Вашите дела зборуваат многу повеќе од кажаните зборови. Не заборавајте да ги пофалите и наградите за доброто однесување, но не дозволувајте да ги критикувате пред други луѓе. Важно е да учат како да се снаоѓаат сами, да не се плашат да избираат, да знаат дека во иднина сè што ќе прават ќе зависи единствено од нивниот избор. Позитивната дисциплина е процес на применување на стандарди и градење на соработка, со што многу малку ќе се создаваат проблеми во наставата, а повеќе ќе се учи. За успешно одвивање на наставниот процес е потребно ангажирање на сите сетила кај учениците, со што наставата ќе им биде интересна, учениците ќе уживаат, а со тоа и наставникот ќе биде задоволен.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да разговараат и да споделуваат практични примери од животот.
- да предложат активности за подобрување на однесувањето на учениците.

Протокол на работилницата

| Активности<br> | Време<br> | Методи/форми<br> |
|---|---|---|
| 1. Погледнете се во огледало (материјал број 1) | 10 минути | монолог, задача со пишување, разговор |
| 2. Однесување (материјал број 2 и 3) | 10 минути | задача со пишување, дискусија |
| 3.Зошто се однесува лошо? | 15 минути | задача со пишување, дискусија |
| 4. Слушнете пред да осудите ( материјал број 4) | 25 минути | работа во пар (или група), пишување, дискусија |

**Потребен материјал:**



**-флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни материјали, пенкала.**

**Тек на активности:**



- Активност – Погледнете се во огледалото - Преку активноста учесниците потребно е да го означат нивното однесување.(учесниците го добиваат материјалот број 1)
- Со втората активност – Однесување – учесниците треба да наведат видови на однесувања кои ги забележуваат кај нивните блиски. За реализација на оваа активност учесниците го добиваат материјалот број 2.
- За третата активност учесниците го добиваат материјалот број 3.
- Слушнете пред да осудите е последната активност на овој дидактички модел .(учесниците го добиваат материјалот број 4)

**Материјал број 1**

**„Погледнете се во огледало“**




Децата се природни имитатори. Тие најчесто го копираат однесувањето на возрасните. Како се однесувате Вие? (Означете го Вашиот одговор со ✓)

| Однесување | Често | Понекогаш | Никогаш |
|---|---|---|---|
| Помагање на другите | | | |
| Волонтирање | | | |
| Смисла за хумор | | | |
| Јадење здрава храна | | | |
| Извинување | | | |
| Викање (дерење) | | | |
| Користење на „лош“ јазик | | | |
| Озборување | | | |

**Материјал број 2**

**Тема „Однесувањето на мојот син/ќерка“**



1. **Наведете неколку однесувања на Вашиот син/ќерка кои би сакале и понатаму да ги прави:**

________________________________

2. **Наведете неколку однесувања кои би сакале Вашето син/ќерка да престане да ги прави:**

________________________________

________________________________

( * помагање, смеење, плачење ...)

**Материјал број 3**

**Тема - „Зошто се однесува лошо?“**



**1. Објаснете зошто се однесува „лошо“? – (Наведете некоја постапка кога Вашиот син/ќерка се однесувал/а лошо, наведете ја причината).**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

( * лутина, разочараност, загриженост, бара внимание ...)

**Материјал број 4**

**Пример 1 – Слушнете пред да осудите**

Александра има 14 години и често е отсутна од часовите. Секогаш кога доаѓа во училиште, нема напишано домашна работа и често знае да заспие за време на часовите. Тоа многу ме лути. Се обидов да зборувам со неа неколку пати, но таа секогаш е намуртена, па ја испратив директно кај директорот. Тој потоа ме викна и кога и зборуваше, таа почна да плаче и ни ја раскажа целата нејзина животна приказна. Нејзината мајка починала неодамна од рак, и таа сега има одговорност да се грижи за нејзините четворица браќа. Тие живеат во рурална средина, кадешто често пати нема струја или вода.

Кога станав свесна за нејзините околности, се почувствував лошо што ја осудив без да утврдам и испитам зошто таа се однесува на тој начин. Тогаш сфативме дека училиштето треба да интервенира и да помогне за да таа и нејзиното семејство добијат социјална помош. Овој проблем беше многу поголем отколку тоа што таа не ја напишала својата домашна работа.



**Ви се случило ли Вам нешто слично, споделете ја Вашата приказна:**

## Дидактички модел број 4
## Тема „Како да се надминат воспитните проблеми кај учениците“



**За темата**

Честопати за воспитните проблеми виновниците ги бараме меѓу родителите (ова го велат наставниците) и меѓу наставниците (ова го велат родителите), и тие се таму, но трагичен чин е кога викаме дека децата се виновни и кога се докажуваме колку тоа ние возрасните сме умни и моќни („Како можеш да не разликуваш лимон и цитрон?!"), или, уште пострашно, кога ваквите проблеми не ги перципираме како загрижувачки, туку како „добро воспитување" со цел личноста да може подобро да дејствува во општеството. Огромна обврска единствено кон децата, кон никој друг е да направите детето да ве почитува вас, вие да го почитувате него, да му дадете до знаење дека образованието е клучниот момент во неговиот живот, да создадете морални и мудри личности. Не постои дете што не може да научи, постојат само добри или лоши родители, наставници, педагози и психолози, кои не умеат да го препознаат тоа кај децата, некогаш и не умеат да утврдат дека со некои, иако навидум добри, потребен е дополнителен труд за постигнување на успехот кој им го даваме.

Наставници, психолози, педагози, раководители, кога воспитните проблеми ќе се решат, надминат, се разбира - со правилно имплементирање на различните методи и технички, со максимално насочено користење на временскиот ресурс, со постојана упорност, тогаш остварувањето на образовните цели ќе биде поефективно.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да разговараат и да споделуваат практични примери од животот.
- да предложат активности за надминување на воспитните проблеми кај учениците.

Протокол на работилницата

| Активности | Време | Методи/форми |
|---|---|---|
|  |  |  |
| 1. Мудрости (материјал број 1) | 10 минути | монолог, разговор, задача со пишување |
| 2. Воспитните проблеми – пад или предизвик (материјал број 2 ) | 20 минути | задача со пишување, дискусија, работа во пар (или група) |
| 3.Замислете дека ... (материјал број 3 и 4) | 30 минути | задача со пишување, дискусија |

Потребен материјал:



флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни материјали, пенкала.

Тек на активности:



- Активност - Мудрости - учесниците го добиваат материјалот број 1 и разговараат за истиот.
- Со втората активност - Воспитните проблеми – пад или предизвик учесниците го добиваат материјалот број 2.
- Со втората активност – Замислете дека... учесниците ги добиваат материјалите број 3 и 4.
- На крајот следува евалуација и дискусија за темата на оваа работилница.

Материјал број 1

Вашето мислење за следниве мудрости:

1. Слободата не вреди да се има, ако сето тоа не вклучува и слобода да се прават грешки. (Махатма Ганди)
2. Најважното нешто е никогаш да не застанете со истражување. (Алберт Ајнштајн)
3. Не можете да изградите репутација, на она што во иднина ќе го правите. (Хенри Форд)



Наведете предлог Ваша мудрост:



**Материјал број 2**

**Воспитни проблеми – пад или предизвик**

| | |
|---|---|
| Вашиот син има 12 години. Користи многу „пцовки". Мислите дека ги научил од другарите во училиште. Исто така, гледа постојано телевизија во неговата соба, и понекогаш не знаете што сè гледа на телевизијата.  | Вашиот син има 13 години. Излегува со другарите и не доаѓа на вечера. Кога ќе излезе, се враќа после 22.00 часот. Навистина е млад и исплашени сте за него. Кога му велите да си дојде дома за вечера не Ве слуша.  |
| Вашата ќерка има 13 години, но се однесува како да има 17 години. Почитувањето и традицијата се навистина важни во Вашата фамилија. Вие не сакате Вашата ќерка да носи шминка и провокативна облека, бидејќи има 13 години, но навистина е тешко да ја спречите.  | Вашиот син има 13 години. Тој никогаш не ја чисти својата соба. Кога му велите да ја исчисти, не се лути, но не го прави тоа. Не знаете навистина што да правите со него!  |

Материјал број 3

Замислете дека ...

Утре, Вашите ученици ќе прават завршен тест . За тестот Вие работевте со нив два месеци. Денеска е последен ден оносно кога можете да им помогнете за да можат да бидат добро подготвени за тестот.

Но, дел од учениците не се многу концетрирани на часот. Некои од учениците си шепкаат меѓусебно, некои се смејат и го попречуваат часот. И покрај тоа што им велите да се смират, тие продолжуваат да прават врева и да им пречат на другите ученици,

Вежба I – Вашите чувства

Како се чувствувате во тој момент? Напишете ги долу зборовите кои што ги опишуваат Вашите чувства во таа ситуација.

1.________________________________________________

2.________________________________________________

3.________________________________________________

Вежба II – Вашите мисли

Што сакате да се случи во тој момент? Напишете ги долу работите кои што сакате тогаш да ги направат учениците.

1.________________________________________________

2.________________________________________________

3.________________________________________________

Вежба III – Вашето однесување

Што сакате да направите за да ги натерате учениците да го прават тоа што Вие го сакате во тој момент? Напишете ги долу начините како што сакате да реагирате во таа ситуација.

1.________________________________________________

2.________________________________________________

3.________________________________________________

**Дали Вашите чувства во тој момент вклучуваат :**

1. **стрес**
2. **фрустрација**
3. **лутина**
4. **бес**
5. **зголемување на крвен притисок**
6. **телесно напрегнување**
7. **немоќ**
8. **очај**

**Што сакате во тој момент Вашите ученици да прават:**

1. **да бидат тивки**
2. **да внимаваат**
3. **да покажат почит**
4. **да Ве слушаат**
5. **да го прават она што го велите**

**Порака: Секогаш мораме да научиме да слушаме и да ги запознаеме учениците пред да донесеме заклучоци за нив.**

Материјал број 4

Замислете дека Вашите сегашни ученици пораснале. Тие сега имаат 24 години и ќе слават 10 години од кога завршиле основно училиште. По тој повод ќе има голема прослава во училиштето. Голем број од нив планираат да присуствуваат. Затворете ги очите и замислте како Вашите ученици ќе изгледаат на тие години.

Вашата Визија

1. Како ќе се чувствувате кога ќе видите дека Вашите ученици пораснале?
2. Какви личности би сакале да бидат?
3. Што се надевате дека ќе постигнат?
4. Какви меѓусебни релации, односи, врски се надевате дека ќе имаат?
5. Што мислите што ќе чувствуваат за Вас?

Кога размислувате за Вашите чувства, што точно тие вклучуваат:

1. среќа
2. возбуда
3. гордост

Кога размислувате за тоа какви личности ќе бидат, милите на :

1. доверливи
2. комуникативни
3. образовани
4. љубезни
5. самостојни
6. добри во решавање на лични конфликти
7. чувствителни
8. искрени
9. отпорни на стрес

Што мислите, што постигнале досега:

1. го завршиле своето образование, додипломско и постдипломско
2. придонесуваат позитивно онаму каде што живеат
3. подготвени се за предизвици во животот
4. ги оствариле своите соништа

Што мислите, за нивните меѓусебни односи:

1. среќни се
2. тажни
3. взаемно се почитуваат

Што мислите кои се нивните чувства за Вас:

1. мислат на Вас како на позитивна сила во нивниот живот
2. негативни, лоши
3. се сеќаваат на Вас пред сè поради поддршката
4. делумно се позитивни

**Дидактички модел број 5**
**„Толеранција и почитување“**



**За темата**

Толеранција, волшебен збор кој многу ни е потребен, особено во ова време. Толеранција, значи отвореност за туѓи различни сфаќања и ставови, дури и за сосема спротивните. Тој е поттикнат од знаење, отвореност и слобода на мисла. Толеранцијата е почитување и прифаќање на богатата разновидност на култури во нашиот свет, нашите форми на изразување и начини да се биде човек. Со други зборови, толеранција значи прифаќање на другите без оглед на полот, бојата на кожата, религиозните верувања, националноста, политичките ставови, што е основа на почитувањето на човековите права. Однесувањето на наставникот кон учениците, колегите со кои работи, со родителите итн. исто така е еден од значајните критериуми за успешноста на наставникот. Наставници треба да ги почитуваат правата на учениците, нивната личност и достоинство. Така, би се создавале услови за негување на толеранција и заемно почитување на учениците.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да разговараат и да споделуваат практични примери од животот.
- да предложат мерки за подобрување на толеранцијата меѓу учениците.

**Протокол на работилницата**

| Активности | Време | Методи/форми |
|---|---|---|
|  |  |  |
| 1. Почитување (материјал број 1) | 10 минути | монолог, разговор, задача со пишување |
| 2. Што ќе се случи ако ... (материјал број 2 ) | 35 минути | задача со пишување, дискусија, работа во пар (или група) |
| 3.Сакам да се чувствувам добро ... (материјал број 3 ) | 15 минути | задача со пишување |

Потребен материјал:



-флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни материјали, пенкала.

Тек на активности:



- Активност – Почитување – учесниците го добиваат материјалот број 1 и разговараат за истиот.
- Со втората активност – Што ќе се случи ако - учесниците го добиваат материјалот број 2.
- Со втората активност – Сакам да се чувствувам добро, учесниците го добиваат материјалот број 3.
- На крајот следува евалуација и дискусија за темата на оваа работилница.

Материјал број 1

„Почитување?"

Што значи почитувањето за Вас? Одберете се согласувам или не се согласувам. (означете со X) Потоа одберете партнер и разговарајте за Вашите одговори. На крајот следува дискусија пред групата за одговорите.

| | Се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|
| 1. За да ја добиете почитта, треба луѓето да се плашат од Вас. | ❒ | ❒ |
| 2. Ако сте големи и силни, луѓето ќе Ве почитуваат. | ❒ | ❒ |
| 3. Иако не се согласувате со некој, важно е да покажете почит. | ❒ | ❒ |
| 4. Почитувањето на останатите, значи да го направите сè она што ќе ви го кажат. | ❒ | ❒ |
| 5. Да се ставите во „чевлите" на другиот, ќе Ви помогне да покажете почит за таа личност. | ❒ | ❒ |
| 6. Секој заслужува почит. | ❒ | ❒ |
| 7. Внимателно слушање, значи покажување почит кон оној кој зборува. | ❒ | ❒ |
| 8. За да добиете почит, треба да заработите почит. | ❒ | ❒ |
| 9. Ако зборувате за Вашите чувства, никој нема да Ве почитува. | ❒ | ❒ |
| 10. Да се биде почитуван, значи да се биде љубезен и внимателен. | ❒ | ❒ |

**Материјал број 2**

**Што ќе се случи ако... (три групи – три теми)**

1. **Едно постаро дете Ве навреди, пред Вашите пријатели.**
2. **Ученик/ дете кое не сте го сакале, Ви каже убави зборови, кога сте тажни.**
3. **Дете/ ученик било претепано дома пред да дојде на училиште.**




**Три сценарија со три теми. Учесниците работат во три групи. Сите учесници во групите треба да направат ранг на одговорности и последици и потоа да одлучат кој е најдобриот избор и зошто. На крајот, секоја група го презентира своето решение.**

Материјал број 3

Активност - „Сакам да се чувствувам добро“

1. Јас сум добро човечко суштество затоа што ...
2. Јас сум добар/ра син/ќерка затоа што...
3. Јас сум добар пријател/ка затоа што...
4. Јас сум добар колега/шка на работа...
5. Една моја добра способност е...
6. Една работа што луѓето ја сакаат кај мене е ...

**Дидактички модел број 6**

**Тема**

**„НЕпроблематични ученици“**



**За темата**

Честопати наставниците се соочуваат директно/индиректно со проблематичните ученици. Целта на оваа работилница е да се анализираат причините поради кои некои од учениците се проблематични, како и да утврдат одредени препораки и согледувања за надминување на истите. Затоа препорачуваме неколку мали чекори со кои може да се надминат ваквите ситуации:

1. Фокусирајте се на позитивното однесување
   - Кога ќе им дадете јасна насока на учениците и потоа ги пофалите, тие секогаш ќе ја следат Вашата насока. (Catch them being good)
2. Користете „скриени" знаци
   - Како на пример: „ Наставничката забележала дека Никола не ги следи нејзините насоки за да го спушти доле од рацете пенкалото или моливот и да гледа во нејзе додека таа зборува. Но, Елена која седи до Никола ја гледа наставничката во очи и ја слуша внимателно што зборува, односно ги следи нејзините насоки. Таа тогаш вели:

     Елена, ти благодарам што го спушти пенкалото и што внимателно ме гледаш. Прекрасно, од твоја страна. Дури тогаш, Никола го спушта пенкалото, наставничката се насмевнува и вели: Ти благодарам Никола.
3. Секогаш кога ќе процените дека е потребно, бидете физички блиску до учениците. Пример – Наставникот слуша дека Мартин зборува на часот, односно работи на неговата задача но, и зборува. Тогаш наставникот се приближува до ученик којшто седи блиску до Мартин и вели: Стефан ти благодарам што ја работиш задачата тивко. Потоа се приближува и до следниот ученик и вели: Горан, ми се допаѓа начинот на кој што си ја решил задачата. Тогаш забележува дека и Мартин започнува смирено да ја решава задачата.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да разговараат и да споделуваат практични примери од наставата.
- да предложат активности и мерки за надминување на проблемите со проблематичните ученици.

**Протокол на работилницата**

| **Активности**  | **Време**  | **Методи/форми**  |
|---|---|---|
| **1.Децата учат од животот (материјал број 1)** | **15 минути** | **монолог, разговор, задача со пишување** |
| **2. Градење на позитивни врски (материјал број 2 )** | **25 минути** | **задача со пишување, дискусија, работа во пар (или група)** |
| **3.Отворено писмо (материјал број 3 )** | **10 минути** | **задача со пишување, дискусија** |
| **4.Колку добро ги познавате Вашите тинејџери (материјал број 4)** | **10 минути** | **задача со пишување** |

**Потребен материјал:**



**- флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни материјали, пенкала.**

Тек на активности:



- Активност – Децата учат од животот - учесниците го добиваат материјалот број 1 и разговараат за истиот.
- Со втората активност - Градење на позитивни врски- учесниците го добиваат материјалот број 2.
- Со третата активност – Отворено писмо - учесниците го добиваат материјалот број 3.
- За последната активност - Колку добро ги познавате Вашите тинејџери, учесниците го добиваат материјалот број 4.

**Материјал број 1**

**Децата го учат, тоа што го живеат[155] (Children learn what they live)**

**Ако детето живее со критицизам,**
**тој/таа учи да осудува.**
**Ако детето живее со непријателство,**
**тој/ таа учи да се бори.**
**Ако детето живее со потсмев,**
**тој/ таа учи да биде срамежлив или станува силеџија**
**Ако детето живее со срам,**
**тој/таа учи да се чувствува виновен.**
**Ако детето живее со толеранција,**
**тој/таа учи да биде трпелив.**
**Ако детето живее со охрабрување,**
**тој /таа учи да почитува.**
**Ако детето живее со праведност,**
**тој /таа учи за правдата.**
**Ако детето живее со сигурност,**
**тој /таа учи да има верба.**
**Ако детето живее со одобрување,**
**тој /таа учи да верува во себе.**
**Ако детето живее со прифатеност и пријателство,**
**тој /таа учи да најде љубов во светот.**

**Наведете го накратко Вашето мислење за оваа поема и споделете го на листовите Вашето искуство:**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

[155] „ Children learn what they live " - Dorothy Nolie – Оваа поема потсетува дека децата учат од животот и од родителите со кои се идентификуваат. Преводот на македонски јазик е слободен.

Материјал број 2

Активност „Градење на позитивни врски"

1. Замислете си некој ученик со кого во последно време имате попречена комуникација....
2. Напишете 3 работи што сакате да ги дознаете за овој ученик:

___

___

___

3. Напиште 2 работи кои го привлекуваат интересот на овој ученик:

___

___

4. Напишете едно нешто кое Ви е заедничко со овој ученик:

___

5. Дискусија за одговорите.
6. Споделете ја оваа мисла:

„Децата ќе почитуваат, кога ќе знаат дека и возрасните ги почитуваат. Тие ќе се грижат за другите, ако знаат дека и за нив другите се грижат. (Alfie Kohn)



**Материјал број 3 – Отворено писмо**

(пример 1)

Почитувани,

Имам голем проблем.

Имам 4 деца, и имам проблем со мојот син. Тој има 12 години, и е седмо одделение.

Мојот син е убаво момче, но оваа година тој се промени. Некако е насилен. Има нови пријатели во училиште, и секогаш си играат пукање и борење. Исто така гледа многу телевизија и игра видео игри. Во сите видео игри има насилство. Сега, кога е лут, често се случува да ме удри мене или мојот сопруг.

Кога го прави ова, најчесто му велам да престане. Се обидов да зборувам со него повеќе пати, но верувајте, тешко е. Не ме слуша и употребува лоши зборови.

Се чувствувам тажно и загрижено.

Мислам дека се чувствува фрустрирано.

Не ми се допаѓа, бидејќи мислам дека треба да научи да ја контролира лутината, и да зборува за тоа.

Кога бев на негови години, не бев таков/таква.

Што да направам?

Искрено,

Елена

**Напишете Вие отворено писмо:**

Почитуван/а ____________________

Имам ________ (голем/мал) проблем.

Имам ____ дете/деца.

Имам проблем со мојот (син/ќерка).

Тој/таа има ________ години.

Тој/таа е ___________ одделение.

Тој/таа секогаш/понекогаш

________________________________________________________

__________________________________________________________________________

.

Кога тој/таа го прави ова, јас најчесто

_______________________________________________

__________________________________________________________________________

.

Јас се обидов ________________________________________________________________.

Јас чувствувам________________________________________________________________.

Јас мислам тој/таа чувствува ________________________________________________.

Кога јас бев на (негови/нејзини) години, јас ________________________________.

Што да направам?

**Материјал број 4**

**Колку добро ги познавате Вашите тинејџери?**



**Бидете искрени....**

| **Ред.бр.** | **Прашање** | | |
|---|---|---|---|
| | **Колку добро го познавате Вашиот тинејџер?** | **ДА** | **НЕ** |
| 1. | Во последните неколку дена, тој/таа сподели со мене интересна случка што му/и се случила. | | |
| 2. | Го/ја препознавам во текот на денот кога се чувствува добро. | | |
| 3. | Го/ја препознавам во текот на денот кога не се чувствува добро. | | |
| 4. | Ја знам неговата/нејзината омилена боја. | | |
| 5. | Знам која е неговата/нејзината омилена книга. | | |
| 6. | Ги познавам неговите/нејзините пријатели. | | |
| 7. | Ги знам трите негови/нејзините приоритети. | | |
| 8. | Знам кое му/и е омилено јадење. | | |
| 9. | Знам кој му/и е омилен филм. | | |
| 10. | Знам со кого разговара кога е вклучен/а on-line на интернет. | | |

Ако одговоривте со "да" на повеќето од овие изјави, тогаш очигледно знаете многу за вашиот тинејџер и тоа е добро, продолжете така. Ако одговоривте со повеќето „не", можеби треба да размислите зошто е тоа така, која е причината и како да го решите тоа.

## Дидактички модел број 7
## Тема „Семејството и училиштето под мотото „Работиме заедно“



**За темата**

Родителите кои ги поддржуваат нивните деца во текот на воспитно-образовниот процес имаат голема улога во подобрувањето на резултатите и однесувањето на децата. Активното вклучување на родителите во училиштето може да помогне во промоција на средина за учење во која учениците можат позитивно да се поврзат со училишниот персонал и нивните врсници. Спроведувањето на повеќе едукативни и креативни работилници ќе овозможат активно учество на родителите во внимателното следење на севкупниот детски развој и сите негови фази и особености. Развивањето позитивни партнерства со родителите, преку нивно вклучување во сите одлуки кои влијаат на образованието и учењето на нивните деца, односно вклучувањето на родителите во воспитно-образовниот процес нуди можност да се разбере улогата која тие ја имаат во сите фази од процесот на учење и развој на децата. Една од главните цели и на оваа работилница е унапредување на соработката и довербата на родителите кон училиштето и наставничкиот тим. Родителите се први и најодговорни воспитувачи на своите деца и како такви треба да бидат потполно одговорни за нивниот здрав индивидуален развој. Училиштето, како воспитна установа, при тоа може лесно да помогне. Односот на наставникот кон децата посебно влијае на формирањето на односите на родителите кон училиштето, кон наставникот, а исто така и односот на наставникот кон училиштето, наставничкото влијание врз формирањето на детските односи со училиштето. Децата раскажуваат дома на различен начин за случките во училиштето со наставникот и за нивните искуства. Исто така, децата во училиштето, на наставникот лесно не му ги кажуваат своите негативни искуства од дома. Оттука е значајно поттикнување на ефективна соработка помеѓу наставниците и родителите.

***Задачи на работилницата***



Учесниците ќе имаат можност:

- да разговараат и да споделуваат практични примери од наставата.
- да предложат активности за подобрување на комуникацијата наставник-родител-ученик.

Протокол на работилницата

| Активности<br> | Време<br> | Методи/форми<br> |
|---|---|---|
| 1. Комуникација со родителите(материјал број 1) | 10 минути | монолог, разговор, задача со пишување |
| 2. Писмо до родителите (материјал број 2 ) | 25 минути | задача со пишување, дискусија, работа во пар (или група) |
| 3. Индивидуален состанок родител – наставник (материјал број 3 ) | 10 минути | задача со пишување, дискусија |
| 4.Евалуација (материјал број 4) | 10 минути | задача со пишување |

Потребен материјал:



-флип чарт (или табла), креда, фломастери, сунѓер, работни материјали, пенкала.

Тек на активности:



- Активност – Комуникација со родителите- учесниците го добиваат материјалот број 1 и разговараат за истиот.
- Со втората активност -Писма до родителите - учесниците го добиваат материјалот број 2.
- Со третата активност – Индивидуален состанок родител - наставник - учесниците го добиваат материјалот број 3.
- На крајот следува евалуација и дискусија за темата на оваа работилница.

Материјал број 1

Комуникација со родителите



1. Вашата комуникација со родителите најчесто е ?

   а) само на родителските состаноци

   б) на индивидуалните состаноци

   в) само писмено и усмено ги информирам

   г) на училишните претстави

   д) на отворениот ден на училиштето

   ѓ) во клубот на родители

   е) кога е во подготовка некоја екскурзија

   ж) на друг начин:

2. Цел на Вашата средба со родителите најчесто е:

**Материјал број 2**

Пример – Писмо до родителите/старатели/згрижувачи за точноста и навременоста на учениците

Почитувани,

Ви го пишуваме ова писмо за да Ве потсетиме за училишната политика во врска со доцнењето на учениците .

Согласно законот, учениците треба да доаѓаат на училиште навремено секој ден.

Кога ученикот доцни на училиште, настануваат повеќе последици:

- Тој/таа ги пропушта суштинските инструкции кои што се даваат на почетокот на часовите – пристигнувањето 5 минути подоцна секој ден, подразбира пропуштање вкупно 3 дена на крајот на годината, односно отсуство од училиште.
- Учениците можат да се почувствуваат непријатно и срамежливо, бидејќи влегуваат во училницата, а останатите се веќе седнати.
- Кога една личност доцни, сите пропуштаат по малку – часот е попречен и наставникот мора да одземе од времето на другите ученици, за да му објасни што се случува на часот.

Исто така има и посериозни законски последици за родителите кога учениците постојано доцнат. Ако Вашето дете постојано доцни, ќе добиете и предупредувачко писмо. После ова следуваат и согласно законот одредени педагошки мерки.

Ако чувствувате грижа за ненавременото пристигнување на Вашето дете, Ве замолуваме да дојдете и да поразговарате со нас.

Дајте му на Вашето дете шанса да успее – бидете сигурни дека пристигнува навремено секој ден!

Со почит,

Педагошко – психолошка служба/наставник

Пример - Предупредувачко писмо за родителите за постојано доцнење на учениците

Почитувани,

Предмет: Постојано доцнење

Ве известуваме дека Вашето дете _________________ постојано и упорно доцни на училиште. Помеѓу ______(дата) и _____________(дата) тој/ таа доцнеше и пропушти ____ училишни часа.

Кога учениците доцнат на училиште тие ги пропуштаат суштинските инструкции кои што се даваат на почетокот на часот. Вашето дете може да се почувствува непријатно и срамежливо, бидејќи кога влегува во училницата, останатите се веќе седнати. Исто така, кога еден ученик доцни, часот е попречен и наставникот мора да одземе од времето на другите учениците, за да му објасни што се случува на часот.

Сето ова може да резултира со негативни последици согласно Законот. Родителите имаат должност да обезбедат регуларно присуство на нивните деца на училиште.

Ако нешто можеме да направиме и да обезбедиме поддршка за _____________________ да пристигне на време на училиште, Ве замолуваме да нè контактирате.

Со почит,

Педагошко – психолошка служба/наставник

**Материјал број 3**

Индивидуален состанок родител – наставник

Пред состанокот

1. Запишете ги најважните нешта од животот на Вашето дете кое сметате дека наставникот треба да ги знае:

________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________

2. Разговарајте со Вашето дете. Прашајте го / ја:
- Што ти се допаѓа во училиштето?
- Што не ти се допаѓа во училиштето?
- Има ли нешто што би сакал/а да го прашам или да му кажам на наставникот?

________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________

3. Други прашања или проблеми кои мојот брачен другар или партнер и / или ги има/имаме.

________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________

Индивидуален состанок родител – наставник

За време на состанокот

Прашања кои можете да ги поставите за време на состанокот:

1. Може ли да погледнам нешто што моето дете го има напишано, сработено?

2. Кажете ми го Вашето мислење за предностите и недостатоците на моето дете во одделението?

3. Што очекувате од децата во Вашето одделение?

4. Што можам да направам дома за да го поддржам во училишните активности?

5. Како можам да комуницирам со Вас (наставникот), ако има било какви прашања или идеи за тоа како да му помогнам за да успее во училиште?

3. Дали треба да се видиме повторно за да го завршиме нашиот разговор? Кога можеме повторно да се сретнеме?

Индивидуален состанок родител – наставник

По состанокот

1. Разговарајте со Вашето дете за состанокот. Пофалете го.
2. Одлучете и договорете се со Вашето дете за подготовка на план за понатамошни заеднички активности.
3. Отворете папка за Вашето дете. Во неа ставете ги:
- картичките со оценки
- примероци од некои активности од училиште
- белешки од наставникот
- резултати од тестови
4. Направете календар:
- Означете ги состаноците
- Означете ги важните настани
- Означете ги социјални настани во училиштето на Вашето дете
5. Проверувајте ја секој ден училишната и домашната тетратка на Вашето дете

6.Продолжете да комуницирате со наставникот и разговарајте за напредокот на Вашето дете.

Материјал број 4

Евалуација

**Моето чувство денес за време на работилницата беше**

**Денес научив.**

**Значењето на оваа работилница за мојата работа:**

### 3.9. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот за вреднување на дидактичките модели за воспитен развој од страна на наставниците

Во оваа фаза изработените дидактички модели беа презентирани, теоретски елаборирани и дистрибуирани до репрезентативен примерок од 102 наставници од Скопје чија задача беше да ги вреднуваат дидактичките модели. За таа цел беше изработен анкетен прашалник. Основната цел на овој анкетен прашалник беше да се добијат релевантни податоци за дидактичко методичката поставеност на дидактичките модели за воспитен развој на учениците. Поконкретно, преку овој прашалник се испитуваа ставовите и мислењата на наставниците во однос на моделите, сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата. Овој прашалник скалер наменет за наставниците е составен од 7 прашања од отворен и затворен тип. Првото прашање од овој прашалник скалер се однесува на тоа колку наставниците сметаат дека во текот на работилниците во принцип се користи линеарна интеракција: помеѓу наставник – ученик, односно да дадат оценка за истото. Притоа добиените податоци прикажани се на табеларно и графички:

*Табела бр.52 за мислењата и ставовите на наставниците во врска со интензитетот на линеарна интеракција: наставник-ученик во работилниците*

| 1.Во текот на работилниците во принцип се користи линеарна интеракција: наставник – ученик. Ваша задача е да го оцените интензитетот на овој вид интеракција со оценка од 1 до 5 , при што оценката 1 е со најмала вредност (заокружи): | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | **Стапка на одговорено/Rate of response** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | 0 | 0 | 8 | 36 | 58 | N=102 |
| | % | 0,00% | 0,00% | 7,59% | 35,44% | 56,97% | 100% |

Во однос на првото прашање добиените резултати покажуваат дека наставниците со најголема вредност го оценуваат интензитетот на линеарна интеракција помеѓу наставникот и ученикот во текот на работилниците. Од анализата може да се заклучи дека околу 57% од истражувачкиот примерок на наставници кои имаа за задача да го оценат интензитетот на линеарна интеракција помеѓу наставникот и ученикот, со најголема оцена пет го оценуваат истиот. Ако на овој процент се додаде и процентот од оцената четири (35 %), може да се констатира дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека во текот на работилниците интензитетот на интеракцијата меѓу – наставникот и ученикот, кои во тој динамичен однос

симултано вршат и разменуваат влијанија со посредство на положбата и улогата на одредени социјални ситуации во кои се наоѓаат, е навистина голем. Од сето ова може да се заклучи дека позитивната и пријателска интеракција, во која наставниците се срдечни и ги уважуваат своите ученици, во голема мера влијае врз поттикнувањето на развојот на просоцијално однесување. Добиените резултати се прикажани и графички:

*Графикон бр.27 за интетензитет на линеарна интеракција: наставник-ученик во работилниците*




Имено, во континуитет во воспитно-образовниот процес помеѓу ученикот и наставникот се воспоставуваат одредени односи. Изработените дидактички модели се со цел подобрување и зајакнување на воспитното делување. Овие одредени односи означуваат дел или целина на разгранета структура на влијанието помеѓу учесниците во воспитниот процес, поточно ги означува суштинските процеси чии актери, покрај другите, се наставниците и учениците. Сето ова зборува за нивната сложеност и потреба од нивно интердисциплинарно проучување, како социолошко, психолошко, педагошко и методичко.

Комуникацијата, интеракцијата и интерперсоналните односи се едни од централните проблеми на современите истражувања во бројните научни дисциплини, кои на различно ниво и од различен аспект, придонесуваат за структурирање на знаењата за овој значаен аспект од

човековата природа. Следното прашање се однесува на интензитетот на комуникација во текот на работилниците и истото е прикажано и табеларно и графички:

*Табела бр.53 за мислењата и ставовите на наставниците во врска со интензитетот на* комуникација во работилниците

| **Интезитет на комуникација** | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **Стапка на одговорено/Rate of response** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | 0 | 0 | 7 | 35 | 60 | N=102 |
| | % | 0,00% | 0,00% | 6,59% | 34,44% | 58,97% | 100% |

*Графикон бр.28 за интетензитет на комуникација во работилниците*




На високиот процент за интензитетот на интеракција се надополнува и високиот процент (близу 60%) за интензитетот на комуникација. Односно, наставниците со оцена пет ја вреднуваат и комуникацијата во текот на работилниците. Оттука може да се заклучи дека, не е важно и доволно наставникот само да собере што повеќе информации за своите ученици, туку и да знае

како тие податоци ќе му помогнат да ја унапреди комуникацијата со своите ученици. Имено, наставниците постојано треба да тежнеат кон поттикнувањето на позитивен социјален развој кај учениците.

*Табела бр.54 за мислењата и ставовите на наставниците на прашањето Дидактичките модели може да послужат:*

| Ставови на наставници за прашањето – Дидактичките модели може да послужат: | | а) за соработката со родителите | б)за работата на педагогот | в) за време на наставните часови | г)за воннаставните активности | д) и во активности надвор од училиштето | Стапка на одговорено/ Rate of response |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | 32 | 20 | 19 | 20 | 11 | 102 |
| | % | 30,91% | 20,00% | 18,18% | 20,00% | 10,91% | 100% |

*Графикон бр.29 за мислењата и ставовите на наставниците на прашањето Дидактичките модели може да послужат:*




На наставниците во прашалникот им беше поставено и прашањето за што најмногу можат да послужат овие дидактички модели. Од резултатите може да се заклучи дека се добиени различни одговори. Близу 31% од испитаниците сметаат дека овие модели најмногу може да послужат за соработката со родителите. Од друга страна пак, 20% од наставниците

наведуваат дека овие модели може да послужат за работата на педагогот, а други 20% пак, сметаат дека моделите може да најдат своја практична примена за воннаставните активности. На крајот, околу 18 % од наставниците истакнуваат дека моделите може да послужат и за време на наставните часови.

*Табела бр.55 за мислењата и ставовите на наставниците за најчесто користените форми во текот на работилниците:*

| Ставови на наставници за најчесто користени форми во текот на работилниците: | | а) | б) | в) | г) | д) | Стапка на одговорено/Rate of response |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | 12 | 41 | 20 | 16 | 12 | N=102 |
| | % | 12,00% | 40,00% | 20,00% | 16,00% | 12,00% | 100% |

*Графикон бр.30 за мислењата и ставовите на наставниците за најчесто користените форми во текот на работилниците*



Четвртото прашање се однесува на ставовите на наставници за најчесто користени форми во текот на работилниците и добиените резултати се прикажани табеларно и графички, при што може да се констатира дека 40% од истражувачкиот примерок на испитаници истакнува дека една од најчесто користените форми е групната форма. Следна, според нив е тандемската со 20%, потоа индивидуалната со 16% и на крајот наставниците со ист процент(12%) сметаат дека се користени индивидуализирана и фронталната форма на работа.

Следното прашање е од отворен тип и се однесува на тоа кој вид на активност најмногу им се допадна на наставниците во текот на работилниците. Притоа, добиени се различни одговори, од кои може да се издвојат повеќе, како на пример:

- Справување со недисциплината и недисциплинарното однесување на учениците.
- Сите активности ми се допаднаа.
- Не би можела да се определам за една активност. Сметам дека само со нивна интеграција може да ја постигнеме посакуваната цел, формирање на здрави и зрели личности.
- Интеракција помеѓу родителите и наставниците, овие работилници многу ќе им помогнат на сите наставници.
- Релацијата помеѓу наставниците, учениците и родителите.
- Активноста - Децата го учат тоа што го живеат, од работилницата „Непроблематични ученици".
- Активност - Погледнете се во огледало, од темата Позитивна дисциплина.
- Справување со дисциплина односно недисциплина кај учениците за време на часовите, поради реализирање на програмата и попречување на другите ученици во учењето.
- Број 2, дисциплина и недисциплина, бидејќи, ако на часовите не воспоставиме дисциплина, не е возможно да се работи.
- Справување со недисцплина во училницата за време на часовите, бидејќи имаше убави примери за практична примена.
- Сите наставни активности, бидејќи истите во интеграција водат кон поголем успех.
- Целата работилница за Семејството и училиштето.
- Сите модели, затоа што се презентираа искуствени примери. Сите работилници и активности ми се допаднаа, бидејќи опфаќаат секојдневни проблеми и беа дадени примери.

- Сите, бидејќи ги опфаќаат сите проблеми на кои наидуваме на најинтересен начин преку работилници во кои се инволвирани трите страни, наставник-родител-ученик.
- Сите работилници и сите активности се одлични.
- Сите, затоа што се добро осмислени, имаат постапност и широка примена и секако успех.
- Справување со недисциплината и недисциплинарното однесување на учениците е активноста којашто најмногу ми се допадна, затоа што сметам дека дисциплината е еден од носечките столбови на современата настава.

Од добиените одговори може да се заклучи дека наставниците истакнуваат дека понудените активности во дидактичките модели им се допаѓаат и можат да им помогнат во секојдневните ситуации со кои се соочуваат во училиштата.

Исто така и ставовите и мислењата на наставниците за примена на овие дидактички модели се многубројни и различни. Наставниците го истакнуваат следното:

- Моделите овозможуваат полесно воочување на проблемите на учениците и влијанието на родителите врз нив, решавање на проблемите и олеснување на наставниот процес.
- Навистина има потреба од овие модели.
- Со моделите се потврдува непишаното правило дека само со безрезервна љубов, поддршка и разбирање може да им помогнеме на децата да пораснат во здрави и зрели личности.
- Моделите се доста значајни за воспитната компонента, бидејќи во денешно време е многу запоставена.
- Мислам дека со примената на овие модели ќе се намали негативното однесување на релација ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-наставник-родител.
- Со примената на овие модели ќе се надминат недоразбирањата меѓу ученици, родители и наставници, ќе има подобра атмосфера за воспитно-образовната дејност во училиштето.
- Понудените дидактички модели нудат корисни примери.
- Понудените модели можат да ни помогнат да се справиме со недисциплината.
- Понудените дидактички модели нудеа корисни примери за практичната работа.
- Го подобруваат воспитно-образовниот процес.
- Да, можат да се применуваат.
- Нудат решавање на проблеми за соработка со родители, ученици.

- Се надевам ќе ми помогнат во решавање на проблеми.
- Ќе ни ја олеснат работата во решавање на проблемот.
- Ќе имаат ефект на воспитниот развој на ученикот.
- Сметам дека ќе имаат навистина голем позитивен ефект во воспитниот развој на ученикот.
- ќе се подобри и олесни справувањето со недисциплина во училиштата.

На крајот, од особено значење се дадените предлози од страна на наставниците за подобрување на воспитната компонента на наставата и тоа:

- Вклучување на родителите во воспитно-образовната работа, со средби, работилници и трибини во кои ќе учествуваат преку презентирање на различни ситуации и примери за справување со проблемите и нивниот воспитен модел.
- Да се организираат работилници со родители во рамките на училиштата и др.
- Секојдневна комуникација со учениците, почести средби со родителите, заеднички средби и организирани работилници помеѓу наставниците, учениците и родителите .
- Воспитната компонента најнапред да биде применета кај родителите, би рекла и кај некои наставници и кај директорите, кои без воспитување се примаат на таа функција .
- Потребно е да се направи програма според која ќе се реализира воспитната компонента. Да се изберат теми за наставнички совет, за одделенски час, на родителски средби. Воспитната компонента мора да биде застапена за време на редовната настава, со оглед на тоа што училиштето претставува воспитно-образовна установа.
- Заеднички работилници со родители, ученици, наставници во соработка со педагошко-психолошка служба (или др. стручни лица).
- Повеќе работилници со ученици, родители, наставници во соработка со педагошко-психолошката служба од најмала возраст до најголема возраст, на учениците од прво до деветто одделение. - повеќе обуки за наставниците, заедно со родителите.
- Организирање на повеќе обуки за родителите, учениците и наставниците.
- Повеќе обуки за наставниците, родителите и учениците.
- Дебата со родители.
- Намалување на административни обврски на воспитувачот со цел да се посвети вниманието и енергијата на воспитувањето на учениците.

- Да се намалат административните обврски и да се даде време за поголема комуникација со учениците и родителите преку разговор, трибини и вакви работилници.
- Да имаме повеќе време за вакви работилници, а не да бидеме пренатрупани со административни работи.
- Организирање на трибини во училиштата, ТВ емисии на тема: Воспитание на човекот.
- Организирање на дебати, трибини во училиштата, на медиумите.

Од ставовите и мислењата на наставниците, може да се констатира дека тие сметаат дека моделите овозможуваат полесно воочување на проблемите на учениците и влијанието на родителите врз нив, решавање на проблемите и олеснување на наставниот процес, како и дека со нив се потврдува непишаното правило дека само со безрезервна љубов, поддршка и разбирање може да им помогнеме на децата да пораснат во здрави и зрели личности. Имено, наставниците практичари истакнуваат дека со практична примена на овие дидактички модели, ќе се надминат недоразбирањата меѓу учениците, родителите и наставниците и ќе има подобра атмосфера за воспитно-образовната дејност во училиштето.

### 3.10.Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот за вреднување на дидактичките модели за воспитен развој од страна на професорите

Дидактичките модели за воспитен развој беа дистрибуирани и до пригоден примерок на универзитетски професори од педагошките факултети во Република Македонија. Примерокот беше избран според достапноста на истражувачот и притоа беа вклучени 15 универзитетски професори[156]. Воедно, до нив беше доставен и анкетен прашалник скалер. Основната цел на овој анкетен прашалник беше да се добијат релевантни податоци за дидактичко методичката поставеност на дидактичките модели за воспитен развој на учениците. Поконкретно, преку овој прашалник се испитуваа ставовите и мислењата на професорите во однос на моделите, сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата.

*Графикон бр.31 за мислењата на професорите од педагошките факултети на првото прашање: Наставните програми за третиот образовен циклус од деветгодишното основно образование имаат експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците:*




[156] Прашалникот и дидактичките модели беа дистрибуирани до пригоден примерок од 25 професори од педагошките факултети во Република Македнија и тоа во (Скопје, Штип, Битола, Тетово и на Институтот за педагогија), но повратен одговор беше добиен само од 15 професори.

Првото прашање за професорите се однесува на нивните мислења за тоа колку сметаат дека наставните програми за третиот образовен циклус од деветгодишното основно образование имаат експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците. Резултатите покажуваат дека околу 70% од истражувачкиот примерок смета дека наставните програми за третиот образовен циклус од деветгодишното основно образование делумно имаат експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците. Од друга стрна пак, 23 % од наставниците наведуваат дека во наставните програми за третиот образовен циклус од деветгодишното основно образование недоволно има експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците. Само 7 % од истражувачкиот примерок смета дека наставните програми имаат експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците.

Следното прашање е конкретизарано и се однесува на тоа кои се наставните предмети кои според професорите имаат најголем број на експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците. Податоците се прикажани табеларно и графички:

*Табела бр. 56 за мислењата на професорите за тоа кои се наставните предмети кои имаат најголем број на експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците*

| **Наставни предмети** | **Ранг листа** | **%** |
|---|---|---|
| Македонски јазик | 1 | 22 |
| Граѓанско образование | 2 | 17 |
| Животни вештини | 3 | 12 |

Прв на ранг листата според професорите е наставниот предмет македонски јазик . Овој податок се совпаѓа и со мислењата на наставниците од првиот прашалник, каде 15 % од истражувачкиот примерок на наставници на прво место го рангираа овој наставен предмет. Втор пак на ранг листата, според професорите е наставниот предмет граѓанско образование, а додека пак треторангиран е наставниот предмет животни вештини. Подолу е и графичкиот приказ:

*Графикон бр. 32 за мислењата на професорите за тоа кои се наставните предмети кои имаат најголем број на експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците*




Очигледно е дека и професорите и наставниците прв на ранг листата го ставаат наставниот предмет македонски јазик и сметаат дека овој наставен предмет има најголем број експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците. Ова се потврдува и при анализата на наставната програма по македонски јазик[157] за седмо, осмо и

[157] види прилог 6

деветто одделение од деветгодишното основно образование, при што може да се констатира дека има застапеност на елементи за воспитен развој и тоа во две програмски подрачја: Изразување и творење и Медиумска култура.

*Графикон бр.33 за мислењата на професорите за третото прашање: Наставните содржини од сите наставни предмети се во функција на реализација на целите на воспитниот развој?*




На овој графикон се прикажани резултатите за мислењата на професорите за тоа дали наставните содржини од сите наставни предмети се во функција на реализација на целите на воспитниот развој и притоа околу 62 % од професорите сметаат дека наставните содржини од сите наставни предмети недоволно се во функција на реализација на целите на воспитниот развој. Доколку на овој процент се додаде и процентот на оние професори (близу 31 %) кои сметаат дека наставните содржини од сите наставни предмети делумно се во функција на реализација на целите на воспитниот развој, се добива дека 93 % од професорите наведуваат дека наставните содржини недоволно се во функција на реализација на целите на воспитниот развој. Според професорите, исто како и наставниците, прворангиран од наставните предмети, повторно е македонскиот јазик, на второ место е наставниот предмет граѓанско образование, а трет на ранг листата е наставниот предмет животни вештини.

*Табела бр.57 за мислењата на професорите за тоа кои се наставните предметите во кои има најмногу содржини кои се во функција на воспитниот развој на учениците*

| Наставни предмети | Ранг листа | % |
|---|---|---|
| Македонски јазик | 1 | 28 |
| Граѓанско образование | 2 | 16 |
| Животни вештини | 3 | 12 |

*Графикон бр.34 за мислењата на професорите за тоа кои се наставните предметите во кои има најмногу содржини кои се во функција на воспитниот развој на учениците*



*Графикон бр.35 за мислењата на професорите за петото прашање: наставниците од основното образование имаат доволно развиени педагошки компетенции за поддршка на воспитниот развој на учениците*




На следното прашање, близу 70% од професорите сметаат дека наставниците од основното образование немаат доволно развиени педагошки компетенции за поддршка на воспитниот развој на учениците. Од друга страна пак, 23 % истакнуваат дека наставниците од основното образование имаат развиени педагошки компетенции за поддршка на воспитниот развој на учениците, но компетенциите можат да се зајакнуваат.

Во шестото прашање, потребно беше најпрвин професорите да направат анализа на сите дидактички модели за поддршка на воспитниот развој на учениците, а потоа да направат нивна евалуација во однос на застапеноста на педагошко дидактички компоненти и тоа: дали во текот на работилниците се застапени компоненти на проактивност, компатибилност со наставните содржини, полиморфност, полиметодичност, дали бараат педагошки компетенции, дали може да се користат вонnаставата, дали може да се користат вонучилиштата, дали може да се користат и во наставата, дали може да се надоградат до ниво на практикум, дали можат да се интегрираат во високообразовната дидактичко методска обука на идните наставници и на крајот дали соответствуваат на реалните потреби на заедницата. Сите овие компоненти се прикажани на следните графикони:

*Графикон бр.36 за мислењата на професорите во врска со интензитетот на проактивност во текот на работилниците*




*Графикон бр 37 за мислењата на професорите во врска со компатибилноста со наставните содржини во текот на работилниците*



Професорите со оцена пет ја вреднуваат проактивноста во текот на работилниците. Ова дотолку повеќе што во текот на работилниците успешниот однос меѓу ученикот и наставникот е пред сè поради тоа што се застапени елементи на: лична наклонетост; познавање; интереси; ставови и вредности; различни многубројни методи и форми на работа. Сето ова е потврдено и со позитивното вреднување од страна на професорите и за овие педагошко-дидактички компоненти.

*Графикон бр 38 за мислењата на професорите во врска со тоа дали постои полиморфност во текот на работилниците*




*Графикон бр 39 за мислењата на професорите во врска со тоа дали постои полиметодичност во текот на работилниците*



Во изработените дидактички модели за поддршка на воспитниот развој на учениците, наставниците се трудат што подобро да ги запознаат своите ученици и нивните родители и така да создадат услови за успешна комуникација.

*Графикон бр 39 за мислењата на професорите во врска со тоа дали постои по однос на дидактичките компоненти*




*Графикон бр 39 за мислењата на професорите дали дидактичките модели бараат педагошки компетенции од наставниците*



Според одговорите на професорите, близу 54 % од нив сметаат дека во моделите застапена е конзистентност по однос на дидактички компоненти. Од особено значење е што околу 62% професорите сметаат дека понудените модели бараат педагошки компетенции од страна на наставниците. Од сето ова може да се констатира дека општествените промени бараат и нов тип на наставници во современите училишта. Стручноста на наставниците е од суштинско значење за реформите во училиштето и без нивно перманентно образование реформите се осудени на пропаст. Имено, во современото училиште се бараат наставници, кои се креативни, одговорни, секогаш подготвени за тимска интеракција,но и да бидат во чекор со новото време. Евидентно е дека новата улога на наставникот е сложена и динамична и се однесува како за работата во наставата, така и во воннаставните активности. Може да се истакне дека во овие модели улогата на наставникот е пред сè развојна и улога на воспитувач,

*Графикон бр 40 за мислењата на професорите дали дидактичките модели може да се користат воннаставата*




Добиените резултати покажуваат дека скоро 77% од професорите сметаат дека овие модели можат да најдат практична примена од страна на наставниците во воннаставните активности, стручните служби во училиштата, од страна на наставниците во работата со родителите и учениците. Исто така, близу 70% од професорите сметаат дека овие модели можат да најдат понатамошна примена и вонучилиштата, односно кај сите субјекти кои работат на оваа проблематика сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната дејност на училиштата.

Наставниците практичари и педагошко психолошката служба со примената на овие модели треба да се оспособат да раководат во различни ситуации, доживотно да се усовршуваат и да воведуваат промени. Тие во примената на овие модели треба да ги користат искуствата. Всушност, нивните лични примери се најдобро воспитно средство. Сите оние едукатори кои ќе ги применуваат понудените модели треба да се личности кои ги сакаат учениците, кои имаат пред сè високи карактерни особини и морални вредности, потребно е да бидат позитивни личности и да ги разбираат потребите на учениците и на родителите. Наставниците треба да почувствуваат дека заедно со ученикот живеат, дишат, чувствуваат.

*Графикон бр 40 за мислењата на професорите дали дидактичките модели може да се користат вонучилиштата*




Да се следи развојот и да се воспитува идниот човек, да се вложат своите квалитети во развојот на една нова и подобра личност е чесно, одговорно и значајно. Во овие модели наставникот има улога на регулатор на социјалните интеракции со учениците, родителите и други субјекти вон училиштето. Може да се утврди дека основна карактеристика на еден успешен, современ наставник во овие дидактички модели е фокусирање на развојот на ученикот.

Добиени се различни одговори од страна на професорите за тоа дали понудените дидактички модели може да се користат и во наставата. Резултатите се прикажани на следниот графикон:

*Графикон бр 41 за мислењата на професорите дали дидактичките модели може да се користат и во наставата*




*Графикон бр 42 за мислењата на професорите дали дидактичките модели може да се надоградат до ниво на практикум*




Резултатите во однос на тоа дали понудените модели може да се надоградат до ниво на практикум ги потврдува и фактот што дел од предлозите на професорите се дека моделите можат да се модифицираат за да се употребуваат со ученици – можеби како дел од активностите што се реализираат на одделенските часови. Воедно, професорите сметаат дека

наставниците од предметна настава и оние кои предаваат во средното образование, треба да поминат обуки според овој концепт на модели и дека ваков концепт на модели може да се примени и во академската дидактика.

*Графикон бр 43 за мислењата на професорите дали дидактичките модели може да се интегрираат во високообразовната дидактичко методска обука на идните наставници*




*Графикон бр 44 за мислењата на професорите дали дидактичките модели соодветствуваат на реалните потреби на заедницата*




Професорите ги дадоа следните предлози или сугестии во однос на дидактичко-методичката концепција на моделите и тоа:

- Иако немам некои конкретни сугестии, но тоа што би го потенцирала е токму фактот дека овие модели не би требало да се ограничуваат само за одредена возраст, туку напротив, би биле пожелни и во средни и високо образовни институции, поточно и во ниво на студии кои подготвуваат идни наставници.
- Сметаме дека дизајнираните дидактички модели на работилници имаат пред сè едукативна цел и се насочени кон стекнување на конструктивни социјални вештини.
- За усовршување на понудената концепција пожелно е согледување на искуствата од нивната практична примена, кои ќе дадат сугестии за натамошните активности.
- Наставниците од предметна настава и оние кои предаваат во средното образование треба да поминат обуки според овој концепт на модели. Ваков концепт на модели може да се примени и во академската дидактика.
- Сметаме дека се конструктивни и влијаат врз општиот воспитен развој на учениците.
- Немам сугестии во однос на дидактичко-методската концепција на моделите.
- Немам предлози, во ред се.
- Да се наведат повеќе практични примери и да се согледуваат позитивните или негативните ефекти или влијанија, како и аспектите од кои е разгледана ситуацијата, како е решен проблемот и нудење на можни начини за решавање од поинаков аспект.
- Кај секоја од работилниците, во протоколот на работилницата ми пречи постоењето на категорија „време".
- Кај вежбите во делот на метеријалите, во делот на чувствата, мислите и однесувањето, многу подобро би било да стои табела со наведени чувства и со празни категории за да може наставниците да штиклираат-обележуваат од понудените, и, или да дополнат.
- Можат да се модифицираат за да се употребуваат со ученици – можеби како дел од активностите што се реализираат на одделенските часови.

Евидентно е дека професорите од педагошките факултети позитивно ги вреднуваат моделите и сметаат дека наставниците од предметната настава и оние кои предаваат во средното образование треба да поминат обуки според овој концепт на модели, односно тие наведуваат дека ваков концепт на модели може да се примени и во академската дидактика.
Нивната оцена е дека дидактичките модели се конструктивни и дека влијаат врз општиот воспитен развој на учениците.

# VI

# Заклучни согледувања и препораки



**VI Заклучни согледувања и препораки**

Од глобалниот преглед на добиените податоци може да се констатираат повеќе заклучни согледувања за мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој на учениците.

Првото заклучно согледување е дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека недисциплината и недисциплинираното однесување на учениците на часовите е најчест воспитен проблем кој се јавува во училиштето. Согласно добиените рангови и анализирајќи го и второто прашање може да се констатира дека најголемиот дел од наставниците сметаат дека најчест воспитен проблем поврзан со нивната воспитна работа е недисциплината, којашто е проследена со недисциплинирано однесување од страна на учениците за време на часовите, како на пример („недолични коментари од страна на учениците") .

Недисциплината во училиштата сеуште не се третира како проблем, иако во реални услови согласно добиените податоци, сè повеќе станува проблем. Но, тука треба да се постави и прашањето кои се причините за недисциплинираноста на учениците: дали е здодевноста, пред сè заради недоволно артикулираните активности во согласност со развојните карактеристики и потребите на учениците од страна на наставниците или пак предолга вербална доминација на наставникот, преобемни наставни содржини, или пак можеби се некои емоционални проблеми кои ги имаат учениците во овој развоен период и често сакаат да го насочат вниманието кон себе. Но, дали навистина за нивното однесување се виновни самите ученици, или пак тоа се наставниците, или пак нивните родители.

Од добиените сознанија може да се утврди дека „топката" е префрлена на страната на родителите, бидејќи наставниците сметаат дека приоритетен проблем за решавање е развивање на воспитните компетенции на родителите, ова дотолку повеќе што тие сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца. Сепак, пред сè акцентот треба да биде ставен во насока на пронаоѓање ефикасни решенија на проблемот.

Партнерство и соработка со родителите е решение од суштинско значење и подразбира позитивен пристап, кој значи пофалба и охрабрување на посакуваното однесување на учениците, меѓусебна љубов и почит за да можат учениците да ги разберат причините заради коишто треба да се однесуваат на одреден начин. Казнувањето треба да биде последен излез.

Според мислењата на наставниците развивањето на воспитни компетенции на родителите е број еден приоритетен воспитен проблем за решавање, потоа е толеранцијата како општествен феномен, здравствената култура, меѓуетничките односи и еколошките проблеми. Овие заклучни согледувања одат во прилог на хипотезата која гласи : Воспитните проблеми со кои се соочува училиштето се разновидни по карактер и содржина и ја потврдуваат истата.

Следното заклучно согледување е дека наставниците најчесто се справуваат со воспитните ситуации преку разговор, советување и укажување на учениците и најголем дел од наставниците со оцена 4 истакнуваат дека целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците.

Оттука треба да се истакне дека социјалните вештини на наставниците имаат пресудно значење и се темелот при воспоставувањето на добра и пријателска атмосфера во училницата, односно тие секогаш треба да се трудат и да им помагаат во решавањето на проблемите, односно првично треба да ја дијагностицираат причината и да понудат соодветно решение.

И покрај тоа што наставниците наведуваат различни предмети чии цели сметаат дека се компатибилни за воспитен развој на учениците, сепак најголемиот дел од наставниците сметаат дека целите од наставниот предмет по македонски јазик се најкомпатибилни за воспитен развој на учениците, потоа следни на ранг листата се целите на наставниот предмет физичко и здравствено образование и трети на ранговата скала се целите на наставниот предмет етика.

За зајакнување на воспитната компонента, неопходно е и целите на наставните програми да кореспондираат со можноста и целната поставеност на сите наставни програми со експлицитно наведени и многубројни воспитни елементи кои треба да коренспондираат со воспитните потреби и со развојните можности на учениците. Акцентот треба да е ставен на сите наставни предмети, а не само на поедини наставни предмети. Посебно, тука треба да се нагласи зајакнувањето на воспитната компонента во природната група на наставни предмети, каде што од направената анализа во понатамошниот дел од трудот се утврдува дека акцентот во наставните програми е ставен на образовната компонента. Според добиените резултати, може да се констатира дека повеќе од 2/3 од наставниците, односно најголемиот дел од наставниците одговориле дека развојниот план на училиштето дава многу можности за воспитен развој на учениците.

Анализирајќи ги резултатите од прашањето за кои елементи во годишната програма најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој на учениците, можеме да воочиме дека 13,35 % од испитаниците сметаат дека соработката со родителите како елемент во годишната програма најмногу може да придонесе за зајакнување на воспитниот развој на учениците. Во врска со поставените прашања на наставниците за соработката со родителите и нивното вклучување во процесот на воспитно делување на училиштето, резултатите упатуваат на следните заклучни сознанија, дека најголемиот дел од наставниците, односно речиси 3/4 сметаат дека родителите малку се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето. Доколку на овие одговори се додаде и процентот од (5 %) од испитаниците кои се определиле за алтернативата родителите воопшто не се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето, добиваме многу висок процент, 78 % од испитаниците кои се определиле за овие две алтернативи.

Заклучните согледувања упатуваат и на размислување дека за овој висок процент постојат повеќе причини кои можат да се согледаат и во одговорот друго и пред сè наставниците ги истакнуваат следните: недостаток од време на родителите поради презафатеноста, како и не сакањето да се соочат со проблемите и да им помогнат на нивните деца во решавањето на истите. Заради недостатокот од време на родителите, семејните врски се слаби и сето ова резултира со тоа што учениците не гледаат личности во домот на којшто можат да се потпрат.

Недостатокот од време на родителите, иако е резултат на новото динамично време, сепак и родителите, но и наставниците кои понекогаш се сметаат за „втори" родители, треба да изнајдат соодветни решенија за да учениците не се чувствуваат занемарени, посебно за време на пубертетот, развоен период кој е од клучно значење за понатамошниот развој на личноста, период кој може да доведе до појава на агресија и своеволност кај децата.

Иако советувањето во моментот е законска обврска само за родители чии деца имаат одреден вид проблеми во училиштето, во смисла на нередовно посетување настава, намалување на успехот во учењето и/или манифестирање разни форми на несоодветно однесување, потребно е во советувањето да бидат вклучени континуирано сите родители заедно со наставниците, педагошко-психолошката служба и неговата цел да не е само надминување на актуелните тешкотии, туку и развивање свесност за потребата од унапредување на родителските

вештини, кои позитивно би влијаеле во однос на квалитетот на животот на детето и на неговите училишни постигнувања.

Со измените во Законот за основно образование, предвидени се и парични казни од 200 до 700 евра за родителите коишто нема да дојдат кај психологот и педагогот на советување доколку учениците нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување и согласно добиените резултати наставниците по однос на ова прашање се со поделени ставови. Оние испитаници кои одговориле дека ова решение е добро, упатуваат на размислување дали сето тоа не би имало некаков контраефект и лоши последици или навистина тогаш учениците ќе бидат дисциплинирани. Истовремено упатува и на размислување за избор на соодветни критериуми за одредување на цената на паричната казна, согласно просечната плата во нашата земја.

Според добиените резултати на наставниците во одредени случаи за решавање на одредени воспитни проблеми со учениците, соработуваат со стручната служба во училиштето, но потребна им е педагошка поддршка во нивната воспитна работа од советниците и од стручната служба.

Добиените резултати упатуваат и на повеќе размислувања за вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштето, односно, според мислењето на половина од испитаниците вклучувањето на родителите влијае на процесот на воспитно делување на училиштето само ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес.

Резултатите од прашањето за организирање на дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции, односно на повеќе од 3/4 од испитаниците потребни им се дополнителни обуки за зајакнување на воспитните компетенции кои одат во прилог на хипотезата дека наставниците имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците.

Добиените резултати од прашањето за интересот на наставниците за зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците каде половина од испитаниците со оцена 5 го оценуваат нивниот интерес за зајакнување на нивните компетенции за воспитна работа, исто така одат во прилог, односно ја потврдуваат хипотезата дека наставниците имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците.

Најефикасни начини за зајакнување на воспитните компетенции за наставниците се обуките, семинарите и работилниците кои одат во прилог на хипотезата дека наставниците имаат потреба од зајакнување на компетенциите за воспитен развој на учениците.

Во врска со поставената хипотеза која гласи „Наставниците имаат позитивни ставови за ефективноста на воспитното делување на училиштето", потребно е да се истакне дека делумно се потврдува, бидејќи согласно добиените резултати еден од најчестите воспитни проблеми кој континуирано се јавува во училиштето е проблемот со дисциплината (недисциплината), односно недисциплинарното однесување кое понекогаш придонесува и до разни конфликти помеѓу учениците, па дури и до физичко насилство. И покрај тоа што наставниците и педагошко психолошката служба превземаат решенија за надминување на воспитните проблеми преку укажување на учениците, советување на родителите, може да се констатира дека потребни се поголем број на активности поврзани со воспитниот развој на учениците сѐ со цел зајакнување на ефективноста на воспитното делување на училиштето, како на пример: организирање на работилници за наставниците, педагозите, психолозите и родителите на теми од областа на воспитниот развој на учениците и изработка на сет (пакет) на дидактички модели од оваа област.

Од добиените ставови на педагошко-психолошката служба може да се констатираат повеќе заклучни согледувања. Имено, првото заклучно согледување се однесува на фактот дека според педагошко – психолошката служба, како и според наставниците (како што претходно констатиравме), еден од најчестите воспитни проблеми со кои се соочуваат училиштата е проблемот со дисциплината (недисциплината), односно недисциплинираното однесување од страна на учениците, а дел од педагошко психолошката служба наведуваат дека недисциплинираното однесување е особено од страна на учениците од третиот циклус во деветгодишното основно образование.

Најчесто воспитни проблеми во чии решавања партиципираат педагогот и психологот се недисциплината кај учениците, антисоцијално однесување и неадекватно однесување за време на часовите.

Педагошко психолошката служба најчесто преку индивидуална и советодавна работа со учениците се справува со воспитните проблеми во училиштето. Училиштата, според ставовите на педагошко психолошката служба делумно биле вклучени во проекти поврзани со воспитниот

развој на учениците. Дел од овие проекти се прикажани и во годишните програми за работа на училиштата кои во понатамошниот дел на истражувањето се наведуваат. Но, дел од училиштата и не биле вклучени во проекти од оваа област.

Од ставовите на педагошко психолошката служба може да се констатира и дека еден од начините за соработка со родителите, односно најчеста форма која ја применуваат е индивидуалната форма на работа преку индивидуални средби и разговори со родителите. Педагозите и психолозите сметаат дека имплементацијата на Програмата за Советување на родители е законски позитивно решение и се надеваат дека родителски школи можат да придонесат во разрешување и превенирање на воспитни проблеми кај учениците, но сепак го наведуваат и фактот колку родителите ќе бидат подготвени за вклучување во оваа програма и дел од нив истакнуваат дека индивидуалната форма е поефикасен начин за соработка со родителите.

Од друга страна пак, во изборните наставни предмети од третиот циклус од деветгодишното основно образование делумно се застапени елементи за воспитен развој на учениците во целите и содржините, како на пример во предметите Животни вештини, Унапредување на здравјето, Вештини за живеење и Воспитание за околината. Но, клучното прашање е колку учениците се определуваат за изучување на овие предмети и колку се заинтересирани за изучување на истите, а од друга страна се поставува и прашањето за компетентноста на наставниците за реализирање на овие предмети, начинот на реализација и потребните услови за реализација, програмските цели и содржини на овие наставни програми.

Од природната група на предмети, во наставната програма по математика за третиот циклус препорачуваме да се додадат и задачите: учениците треба да ги развиваат културните, работните, етичките и естетските навики како и математичката љубопитност, треба да се изградуваат позитивните особини кај личноста на учениците како што се: систематичност, упорност, точност, уредност, објективност, самоконтрола и смисла за самостојна работа, да развиваат чувство за одговорност и критичност кон сопствената и туѓата работа. Како цели во наставната програма, доколку е можно да се инкорпорираат и: учениците критички и самокритично да ги прифаќаат грешките, тимска работа, дружење и взаемна помош во учењето, воспоставување на групна соработка. А, како активности на ученикот може да бидат: развивање

искуство и потреба за колективна работа, разбирање на разликите во способностите и предзнаењето на другите.

Од направената анализа може да се воочи дека постои потреба од дополнување на наставната програма и по биологија со елементи за воспитен развој на учениците. Во врска со наставата по биологија, предложуваме во целите на наставата да се нагласи дека учениците треба: да ги развиваат способностите за набљудување, воочување, споредување и анализирање, да развиваат способност за логично и критичко размислување, заклучување и решавање на проблемите, да ја развиваат свеста за важноста на здравјето и да практикуваат здрав стил на живот. Посебно значајна тема е Исхрана и здравје, каде учениците треба да знаат дека практикувањето на здрав живот со здрава исхрана подразбира и здраво потомство, како и развивање на свест и стекнување навики за личната хигиена. Сето ова подразбира сфаќање на неопходноста од личното учествување и вклучување во одржувањето на здравјето со помош на правилен начин на живот (правилна исхрана, престој на сонце умерено, кое е пред сè значајно за развој на коските), дотолку повеќе во овој развоен период на учениците, односно посебно во време на пубертетот, период за кој акцентот е ставен во овој труд.

Добиените сознанија делумно одат во прилог на поставената хипотеза програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците, бидејќи согласно направената анализа во поголемиот број на задолжителни наставни предмети од третиот циклус од деветгодишното основно образование, не се застапени елементи за воспитен развој на учениците. Програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците единствено кај наставните предмети македонски јазик, физичко образование и граѓанско образование.

Оттука, на крајот може да се истакне дека поставената хипотеза програмските цели и содржини на наставните предмети од третиот циклус на деветгодишното основно образование се во функција на воспитниот развој на учениците, делумно се потврдува.

Во врска со поставената хипотеза која гласи „Во развојните планови нема доволно елементи за поддршка и развој на воспитната функција на училиштето" може да се констатира дека се потврдува пред сè поради фактот што во развојните планови на училиштата акцентот е

ставен на подобрување на наставата и процесот на учење, како и подобрување на просторните и техничките услови за работа во училиштето. Несомнено е дека и овие приоритетни подрачја се од суштинско значење, но тоа не значи дека на сметка на истите потребно е да се занемарува воспитната функција на училиштето. Поставената хипотеза пак - Во годишните програми за работа на училиштата застапени се компоненти за воспитен развој на учениците, од добиените сознанија можеме да истакнеме дека делумно се потврдува.

Од ставовите и мислењата на наставниците може да се констатира дека тие сметаат дека моделите овозможуваат полесно воочување на проблемите на учениците и влијанието на родителите врз нив, решавање на проблемите и олеснување на наставниот процес, како и дека со нив се потврдува непишаното правило дека само со безрезервна љубов, поддршка и разбирање може да им помогнеме на децата да пораснат во здрави и зрели личности. Имено, наставниците практичари истакнуваат дека со практична примена на овие дидактички модели ќе се надминат недоразбирањата меѓу учениците, родителите и наставниците и ќе има подобра атмосфера за воспитно-образовната дејност во училиштето.

Евидентно е дека професорите од педагошките факултети позитивно ги вреднуваат моделите и сметаат дека наставниците од предметната настава и оние кои предаваат во средното образование треба да поминат обуки според овој концепт на модели, односно тие наведуваат дека ваков концепт на модели може да се примени и во академската дидактика. Нивната оцена е дека дидактичките модели се конструктивни и дека влијаат врз општиот воспитен развој на учениците.

Препораки од овој труд, односно образовните излези, кои претставуваат обид да се одговори на прашањата за поддршка на воспитната дејност на училиштата се:

1. **Дополнување на наставните програми со елементи за воспитен развој на учениците**

Заклучните согледувања упатуваат на размислување за давање повеќе препораки, пред сè : за дополнување и проширување на наставните програми со елементи за воспитен развој на учениците, изработка на стандарди со елементи за воспитен развој на учениците, изработка на прирачници за наставниците и педагошко - психолошката служба, водичи за наставниците и педагошко - психолошката служба сè со цел зајакнување на воспитната дејност на училиштата.

Ова подразбира дополнување со елементи за воспитен развој на учениците и на наставните содржини во третиот циклус од деветгодишното основно образование.

2. **Развивање на воспитни компетенции на родителите, наставниците и педагошко-психолошката служба преку одржување на работилници**

Развивањето на воспитни компетенции на родителите, наставниците и педагошко-психолошката служба преку одржување на обуки и работилници за теми: Животни вредности, Воспитание и образование, Позитивна дисциплина, Почитување, Толеранција, Семејството и училиштето под мотото – Работиме заедно, кои се специфични за воспитната проблематика и кои треба да придонесат и да бидат во функција на воспитен развој на учениците. Педагошко-психолошката служба, односно педагозите и психолозите имаат потреба за развој на нивните стручни компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците, и притоа потребни им се дополнителни материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците, односно потребно им е да ги зајакнат своите вештини за развивање на воспитните компетенции преку вакви или слични дидактички модели на работилници, потоа потребно им е изработка на брошура, прирачник и материјали како за наставниците и стручните работници, така и за учениците, дисеминација, разменување на искуства, како во училиштето, така и со други училишта, сè со цел зајакнување на капацитетите за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

3. **Советување на учениците и родителите преку обуки за поуспешно идентификување и надминување на низа специфични проблеми**

На родителите, учениците, во соработка со наставниците и педагошко-психолошката служба им се потребни информации, совети и поддршка за да можат успешно да се справат со предизвиците што произлегуваат од развојните промени и од искуствата што ги стекнуваат децата. Неопходно е стручно информирање, поддршка и советување за поуспешно идентификување и надминување на низа специфични проблеми. Советувањето треба да е проследено и со низа на обуки кои би можеле да помогнат подобро да се разберат потребите на децата, нивниот развој и однесувањето и да пронајдат одговори на низа дилеми и прашања. Низ советувањето, обуките, учесниците ќе научат да применуваат квалитетни и соодветни воспитни постапки и да го поттикнуваат развојот на хуманите потенцијали и способности кај децата.

Зајакнување на воспитната дејност на училиштата подразбира вклучување на родителите во целокупниот воспитно-образовен процес преку взаемно информирање за состојбите, промените и за сето она што им се случува на учениците во училиштата, посебна стручна работа со семејствата во кои настануваат структурни промени – развод, отсуство на родител или пак некакви конфликтни ситуации или насилство.

4. **Креирање на нови модели за соработка со родителите**

Препораката е современиот воспитно образовен процес да нуди и нови начини за соработка со родителите, за кои како податоци во истражувањето се определуваат и дел од испитаниците, а тоа се отворени денови, прослави, посета на семејството сè со цел активно вклучување на родителите во процесот на воспитно делување на училиштето. Партнерството со родителите може да придонесе за побрз воспитен развој на учениците на заедничко задоволство. Што значи дека секое училиште што ќе успее да ги донесе, условно кажано родителите во нивните работни простории, на тој начин всушност и ќе ги подобри училишните услови. Може да се констатира дека секое училиште треба да обезбеди подобри услови и добра атмосфера за родителите преку мотивирање на наставниот кадар и родителите за проширување на формите на соработка со училиштето; подигање на педагошкото ниво на родителите и нивната информираност; вклучување на родителите во вон-наставните активности; организирање на стручни предавања, трибини за родителите и иницирање на заеднички акции од областа на јавната и културна дејност.

5. **Организирање на проекти за поддршка на воспитниот развој на учениците**

Препорака е до надлежните служби да се организираат проекти поврзани со воспитниот развој на учениците заради зајакнување и промовирање на воспитната дејност на училиштата. За ваков вид на проекти потребна е соработка со институции кои се занимаваат со оваа проблематика. Еден од приоритетите на училиштето со цел зајакнување на воспитната дејност, треба да биде и вклучување на учениците во производствената и општествено-корисна работа сè со цел развивање позитивни ставови кон работата, чувство за одговорност при работата, да се развие љубов кон природата и природните убавини, да се создадат навики за одржување на хигиената на училиштето и неговата околина, да се стекнат љубов за одгледување на насади, чување и одржување на зелените површини. Исто така, со цел поддршка на развојот на воспитната дејност, училиштето треба да соработува со локалната средина, односно локалните

институции и активно да ги реализира активностите кои се зацртани во програмите на Детската организација, Подмладокот на Црвениот крст и Јавната и културна дејност на училиштето, сè со цел подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на учениците да се грижат за своето здравје, како и да се делува на развивање на навики за одржување на еколошки чиста средина, да се негува чувството на солидарност и взаемна помош и да се развивааат пријателски односи.

## 6. Ефективно развојно планирање на училиштата

Ефективното развојно планирање значи позитивни квалитативни промени во училишниот живот и работа. Притоа училиштето треба да биде иницијатор, носител на активностите, промотор, евалуатор на сопствениот развој и сите активности да бидат во функција на воспитен развој на учениците. Задачи кои треба да се интегрираат во развојните планови се: да им се овозможи на учениците емоционален и социјален развој, да се негува правилен физички развој, да се развива кај учениците еколошката свест и да им се овозможи оптимален развој на сите ученици ,уважувајќи ги притоа индивидуалните потенцијали и можности. Пред сè и со додавање на повеќе содржини и активности во приоритетните подрачја во кои ќе бидат опфатени и елементите: развивање на интелектуални сили и способности, развивање на естетските вредности и негување на естетскиот вкус, развивање на свеста за занимавање со физичката култура и потребата од унапредување на сопственото здравје и телесниот развиток, развивање љубов кон работата.

Со цел промоција и поддршка на развојот на воспитната дејност, во секое училиште треба да се почитува личноста на ученикот и секое училиште треба да придонесе за развивање на самодовербата кај учениците. Посебен акцент треба да се стави и на програмата за реализација на училишните екскурзии кои треба да придонесуваат за развивање интерес за природата и градење еколошки навики, потоа една од задачите треба да биде и запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, потоа градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот и развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе и на крајот развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

## 7. Имплементација на пакет на дидактички модели на работилници за поддршка на воспитниот развој на учениците

Секој дидактички модел секогаш може да се направи подобро. Но, може да се утврди дека од особено значење е што секој од изработените дидактички модел поминува и низ неколку фази: предизвикување на личното доживување – што во контекст на когнитивната работилница значи доживување на содржината низ сопственото искуство. Со ова барање непосредно се предизвикува доживувањето кое треба да биде формирано. Формирањето на личното доживување е следната фаза на моделите која најчесто се конкретизира низ зборови, а понекогаш се користат и некои други симболички форми (цртеж, движење и др.). Размената – како трета фаза доаѓа после формирањето и има функција на збогатување на сопственото искуство, а може понекогаш да се одвива и во пар, во мала група или во круг (со целата група). На пример: „Изнесете го тоа меѓу членовите на својата група".

Вака дизајнираните дидактички модели на работилници од овој труд имаат пред сè едукативна цел и се насочени кон стекнување на конструктивни социјални вештини. Овие модели ќе најдат понатамошна примена кај сите субјекти кои работат на оваа проблематика, сè со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента на училиштата.

Идејата на овој труд е реализирана со формирање на дидактички пакет со дидактички модели за зајакнато воспитно делување во третиот циклус на деветгодишното основно образование.

Со оглед на можноста на истражувачот како и намената на истражувањето, потребно е да се истакне дека истражувањето дава придонес во развивањето и поддршката на воспитната работа во училиштата. Воедно, има и применлива вредност, особено значајна во периодот на актуелизација на сите прашања во однос на воспитувањето на младите во нашата земја.

Научниот придонес на овој докторски труд е изработка на една нова концепција за поддршка и промоција на воспитната дејност на училиштата која може да се развива. Ова подразбира, како системско решение, да се направи програма за подигнување на степенот на дидактичките компетенции на идните наставници во високото образование, преку оспособување за реализација на дизајнираните дидактички модели за поддршка на воспитниот развој на

учениците што бара, меѓу другото, и поголема ангажираност од нивна страна но, и од страна на сите наставници и педагошко-психолошката служба во Република Македонија.

Во тој процес, Педагошките факултети со својот стручен и научен потенцијал можат да станат генератори на концептот за подобрување на квалитетот на воспитната дејност на училиштата. Посебен придонес овој докторски труд има во однос на иницирање на посеопфатни истражувања за воспитната дејност на училиштата. Посебно, треба да се одбележи и научниот придонес кој го дава пакетот на дизајнирани дидактички модели кои можат да се надградат и до ниво на практикум, кои се автентични по својата концепција и универзални во однос на можноста за користење во училиштата и вон училиштата, во високото образование и пошироко.

Трудот поседува теориска и практична вредност за креирање на стратегии за развој и поддршка на воспитната дејност на училиштата, што претставува и цел на истиот, а изнесените сознанија и дизајнираните дидактички модели претставуваат интерес за креаторите и реализаторите на образовната политика во Република Македонија.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Адамческа, С. (1996), Активна настава: методички основи, Скопје: Легис
2. Ангелоска - Галевска, Н.(1998) *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро
3. Bandjur, V. Maksimović, J. (2013) *The Teacher – A Reflective Researcher of the Teaching Practice*, Croatian Journal of Education Vol:15; Sp.Ed.No.3/2013.
4. Bojanović, R. (1988). Psihologija međuljudskih odnosa, Beograd: Naucna knjiga
5. Bognar, L., Matijević, M. (1993), *Didaktika*, Zagreb: Školska knjiga.
6. Brajša P. (1993) Pedagoška komunikologija – razgovor, problimi I konflikti v sholi, Zagreb: Školske novine
7. Bratanić, M.(1990) *Mikropedagogija*, Zagreb: Školska knjiga
8. Bratanić, M. (1997), *Susreti u nastavi*, Zagreb: Školska knjiga
9. Brkić, M. (1985) *Teorija i praksa moralnog odgoja učenika*, Sarajevo: Veselin Masleša
10. Buljubašić-Kuzmanović, V. (2012). *Škola kao zajednica odrastanja*, Pedagogijska istraživanja, 9 (1-2)
11. Vilotevic, M. ( 1993) *Organizacija i rukovedenje skolom*, Beograd: Naucna kniga
12. Vukasović, Ante. (1990) *Pedagogija*, Zagreb
13. Vukasović, A. (1974) *Moralni odgoj*, Zagreb : Liber
14. Група автори (1996) *Педагошки лексикон*, Нови Сад: Будучност
15. Група автори (1998) *Социологија*, Скопје:Студентски збор
16. Делчева-Диздаревиќ, Ј. (2003), *Дидактика на јазичното подрачје во основното образование*, Скопје: Просветно дело АД.

17. Драшковић, Ј. (2012) *Мултикултурализам у функцији концепције у савременом образовању и васпитању.* Зборник радова, Књига 6. Призрен: Учитељског факултета

18. Dupper, David R. (2010) *A new model of school discipline:engaging students and preventing behavior problems*, New York : Oxford University Press

19. Закон за основно образование (2008)

20. Živković, Ž.(2005), *Susreti s roditeljima*, Đakovo: Tempo

21. Илиев, Д. (2006), *Акциони истражувања во образованието: креирање и водење одржливи промени во воспитно-образовниот процес*, Битола: АД Печатница "Киро Дандаро" - Битола

22. Јосифовски,Ј. (2000) *Филозофија*, Скопје: Просветно дело

23. Jovanović, B. (1994*) Vaspitanje u osnovnoj školi.* Beograd: Prosvetni pregled.

24. Kenđelić, S. (2011) .*Iskaz vizije i misije škole*, Život i škola, br. 26.

25. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование* (2007), Скопје: Биро за развој на образованието

26. Костова, М. (2004) *Теорија на воспитанието*, Скопје.

27. Krečič, J., M. Kovše, S. Ploj Virtič, M. (2013).*The Role and Meaning of School Counseling when Dealing with Peer Violence* Croatian Journal of Education, Vol:15; No.2/2013.

28. Krnjajić, S., (2002). *Socijalni odnosi i obrazovanje*. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja

29. Livazović, G., Vranješ, A. (2012). *Pedagoška prevencija nasilničkog ponašanja osnovnoškolaca*, Život i škola, br. 27.

30. Ljubetić, M. Zadro, S. (2012). *Samoprocjena kompetentnosti učitelja za pedagoški rad s roditeljima*, Zivot i skola

31. Ljubetić, M. Kostović Vranješ, V. (2008). *Pedagoška (ne)kompetencija učitelj/ica za učiteljsku ulogu* Odgojne znanosti, Vol. 10, br. 1

32. Marinković, J. (1987), *Ogledi iz Filozofije odgoja*, Zagreb: Školske novine

33. Marušić, I. (2006). *Roditeljska suradnja sa školom – pogledi roditelja i učitelja - istraživački izvještaj,* Zagreb: Udruga roditelja Korak po korak

34. Maksic, S. (2001): *Uloga škole u vaspitanju mladih - zbornik Instituta za pedagoška istraživanja*, br. 33, 19-39. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

35. Мајхошев, А. *Новинарска етика - авторизирани предавања* за 2012/2013 година. Правен факултет, Новинарство и односи со јавноста, Штип : Универзитет „Гоце Делчев".

36. Маслов, А (1989) *Мотивација и личност*, Београд:Нолит

37. Meyer,H. (2002) *Didaktika razredne kvake*, Zagreb: Educa

38. Митрески, Ѓ. (2001)*Семејството, предучилишните установи и воспитанието*, Скопје: Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

39. Milanovič, V. (1976). *Savremena sociologija o socijalizaciji ličnosti, ulozi i statusu*, Osnovi nauke o društvu, Beograd: RAD

40. McBer, H. (2000) *Research into Teacher Effectiveness - A Model of Teacher Effectiveness*, DfEE: Norwich

41. Наскова,Љ. (2012) *Некои општествено-морални ставови на децата и младите со нарушувања во однесувањето во основните училишта - магистерски труд*, Штип: Педагошки факултет

42. Наставни програми за I-III, IV-VI и VII-IX одделение (2007), Биро за развој на образованието – Скопје

43. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015* со придружни програмски елементи. (2006), Скопје: Министерство за образование и наука.

44. *Основни и средни училишта на крајот на учебната 2012/2013 година*. Скопје : Државен завод за статистика на Република Македонија

45. Opić, S. Jurčević-Lozančić, A. (2008). *Kompetencije učitelja za provedbu pedagoške prevencije poremećaja u ponašanju*, Odgojne znanosti, Vol. 10, br. 1.

46. Ожеговић, Д. (2008). *Улога школе у превенцији агресивног понашања ученика,* Наша школа, бр. 1-2.

47. Pjurkovska-Petrović, K., Ševkušić-Mandić, S.G. (1997) *Slobodne aktivnosti učenika: Rad sekcija u osnovnim školama. Nastava i vaspitanje*, vol. 46, br. 2-3, str. 350-361

48. Peterson, C., and Martin E. P. Seligman (2004). Character Strengths and Virtues. Oxford: Oxford University Press.

49. Петрова-Ѓорѓева, Е. (2005). *Современото училиште и моралното воспитание*, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев"

50. Петрова-Ѓорѓева, Е. (2010). *Основи на педагогија*, Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев"

51. Петроска, Б. (1996) *Социологија*, Скопје: Просветно дело

52. Петроска-Бешка, В. (1999), *Анкетирање,* Скопје: Филозофски факултет

53. Петковски, К. (1998) *Менаџмент во училиште*, Скопје: Просветен работник

54. Петровска – Бешка, В. ( 1995) *КОНФЛИКТИ , што претставуваат и како се решаваат*, Скопје : Филозофски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј"

55. Петровска, С. (2010). *Училишна педагогија и училишна организација*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев"

56. Поткоњак, Никола. (1996) *Општа педагогија*,Београд: Учитељски факултет.

57. Pahić, T., Miljević-Riđički, R., Vidović, V. (2010) *Uključenost roditelja u život škole*, Zagreb.

58. Prodanović, L. (1984) *Proverite kako vaspitavate u porodici*. Beograd: Beogradski izdavačko grafički zavod

59. Radasin, V. (1970). *Osnovi moralnog vaspitanja*. Novi Sad: Visa pedagoska skola.

60. Radovanović, S. (1996) *Škola i društvena sredina*. Beograd: Filozofski fakultet - Institut za pedagogiju i andragogiju

61. Rečić, M.(1996), *Odgoj u obitelji*, Đakovo: Temposhop

62. Resman, M.(2000), *Savjetodavni rad u vrtiću i školi*, Zagreb: Hrvatski pedagoško-književni zbor

63. Ристевска, С.,(1998). *Односот на наставникот кон личноста на ученикот*, Скопје: Педагошки завод на Македонија

64. Rot, N.(1978). Socijalna interakcija (komuinikacija, opžanje osoba, naklonost i nenaklonost), Beograd:Društvo psihologa SR Srbije

65. Ryan, K. & Bohlin, K. (1999). *Building Character in Schools. Practical Ways to Bring Moral Instruction to Life.* San Francisco: Jossey-Bass.

66. Рувинскй, Л. И. (1981). *Нравственное воспитание личности*. Москва: Издатеыство Московского университета.

67. Самоловчев, Б.(1984) *Теоретските и методичките основи на воспитната работа*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

68. Savićevć, D. (1996), *Metodologija istraživanja u vaspitanju i obrazovanju,* Vranje: Univerziteta u Nišu Učiteljski fakultet u Vranju.

69. Stojiljkovic, S. (1998): *Licnost i moral.* Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.

70. Suhodolski, B. (1988). *Permanentno obrazovanje i stvaralaštvo*, Zagreb : Školske novine.

71. Тематски зборник радова/књига 2 (2007): *Мултикултурно образовање* (уред. М.Оњача), Нови Сад : Филозофски факултет.

72. Темков, К. (2004) *Етички речник*, Скопје : Просветно дело

73. Terhart, E. (2001) Metode poučavanja i učenja, Zagreb: Educa

74. Todorovic, J. (2005): Vaspitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolescenata. Niš: Prosveta.

75. Trnavac, N.D. (1998) *Metodički problemi vaspitnog rada učitelja i nastavnika sa učenicima. Pedagoške minijature, Gornji Milanovac*, br. 2

76. Trnavac, N.D. (1994) *Fragmenti o disciplina učenika*. Beograd: Filozofski fakultet - Institut za pedagogiju i andragogiju

77. Uzelac,S., Bouillet, D. (2007). *Osnove socijalne pedagogile*. Zagreb : Skolska knjiga.

78. Havelka, N. (1996): Pitanje odnosa autonomije nastavnika i autonomije ucenika. *Nastava i vaspitanje*, br. 2, 293-309.

79. Havelka, N. (2000): *Ucenik i nastavnik u obrazovnom procesu.* Beograd : Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

80. Havelka, N. (1996), *Psihologija međuljudskih odnosa u obrazovanju*, CURO, Beograd:Ućiteljski fakultet

81. Hansen, C. Kaufman, R. Walsh, K. (1985) *Creating Child-Centered Clasroom*, Washington: CRI.

82. Chamberlain, V. Murray, L. Sewel, K. Skelton, J. (2012). *Behaviour in scottish schools 2012 – final report*, Edinburgh: Queen Printers

83. Cohen, S. (1973). *Folk devils and moral panics*, London: Paladin

84. Чокревски, Т. (2003) *Комуникации, односи и иницијативи*, Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски".
85. Đorđević, B. (1984) *Programiranje vaspitnog rada škole*. Beograd: Prosvetni pregled
86. Šaranović-Božanović, N. (1984) *Uzroci i modeli prevencije školskog neuspeha*. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja
87. Šefer, J.P., ur. (1991) *Učitelj u praksi - zbornik radova za mentore i pripravnike*. Beograd: Zavod za unapređenje vaspitanja i obrazovanja
88. Wolfe, B. (1993) In-service best practice: Research on What Works and What Does Not, Wisconsy: Eau Claire.
89. Wolfe, B.(1996) Workshop for active learning strategy, Washington: CRI.
90. Wolfe, B.(1995) Effective teaching, Workshop od Anuale Conference of Step by Step project, Budapest.
91. Wolfe, B. *Workshop: Enhacing Self-esteem and Self concept in Children*, Washington:CRI.
92. http://www.mon.gov.mk
93. http://www.bro.gov.mk
94. http://www.wikipedia.com
95. http://www.vaspitanje.co.rs/roditeljstvo.html
96. http://www.roditeljinfo.com/2011-02-prakticni-saveti-za-bolje-funkcionisanje-porodice.html
97. http://www.ioskole.net/index.php?option=com_content&view=article&id=124%3Aroditeljski-sastanak-u-obliku-radionice&catid=1%3Anovosti&Itemid=194
98. http://oc-pgz.hr/leciiprezentacije/SZR_podsjetnik.pdf
99. http://www.vodiczaroditelje.com.hr/artikl/dijete/emocionalni-razvoj-djece/skola-za-roditelje
100. http://www.moh.hr/hr/nasa-djeca/skola-za-roditelje1/
101. http://www.hrabritelefon.hr/hr/rubrika/50/edukativni-clanci
102. http://www.occdsb.on.ca/content.php?doc=6954
103. http://www.psihologijanis.org/clanci/54.pdf
104. http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0579-6431/2005/0579-64310502132L.pdf
105. http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/najnovija_istrazivanja-yug-ser-srb-t07.pdf
106. http://www.psihologijanis.org/clanci/47.pdf
107. http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/New_MKVersionsm2(3).pdf

# VI ПРИЛОЗИ

**Прилог 1**

| Ред. Број | VII одделение<br>Наставен предмет: Математика | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели за развојниот период од VII до IX одделение: | Ученикот/ученичката се оспособува:<br>- критички да се однесува кон сопствената работа и кон работата на другите. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |
| **Ред. Број** | **VIII и IX одделение**<br>**Наставен предмет: Математика** | | |
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи за воспитен развој** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 2**

| Ред. Број | Наставен предмет: Информатика | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+** **(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-** **(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 3**

| Ред. Број | VII одделение<br>Наставен предмет: Биологија | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+** **(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-** **(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели за развојниот период од VII до IX одделение: | Ученикот/ученичката:<br>- да развива критичко мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | IX одделение<br>Наставен предмет: Биологија | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+** **(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-** **(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- активно да учествува во истражувачката работа низ тимско | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | и самостојно планирање, експериментирање и ракување со прибор и апарати;<br>- да се оспособува самостојно да го оценува сопственото напредување;<br>- да стекнува умеења и навики за користење различни извори на знаења. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 4**

| **Ред. Број** | **VIII одделение<br>Наставен предмет: Хемија** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на предметот хемија за развојниот период од VII до IX | Ученикот/ученичката:<br>- да развива вештини за комуникација, соработка и тимско работење. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |
| **Ред. Број** | **IX одделение<br>Наставен предмет: Хемија** | | |
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да стекнува особини на точност, педантност и економичност;<br>- да развива вештини на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | комуникација, работа во тим, соработка и толеранција. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 5**

| Ред. Број | **VIII одделение**<br>**Наставен предмет: Физика** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |
| **Ред. Број** | **IX одделение**<br>**Наставен предмет: Физика** | | |
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да биде активен учесник во конструктивна соработка при тимска работа;<br>- да се поттикнува на критичко мислење и да се буди креативноста во него; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 6**

| Ред. Број | VII одделение<br>Наставен предмет: Македонски јазик | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: Изразување и творење** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да ја согледа моќта на зборовите за културна комуникација (молам, повелете, извинете, благодарам и сл.) | |
| 2. | Содржини | Разговорот како вид комуникација | |
| 3. | Активности | Вежби за водење импровизирани разговори во различни животни ситуации (во автобус, во продавница, во училиште, во кино) | |
| | **Програмско подрачје: Медиумска култура** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да умее да го согледа позитивното и негативното во постапките на ликовите во филмот<br>- да ги воочува позитивните и негативните карактеристики во однесувањето на ликовите (од цртаните филмови)<br>- да ги воочува образовната и воспитната улога на овие филмови во културата на живеењето | |
| 2. | Содржини | 1. Видови филмови според намената и содржината<br>2. Цртан филм – оживување на цртежи и на кукли<br>3. Документарен филм | |
| 3. | Активности | - Дискусии за позитивните и негативните постапки на ликовите од филмот.<br>- Разговор за ликовите од цртаниот филм. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Дискусии за улогата на овие филмови во процесот на воспитанието и образованието | |
| **Ред. Број** | **VIII одделение<br>Наставен предмет: Македонски јазик** | | |
| | **Програмско подрачје: Изразување и творење** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да умее да состави молба, жалба, записник. | |
| 2. | Содржини | Молба, жалба, самостојно говорење на дадена тема, записник. | |
| 3. | Активности | Вежби за пишување во различни форми на писмено изразување, вежби за составување говор, обраќање за некој проблем. | |
| **Ред. Број** | **IX одделение<br>Наставен предмет: Македонски јазик** | | |
| | **Програмско подрачје: Изразување и творење** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да знае да се служи со различните форми на писмено изразување;<br>- да умее да употребува соодветна форма на обраќање и соодветен стандарден јазик во службена комуникација; | |
| 2. | Содржини | Различни форми на писмено и усно израување: пријава, телеграма, службени обрасци, усна комуникација со службени лица и со институции | |
| 3. | Активности | Вежби за пишување различни видови форми на писмено изразување | |

Прилог 7

| Ред. Број | Наставен предмет: Географија | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+** <br> **(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-** <br> **(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели за развојниот период од VII до IX одделение: | Ученикот/ученичката: <br> - да развива критичко мислење и да го спротивставува своето мислење со мислењето на другите; | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 8**

| Ред. Број | VIII одделение<br>Наставен предмет: Граѓанско образование | | |
|---|---|---|---|
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата по граѓанско образование во VIII одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да го рабере значењето на поимот одговорност и да разликува видови одговорности кон себе, восемејството, кон локалната заедница, кон државата;<br>- да се оспособува да открива примери во училиштето и во заедницата кога не се почитуваат човековите права и демократските вредности;<br>- да го разбере правото на различност и да развива чувство на меѓусебно разбирање и толеранција кон припадниците на други култури; | |
| | **Тема: Човекот, човекови права и одговорности** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикне на почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот, бојата, верата;<br>- да умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на други култури;<br>- да се поттикнува да придонесува за сузбивање на дискриминација, стереотипни размислувања и предрасуди;<br>- да сфати дека правата подразбираат и одговорност;<br>- да ја воочи поврзаноста и условеноста на правата и одговорностите;<br>- да сфати зошто треба да се почитуваат законите, правилата кои важат во заедницата;<br>- да знае какви видови одговорности имаат граѓаните кон себе, кон локалната заедница, кон државата; | |
| 2. | Содржини | Културни права, одговорност | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Активности | Вежби за откривање на значењето на поимите солидарност, култура, културни сличности и разлики, дискриминација, стереотипи и предрасуди. Анализа на примери на дискриминација и стереотипи; Работилница: како да се надминат стереотипите.<br>Дискусија.<br>Вежби преку кои учениците ќе идентификуваат различни видови на лична одговорност и одговорност кон другите | |
| **Ред. Број** | **IX одделение<br>Наставен предмет: Граѓанско образование** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикнува за толеранција во однос на поинакви погледи и ставови;<br>- да формира ставови за вредностите на човечкиот живот;<br>- да покажува подготвеност за мирно решавање на конфликтни состојби предизвикани од културни, етички и религиозни разлики; | |
| | **Тема: Конфликт** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да ја сфати толеранцијата како меѓусебно разбирање и почитување;<br>- да знае што е конфликт и како настанува;<br>- да практикува начини на однесување со кои се избегнуваконфликт;<br>- да ги познава можните последици од конфликтот;<br>- да прифаќа однесување кое придонесува за сопствената добро и доброто на другите (општествена одговорност);<br>- да научи како да се справи во ситуација кога конфликтот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | е неизбежен. | |
| 2. | Содржини | Настанување и справување со конфликт | |
| 3. | Активности | - Учениците симулираат конфликтни ситуации и нудат решенија како можат да бидат надми-нати.<br>- Работа во група - се анализираат текстови во кои се опишшани различни видови конфликти. Се води разговор.<br>- Работа во група- изработка на листа на чекори како да се надмине еден конфликт.<br>- Мини истражување – како ги разрешуваме несогласу-вањата/конфликтите во одделението, во училиш-тето. Во зависност од добиените резултати се изработува кодекс на однесување. | |

**Прилог 9**

| **Ред. број** | **Наставен предмет: Музичко образование** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 10**

| Ред. Број | Наставен предмет: Ликовно образование | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | Елементи на наставната програма | + (застапени се елементи за воспитен развој на учениците) | - (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците) |
| 1. | Цели за развојниот период од VII до IX одделение: | Ученикот/ученичката: - да ги негува културно хигиенско-техничките и работните навики. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | Наставен предмет: Ликовно образование | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | Елементи за воспитен развој | + (застапени се елементи за воспитен развој на учениците) | - (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците) |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да го надградува творечкото мислење и ликовно – практичната работа согласно индивидуалните особености, сензибилтетот и интересот за одреден актуелен проблем;<br>- да ги применува стекнатите естетски вредности во сопственото секојдневно живеење и работа;<br>- да умее да организира творечки процес и да формира култура на работа; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

**Прилог 11**

| Ред. Број | VII одделение<br>Наставен предмет: Физичко и здравствено образование | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | Елементи на наставната програма | +<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците) | -<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците) |
| 1. | 1. Цели за развојниот период од VII до IX одделение:<br><br>2. Цели на наставата во VII одделение: | 1. Ученикот/ученичката:<br>- да развива позитивни ставови, здравствено-хигиенски навики, однос и љубов за одржување на здравјето и негување на сопственото тело;<br>- да развива позитивни психосоцијални и интерперсонални комуникациски способности;<br>- да развива вештини за позитивно емоционално изразување на натпреварите.<br><br>2. Ученикот/ученичката:<br>- да изведува вежби за правилен физички развој (оформување на телото) и развивање на базичната моторика на движење и спортување;<br>- да го држи телото правилно во сите положби, и тоа во: седење, стоење, движење (одење и трчање);<br>- да соработува и учествува во тимска активност, да поседува фер - плеј способности и однесувања во натпреварите;<br>- да се ослободува од стрес состојби и психичка и физичка напнатост во колективни игри и натпревари;<br>- да создава и применува здравствено - хигиенски навики во вежбањето и спортувањето за чување и унапредување на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | сопствената хигиена и здравје; | |
| | **Тема : Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | 1. Ученикот/ученичката:<br>- да ја подобрува општата физичка подготовка со правилно изведување вежби за позитивен анатомско - физиолошки,функционален и моторички развој. | |
| 2. | Содржини | Комплекс вежби за цело тело | |
| 3. | Активности | Комплекс вежби за сите мускулни групи на телото | |

**Прилог 12**

| **Ред. Број** | **1. Наставен предмет: Воспитание за околината** | | |
|---|---|---|---|
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | 1. Цели на наставата во VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да ги увидува еколошките проблеми и начините за нивно надминување | |
| | **Тема: Изработка на еколошки ѕиден весник и еколошка манифестација** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да го разбира значењето на еколошкото јавно | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | мислење (во училиштето, во локаланата заедница, во општеството); | |
| 2. | Содржини | Организирање на еколошки манифестации | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| **Ред. Број** | **2. Наставен предмет: Вештини за живеење** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да се вклучува активно во секојдневните проблеми и ситуации во домот, училиштето и околината преку осмислени постапки и активности; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |
| | **Тема : Исхрана** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- Да се стекне со култура на јадење | |
| 2. | Содржини | - Бонтон при јадење (однесување во ресторан)<br>- Однесување при јадење во различни култури | |
| 3. | Активности | - Презентирање и разговор за бон – тон при јадење.<br>- Драматизација за различни сценарија и ситуации за (не)користење на култура на јадење(играње на улоги). | |
| | **Тема : Облекување** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+<br>(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-<br>(не се застапени елементи за** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- Да научи како да се грижи и да ја одржува својата облека и обувки;<br>- да научи да применува практични совети за одржување на облеката и обувките. | |
| 2. | Содржини | - Грижа и одржување на облеката и обувките | |
| 3. | Активности | - Дискусија за начините на кои се грижиме за облеката (пакување и чување на облеката). | |

| **Ред. Број** | **3. Наставен предмет: Техничко образование** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да стекнува основни техничко-технолошки знаења, умеења и навики;<br>- да се оспособува за примена на основните техничко-технолошки знаења, умеења и навики во учењето, работата и секојдневниот живот; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| **Ред. Број** | **4. Наставен предмет: Танци и народни ора** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје: /** | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX | Ученикот/ученичката:<br>- да ги почитува своите изразувачки способности и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одделение | способностите на другите. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 5. Наставен предмет: Проекти од музичката уметност | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да ја зајакнува самодовербата преку личната ангажираност и презентацијата на својот продукт. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 6. Наставен предмет: Проекти од ликовната уметност | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да ги негува и развива творечките способности и умешноста за ликовно изразување;<br>- да ги искажува своите индивидуални карактеристики во организацијата на работата, комуникацијата и во<br>творечкиот и ликовен израз; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 7. Наставен предмет: Унапредување на здравјето | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да соработува и работи во тим;<br>- да се поттикнува на подигање на квалитетот на живеење, за унапредување на личното и социјалното здравје и здравото окружување во училиштето и во локалната заедница; | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 8. Наставен предмет: Проекти од информатика | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 9. Наставен предмет: Нашата татковина | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикнува да посетува и да соработува со различни институции за размена на информации во истражувањата, како и со учениците од другите училишта;<br>- да развива почит кон сите културни традиции и народи што живеаат во Република Македонија. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 10. Наставен предмет: Изборен спорт | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | **Елементи на наставната програма** | **+ (застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **- (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели на наставата за VII, VIII или IX одделение | Ученикот/ученичката:<br>- да развива здравствено-хигиенски навики, однос и љубов за одржување на здравјето и негување на сопственото тело. | |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 11. Наставен предмет: Истражување на родниот крај | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | Елементи на наставната програма | + (застапени се елементи за воспитен развој на учениците) | - (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците) |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 12. Наставен предмет: Програмирање (изборен предмет само за VII и IX одделение) | | |
|---|---|---|---|
| | Програмско подрачје: / | | |
| | Елементи на наставната програма | + (застапени се елементи за воспитен развој на учениците) | - (не се застапени елементи за воспитен развој на учениците) |
| 1. | Цели | | √ |
| 2. | Содржини | | √ |
| 3. | Активности | | √ |

| Ред. Број | 13. Наставен предмет: Животни вештини (VII, VIII,IX) | | |
|---|---|---|---|
| | Програмска тема: ЈАС: ЛИЧЕН РАЗВОЈ | | |
| | Елементи на наставната програма | + (застапени се елементи за воспитен развој на учениците) | - (не се застапени елементи за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да го осознава концептот за себе и за сопствената одговорност;<br>- да се поттикнува да сфаќа дека е важно верувањето јас можам да влијаам на прмените;<br>- да се оспособува да ги истакне своите потенцијали и да соработува со другите во решавање задачи;<br>- да се запознава со различни начини на изразување на способностите и капацитетите преку работа и слободни активности;<br>- да ги осознава промените во односите со родителите кои настануваат во периодот на адолесценција;<br>- да се оспособува да остварува позитивни релации со своите соученици и наставници;<br>- да се оспособува да ја сфаќа одговорноста за искажување на сопственото мислење;<br>- да осознава кои начини на користење на слободното време се продуктивни, а кои се непродуктивни. | |
| 2. | Содржини | Градење самодоверба, Градење слика за себе како член на семејството и како ученик, Искажување мислење, Менаџирање на слободното време. | |
| 3. | Активности | Работилници за градење самодоверба, Работилници за односи со родителите, Работилница за односи со соучениците и со наставниците, Работилница за искажување на сопственото мислење,Работилница за организирање и користење на слободното време. | |
| | **Програмска тема: ЈАС И ТИ : ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ** | | |
| | **Елементи за воспитен развој** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да се запознава со придобивнките од другарување;<br>- да се оспособува да ги истакнува позитивните страни на своите другари;<br>- да се запознава со начините за помагање дома, на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | училиште и во заедницата;<br>- да се оспособува да понуди помош кога некому е потребна;<br>- да се оспособува да може да им се спротивстави на предрасудите на другите кон луѓето со посебни потреби<br>- да осознава што треба да преземе кога ќе се направи грешка;<br>- да се оспособува да преземе постапки со кои ќе ја поправи направената грешка;<br>- да осознава што значи да се биде „победничка" , а што „поразена" страна во конфликтот и кои се последиците од тоа;<br>- да се поттикнува да согледува дека конфликтот е проблем кој треба заеднички да се реши;<br>- да ги запознае правилата на соработливо преговарање. | |
| 2. | Содржини | Формирање, одржување и прекинување на врски, Давање и примање помош, Прифаќање и признавање грешки, Разрешување конфликти | |
| 3. | Активности | Работилници за другарство и пријателство, Работилница за начините на помагање дома, на училиште и во заедницата, Работилница за спротивставување на предрасудите кон луѓето си посебни потреби, Работилници за воочување грешки и превземање одговорност, Работилници за соработливо преговарање. | |
| | **Програмска тема: ЈАС И ДРУГИТЕ: ОПШТЕСТВЕНИ ОДНОСИ** | | |
| | **Елементи за воспитен развој** | **+**<br>**(застапени се елементи за воспитен развој на учениците)** | **-**<br>**(не се застапени елементи за воспитен развој на учениците)** |
| 1. | Цели | Ученикот/ученичката:<br>- да се запознава дека постојат разлики меѓу луѓето (расни, полови, етнички, религиски, политички, социјални, статусни);<br>- да се оспособува да може да препознае присуство на стереотипи и предрасуди;<br>- да се оспособува активно да се спротистави на стереотипите и предрасудите во секојдневието;<br>- да се поттикнува соработката и поддршката да ги прифаќа како дел од релациите меѓу луѓето; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Содржини | Почитување на другите (недискриминација), Меѓусебно поддржување и соработка | |
| 3. | Активности | Работилници за стереотипи, предрасуди и дискриминација, Работилници за соработка и меѓусебна поддршка | |

**ПСН/1**

**Прашалник скалер за испитување на мислењата на наставниците за проблемите во врска со воспитниот развој со учениците**

**Почитувани наставници,**

**Овој анкетен прашалник се спроведува во рамки на истражувањето „Промоција и поддршка на развојот на воспитната дејност на училиштата". Анкетирањето е анонимно и добиените резултати ќе се користат исклучиво за потребите на истражувањето.**

**Се надеваме на Вашата искрена соработка и однапред Ви благодариме.**

**Училиште :** ______________________________

1. Најчести воспитни проблеми кои се јавуваат во училиштето се (заокружете еден од одговорите):

а) недисциплинирано однесување на часовите

б) бегање од часови

в) агресивно однесување

г) друго:______________________________

2. Вашата наставна работа најчесто е поврзана со следните воспитни проблеми :

______________________________

______________________________

______________________________

3. Според Ваше мислење, приоритетни воспитни проблеми за решавање се (рангирајте така што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет):

____ а) меѓуетнички односи

____ б) здравствена култура

____ в) толеранцијата како општествен феномен

____ г) еколошки проблеми

____ д) развивање на воспитни компетенции на родителите

4. Со воспитните проблеми најчесто се справувате (рангирајте така што 5 означува најсилен интензитет , а 1 најслаб интензитет) :

____ а) барајќи помош од стручната служба

____ б) преку разговор, советување и укажување на учениците

____ в) преку соработка со родителите

____ г) со намалување на оценката на ученикот

____ д) сами

5. Искажете со оценка од еден од пет колку целите на наставните програми се во функција на воспитен развој на учениците ( заокружете при што 5 означува најсилен интензитет , а 1 најслаб интензитет ):

**1** **2** **3** **4** **5**

6. Наведете три наставни предмети чии програмски цели се најкомпатибилни за воспитен развој на учениците:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

7. Според Ваше мислење, развојниот план на училиштето дава можности за воспитен развој на учениците (заокружете еден од одговорите):

а) многу

б) малку

в) нема можности

г) не сум сигурен/на

8. Колку родителите се интересираат за воспитниот развој на нивните деца во училиштето (заокружете еден од одговорите):

а) многу

б) малку

в) воопшто не се интересираат

г) друго:_______________________________________________

9. Колку родителите се отворени за соработка во однос на зајакнување на воспитниот развој на децата (заокружете еден од одговорите):

а) многу

б) малку

в) отворени се, ама немаат време да остварат контакт

г) не се отворени, затоа што почитуваат авторитети

10. Наведете на кој начин соработувате со родителите (заокружете еден од одговорите):

а) на родителски состаноци

б) на индивидуални состаноци

в) писмени известувања

г) на друг начин: ______________________________

11. Според Ваше мислење, воведувањето на т.н. родителски школи односно Советувањето на родители е (заокружете еден од одговорите):

а) добро решение

б) родителите немаат време да посетуваат такви школи

в) родителите сами знаат да ги воспитуваат децата

г) не сум сигурен/на дека тоа е вистинско решение за проблемот

12. Според Ваше мислење, воведувањето на парични казни за родителите е (заокружете еден од одговорите):

а) добро, бидејќи дисциплината може да се постигне само со казнување

б) не е добро во овие економски услови

в) можни се и други начини за решавање на проблемот

13. Според Ваше мислење, кои елементи од годишната програма за работа на училиштата најмногу можат да придонесат за зајакнување на воспитниот развој на учениците (Оценете ги со од 1 до 10, при што 10 означува најмногу, а 1 најмалку):

| | Годишна програма за работа на училиштата | |
|---|---|---|
| | **Елементи** | (оцени ги со од 1 до 10) |
| 1. | Приоритети | |
| 2. | Структура на воспитно-образовната дејност | |
| 3. | Услови за остварување на воспитно-образовниот процес | |
| 4. | Следење, вреднување и унапредување на образовната дејност | |
| 5. | Соработка на училиштето со локалната средина | |
| 6. | Соработка со родителите | |
| 7. | Годишна програма за работа на директорот | |
| 8. | Годишна програма за работа на училишниот педагог | |
| 9. | Годишна програма за работа на училишниот психолог | |
| 10 | Програма за превенција на насилството во училиштата | |

ПСН/2

**Прашалник скалер за испитување на**

**воспитните компетенции на наставниците**

**Почитувани наставници,**

**Овој анкетен прашалник се спроведува во рамки на истражувањето „Промоција и поддршка на развојот на воспитната дејност на училиштата". Анкетирањето е анонимно и добиените резултати ќе се користат исклучиво за потребите на истражувањето.**

**Се надеваме на Вашата искрена соработка и однапред Ви благодариме.**

1. Според Ваше мислење, дали во текот на Вашето додипломско образование имате стекнато доволно способности за воспитен развој на учениците (заокружете еден од одговорите):

   а) да, сосема доволно

   б) ми треба поддршка на овој план

   в) сосема малку

   г) друго:________________________________

2. Дали при решавањето на одредени проблеми со учениците соработувате со стручната служба (заокружете еден од одговорите):

   а) секогаш

   б) само во одредени случаи

   в) секогаш можам сам/а да се справам со проблемот

3. Според Ваше мислење, вклучувањето на родителите во процесот на воспитно делување на училиштата (заокружете еден од одговорите):

   а) значително влијае на олеснување на процесот на решавање на воспитните проблеми

   б) значитено влијае на процесот

   в) да, ако родителите се подготвени да се вклучат во тој процес

   г) незнам

   д) не влијае на процесот

4. Со број од 1 до 5 определете го најефикасниот начин на соработка со родителите, при што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет (рангирајте):

   ___ а)родителски состаноци

   ___ б)индивидуални средби

   ___ в)отворени денови

   ___ г) прослави

   ___ д) посета на семејство

5. Дали сметате дека Ви се потребни дополнителни обуки за зајакнување на Вашите воспитни компетенции (заокружете еден од одговорите):

   а) да, секако

   б)може но, не се неопходни

   в) не ми се потребни

   г) друго:_______________________________________________

6. Оценете го од 1 до 5 Вашиот интерес за зајакнување на Вашите компетенции за воспитна работа (заокружи, при што 1 означува најмал интензитет, а 5 најголем интензитет):

______________________________________________

**1** **2** **3** **4** **5**

7. Наведете неколку теми/области за кои би сакале да се организираат работилници во Вашето училиште за зајакнување на Вашите воспитни компетенции:

______________________________________________

______________________________________________

8. Според Ваше мислење, образованието има големо значење за воспитниот развој на учениците (заокружете еден од одговорите):

а) да, најмногу

б) потребно е вклучување и на други фактори

в) семејството е најзначаен фактор

г) друго:______________________________________________

9. Наведете кои знаења и вештини Ви се потребни за успешна работа врз воспитниот развој на учениците:

______________________________________________

______________________________________________

10. Според Ваше мислење кои се најефикасните форми за развој на Вашите воспитни компетенции (рангирајте при што 5 означува најсилен интензитет, а 1 најслаб интензитет):

___ а) обуки

___ б) семинари

___ в) специјализации

___ г) користење на стручна литература (прирачници)

___ д) работилници

11. Дали сметате дека Ви е потребна постојана стручна поддршка во Вашата работа врз воспитниот развој на учениците (заокружете еден од одговорите)?

    а) да, секако

    б) може но, не е неопходна

    в) не ми е потребна

    г) можам и сам/а

12. Дали советниците Ви даваат педагошка поддршка за Вашата воспитна работа (заокружете еден од одговорите)?

    а) секогаш

    б) понекогаш

    в) никогаш

13. Сметате ли дека работата врз воспитниот развој на учениците е тешка работа?

    а) Да, објаснете зошто :

    ______________________________________________

    ______________________________________________

    б) Не, објаснете зошто :

    ______________________________________________

    ______________________________________________

14. Колку се чувствувате подготвени да им помогнете на родителите во решавањето на воспитните проблеми со децата (заокружи, при што 1 означува најмал интензитет, а 5 најголем интензитет):

    ______________________________________________

    **1 2 3 4 5**

15. Објаснете зошто :

    ______________________________________________

    ______________________________________________

## ПРОТОКОЛ

**за структуирано интервју**

**за педагошко психолошката служба**

**Училиште :** ______________________________

**Место на интервјуирање:** ______________________________

**Педагог/психолог (заокружи)**

**Дата на интервјуирање:** ______________________________

**Однапред Ви благодариме за соработката и одвоеното време!**

1. Кои се воспитните проблеми со кои најчесто се соочува Вашето училиште?
2. Кои се воспитните проблеми во чие решавање партиципирате Вие како педагог/психолог?
3. Кои се приоритени воспитни проблеми за решавање во Вашето училиште?
4. На кој начин се справувате со воспитните проблеми во Вашето училиште?
5. Дали досега Вашето училиште било вклучено во некој проект поврзан со воспитниот развој на учениците?
6. Кои форми на работа ги користите во соработката со родителите?
7. Вашето мислење за воведувањето на т.н.родителски школи односно Советувањето на родители:
8. Вашето мислење за воведувањето на парични казни за родителите:
9. Имате ли предлог како би можело да се надминат воспитните проблеми во Вашето училиште?
10. Со кого би сакале да соработувате во решавањето на проблемите?
11. Сметате ли дека наставниците сами можат да се справат во решавањето на воспитните проблеми на учениците?
12. Какви се Вашите искуства во досегашното поле на воспитната работа?

13. Имате ли потреба за развој на Вашите стручни компетенции во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците?
14. Дали Ви се потребни дополнителни материјали во функција на зајакнување на воспитниот развој на учениците?
15. Сметате ли дека е потребно да ги зајакнете своите вештини за развивање на воспитните компетенции?
16. Преку кои форми би сакале да се направи тоа?
17. Наведете неколку теми/области за кои би сакале да се организираат работилници во Вашето училиште за зајакнување на Вашите воспитни компетенции:

Одговори:

1.

**Протокол за анализа на воспитната компонента во годишните програми за работа на училиштата**

**ПАП/4**

**Основно училиште ______________________**

**Дата ________________________**

| **Ред. број** | **Годишна програма за работа на училиште** | | |
|---|---|---|---|
| | **Елементи за воспитен развој** | + | - |
| 1. | Приоритети | | |
| 2. | Структура на воспитно-образовната дејност | | |
| 3. | Следење, вреднување и унапредување на образовната дејност | | |
| 4. | Годишна програма за работа на директорот | | |
| 5. | Годишна програма за работа на училишниот педагог | | |
| 6. | Годишна програма за работа на училишниот психолог | | |
| 7. | Програма за превенција на насилството во училиштата | | |

**Протокол за анализа на воспитните потенцијали на наставните програми за наставните предмети од општествената, јазично-уметничката група предмети во третиот циклус на деветгодишното основно образование**

**ПАП/5**

| **Ред. Број** | **Наставен предмет** | | |
|---|---|---|---|
| | **Програмско подрачје** | | |
| | **Елементи за воспитен развој** | **+** | **-** |
| 1. | Цели | | |
| 2. | Содржини | | |
| 3. | Активности | | |

**Протокол за анализа на развојниот план на училиштето**

**ПАП/6**

**Основно училиште** ________________________

**Дата** ____________________________

| **Ред. Број** | **Развоен план на училиште** | | |
|---|---|---|---|
| | **Елементи за воспитен развој** | + | - |
| 1. | Визија | | |
| 2. | Мисија | | |
| 3. | Цели | | |
| 4. | Активности | | |

Прашалник – скалер за професорите за вреднување на дидактичките модели за воспитен развој

Институција_______________________________________________

Дата_______________________________________________

**Почитувани професори,**

**Основната цел на овој анкетен прашалник е да се добијат релевантни податоци за дидактичко методичката поставеност на дидактичките модели за воспитен развој на учениците. Поконкретно преку овој прашалник се испитуваат Вашите ставови и мислења во однос на моделите, се со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата. Прашалникот е дел од истражувањето на докторски труд од областа на педагошките науки. Ве молиме искрено да одговорите на поставените прашања. Анкетирањето е анонимно, а податоците ќе се користат исклучително за научни цели. Однапред Ви благодариме за соработката. Ве замолуваме пред одговарање на прашалникот аналитички да ги проучите понудените дидактички модели. Ве замолуваме пополнетиот прашалник да го испратите на следната e-mail адреса marija_apostolova@yahoo.com, во период од седум дена. Искрено Ви благодариме.**

1. Наставните програми за третиот образовен циклус од деветгодишното основно образование имаат експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците:

| | **одговор** | **Означи со + еден одговор** |
|---|---|---|
| а | да, целосно | |
| б | да, делумно | |
| в | да, недоволно | |
| г | Воопшто немаат | |

2. Наведете ги наставните предмети кои според Ваше мислење, имаат најголем број на експлицитно поставени цели кои се во функција на воспитниот развој на учениците:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

3. Наставните содржини од сите наставни предмети се во функција на реализација на целите на воспитниот развој:

| | одговор | Означи со + еден одговор |
|---|---|---|
| а | да, целосно | |
| б | да, делумно | |
| в | да, недоволно | |
| г | воопшто не се во функција | |

4. Наведете ги наставните предметите во кои има најмногу содржини кои се во функција на воспитниот развој на учениците:

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

5. Според Ваше мислење, наставниците од основното образование имаат доволно развиени педагошки компетенции за поддршка на воспитниот развој на учениците:

| | одговор | Означи со + еден одговор |
|---|---|---|
| а | да, во целост | |
| б | имаат, но комптенциите можат да се зајакнуваат | |
| в | немаат доволно | |
| г | немам сознанија за тоа | |

6. Ве замолуваме, по анализата на дидактичките модели за поддршка на воспитниот развој на учениците да направите нивна евалуација, одговорајќи на следните прашања (означете со + при што 1- воопшто нема елементи, 2- не се доволно застапени, 3- делумно се застапени, 4- застапени се, 5- целосно застапени):

| Педагошко – дидактички компоненти | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| а) проактивност | | | | | |
| б)компатибилност со наставните содржини | | | | | |
| в) полиморфност | | | | | |
| г)полиметодичност | | | | | |
| д) конзистентност по однос на дидактичките компоненти | | | | | |
| ѓ) бараат педагошки компетенции | | | | | |
| е)може да се користат вонnаставата | | | | | |
| ж)може да се користат вонучилиштата | | | | | |
| з) може да се користат и во наставата | | | | | |
| ѕ)можат да се надоградат до ниво на практикум | | | | | |
| и)можат да се интегрираат во високообразовната дидактичко методска обука на идните наставници | | | | | |
| ј) соодветствуваат на реалните потреби на заедницата | | | | | |

7. Кои се Вашите предлози или сугестии во однос на дидактичко - методичката концепција на моделите:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Прашалник за наставници за евалуирање на дидактичките модели за воспитен развој

**Почитувани,**

**Основната цел на овој анкетен прашалник е да се добијат релевантни податоци за дидактичко методичката поставеност на дидактичките модели за воспитен развој на учениците. Поконкретно преку овој прашалник се испитуваат Вашите ставови и мислења во однос на моделите, се со цел понатамошно подобрување на квалитетот на воспитната компонента во наставата. Прашалникот е дел од истражувањето на докторски труд од областа на педагошките науки. Ве молиме искрено да одговорите на поставените прашања. Анкетирањето е анонимно, а податоците ќе се користат исклучително за научни цели. Однапред Ви благодариме за соработката. Ве замолуваме пред одговарање на прашалникот аналитички да ги проучите понудените дидактички модели. Искрено Ви благодариме.**

1. Во текот на работилниците во принцип се користи линеарна интеракција: наставник – ученик. Ваша задача е да го оцените интензитетот на овој вид интеракција со оценка од 1 до 5 , при што оценката 1 е со најмала вредност (заокружи):

   а)1 еден б)2 два в)3 три г)4 четири д) 5 пет

2. Во текот на работилниците користена е комуникација на ниво: наставник – ученик; наставник-родител. Ваша задача е да го оцените интензитетот на овој вид интеракција со оценка од 1 до 5 , при што оценката 1 е со најмала вредност (заокружи):

   а)1 еден б)2 два в)3 три г)4 четири д) 5 пет

3. Дидактичките модели може да послужат (заокружи – може да се заокружат повеќе понудени солуции)

   а)за соработката со родителите

   б) за работата на педагогот

   в) за време на наставните часови

   г) за вонннаставните активности

   д) и во активности надвор од училиштето

4. Кои од наведените наставни форми најчесто може да биде користена во текот на работилниците (заокружи која)

   а) фронтална

   б) групна

   в)тандемска

   г) индивидуална

   д)индивидуализирана

5. Наведете кој вид на наставна активност најмногу Ви се допадна и објаснете зошто?! (објасни)

   ________________________________________

   ________________________________________

   ________________________________________

6. Понудените дидактички модели можете да ги применувате во Вашата практична наставна работа: (објасни)

   а) да се согласувам, затоа што:

   ________________________________________

   ________________________________________

   ________________________________________

   б) не се согласувам, затоа што:

   ________________________________________

   ________________________________________

   ________________________________________

7. Наведете ги Вашите предлози за понатамошно подобрување на воспитната компонента на наставата:

   ________________________________________

   ________________________________________